УНИВЕРЗИТЕТ“ СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА

ТЕМА:
# “ РУДАРСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА ОСМАНСКО - ТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ “

МЕНТОР:
д-р АЛЕКСАНДАР СТОЈАНОВСКИ

КАНДИДАТ:
м-р АХМЕТ ШЕРИФ

СКОПЈЕ, ЈУНИ, 1999 ГОДИНА

# ОСВРТ НА ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

Проучувањето на историјата на рударството во Македонија во време на турското владеење, во македонската историска наука сеуште не го има добиено потребното внимание. Од досегашните сознанија, кај нас со проблемите на рударството се занимавале само одреден број на научни работници. На прво место ќе ги наведеме: А. Керамитчиев, Д. Зографски, А. Стојановски, И. Катарџиев, Л. Соколов и М. Здравева. [1] Со проучувањето на рударството во Македонија се занимавале и некои европски и балкански историчари. Од европските автори посебно внимание привлекуваат трудовите на германските автори Р. Анхегер и Ф. Бабингер, од француските П. Белон, А. Буе и Н. Белдицеану, како и чешкиот историчар К. Јиричек. [2] Од балканските историчари за

---

[1] А. Керамидчиев, Римското рударство во источна Македонија, ГИНИ, г. XVIII. бр. 1, Скопје, 1974, с. 119 - 133.; истиот: Рударството во Порече, ГИНИ, г. XVII, бр. 1-2, Скопје, 1983, с. 105 - 127.; Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија, Скопје, 1980, с.190 - 210. ; А. Стојановски - И. Ерен, Кратовската нахија во XVI век, ГИНИ, г. XV/1, Скопје, 1971, с. 61 - 93.; А. Стојановски: Штип од паѓањето под османл;иска власт до крајот на XVII век, Штип и Штипско низ вековите, кн. прва, Штип, 1986, с. 278; истиот: Рожденскиот рудник за арсеник (zernih) во XV и XVI век, ГИНИ, г. XXX/1, Скопје, 1987, с. 149 - 158.; Истиот: Занаетчиската дејност на македонските градови под турската власт (XV-XVIII), ГИНИ, г. XXXIX, бр. 2-3, Скопје, 1995, с. 117 - 132.; И. Катарџиев, Серската област (1780-1879), Економски, културен и политички преглед, Скопје, 1961, с. 65 - 80.; Л. Соколов, Предусловите за развитокот на индустријата во Македонија од втората половина на XIX до 1912 година, ГИНИ, г. I. бр. 2. Скопје, 1957, с. 53 - 81.; М. Здравева, Експлоатацијата на сулфур и шалитра во Македонија во време на османлиско владеење и нивната преработка во црн барут, ГИНИ, г. XXIII, бр. 2-3, Скопје, 1979. с. 111 - 115.

[2] R. Anheger, Beitrage zur Geschichte Bergbaus im Osmanischen Reich, Bd. II, Zurich-New York, 1944; istiot: Kanunname -i sultani ber muceb-i Orfi osmani II. Mehmed ve II Bayezid devirlerine ait yasakname ve kanunnameler, Turk Tarih Kurumu yayinlarindan XI. seri- No.5. Ankara, 1956, s. 15, 17 - 24.; F. Babingeer, Sultanische Urkunden zur Geschichte der osmanicshen Wirtschaft und Staatssverwaltung am Ausgang der Herrschaft Mehmetds II, des Eroberes, Munchen, No. I. 1956, s. 3 - 30.; istiot: Religienschacher um Osmanemhat in XV jahrhundert, zugleich ein beitrag zur Geschichte der Osmanischen Goldpragung unter Mehmed II, dem Erober, Munchen, No. II. 1956, s. 6.; P. Belon, (Наблюдения на множество редки и забележителни неша, видени в Грция, Азия, Юдеа, Египет, Арабия и други чужди страни от Пиер Белон дю Ман, Превод и коментар от проф. Всеволод Николаев, София, 1953), с. 159 ,169,; A. Bue, Le Turquie d Europe, II, Paris, 1840, s, 48; N. Baldiceanu, Les actes des premiers sultans canzerves dans les monuscritis turcs de la Bibliptheque Nationale de Paris, T. II. Reglaments Miniers (1390-1512) Paris - La Haye, 1964, s. 49, 80 - 267.; K. Јиричек, Рударство и рудници Србије и Босне у Средњем веку, - Металургија, књ. 9-10, Београд, 1940, с.

проблемите на рударството во Македонија пишувале турските, бугарските, југословенските и грчките автори. Од турските внимание привлекуваат трудовите на: Е. Челебија, Хаџи Калфа, А. Рефик. Н. Чагатај Х. Јуксел и др; [3] на бугарските: В. Николаев, К. Г. Георгиев, С. Андреев и др; [4] југословенските: Ф. Спахо, В. Скариќ, К. Костиќ, С. Ризај и др. [5] и од грчките А. Вакалополус. [6]

За проучувањето на рударството во Македонија во време на турското владеење, документи се среќаваат во Архивот на Македонија во Фондовите донесени од архивите на Република Турција во Истанбул и Анкара, посебно фондовите Малије дефтери, Малије незарети џизие, Мааден мукатаа дефтери, Дарбхане дефтери и др., како и фондот на Скопската турска општина, Битолскиот и Штипскиот сицил. [7] Од странските архиви најмногу внимание привлекуваат богатите османлиски фондови сместени во Главниот државен архив на Република Турција во Истанбул и тоа: Џевдет таснифи дарбхане, Мухиме дефтер, Дефтер

---

3 Evliya Celebi seyahatnamesi, Tom 1, Istanbul, 1314/5 (1896/7) - 1318 (1900), s. 550 - 570; Evlija Celebi: Putopis, I, II, Sarajevo, 1594 - 1957 (Odlomci o jugoslovenskim zemljama. Preveo, uvod i komentar napisao Hazim Sabanovic, s. 270 - 295.; С. Новаковић. Хаџи - Калфа или Катиб Челебија: Турски географ XVII века о Балканском полуострову, Споменик Српске кралевске академије, XVIII, Београд, 1892, с. 40 - 60.; Ahmed Refik, Osmanli Devrinde Türkiye Maadenleri (967--1200), ikinci Baski, İstanbul, 1989s. 10 - 79.; N. Cagatay, Osmanli Devletinde Maden işletme hukuku, Ankara, 1942, s. 1 - 100.; İstiot: Osmanli İmperatorlugunda maden işletme hukuku, Ankara univesitesi, Dil ve Tarih-cografiya Fakultesi dergisi, İİ, no. 1. Türk Tarih Kurumu Basimevi, Ankara, 1943, s. 18 - 36.; Haki Yüksel, Osmanli döneminde Keban - Ergeni Madenleri 1776-1794 Tarihli Maaden emini defteri, Sivas, 1997, s. 31 - 40.

4 В. Николаев, Рударството в Югозападна България и Югозападна Македония, Големи минни предприяттия с български работници в Европейска Турция през XVI век, София, 1953, с. ; Истиот: Характерот на минните предприятите и режимот на рударския труд в нашите земи през XVI, XVII и XVIII в. , София, 1954, с.; Г. К. Георгиев, Железодобивната индустрия в Мрвешко (планината Али Ботуш и сьседните планини ), София, 1953; С. Андрев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството и металургията в блгарските земи през XV до XIX век, София, 1993, с.1~136

5 F. Spaho, Turski rudarski zakoni, GZM u BIH, XXV, knj. 2, Saraevo, 1913, s. ; В. Скарић, Стари турски рукопис о рударским пословима и терминологији, СКА, Споменик, LXXIX, 62/1, Сарајево, 1935, с. 1 - 24.; Истиот: Старо рударско право и техника у Србији и Босни, Београд, 1939; К. Костић, Стара српска трговина и индустрија, Београд, 1904; S. Rizaj, Rudari (madencije) u sistemu privilegija i duznosti ( „Muaf ve musellem reaya „), Glasnik muzeja Kosova i Metohije, kn. IX, Pristina, 1965, s. ; Istiot: Rudarstvo Kosova i susednih krajeva od XV do XVII veka, Pristina, 1968; istiot: Рударството во Македонијаод XV до XVIII век, ГИНИ, XIV/2-3, Скопје, 1970, с. 91 - 111.

6 A. Vakalopolus, History of Macedonia ( 1354 - 1883 ), II, Selanik, 1973.

7 Државен архив на Република Македонија - Скопје, фондовите се дадени во библиографијата.

мааден мукатаа калеми, Тиџарет ве нафиа орман ве меадин незарети, Малије незарети џизие, Малиједен мудевер и др. [8] Во архивите на Република Бугарија исто така се наоѓаат фондови со богати материјали за рударството во Македонија и тоа во повеќе фондови сместени во Ориенталниот оддел при Бугарскиот историски архив во Софија. [9] Во врска со проучувањето на рударството во Македонија, повеќе податоци се наоѓаат и во објавените рударски закони, фермани, берати и разни извештаи, белешки и патописи на службени лица, кои минувале и престојувале во Македонија. Во врска со ова прашање од македонските можат да се набројат следните автори: П. Џамбазовски, М. Соколоски, А. Стојановски, Д. Шопова, А. Матковски и др. За проучувањето на рударството во Македонија во време на турското владеење, одредени податоци се среќаваат и во некои официјални статистички податоци, годишни извештаи, списанија и весници објавени кај нас и во странство, чии автори се занимавале со проучувањето на стопанската улога и значење на рударството во Османлиската империја.

---

[8] Başbakanlik Arşivi - Osmanli Arşivleri İstanbul; фондовите се дадени во библиографијата.

[9] София, Български исторически архив, Народна библиотека ,,Кирил и Методий; фондовите се дадени во библиографијата.

# ВОВЕД

Појавата и развојот на рударството во Македонија, како една од најстарите и водечки стопански гранки, свои далечни затчетоци има уште во Античкиот период. Рударството посебно се развило на просторите на Халкидичкиот Полуостров и на Планината Кушница (Пангај), каде во рамките на подолг период се вршела интензивна експлоатација на големи количества сребрени и златни рудни богатства. [10] Нешто подоцна, во време на Римјаните, кои исто така вршеле систематска експлоатација на рудните богатства во Македонија, посебно се истакнувале областите во Кратовско-Злетовскиот, Пехчевскиот и Радовишкиот крај. [11] Како што е познато, на местото од денешно Кратово во римско време постоело рударското градче Транатура, кое се наоѓало југозападно од Сердика (Софија). Според повеќе археолошки пронајдоци, кои се однесуваат на римскиот период, Кратово било позната рударска населба и средиште на самата кратовска област.

Во текот на средните векови како водечки центри на рударството и обработката на рудните богатства во Македонија и понатаму се истакнува Кратово со своите рудници на сребро, олово, бакар и злато. [12] Рудници се наоѓале и експлоатирале и во пределите на областа Трноец (помеѓу Страцин и Крилатица по Крива Река), како и во други подрачја и места, како што биле пределите на Демир Хисар, Самоков, Кочишта, Саса и Шлегово. [13] Изворни податоци за Кратово соопштува и познатиот арапски географ Идризи, кој во 1153 година, наведува дека градот Коритос или Коритас бил голем и напреден и се наоѓал на еден ден патување, североисточно од градот Скопје, што одговара на положбата на

---

[10] Македонија како природна и економска целина, Скопје, 1978. с. 320

[11] А. Керамидчиев, Римското рударство во Источна Македонија, с. 119-133.; Истиот: Старото рударство и металургија во Злетовската област, сп. Историја, год. VIII бр. 2, Скопје, 1972, с. 174-176

[12] Г. Грђић, Привредна историја Европе, Позна Антика - Средни век, Београд, 1952, с. 216.

[13] Историја на македонскиот народ, кн. прва, Скопје, 1969, с. 198.

денешното Кратово. Слични податоци од овој период се среќаваат и во една повелба од 1199 година, издадена од страна на грчкиот император Алексеј III Ангел (1195 - 1203), каде се наведува ,,episkopus Coriton,, во скопската провинција, која се однесува на градот Кратово. [14]

Експлоатацијата на рудните богатства во Македонија продолжила и во наредните векови. Интересно е да се наведе, посебно за Кратово, дека како рударско средиште се развива и после неговото влегување во составот на српаката држава во 1283 година, за време на кралот Милутин, кое пред тоа било неизменично под власта на Византииците и Бугарите. Во наведениот период во рудниците во Македонија се појавуваат и на далеку познатите германски стручњаци - Саските, кои ги обновувале старите рудници. Рударството уште повеќе се развило во време на владеењето на српскиот цар Душан, кага Саските доаѓајќи од Германија преку Босна и Србија се населиле во повеќе рударски места во Македонија. Доаѓањето на Саските посебно се потврдува и при формирањето на рударското законодавство на Балканот, каде нема рударски закон во кој не се спомнуваат повеќе рударски термини од германско потекло.

Во време на српското владеење во Македонија, рударството најмногу се развило во Кратовско - Злетовскиот регион, каде во прво време владеел војводата Оливер, кој управувал со рудниците во Кратово. Во негово време бил изграден и познатиот Лесновски Манастир во 1341 година, како последица на интензивната експлоатација на рудните богатсва и развиената трговија во овој дел на Македонија. После смрта на војводата Оливер во 1355 година, рударската област на Кратово ја наследиле браќата Константин и Драгаш - Дејановци, со кои пријателски односи имале воспоставено повеќе трговци од Дубровник. Во врем на нивното владеење во Кратово уште повеќе се проширила и зајакнала колонијата на Дубровчаните, во чии раце се наоѓала целокупната трговија, непосредно поврзана и со експлоатација на рудните богатства.

[14] Т. Ђорђевић, Кратово, Прилози за познавање градова у нашој земљи, Посебна издања Географског друштва, св. 11, Београд, 1931, с. 6.

Најмногу во околината на Кратово и Кратовско биле експлоатирани рудите на среброто, златото, оловото, бакарот и железото. За време на владеењето на Константин Дејановец, во градот Кратово работела и ковачницата за пари, каде биле од негова страна сечени сребрени пари, а продолжила да работи и подоцна, по завземањето на Кратово од страна на Турците.

Доаѓањето на Турците - Османлии на Балканот, претставува нова етапа во развојот на рударството во Македонија. И покрај настанатите промени и почетната криза во текот на рударското производство, веднаш по завладувањето и освојувањето на новите области, османлиските власти имале голема потреба од метали и нивните производи. Осмалиските власти се зафатиле со активирањето на старите, постоечките и откривањето на нови рудници. Во овој период биле зголемени потребите на османлиската војска која се наоѓала во постојани воени походи. За успешно реализирање на тие походи било потребно постојано усовршување на оружјето, а посебно артилеријата. Наведената ситуација наложувала модернизирање и усовршување на воената опрема. Државата имала потреба од ковање на пари за издржувањето и финансирањето на војската како и од напредок на разни видови на занаети поврзани со обработката на металите. Во врска со рударството, од страна на централните турски властти засилено се правеле напори тоа да не се прекрати, а по можност и да се зголеми. [15]

Паралелно со обновувањето и унапредувањето на рударството, во текот на првите векови од османлиското владеење доаѓа и до формирањето на турското рударско законодавство во Македонија и Балканот. Се пристапило кон кодифицирањето на старите саски и новите рударски закони за Кратово, Сидерокапса и Серес, за време на султаните Бајазид I (1389-1402), Мехмед II Освојувачот (1444-1446, 1451-1481), Бајазид II (1481-1512), и Сулејман Величенствени (1520-1566), со кои биле уредувани и регулирани задолженијата, обврските и односите на

[15] А. Стојановски, Штип од паѓањето под османлиска власт до ... с. 278.

службените лица и рударските работници во рудниците, чистилиштата на руда (kalhane) и во работата во кавачниците на пари (darbhane). [16] Посебно внимание привлекуваат следните издадени повелби, уредби и закони: две уредби за рудникот Кратово од почетокот на 1390 година, кои се однесуваат на работата во рударските окна; [17] потоа ,,Старата уредба,, за рудникот Сидерокапса од 1451-1478/79 година; ,,Бератот за еминот на монетарната работилница за администрацијата, топењето на сребро и ковањето на асприте во Серес,, од 1460/61 или 1470/71 година; [18] ,,Јасакнамата на Кратово,, или актот за ,,Уредување на рудникот Кратово и чистилиштето на сребро,, , од 4-13.VIII. 1475 година; [19] ,,Берат за сахиб-и ајарот од монетарната работилница и за ковањето на асприте во Серес,, , од 1475/76 или 1481 година; ,,Уредба за рудникот во Кратово изработена по царската наредба со грижите на мирливата од Ќустендил и на Кемал од корпусот на спахиите,, од 18, 23 или 25 I 1488 год. ; ,,Извештај составен по барање на Портата за стариот закон применуван во рудниците на сребро од Кавалскиот округ,, од 1.I. - 4-12.1488 година; ,,Саски правилник применуван во рудниците,, , од крајот на владеењето на султанот Бајазид II [20] и ,,Рударски закон и правила,, , издаден од страна на султанот Сулејман Величенствени од 1536 година. [21]

Интересно е да се наведе, дека повеќето од рудниците најинтензивно работеле во текот на XV и XVI век. Некои рудници во голема мера биле исцрпени и престанале со работа, уште во текот на првите векови на турското владеење во Македонија, други биле откриени во средината на XIX век, а некои останале да работат со многу мал интензитет или привремено биле напуштени, потоа обновувани и т.н. Во

---

[16] Й. Ивановъ, Северна Македония, Исторически издирвания, София, 1906, с. 237; С. Ризај, Рударството во Македонија од XV до XVIII век, с. 94.
[17] N. Beldiceanu, Les actes des premiers sultanes .. s. 179-183
[18] Исто. с. 183-189.
[19] S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva .. s. 242-243
[20] N. Beldiceanu, Les actes des premiers, II, s. 190-197, 215-217, 257-268; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s.243-246, 248-256.

[21] F. Spaho, Turski rudarski zakoni, s 133-149, 151-194.

рудниците најмногу биле експлоатирани рудите на оловото, среброто, железото, бакарот, златото, хромот, антимонот, сулфурот и др. Воените потреби на турската држава барале интензивна експлоатација и производство на рудните богатства во Македонија, за која цел најмногу било ангажирано населението од рударските региони и подрачја. Меѓутоа, како што се гледа од бројните наредби доставувани до подрачните единици, иако државата правела напори да го стимулира рударството, притоа ослободувајќи ги рударските работници од некои задолженија и давачки, експлоатациајата на повеќето рудници се наоѓала во постојано опаѓање.

Во текот на турското владеење во Македонија, според издадените закони, фермани и берати, кои се однесуваат на рударството, можно е да се заклучи дека експлоатацијата на рудните богатства се одвивала во неколку рударски базени. На прво место доаѓа Кратовско - Кривопаланечкиот или Осоговијата, на чело со градот Кратово и неговата поблиска околија, каде во подолг временски период се експлоатирале најмногу сребрените и оловните рудници. Потоа следуваат рудниците во Крива Паланка во кои преовладувала експлоатацијата на железните, оловните и бакарните руди, како и присутноста на рудници и топилници во Злетово, Саса (Царевоселско), Пехчево, Радовиш, Штип и Кочани. Вториот мошне важен рударски базен претставувал Халкидичкиот Полуостров или уште познат и како ,,Мадемохорија,, , каде се истакнувал како главен рударски и металуршки центар, сега непостоечкиот град Сидерокапса, каде најмногу се експлоатирале златните и сребрените рудници. Во третиот рударски базен сместен помеѓу градовите Демир Хисар, Мелник, Драма, Сер и Неврокоп во источниот дел на Македонија или познат како Мрвешко, во кој влегувале селата Горно Броди, Долно Броди, Трлис и останати помали места, најмногу се топеле и ковале рудите на железото. Кон наведените рударски базени се приклучуваат и уште две области од второстепено значење и тоа првата меѓу Скопско и Поречието, во која влегувале градовите Скопје, Тетово и Кичево и втората Тиквешко-Прилепскиот регион во која влегува рудникот Рожден

(Алшар) - Мариовско, каде се копале рудите на црниот сулфур и хром. Покрај наведените рударски базени, центри и области, во време на турското владеење во Македонија работеле во одредени временски периоди и некои помали рударски наоѓалишта, како на пример во околината на Велес, Куманово, Гевгелија и Воден, каде главно се експлоатирале рудите на хромот, антимонот, магнезиумот и др.

Врз основа на годишните приходи од закупите на двата водечки рударски базени и центри, Кратово и Сидерокапса, посебно во текот на XVI век, кага рударството било најсилно во Македонија, може да се заклучи дека тие во наведениот период ја достигнале својата крајна кулминација. Така на пример, за рудниците во Кратово во текот на неколку различни периоди, закупот на монетарницата од тогашното производство на сребро, од кое 1/5 одело во полза на султанот, состојбата била следната: во 1519 година сумата изнесувала 1.111.555 акчиња; во 1530 - 700.000; во 1532 - 1.400.000; во 1538 - 2.800.000; во 1541- 2.900.000; во 1550 - 1.111555; во 1570 - 573.099; во 1571 - 2.100.000; во 1591 - 570.514 и во 1594 - 429.759 акчиња. [22] Како што се гледа производството на сребро доминирало во средината на XVI век, а потоа, со извесни промени се повеќе опаѓало.

Во вториот значаен рударски базен во Македонија Сидерокапса, експлоатацијата на рудните богатства била вршена континуирано уште во времето на султанот Мурад II (1421-1451), а најголем подем, достигнала во текот на првата половина на XVI век. Рудите на златото, среброто и оловото најмногу биле експлоатирани во време на султанот Сулејман Величествени. За обемот и начинот на експлоатацијата на рудните богатства во Сидерокапса, ценети податоци регистрирал и познатиот француски научник, инжињер и патописец Пјер Белон, кој во 1547 година, наведува дека во рудниците работеле околу 6.000 рударски работници и технички персонал. Според него рудата се топела во 500-600 печки и дека висината на месечниот приход на султанот од десетокот од

[22] А. Стојановски - И. Ерен, Кратовската нахија во XVI век, с. 82-83; С. Андреев - Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 31.

добиената руда се движел во висина од 18.000 до 30.000 златни дукати или за една година во висина од 180.000 до 300.000 златни дукати. [23] Доколку се земе во предвид дека во овој период вкупните приноси во државната благајна на Османлиската империја изнесувале 9.000.000 златни дукати, можно е да се претпостави дека приходите од рудниците експлоатирани во реонот на Сидерокапса биле многу високи.

При начинот на експлоатацијата на рудните богатства во Сидерокапса во средината на XVI век, се среќаваат елементи на капиталистичкото производство. Султанот наредувал рудниците да се експлоатираат од ,,приватни експлоататори - стопани на рударските претпријатија, кои државата се ограничувала да ги контролира,, [24] Рудниците биле сопственост на приватни лица. султанот во своите фермани и берати при регулирањето на нивните права ги назначувал како одделни ,,сајбији,, - рудари, кои работеле со рудниците и тие имале законско право да ги продаваат, отстапуваат на трето лице или завештуваат. Исто така во рудниците на Сидерокапса, од страна на централните турски власти биле испраќани ,,банкари - капиталисти,, , меѓу кои најмногу Евреи, кои како главни закупувачи на рудниците, биле задолжувани да го финансираат производството. Тие од своја страна зимале учество и во усовршувањето на техниката во производството, посебно со постројувањето на шахтите, нивната вентилација и одводнувањето, потоа градење на печките, монтирање на чарковите, доведувањето на водената енергија за потребите на рударското производство и т.н. [25] Меѓутоа, веќе во втората половина на XVI век, производството започнало да опаѓа, така што при крајот на XVII век, останале само 4 јами активно да работат. [26]

---

23 В. Николаев, Големите минни предприятия, с. 147; A. E. Vakalopulos, History of Macedonia, s. 155
24 В. Николаев, Характерът на минните предприятияа, с. 97.
25 Исто, с. 98.
26 Историја на македонскиот народ, Том втори, Македонија под турска власт ,од XIV до крајот на XVIII век), редактор: Александар Стојановски, Скопје, 1998, с. 289

Со оглед на разнообразниот состав на минералните богатства во Македонија и нивната интензивна експлоатација во време на турското валадеење неопходно е да се подвлече, дека главните рудници на Османлиската империја низ целиот период од нејзината историја се навоѓале во Румелија, а со тоа одреден дел и во Македонија. Рудните богатства во Османлиската империја со векови го претставувале и главниот материјален извор на турската држава, но бидејќи со текот на времето не дошло до усовршување на средствата за производство, експлоатацијата на рудниците и производството на металите постепено опаѓале и станале нерентабилни пред конкуренцијата наметната од страна на западноевропските држави.

# I ОПШТ ДЕЛ

## ГЛАВА I

### 1.ФОРМИРАЊЕТО И ДЕЈНОСТА НА ОТКУПНИОТ СИСТЕМ

Режимот на рударската сопственост и откупувањето на државните приходи не биле применувани само во рамките на Османлиската империја, иако во неа, без сомнение, достигнале огромни размери. Низа примери од рударските закони укажуваат, дека системот на откупувањето при експлоатацијата на рудните богатства во Османлиската империја претрпел разни промени и модификации. Разгледувањето на поединечните форми и откупувањето на правото за експлоатација на рудните богатства во Македонија, во текот на целиот период од турското владеење, само по себе гледано, на одреден начин носи извесен ризик, посебно за периодот од XV и XVI век, кога главните системи на откупувањето на рудниците преку илтизам и мукатаа меѓусебно се преплетуваат.[27]

Важна улога во развојот и организацијата на турското рударство во Македонија одиграл и системот на закупувањето на рудниците и ковачниците на пари. Рудниците биле закупувани на неколку начина, зависно од временскиот период и од експлоатацијата на видот на рудата. Според досегашните научни сознанија тие биле следните: Мукатаа - илтизам, малиќане и како последно системот на концесиите. Интересно е да се одбележи дека во текот на целиот период од турското владеење во Македонија, откупниот систем за експлоатацијата на рудните богатсва бил непосредно поврзан со појавата и развојот на паричните односи во Османлиската империја. Во врска со начинот на закупувањето на рудниците, според содржината на повеќе турски рударски закони од XV

[27] В. Мутафчиева, Османска социално - економическа история, София, 1993, с. 313.

и XVI век, кои се однесуваат на рудниците во Кратово, Сидерокапса, Серес и останатите рударски центри и области, можно е да се проследи правниот статут на закупувачите. Во нив иако се истакнува дека земјата во близината на самите рудници би можела формално да им припаѓа на одредени приватни лица, веднаш се укажува дека таквиот вид на приватна сопственост, според нормите на шериатскиот закон се приклучувала кон сопственоста на закупувачите. Поточно дел од рудниците, односно самите рудници, сите рударски објекти и инсталации, леарници, самокови, ковачници на пари и се друго во врска со работата на рудникот, биле неприкосновена и целосна ,,сопственост на државата во лицето на султанот, кој ги раздавал за експлоатација на приватни лица,, .[28]

Во врска со примената на првите османлиски закони, кои непосредно се однесуваат на начинот и правото за експлоатација на сите видови на рудни богатства на Османлиска империја, преку воведувањето на новиот систем на издавањето под закуп на концесиите, важно е да се разгледаат и некои моменти кои им претходеле на наведените состојби во рударството. Оваа прашање најцелисходно ќе се објасни доколку се разгледа проблемот со плаќањето на даноците за експлоатација на рудниците. Како што е општо познато, данокот (rusumi maadeniyat) било право кое се добивало од спахијата за откривањето и ископувањето на руди и метали. Поточно, ако некој од рајата открил и ископал во реонот на спахискиот тимар некои рудници (maaden ocagi), бил должен да плаќа посебен данок на спахијата. Односно за секој ново откриен рудник за руда се плаќало годишно по 10 акчиња или за секоја товарена кола со сурови железни руди, се плаќало на одреден спахија по 5 акчиња. За секоја пак товарена кола со сребрени руди, не се плаќало ништо доколку тие руди биле пренесувани за задоволувањето на потребите на државните ковници за пари. [29] Судејќи според тие критериуми најмногу

[28] С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 91.

[29] Д. Ихчиевъ, Приносъ къмъ въпроса на спахиитѣ въ османската държава и турски документи върху тъхъ, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XXV, София, 1909 , с. 29

рудни богатсва имало во следните санџаци во Македонија: Ќустендилскиот, Скопскиот, Одринскиот и Солунскиот, кои биле посебно богати со сребрени рудници. Рајата од наведените места, каде такви руди биле откривани, била задолжена од страна на државата, да ги пренесува во градовите на наведените санџаци за да ги снабдуваат ковниците за пари или т.н. ,,монетарни куќи,, . [30] Мошне карактеристично е да се наведе, дека за секој оџак од новооткриените сребрени руди се вршерло плаќање од 10 до 20 акчиња за една година. Овој данок на рудници (rusumi maadeniyat) бил во постојана употреба уште од најстаро време и траел се до 1839 година, односно до самото воведување на реформите уредби (tanzimati hayriye), при што потоа, во целата Османлиска империја и во Македонија, бил воведен новиот закон поврзан со системот на концесиите под називот Уредбен акт за рударство (Nizam name-i maadeniyan). [31] На конечното воведување на законот за примената на концесиите во турското рударство му претходел и ,,Законот за земјите,, од 7 рамазан 1274 (21.IV.1858) година, каде посебно се подвлекува дека, минералите, како што биле: злато, сребро, бакар, железо, разните видови на камења, гипс, сулфур, шалитра, камени јаглени, сол и разни други руди, кои се наоѓаат и експлоатираат во некое одредено место кое припаѓало на ,,мириските земји,, , во владеење на било кое лице како припадник на турската држава, му припаѓале на државното богатство или државната ризница. [32] Сопствениците на земјата каде се наоѓале рудните богатства немале право да присвојуваат и задржуваат во своја сопственост никаков вид на минерални и рудни богатсва или да зимаат дел од извадените минерали. Ова се однесувало и на сите материјални богатства откриени во областа на вакафските земји, бидејќи и тие со воведувањето на новиот закон им припаѓале на општите државни богатсва, односно ниту сопствениците на земјата, ниту управата на вакафските задужбини немале право да се мешаат во државната

30 Исто.
31 Исто.
32 Х. Гандев и К. Гълъбов, Турски извори за българската история, т. I. София, 1959, с. 34

сопственост на рудните богатсва или да ги присвојуваат за себе наведените богатсва. Во врска со регулирањето на сопственоста на вакафските земји и рудните богатства, исто така се наведува дека, доколку се случело минералните богатсва да се вадат од мириската или вакафската земја и доколку за истата се пропишало дел од таа земја да стане неупотреблива за владеење и за земјоделска дејност, вредноста на тој дел на земјата требало да му се плати на сопственикот. Всушност една петина од рудите најдени во земјата, препуштена за општо користење ,,arazi-i metruke,, , како и во ,,мртви земји,, ( arazi-i mevat), му припаѓале на државното богатство, при што останатиот дел му припаѓал на лице кое ги пронашло рудите. Според истиот закон, рудите пронајдени во сопствени дворни места (mulk arsalar), како и оние во атарот на селата и градовите, исто така им припаѓале на сопствениците на местата. Растопените минерали што се наоѓале во земјите под надлежност на ушурије и харачие им припаѓале една петина на државните богатсва, а останатиот дел на сопствениците на земјата и т.н. .[33]

А. Мукатаа - Илтизам

Првиот начин на издавањето под закуп на рудните богатсва како што наведовме бил муката-илтизам. Овој начин бил тесно поврзан со уредувањето на финансиската состојба во Османлиската држава во текот на првите векови од турското владеење во Македонија и Балканот. Всушност службите на мукатаа - илтизам претставувале еден вид економски установи, кои преку системот на издавањето под закуп или собирањето преку државните служби на приходите од рудниците, ковачниците на пари и сл. на турската држава и обезбедувале огромни материајални средства и приходи. Османлиската империја посебно во текот на XVI век, државните рудници најмногу ги експлоатирала по пат на закупувања (мукатаа), извршувано од страна на државните големци и

[33] Исто, с. 34 - 35.

богати стопанственици, какви што во најчести случаеви биле припадниците на турската воена и административна аристократија, меѓу кои најмногу се истакнувале: пашите, беговите, мутесарифите, царските чауши, крупни трговци, и др. Како што се гледа од содржината на повеќе османлиски извори од XV, XVI и XVII век, примената на откупниот систем преку муката - илтизам, извршил позитивно влијание во процесот на изградбата и развојот на турското рударство во Македонија. Постоењето и употребата на наведениот закуп, со примената на поголеми или помали права или ограничувања на нивните носители, претставувале и главни носители на развојот на турското рударство, се до крајот на XVII век, како во Македонија , така и воопшто во Османлиската империја. Меѓутоа, појавата на постојаните и многу зачестени преоткупувања и промена на мултезимите на мукатаатите (откупи), од своја страна ги правеле ,,многу несигурни доходите на државата од дадените на откуп објекти,, .[34] Како последица на настанатата состојба во државата, централните власти презеле низа мерки и напори, да се неутрализира и запре процесот на наглото преоткупување на илтизамите. Наведената состојба била променета и во сферата на закупувањето на рудниците, со издавањето на законската уредба од 1694 /95 година, чија цел била да се воведе ,,системот на маликане или доживотен откуп на мукатаатите,, .[35] Карактеристично е да се наведе за претходниот систем на закупување, пред воведување на маликането, дека тој бил ограничен од една до три години и закупувачите можеле да бидат не само муслимани, туку и христијани. Мошне важно било закупувачите од своја страна да располагаат со доволен капитал за да можат од напред да уплатат дел од пропишаната закупнина и според своите економски можности да ги превземат обврските и ризикот за ,,натамошниот редовен

[34] Б. Цветкова, Откупната систем (iltizam) во Османлиската империя през XVI~ XVIII век с оглед на българските земи, Известия на института за правни науки, Т. XI, кн. 2. София, 1960,с. 214.
[35] Исто.

прилив на приходите во државна благајна, односно да обезбедат нормална работа во ковачницата,,[36]

Издавањето на рудниците под закуп на мукатаа и илтизам било тесно поврзано со уредувањето на финансиската и административната положба на Османлиската империја во текот на првите векови од турското владеење во Македонија. На почетокот службата на мукатаа и илтизам, имале различно значење во системот на конституирањето на турското административно и финансиско работење. Тие обично го означувале наемот, кој го плаќале припадници на турската држава за добивање право за владеење на куќите, дуќаните, земјата и други видови материјални богатства, оставени од месното население и превземени од страна на новото население.[37] Всушност и содржината на самиот арапски збор ,,мукатаа,, на пример го означувало наемот за земја (mukataa - i zemin), наем за чифлик ( ciftlik mukataasi ) или за собирање на десеток од разни видови на производи и сл.[38] Од друга страна, мукатаа преставувала и секаков вид на приход што требало да се собира за државната каса, а се собирал по пат на илтизам ( откуп ) и истиот начин и систем на финансиско работење се нарекувал мукатаа.[39]

Мукатаа и илтизам во извесна смисла претставувале и еден вид економски установи, кои на турската држава и осигурувале огромни парични приходи преку издавањето под закуп или собирањето преку државните власти на приходи од рудници, ковачници на пари, солани, продавање на солта и сл.[40] Така на пример во почетокот на XVII век, финансиските извори што ги обезбедувале приходите на централните државни власти во Османлиската империја, полека почнувале да им се даваат на одреден број лица кои требало да се ангажираат за собирањето на беделот. Во овој период наведениот систем исто така се

---

[36] А. Стојановски - И. Ерен, Кратовската нахија во XVI век, с. 83.

[37] T. M. Gökbilgin, XV - XVI - inci asirlarda Edirne ve Paşa livasi,Vakiflar - mülkler - Mukataalar, İstanbul, 1952, p. 87.

[38] Ömer Lütfi Barkan, XV - XVI - inci asirlarda Osmanli İmperatorlugunda Zirai Ekonominin Hukuki ve mali esaslari, Birinci cilt, Kanunlar, İstanbul, 1945, , p. 237 , 305, 309.

[39] M. Sertoglu, Resimli Osmanli Tarihi s. 215.

[40] S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 78.

нарекувал илтизам ( систем на обврска), односно лицата што ги превзимале овие задолженија се викале мултезими. Финансиските институции на мукатаа и илтизам уште во текот на првите векови на турското владеење биле пренесени од Анадолија во Македонија и на Балканот и ја претставувале главната финансиска организација на Османлиската империја. Тие биле широко употребувани кај тимарите и зеаметите. [41] Од своја страна системот на откупување на државни приходи придобил ,,позначителни размери во текот на втората половина на XVII и почетокот на XVIII век,, . [42] Лицата што ги превзимале обврските однапред да ги исплаќаат приходите на државата од добиените закупи над рудниците, со текот на времето се здобиле со огромни материјални багатства. Тие обично собирале повеќе пари од обложеното со даноци население, или се случувало однапред да ги соберат даноците, пред да ги регулираат обврските кон државата. Според некои турски рударски закони, системот на закупот на рудниците и рудните богатства овозможувал превземање обврски од една година, а понекогаш во времетраење од 3 години. Овие обврски во текот на подолг период од развојот на турското рударство можеле да се пренесуваат од татко на син и обично траеле повеќе години. [43]

Поддржувањето на наведениот систем со ,,закупна концесија,, од страна на турските султани, во секој случај им обезбедувало заштеда на одреден капитал од инвестирање во една сложена експлоатација на природните богатсва, а од друга страна им обезбедувал во замена за тоа ,,еден сигурен извор на приходи,, . [44] Како што е познато, големи приходи на султаните им донесувале и закупите ( мукатаа ) од ковачниците за пари, кои од страна на централните властти биле строго контролирани. Од страна на државните органи посебно било будно следено целокупното производство и добивањето на приходите, бидејќи рудниците

---

[41] H. İnalcik, Hicri 835 tarihli Süret-i defter-i Sancak-i Arvanid,Türk Tarih Kurumu yayinlarindan III. Seri, Nö. 5, Ankara, 1957. s. XXXV.

[42] Б. Цветкова, Откупната система ( iltizam ) .. с. 208.

[43] M. Sertoglu, Resimli Osmanli Tarihi Ansiklopedisi, s. 152.

[44] N. Belducianu, Les aktes des premiers, s. !41.

,,претставувале значителен извор за државниот доход и важна суровинска база за водење на постојаните завојувачки војни,, .[45] Откупувањето на рудниците во текот на почетните фази од развојот на турското рударство во Македонија и на Балканот, претставувало и ,,меѓусебен договор,, , кој го склучувале ,,сопствениците,, на рудникот со закупувачите на мукатаи илтизам и рударските работници за извршување на работата. Според направениот договор, на рударските работници им се плаќала одредена парична награда, која се одредувала според количината и квалитетот на извадената руда. За правењето на наведените договори станува збор и во ,,Стариот саски закон за рудниците,, издаден од страна на султанот Сулејман Величенствени (1520-1566). Интересно е за овој закон да се подвлече дека закупувачите и рударите ,,кои работеле на откупот можеле извадената руда да ја продадат на некој друг доколку сопствениците на рудникот не можеле да им ја откупат,, .[46] Голем број на рудници во Македонија биле отстапувани на приватни откупувачи кои во повеќе случаи давале лична гаранција за своите можности дека со сопствени средства ќе ја организираат експлоатацијата на рудните богатсва. Тие однапред се обврзувале на државата да и ја исплатат на неколку рати од закупнината (мукатаа), како ,,што тоа ќе го прават при доста изменети услови и врз малку поинакви основи во крајот на XIX век,, .[47]

При крајот од разгледувањето на улогата и значењето на откупниот систем врз експлоатацијата на рудните богатства во Македонија во време на турското владеење, неопходно е да се подвлече, дека откупувањето со текот на времето се конституирало во главен систем за експлоатација на рудните богатства во Македонија. Примената на различните начини при откупувањето на правото врз експлоатацијата на рудниците, во секој случај, било условено од улогата и влијанието на неколку општествени,

---

[45] Н. Филиповић , Из историје Новог Брда у другој половини XV и првој половини XVI вјека, Годишњак историског друштва Босне и Херцеговине, год. VI, Сарајево, 1954, с.77.
[46] М. Беговић, Наши називи у турским рударским законима из XV и XVI века, Анали правног факултета у Београду, (Посебан отисак из бр. 1-2. 1971) , Београд , 1971, с. 22.
[47] А. Стојановски, Рожденскиот рудник за арсеник, с. 157.

економски и социјални фактори. Ова се однесува, како на големината на рудните богатства во Македонија, исто толку и на начинот на организацијата на турското рударство; развојот на производните и паричните односи во државата и начинот на експлоатацијата на производните сили; висината на рударската плата и повратното влијание на надворешните финансиски фактори врз квалитетот на стопанскиот живот и паричниот систем во Османлиската империја.

За да се разгледа прашањето за карактерот на откупните системи за експлоатацијата на рудните богатства во Македонија преку мукатаа и илтизам, посебно е интересен крајот на XV век и целиот период на XVI век, особено неговата прва половина и средина, кога турското рударство го достигнало своето најголемо производство. Така на пример, во актите на турското рударско законодавство за начинот на експлоатација на рудниците, законодавецот предвидува дека ,,десетокот од пречистувањето на среброто му припаѓа на владетелот,, , односно дека рудниците ,,сочинуваат царски хасови, и според тоа нивниот приход припаѓа на османскиот султан,, .[48]

Во врска со сето кажано, кога станува збор за откупувањето (мукатаа), треба да се прави разлика во однос на целокупната сопственост што му припаѓала на турскиот султан или ,,фактичкиот статус на земјиштето, на подземјето, на пералните, на топилниците и рафинериите,, односно иако ,,наведените документи кои потврдуваат дека рудниците биле царски домени, други акти покажуваат дека статутот на рудниците не бил секојпат многу јасен за современиците,, .[49] Примери на таквите состојби се согледуваат и од извештајот составен помеѓу 1.I. и 4. XII. 1484 година, за рудниците на Кавала, каде се наведува дека рудниците од нејзината околина не биле мулкови владенија, иако според една друга уредба од 1548 година, за рудниците на Сребреница и Саса, за една рударска галерија се наведува дека одавна била мулк. Во друг документ од 31. VIII. 1537 година, за

[48] N. Beldiceanu, Les actes des premiers, s. 88.
[49] Исто.

рудниците на Сидерокапса се наведува дека биле сопственост на султанот, а во друг извештај од средината на април 1488 година, за рудникот Рожден - Тиквешко, се употребува ,,изразот доживотен закуп (малиќане) за да го дефинира статутот на варацsmåите,, .[50]

Во текот на првите векови од развојот на турското рударство во Македонија, како што претходно наведовме, доминантен систем за откупувањето на правото врз експлоатацијата на рудните богатства биле институциите на мукатаа и илтизам. Меѓу првите извршени закупнини (муката) во Македонија, за кои се пронајдени изворни податоци од османлиските архиви, се оние кои се однесуваат на Рожденскиот рудник за арсеник од 1467/68 година, каде како закупник се спомнува лицето Данишменд Мустафа, со годишна закупнина (мукатаа) во износ од 35.000 акчиња.[51] Следуваат податоци од 1475 година, регистрирани од страна на ѓеновјанецот Jakopo de Promontario de Kampis. Тој наведува дека сребрените рудници во Кратово, Солун, Серес, Софија, Ново Брдо, Приштина и Сребреница, кои се давале под закуп на мукатаа илтизам и каде се ковале сребрени акчиња, на султанот како негови хасови му давале приход од 36.000 дукати или годишно по 120.000 дукати за период од 3 години. Закупувачите на наведените рудници, според нормите на шеријатско право, требало под страв од судско гонење на време да го продадат произведеното сребро на трговците или на управниците на монетарниците.[52] При крајот на XV век се спомнува и еден закуп на мукатаа од соланите во областа на Солунско и Китрос од страна на еден член од семејството на Палеолозите, Георги Палеолог, кој во 1481 година, заедно со уште тројца Грци од Истанбул ги откупил за 4.999.533 акчиња. Во врска со реализацијата на оваа мукатаа, се наведуваат податоци дека поради отплатата на помалку од половината сума и задолжувањето на закупувачите со повеќе од 3.000.000 акчиња,

---

[50] Исто.

[51] А. Стојановски, Рожденскиот рудник за арсеник, с. 157.

[52] З. С. Пляков, За регламентацията на градското занаятчийско производство, с. 111; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 82.

тие побегнале во туѓина, но еден од нив бил фатен и обесен во Истанбул. [53] И од анализата на други османлиски извори за XV и XVI век, кои се однесуваат на санџаците Паша и Одринскиот, се дознава за поголем број на откупувачи на мукатаа, меѓу кои и амили од христијанско потекло. [54]

Режимот на мукатаа во Македонија од првата половина од XVI век, кога приходите од рудните богатства во Османлиската империја достигнуваат огромни размери, на султанот му носел големи приходи. Само од закупот на ковницата за пари во Скопје од 1544 година тој добивал приходи од 63.333 акчиња. [55] Слични соопштенија за рударската сопственост и експлоатацијата на рудните богатства во Сидерокапса дава и познатиот француски инжинер и научник Пјер Белон, кој при посетата на сребрените рудници во летото 1547 година, наведува дека на султанот Сулејман Величествени му давале огромна за тоа време сума на злато и сребро. Наведената сума, која султанот ја добивал секој месец за својата каса, без да се броела платата на работниците, изнесувала 18.000 златни дукати, а понекогаш и до 30.000 дукати. Понатаму, Пјер Белон наведува дека рентиерите (закупувачите) на мукатаа илтизам врз рудниците, кои биле Евреи, од своја страна му соопштиле, дека не паметат рудниците во периодот од 15 години да му дале помалку доход на споменатиот султан, од 9 до 10.000 златни дукати месечно. [56] Во еден друг документ за закупот на рудниците во Сидерокапса од XVI век, можно е да се констатира дека височината на мукатаата се менувала, односно дека „авторот на извештајот, сметајќи дека височината на закупот е пониска од примањето, го покачи стапалото на закупот на монетарницата во Сидерокапса од 2.500.000 аспри на 3.650.000 аспри за три години,, . [57]

Османлиската империја како воено - феудална држава, во текот на XVI век, државните рудници најмногу ги експлоатирала по пат на нивното

---

[53] В. Мутавчиева, Османска социално ~ икономическа история, с. 340.
[54] M. T. Gökbilgin, XV - XVI - inci Asırlarda Edirne ve Paşa livasi, s. 94.
[55] D, Bojanic, Podaci o Skoplju iz 951 (1544) godine, Prilozi za orientalnu filologiju, No. III - IV, Sarajevo, 1952, s. 609.
[56] В. Николаев, Характерът на минните претпрятя, с. 42; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 82.
[57] N. Badiceanu, Les actes des premiers, s. 142.

давање во откуп (мукатаа), на големци и богати стопанственици, како што биле претставниците на турската аристократија, меѓу кои најмногу санџакбегови, паши, ајани, бегови, кадии и крупни трговци. Економскиот интерес бил доминантен, а во овој случај решавачки за двете страни. Меѓутоа, со откривањето на Америка и пронаоѓањето на поевтина руда во текот на XVI век, одреден број на рудници во Османлиската империја биле затворени како последица на примитивната техника на работење и ниската рентабилност во производството. Од своја страна и мултезимите (обврзниците) во рудниците, предимство му даваат на увозот на поевтина руда, наместо потикнување на експлоатацијата врз производството на постоечките рудници во државата. При отежнатите услови и слабата конкуренција во производството на рудниците кон средината на XVI век, органите на турската држава превзеле енергични мерки, за да не останат празни и напуштени рудниците. Биле назначувани повереници на рудниците т.е. емини, со цел тие да бидат во можност да управуваат со работите и рентабилно да ги експлоатираат рудниците. [58] Во некои документи за овој период од турското владеење во Македонија се среќаваат податоци дека закупувачите на рудниците од страна на државата биле сменувани, односно можело да им се одземе дури правото на мукатаа во текот на една година. Така на пример во 1564 година, со мукатаа на рудникот во Кратово располагал закупувачот (мултезимот) Мехмед Алија, а во 1567 година, како закупувач на истиот рударски погон се спомнува и лицето Шабан. Врз основа на поднесениот предлог ( arza), од страна на муфеттишот, како и од кадијата на Кратово, Алија, и назирот Кенан, рудникот му бил доделен во 1567 година за експлоатација на другиот закупувач, Мухамед Џафер, кој требало да плати 2.099.100 акчиња. [59]

Како што се гледа од содржината на некои други податоци, кои се однесуваат на средината од XVI век, меѓу закупувачите на рудниците се среќаваат и богати лица од Македонија. Меѓу најпознатите се оние од

[58] H. Yüksel, Osmanlı döneminde Keban - Ergeni madenleri, s. XIII.
[59] S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 80.

Кратово, каде се истакнуваат фамилиите Бојќиќи и Пепиќи, а посебно кнезот Димитрија од фамилијата Пепиќи, кои биле закупувачи на сребрени рудници. [60]

Во текот на XVII век праксата за закупувањето на рудниците преку институциите муката и илтизам и понатаму продолжила, иако процесот на наглото опаѓање на турското рударство во Македонија и воопшто во Османлиската империја започнал уште во втората полвина на XVI век. Откупниот систем и во овој временски период од своја страна и понатаму продолжил да репродуцира лесно и брзо натрупување на материјални богатства среде богатите слоеви, меѓу кои и закупувачи на рудници, и тоа со употреба на произволности и злоупотреби во работата, како резултат на „недостатичното контролирање од страна на централната османска власт на мукатите и малиќаните„ . [61] Што се однесува за состојбата на рударството во Македонија во текот на втората половина од XVII век, познатиот турски патописец Евлија Челебија наведува, дека во градот Скопје имало управник на рудниците, кој раководел со сите рудници на сребро и железо и истите ги издавал под мукатаа (закуп) за вкупна сума од 70 товари акчиња, освен рудниците во Кратово. [62] А пак, според соопштенијата на Ќатиб Челеби, градот Скопје бил седиште на мукатаа - незарет односно неговото надлежно подрачје секако било поголемо од службеното подрачје на кадијата на градот. Проширувањето на незаретот на градот Скопје на соседните области, во административна служба значело неговото определување за главно седиште на „еден мааден - мукатаа- незарет„ .[63] Во врска со наведената состојба, можно е да се заклучи дека маден - мукатаатите „припаѓале кон големите одделенија на финансиската управа на државата„ и ги „имале првобитно на управување, како што тоа го

[60] А. Стојановски, Градовите во Македонија, с. 96.
[61] С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 99~100.
[62] Историја народа Југославије, Т. II. Београд, 1960, с. 577.
[63] H. G. Majer, Нешто за јава-џизието и маден мукатаа незаретот на Скопје и Вучитрн во 1663 година, ГИНИ, год. XVIII, бр. 3. Скопје, 1974, с. 134.

покажува името, мукатаите од рудниците и рудокопите,, .[64] На претходната состојба се однесуваат и податоците за извршениот закуп од 21. VII. 1677 година од страна на назирот на мукатаа од рудниците во Скопје и Кратово, Али ага, кој се задолжил да внесе во царската благајна сума од 117.000 акчиња.[65] Во Главната канцеларија на мукатаатите за целата Османлиската империја во Истанбул, за тековната 1687/88 година, биле регистрирани вкупни приходи за двата рударски центри Скопје и Кратово, во висина од 5.990.940 акчиња.[66] За разлика од претходните рудници, билансот на расходите и приходите на рудниците во Сидерокапса, во споредба со описите на Пјер Белон во средината на XVI век, се наоѓал во огромно опаѓање. Кон крајот на XVII век, тој се движел со ,,актив од околу 16 јука акчиња, т.е. 160.000 акчиња, и кога само 4 рудници биле во експлоатација,, .[67]

Примената на откупните системи преку мукатаа и илтизам, извршиле позитивно влијание за развојот на турското рударство во Македонија. Постоењето на наведените видови наемни владенија, со поголеми или помали права или ограничувања на нивните носители, било главен носител на развојот на турското рударство, се до крајот на XVIII век, како во Македонија, така и воопшто, во рамките на Османлиската империја. Меѓутоа, појавата на постојаните преоткупувања на кратко време, а со тоа и зачестената промена на мултезимите на мукатаатите, од своја страна ги ,,правеле многу несигурни доходите на државата од дадените на откуп објекти,, .[68]

*Еве неколку примери за висината на приходите добивани од* рудниците издавани под мукатаа од една до три години. Во еден мошне исцрпен документ за рудникот во Сидерокапса, се наведува дека во март 1707 година, му бил предаден закупот на Хаџи Ахмед за 10 јука или

---

[64] Исто.
[65] БИА НБКМ, София, Ор. одд. фонд. 129 А, а.е. 525.
[66] Ö.L. Barkan,Osmanli İmperatorlugu Bütcelerine dair Notlar, İktisat Fakültesi Mecmuası, XVII, 1-4,(1955-1956), İstanbul, 1960, s. 205 - 206; Н. Тодоров, Балканският град, XV~XIX, София, 1972, с. 84.
[67] В. Николаев, Характерът на минните претприятия, с. 156.
[68] Б. Цветкова, Откупната система (iltizam) во Османската империя, с. 214.

1.000.000 годишно; во 1710 година рудникот му бил предаден на друг турски феудалец, Чаушзаде Хусеин ага, кој се задолжил да плаќа 2 јука повеќе од претходниот закупец или вкупно 1.200.000 акчиња. [69] Според истиот извор, бидејќи во овој период рудникот за Сидерокапса сеуште бил многу богат со златни и сребрени руди и му давал доста богат доход на закупувачот, од страна на царските власти и понатаму се продолжило со покачувањето на данокот. Така на пример во текот на 1712 година, требало да се исплатат 13 јука или 1.300.000 акчиња, следната 1713 година - 14 јука или 1.400.000 акчиња, во 1714 година - 15 јука или 1.500.000 акчиња, во 1715 година - 16 јука или 1.600.000 акчиња, односно во текот на истата 1715 година му го зголемиле данокот за 17 јука, т.е. 1.700.000 акчиња, кој претставувал една ,,голема цифра за времето,, . [70] Во текот на истата 1715 година, откупот му бил продаден на Ахмед ага од Солун, кој платил многу поголема цена од претходните или 32 јука во вредност од 3.200.000 акчиња. Потоа следува уште еден муслиман од градот Солун, Ахмед ефенди заде Али ефенди, а по него во текот на 1717 година, рудникот го откупил еминот на царинарницата во Солун, Мехмед заедно со својот ортак Сеид ебу Бекир ага. [71] Меѓутоа, после интензивното исцрпување на рудникот во Сидерокапса, експлоатацијата и производството на рудните богатства во овој најпознат рударски базен во Македонија, нагло опаднале.

Според расположивите податоци, висината на краткорочните мукати (закупи) се снижила дури до 4 јука или 400.000 акчиња, што ќе рече дека сите тие промени настанати во обемот на производството и висината на закупите на свој начин го предизвикале и ,,опаѓањето на некогаш големите и богати рудници крај Сидерокапса, додека кон втората четвртина на XVIII век, тие сосем и за секогаш се запустиле,, . [72]

Кога станува збор за на закупот на ограничено време од една до три години, барем во сферата на рударството, неопходно е да се

---

[69] В. Николаев , Характерът на минните претприятя , с. 166.
[70] Исто.
[71] Исто, с. 116, 183.
[72] Исто.

подвлече дека од крајот на XVII и почетокот на XVIII век, во содржината на некои османлиски изворни податоци се среќаваат регистрирани само муслимани како „емини и мултезими на мукатаата од рудниците на Сидерокапса„ .[73] Таквите примери се однесуваат на откупувачите: Ахмед и Каракулук Ахмед од почетокот на 90-тите години на XVII век; потоа Абдулах и Чавушзаде Хусеин, како ортаци за периодот од 1. III. 1695 до 1. III. 1697 година; Кучук Ахмед и Али, син на Хамза ефенди, следователно еден по друг за периодот од 1.III.1717 година и понатаму; дворските чауши Ахмед ага и Мехмед ага доживотно од 1722 - 1723 и понатаму; лицето Али доживотно, почнувајќи од 1735 година и понатаму и лицето Чаушзаде Али, син на Хусеин, доживотно во интервал од 1738 до 1751 година.[74]

Поради пројавената состојба на постојаното префрлување на рударските објекти од еден на друг откупувач преку мукатаите, Османлиската држава не само што ја губела можноста да ги контролира таквите односи во рударството, туку започнала и да ги губи позициите на власта во производството и експлоатацијата на рудниците. Како последица на настанатата ситуација, централните турски власти превзеле низа мерки и напори да се запре процесот на честото преоткупување на илтизамите. Наведената состојба била променета со издавањето на законска наредба од 1694/95 година, да се воведе „системот на малиќане или доживотен откуп на мукатаатите„ .[75]

## Б. Малиќане

Вториот начин на закупување бил малиќането или доживотно уживање, при што закупувачите биле должни секоја година да ја плаќаат предвидената сума на пари за мукатаата закупена како малиќане.

---

[73] С. Андреев - Е. Грозданова, Из историята на рударството и металургията, с. 98.
[74] Исто.
[75] Б. Цветкова, Откупната система (iltizam) во Османската империја, с. 214

Воведувањето на системот за давање под откуп на државните приходи преку маликане или доживотно уживање, ги задолжувал закупувачите секоја година да ја плаќаат точно утврдената сума на пари за мукатаата закупена како маликане. Всушност маликането во основа се одликувало по долготрајноста на периодот за правото на експлоатација на откупениот рудник. Или со други зборови кажано, додека откупувачите на мукатаатите располагале со право дадено од страна на државата да ги експлоатираат рудните богатства за една до три години, закупувачите преку новиот систем на маликането го „прифаќале илтизамот со доживотни права врз него„ .[76] Причината за воведувањето на маликането во турската држава, во сите сфери на економското работење, па и во рударството при крајот на XVII и првите децении на XVIII век, се случило како последица на тешката финансиска криза во која се нашла Османлиската империја. Посебно треба да се подвлече процесот на воведувањето на маликането во време на тешките и критички моменти за државата, поточно во времето кога Османлиите после поразот кај Виена во 1683 година, се нашле изложени под силен офанзивен притисок наметнат од страна на Австрија, Русија, Полска и Венеција.[77] Инаку, се претпоставува додека ферманот за воведувањето и фактичката примена на системот на маликането бил регистриран на 11. I. 1695 година и истиот ден бил поднесен и предложен на султанот Ахмед II (1691-1695) за да го усвои. Меѓутоа, по се изгледа дека тој само го ислушал и одобрил предлогот, но неговата ненадејна смрт го спречила да го потврди. Како и да е, можно е да се заклучи дека воведувањето на маликането било предложено и усвоено при самиот крај на наведениот султан, а дека го озаконил и стварно во пракса започнал да го применува неговиот наследник султанот Мустафа II (1695-1703), во текот на првите месеци од 1695 година.[78]

---

[76] Б. Цветкова, Откупната система (iltizam), с. 214.
[77] A. Suceska, Malikana (dozivotni zakup drzavnih dobara u Osmanskoj drzavi) s. 115.
[78] Исто. с. 114-115.

При недостаток на документи за развојот на рударството во Македонија во архивите на Република Турција кои би се однесувале на воведувањето на новиот начин на закупувањето на рудниците преку системот на маликането, ние ќе се задржиме само на оние со кои што засега располагаме. Имено, режимот на маликането најпрво бил воведен во Азискиот дел на Османлиската империја, а нешто покасно и во Европскиот дел т.е. Румелија.

Првите владенија под форма ,,маликане и мукатаи,, во Македонија се среќаваат во првата деценија на XVIII век и тоа кај Кратово, Беласица и Гребена, под надлежност на Скопскиот и Кратовскиот назарет, кои биле прекупени од лицето Ахмед ага, син на Арслан. На почетокот истиот внел претплата во висина од 4.220 гроша и од своја страна се задолжил да ,,дава едногодишен дел од сто гроша,, .[79] Следуваат податоци од 1735 година за земениот откуп под маликане на мукаатите од рудниците во Сидерокапса и Кратово, со обврска да бидат осигурани од приходите на првата мукатаа 5.000 гроша, а од втората уште 1.000 гроша, предвидени за подмирувањето на платите за јаничарите, џебеџиите, топчиите, силахдарите и други од составот на активната османлиска армија.[80]

Закупувачите на рудниците во текот на XVIII век, преку системот на маликането или доживотен закуп, од своја страна применувале и методи на принуда во експлоатацијата на селаните, кои биле задолжени да работат во рудниците. При тоа, спротивно на одлуките и законите издавани од страна на официјалните турски властти, самоволно ги присилувале да работат ангарија. Поради таквите појави, доаѓало до многу чести жалби на селаните - рудари во текот на наведениот век ,,против разните злоупотреби и незаситените апетити на закупувачите на рудниците,, .[81] Таков е случајот со селаните рудари од Демир - Хисарската каза, кои во 1733 година се обиделе да се ослободат од

[79] Б. Цветкова, Откупната система (iltizam) с. 215.
[80] С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 104.
[81] Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи, с. 34.

наметнатото задолжение и обврска да ископаат и пречистат околу 40.000 ока железна руда. [82] Во некои други случаи се регистрираат поднесени молби од страна на рајата и рударите Таков е примерот со рударите од Сидерокапса од 1775 година кои побарале од царскиот двор да бидат заштитени. Според истиот ферман, емините порано биле одредувани да управуваат со рудникот Сидерокапса, како и останатите државни рудници, врз принцип на слободни тимари и истите ја штителе и воделе грижа за рајата и рударите кои биле вработени во рудниците. [83] Според истиот ферман наведената состојба се изменила со закупувањето на рудниците од старна на Чаушзаде Ахмед - ефендија, кој го пренел закупувањето на рудникот врз себе, како доживотен закуп (малиќане) со една закупнина во висина од 55.000 гроша. Меѓутоа, бидејќи тој не се ангажирал за одржување на рудникот поради лакомоста за пари, а спрема рајата, спротивно на Шеријатот, правел разни неправди, односно ја затворал и бесправно ја казнувал сиромашната раја, од страна на султанот веднаш се побарало и наредило да се укине и поништи направениот договор за доживотен закуп на рудникот или малиќането. На негово место по службена должност бил поставен Хаџи Ахмед и бил наименуван за ,,емин на рудникот со него да управува како и со други рудници во траење на служба од 6 години,, . [84] Во друг случај станува збор за издадена наредба од 14.VII. 1786 година до кадиите на Кратово и Радовиш во врска со собирањето на пари за долгот од закупите на рудниците во Кратово и Радовиш, направен од страна на закупецот Камбер ага. [85] За регулирањето на настанатиот проблем, била донесена одлука од страна на царските власти и доставена до кадиите на наведените две кази, со која се барало наведениот Камбер ага, кој се задолжил при закупот на рудниците, да се обврзе да го врати долгот. [86]

---

82 Исто.
83 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 81.
84 Исто.
85 Başbakanlik Arşivi - İstanbul, F. Maliye Nezareti Darbhane No. 3151
86 Исто.

Кога станува збор за закупите преку системот на маликане, интересно е да се потенцира и социалната положба на закупувачите. Податоците од крајот на XVIII и првата половина на XIX век, се регистрираат претставници од самиот врв на османлиската владеачка класа. Според една одлука од мај 1795 година, се подвлекува, дека во врска со плаќањето на дел од трошоците на рудникот Сидерокапса со кои биле задолжени, покрај другите, и селаните од околното село Белица, истите требало да му ги достават на Мустафа паша, во „својство на сопственик од закупот на рудникот„ .[87] Од содржината на други документи дознаваме за оставнината на покојниот Хасан паша, кој бил обврзан со закупот на илтизам во дарбхането (ковницата), со барање да се врати неговиот долг од страна на неговите наследници.[88] Во една, пак одлука од 26. VII. 1824 година, се соопштува дека солунскиот мутесариф, везирот Ибрахим паша, станува „закупец на џизието по пат на наследсво на рудникот Сидерокапса кој е управуван од дарбхането. [89] Сличен е примерот и во врска со издавањето на ферманот од 15. VI. 1832 година, за скопскиот назир Хавзи паша, да остане како илтизам закупец на беделот (делот) на рудникот во Кратово со сума во висина од 190.000 гроша, со „сите пртходни услови„.[90]

Воведувањето на системот на маликането при крајот на XVII век како последица на настанатата финансиска криза во Османлиската империја, во секој случај, не успеало да ги спречи финансиските проблеми на државата. Неговата употреба само ја продлабочила од порано започнатата криза во државата. Од податоците се гледа дека системот на маликането довел до спротивставување помеѓу органите на централните власти и уживателите на маликането, а тоа предизвикало голема штета за турската држава. Овие односи во текот на првата половина на XIX век, се заострувале се повеќе, бидејќи османлиските

[87] Başbakanlik Arşivi - İstanbul, F, Cevdet Tasnifi Darbhane (z-e/1) No. 2128
[88] Исто. Но. 2960
[89] Исто. Но. 1199
[90] Исто. Но. 1442.

рударски закони не предвидувале регулирање на посебни и специјални права и привилегии на закупувачите, преку системот на маликането. При таквите состојби не било случај што уште во тек на XVIII век, по се изгледа, отпочнале да се појавуваат ,,обиди за делимично укинување на маликането,, .[91] Растежот на постојаната финансиска криза во Османлиската империја во текот на XVIII век и потоа, ги терала немоќните султани и понатаму да измислуваат секакви видови на даноци или да ги зголемуваат износите на постоечките. Меѓутоа, со примената на таквите закони и одлуки не биле во можност трајно да ги решат финансиските проблеми на државата, па на султаните не им ,,преостанувало ништо друго освен и понатаму да му ги отстапуваат државните приходи на маликането,, .[92] Штетните појави што ги правел откупниот систем на маликането врз функционирањето и нормалната работа на државната каса, како и опасноста од избувнувањето на сепаратистичките движења на Османлиската држава, биле причина ,,за официјалното укинување на доживотното издавање на државните рентабилни објекти на откуп (системот на маликане),, .[93]

Првите посериозни обиди за укинувањето на маликането биле направени од страна на познатите турски реформатори, султаните Селим III (1789-1807) и неговиот наследник Махмуд II (1808-1839), посебно со објавувањето на Ѓулханскиот хати шериф од 3. XI.1839 година. Во него откупниот систем на маликането се оценувал како ,,големо зло,, , односно со таквиот систем на граѓанско и финансиско управување со приходите на државата тие му се препуштале на самоволието на едно единствено лице или, понекогаш, им се давале на управа на такви закупувачи кои се грижеле само за задоволувањето на своите алчни страсти и сопствените задоволства.[94] Сепак, формалното укинување на начинот и системот на маликането, било и официјално извршено од страна на султанот Абдул

---

[91] A. Suceska, Malikana (dozivotni zakup drzavnih dobara), s. 138

[92] Исто. с. 139.

[93] С. Андреев - Е. Грозданова, Из историята на рударството и индустрията, с. 101.

[94] Исто.

Меџид (1839-1861), со издавањето на познатиот Ѓулхански хатишериф и потоа со низа други законски акти. [95] Покрај влијанието на останатите економски и социјални причини, за неколкугодишното опаѓање на државните буџети причината се наоѓала и во сферите на производството и експлоатацијата на рудниците, каде закупувачите на маликането настојувале по секоја цена да дојдат до многу високи профити. При таквите состојби, наведениот начин на илтизам бил анулиран т.е. укинат на 18.II.1856 година. [96]

## В. КОНЦЕСИИ

Последниот начин на закупување на рудните богатства бил преку системот на концесиите, кој претставува нова ера во развојот на рударството во Македонија. Сега како главни закупци се појавиле претставниците на крупниот капитал и трговско-посредничките компании во Османлиската империја. Овој систем на закупи започнал во текот на првата половина од XIX век. Причини можеле да се најдат и во тешката економска криза во која се наоѓала државата, огромниот дефицит на државниот буџет и енормното зголемување на бирократскиот апарат чија издржка паѓала врз даночните обврзници од сите видови на социјални категории во земјата.

Кога точно започнал процесот на издавањето на концесии за експлоатацијата на рудниците во Османлиската империја, не е лесно да се утврди. Иако маликането официјално било укинато со законот од 18.II.1856 година, сепак, според расположивите материјали, новиот процес на закупување започнал нешто порано. Така на пример во еден исцрпен статистички извештај на главниот инжињер во непосредна служба на султанот, французинот Мишје Вајс, од 1850 година, се регистрираат сите рудници, видови на рудници и носители на концесии во

---

95 E. Z. Karal, Osmanlı Tarihi, c.V, Ankara, 1954. s. 146-168; A. Suceska, Malicana(dozivitni zakup drzavnih dobara) , s. 140.

96 M. Sertoglu, Resimli Osmanli Tarihi, s. 152- 153.

Македонија. Тука се наведуваат најмногу рудниците за хром, олово, сребро, злато, манган, антимон, цинк, железо и лигнит.[97]

Многу содржајни и прецизни податоци за воспоставувањето и начинот на работата преку новиот систем на концесиите се среќаваат во ,,Преписот на царскиот указ,, издаден во 1861 година , [98] воопшто за рударството во Османлиската империја, како и во вториот закон ,,Правилник за рудниците,, , издаден во 1869 година. [99] Во содржината на првиот закон, интересен е ,,Правилникот за експлоатација на рудник,, , во кој се наведува оценката, дека пред да се даде дозвола за експлоатација на еден рудник, било потребно да се утврди следното: рудникот што ќе се отвори да биде рентабилен; во близината на споменатиот рудник да нема никаква фабрика или рудник за да спомнатиот не биде причина за нивното затворање; експлоатацијата и обработката на рудата да биде на најлесен начин и на крајот: да се испита ,,заинтересираните да бидат способни и да имаат капитал,, . [100] При издавањето на концесиите важно исто така да се подвлече, дека на оние кои барале да произведуваат руда, било да се физички лица, државјани на Османлиската држава или пак здружени со некоја компанија, ќе им се издавала потребна дозвола со соодветни концесии, во согласност со законот. Исто така и странските држвјани, кои ќе поднеле барање до компаниите, ќе им било дозволено да бидат акционери, односно лицата ,,кои ќе сакаат да произведуваат руда, било поединачно, било здружено, ќе треба да бидат моќни и да имаат капитал за плаќање на потребните компензации и даноци на рударската Управа според важечките принципи за концесиите,, . [101] Ова покажува дека

---

97 Başbakanlık Arşivi - İstanbul, F. Ticaret Nafia Orman ve Meadin, No. 2146. Исто така во извештајот се наведени и вилаетите и казите во кои се наоѓаат рудниците. Во Солунскиот вилает влегувале рудниците од казите: Драма, Серес, Неврокоп, Касандра, Кариферије (Бер), Тиквеш, Ѓумурџина, Воден, Кавала, Аврет Хисар, Перово и Ново Село. Во Битолскиот: Штип, Серфиџе, Ениџе и Гевгелија и во Косовскиот: Калканделен (Тетово) и Куманово и на крајот ,,фабриката,, во Кратово, која не е регистрирана како каза.

98 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F, Maad. ,No. 4999, Sureti Hatti Humayun, İstanbul, 1278 (1861).

99 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Maad. . No. 3245, Reglament des mines, İstanbul, 1286 (1869).

100 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Maad. . No. 4999 s.5

101 Исто.

системот на закупувањето на рудните богатства во Македонија по дефинитивното укинување на маликането или доживотните закупи, како последица на настанатата нова економска и социјална состојба, полека преминал во рацете на претставниците на трговскиот капитал. Оваа појава се објаснува и со стапувањето на економска сцена на припадниците од трговско-посредничките компании во Османлиската империја, кои поради натрупувањето на огромниот акумулиран паричен капитал, од своја страна превземале низа финансиски акции и операции во закупувањето на производните капацитети, покрај другото и во областа на рударството. Во истиот закон посебно внимание привлекува и „Правилникот за даноците што ќе се земаат од рудниците„ , каде станува и најмногу збор за концесиите на рудниците. Така на пример, процентот од приходите што еден рудник ќе требало да го дава на државата, ќе зависел од големината на неговиот капитал и договорот склучен помеѓу државата и закупецот на концесијата. Дали државата овој данок ќе го земела, како што било договорено или во замена ќе земела нешто друго, во согласност со пазарната цена, ќе одлучувала Рударската управа под надлежност на државата. За одреден рудник за чија експлоатација ќе била издадена дозвола со возвишен ферман, а чии граници се наоѓале на државна земја за која ќе се знаела квадратурата, ќе се земело по „еден грош годишен данок за секој донум кој се состои од 1.600 мимарски зири„ .[102]

Важни податоци за согледување на системот за закупување на рудниците преку концесии, се и оние, преку кои се укажува, дека на денот на издавањето на возвишениот ферман, кој содржи дозволата за експлоатација на одреден рудник, во готово ќе се плаќало такса за ферманот во висина од 1.000 до 1.500 гроша. Понатаму, лицето кое ќе се задолжело со експлоатација на рудникот, требало да се обврзе дека ќе започне со експлоатацијата во рок од една година од денот на издавањето на државната наредба. После завршувањето на временскиот

[102] Исто. л. 6-7. мимарска зира (инжинерски лакт) мерка за должина т.е. еден лакт (зира) = 67,3 ц.м.

рок на концесијата за експлоатацијата на еден рудник даден на едно лице или на една компанија, рудникот можел да се префрла и на друг заинтересиран закупувач на концесии, односно, ако ,,повторно се јави стариот закупец, при исти услови, ќе се претпочита давање на рудникот на друг закупец. Во секој случај повторно ќе биде потребно добивање на возвишен ферман,, .[103] Причините за честото менување на концесионерите, како главни закупувачи на рудниците, освен нивната меѓусебна конкуренција, главно бил и навлегувањето на финансискиот и трговскиот капитал во Османлиската империја и неговата заинтересираност да извлече што поголеми профити од експоатацијата на рудните богатства. Масовните земања на кредити и долгорочни заеми од западноевропските земји, само е една страна на проблемот во врска со заострувањето на начинот за издавањето на концесиите за експлоатација на рудниците. При создавањето на острата конкуренција помеѓу закупувачите на концесиите, сепак преовладувале интересите на крупниот капитал, а уште повеќе на државата, која правела обиди за постојано зголемување на таксите за добивањето на концесиите. Таквите примери се потврдуваат и со наведениот закон во кој се предвидувало: доколку лицето или компанијата што го закупиле рудникот, по истекот на споменатиот рок би сакале да се откажат и да го напуштат рудникот, или пак поради недостаток на капитал акционерите ќе започнале со превземање на мерки и во таа работа лицето кое било закупец ќе пристапело кон формирање на компанија, тогаш не ќе може да се направи ниту едното ниту другото, без да се обратат до Управата. [104] Слични ограничување биле предвидувани и во ,,правилникот за топилниците и фабриките,, за производство на металите, каде се наведува дека во случај закупецот на концесија да гради фабрика за топење на руда, во молбата треба да наведе и објасни каков вид на руда ќе топи, во кој размер и во каква положба ќе биде фабриката и другите постројки; од

[103] Исто. л. 11
[104] Исто. л. 10

каде ќе вади и добива руда или суровина за горење и нејзината количина; користење на вода и сл. [105]

Во содржината на вториот закон за рудниците во Османлиската империја од 1869 година, посебно внимание привлекуваат правилниците за ,,Давање дозвола за концесии за експлоатација на рудник,, и ,,Права и должности на сопствениците на концесии (концесионери),, . Од вториот правилник ќе ги подвлечеме само одредбите кои се однесуваат на тоа што при давањето на високиот ферман со концесии за експлоатација на рудник, според рангот и важноста на рудникот, ќе требало на име такса за ферманот да се плаќаат во готово од 50 до 200 турски лири. Исто така и оние, кои со ,,концесии ќе експлоатираат рудник, ќе бидат принудени да плаќаат на државата два вида даноци. Првиот се зема на име утврден данок за секој дунум од земјата која се наоѓа во границите на концесиите, а другиот ќе се наплаќа на име данок одреден од приходот на рудникот (rusum-i nisbiye),, . [106]

Реформирањето на административниот систем во рударството на Османлиската империја по Кримската војна (1853-1856) година и донесувањето на законите за рударството од 1861 и 1869 година, имале за цел давање бенифиции на европските држави, така што странците добиваа право да располагаат со недвижен имот и, меѓу другото, да основаат компании и добиваат концесии за експлоатација на рудниците. Врз основа на некои статистички податоци за периодот од 1870 до 1911 година, кои се однесуваат на издадените дозволи за експлоатација на рудниците во Османлиската империја, сотојбата била следната: на Турци биле издадени 102 дозволи, на малцинства - 66, на странци - 101., на турски малцинства - 5., на странци Турци 1 и на странски малцинства - 7 или вкупно 282 концесии. [107] Според други официјални статистички податоци, само во Солунскиот вилает, кадилакот Касандра, во с. Извор, била издадена концесија во 1886 година, за експлоатација на мешано

---

105 Исто. л. 12

106 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Maad. No. 3245.

107 A. G. Ökcün, İktisat Tarihi Yazilari, Ankara, 1997, s. 113.

сребро, олово и манган, во с. Хоркида во 1889 година, за вадење на манган, како и во с. Лигазда во 1889 година, за вадење на сребро, манган и олово. [108] На претходните податоци се надоврзуваат и некои османлиски извори за периодот 1903-1904 година. Така на пример во рудникот во Касандра, во 1900 година, основниот данок изнесувал 50.000 гроша, од кои биле платени 47.500 или 95%, а останале уште 2.500 гроша или 5%, (од рудникот биле извадени 5.000.000 тона хромова руда). Во рудникот за хром Рожден - Тиквешко во 1901 година, основен данок изнесувал 60.000 гроша, од кои биле палтени 57.000 гроша или 95%, а останале уште 3.000 гроша или 5%. Во рудникот за манган во Радовиш во 1901 година, основен данок изнесувал 500 гроша, од кои биле платени 475 гроша или 95%, а останале уште 25 гроша или 5%; во с. Ореше - Велешко за рудникот на хром од 1901 година, основниот данок изнесувал 1.200 гроша, од кои биле платени 1.140 гроша или 95%, а останале уште 60 гроша или 5% (биле извадени 10.000 тона хромова руда); во с. Аксар Хаси - Серфиџе за рудникот на хром од 1901 година, основниот данок изнесувал 1.000 гроша. Во наведениот документ се регистрирани како концесионери браќата Алатини за рудникот во с. Дебреште, Тевфик и Хавзи бег, за рудникот Рожден, Хафиз Бекир ефенди закупец на транспортот за хромовата руда од рудникот Радуша и др. [109]

За улогата и значењето на концесиите и компаниите за експлоатацијата на рудните богатства, при крајот на XIX век и се до крајот на турското владеење во Македонија, ценети податоци даваат и други официјални статистички податоци во Османлиската империја. Така на пример во едно „Отоманско анонимно друштво за експлоатација на рудниците во Касандра„ , со седиште во Истанбул, основано во 1893 година, меѓу главните акционери се браќата Алатини, кои и биле најголемите акционери на рудните богатсва во Македонија. Наведеното друштво располагало со основен капитал од 3.000.000 лева или со

---

108 Selanik Vilaeti Salnamesi, İstanbul, 1320 (1902-1903), s. 490.

109 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Ticaret Nafia Orman, No. 1124 (Selanik, Kosovo ve Manastir vilaeti meadin rusum defteri)

вложени 9.000 акции во вредност од по 500 лева едната. Од рудите биле вадени: олово, мешано сребро, антимон и бакар, со средно годишно бруто производство за периодот од 1900 до 1904 година, од околу 54.000 тони или со средна годишна ,,чиста печалба,, во вредност од 300.000 лева. [110] Второто ,,Отоманско анонимно друштво за експлоатирање на рудниците во Карасу,, , со седиште во Истанбул, било основано во 1900 година, со почетен капитал од 3.200.000 лева, а зголемен во текот на 1904 година со 1.600.000 лева и со 800.000 лева во текот на 1906 година. Висината на капиталот во 1911 година му изнесувала 5.600.000 лева со вложени 56.000 акции, во вредност од по 100 лева едната. Од рудникот биле вадени: олово смешано со сребро и цинк, а бруто производството за 1903 - 1904 година изнесувало 22.410 тони, со просечна загуба за двете наведени години во вредност од околу 130.000 лева. [111]

[110] Източнитѣ пазари, Турция, Гърция, Египетъ, София, 1911, с. 80.
[111] Исто.

## 2. УЛОГАТА И ДЕЈНОСТА НА ДРЖАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ОРГАНИ ВО УПРАВУВАЊЕТО СО РУДАРСКАТА ДЕЈНОСТ

Особено важни за развојот на Османската империја во целиот период на нејзиното владеење во Македонија и Балканот биле рудниците и ковниците за пари, кои претставувале еден од најглавните извори на материјалните приходи и богатства во државата. Затоа и самата турска држава, веднаш по освојувањето на новите земји, од своја страна се зафатила со изградувањето на неопходниот рударски систем и законодавство кои и овозможиле натамошно експлоатирање на рудните богатства. При проучувањето на улогата и значењето на државните институции во турското рударство, неопходно е да се подвлече дека на чело на целокупната организација на рударството и воопшто рударската дејност стоеле султаните. Тие посебно во текот на првите векови од своето владеење, во времето на освојувачките походи, после секое освојување на ново подрачје каде што имало рудници, истите ги прогласувале за лични хасови и поставувале управници и административни служби во подрачјето. Од страна на централната турска власт, со текот на времето биле ангажирани разни видови службени лица, меѓу кои: кадии, санџак - бегови, паши, бегови, војводи, чауши, мутесаррифи, ајани и др. Нивните главни задолженија се однесувале на организацијата на самата експлоатација и производство на рудните богатства, снабдувањето со неопходни суровини и прехранбени средства, собирање на рударски работници, пренос на руда, олово, железо, ќумур и сл. Во составот на општата организација на турското рударство, секогаш се оцртувале неколку видови на државни служби, меѓу кои се издвојуваат како главни следните: 1. Надзорно - судските органи и 2. Управно - административните служби. Во рамките на првата групација влегувале функциите на кадии, муфеттиши, назири, јасакчии и др., а во втората: емини, ќатиби, мухаррири, повереници и др.

А. Надзорно судски органи

Во процесот на формирањето и консулидирањето на надзорно - судските органи во системот на турското рударство во Македонија, водечка улога имале кадиите без кои не е можно да се претпостави извршување ниту една рударска дејност во Османлиска империја. Кадиите биле назначувани во градовите, паланките или насекаде, каде што имало воспоставена административна - управна служба на одредено лице за управник. [112] Тие исто така ги обавувале и целокупните функции на државата, не само во сферата на исполнувањето на правните норми, туку и во постојаното надгледување и контрола врз работата на државната администрација, а истите службени задолженија ги обавувале и во рударските региони и области. Конкретно во рударството, кадиите учествувале во регистрирањето на платите на рударите, издавањето на хуџети (дозволи) при регулирањето на правата и задолженијата на шафарите, ленховерите, варациите, ватроците, надзорниците и работниците за пренос на рудата и т.н. [113] Секое лице кое сакало да ја обнови експлоатацијата на некој напуштен рудник, имало потреба од добивање хуџет (дозвола) издадена од страна на кадијата. Исто така и секој варак кој би ги пријавил или подарувал своите делови од рударската јама, со закон бил должен да ги внесе настанатите промени во регистарот на кадијата. Од примерите на рударските акти, се гледаат и такви состојби, кои укажуваат, дека секоја промена на судскиот статут: „влегување во посед на делови, обновување на експлоатацијата, дупчење на едно окно, продажба или дародавање, склучување на договор, мора да му се поднесат на кадијата,, . [114] Кадијата освен претходните права и задолженија во рамките на турското рударство ја исполнувал и должноста на судија. Тој со помош на еминот ги казнувал

---

112 С. С. Бобчевъ, Българско обичайно сьдебно право, Сборникъ за народни умотворения и народописъ, кн. XXXIII, София, 1917, с. 40.
113 N. Beldicianu, Les actes des premier, II, s. 208, 269-270.
114 Исто. с. 136.

шафарите, варaците и ватроците, доколку правеле штети во работата, при што си присвојувал и одредена количина на руда, освен платата.[115] Иако кадиите во рамките на турската администрација располагале со широки овластувања како главни арбитри при судењето во градските, трговските и кривичните спорови, вршење надзор врз одредувањето и собирањето на даноците, пазарните такси, царини и сл., тие исто така вршеле контрола и врз работата на мукатите и маликаните и во рударството, со задолжение да ги откриваат, сузбиваат и казнуваат злоупотребите на закупците на рудниците. Како што се гледа од содржината на некои рударски закони, кадијата заедно со еминот (управникот на рудникот) и ќатибот, во одреден ден на неделата, заеднички вршеле контрола врз целокупната работа во рудниците.[116]

Според содржината на турските рударски закони, кадиите биле во најчести случаеви задолжувани, постојано да внимаваат на кој начин биле спроведувани законските норми и одредби во производството на рударството, а посебно при топењето на среброто и златото, надгледувањето на работата во ковачниците за пари и обавувањето на сите преостанати задолженија во врска со рударството. Наведените должности и права на кадиите, можно е подетално да се согледаат и во издадените прописи од османлискиот ,,Законик,, издаден од страна на султанот Сулејман Велинчествени (1520 - 1566). Така на пример во првиот рударски закон од 1536 година, под наслов ,,Закон за уредување на рудникот,, , издаден како ферман и доставен до рудниците на Кратово и Ново Брдо, посебно се подвлекува улогата на кадиите во рударството. Во истиот закон се регистрираат задачите на кадиите, кои се поставуваат како надзорници на рудници и на останатите мукати во составот на нивните кадилаци. Според наведениот закон, нивните задолженија воглавно биле заедно со еминот, или во замена, секој за себе да врши секоја недела контрола над сите рударски јами и во истите да ги поставуваат на работа само способните и поверливи луѓе, односно ,,оние

---

115 Исто. с. 137.

116 F. Spaho, Turski rudarski zakoni, I, Majdanski kanuni i uredbe, s. 178.

кои ќе ги експлоатираат рудниците,, . [117] Кадиите исто така биле поврзани и со одредувањето на производството и начинот на експлоатацијата на рудните богатства, бидејќи јамите што останувале без свои сопственици (вараци), тие ги прогласувале за слободни и ги доделувале на нови корисници. Кадиите исто така биле задолжени да собираат рударски работници од рајата на својот кадилук и потребен број коњи за транспорт на рудата од рудните јами до топилниците; со претходно овластување дадено од страна на султанот, да ја ослободуваат и заштитуваат рајата од некои видови даноци и извонредни задолженија; да вршат постојан надзор врз работата на топилниците и рафинериите на рудниците и металите и да го следат ,,целиот процес,, на топењето на рудите и да вршат контрола над добиеното ,,чисто,, сребро за потребите на ковачниците за пари. Во врска со работата на последниве, кадиите биле овластени со специјални фермани и берати да го делаат среброто на еднакви делови на сопствениците, кои учествувале во производството; да ги контролира работите на амилите; на рудниците во поединечни области да им одредуваат сарафи, кои, според законот, биле задолжени од страна на кадиите секоја година да ги доставуваат кованите и собрани пари од рудниците, хасовите и мукатите во Главната царска благајна во Истанбул. [118]

Како што одбележавме, кадијата во системот на турското рударство во Македонија, според наброените права и задолженија, играл мошне важна улога врз контролата и самата организација на турското рударство. Од содржината на бројните документи се гледа дека кадијата во врска со работата на одреден рудник доставувал свои исцрпни извештаи до централните државни власти, кои тоа од него го барале, а посебно во ,,врска со законот, кој дејствувал во тие рудници - во старо време и сега, во врска со собирањето такси за државната каса од производството на рудникот, потоа собирањето на приходите од

---

117 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 100.
118 Исто.

сопствениците на рудниците,, .[119] Според други показатели, кадиите биле обврзани да вршат точна евиденција на бројот на ангажираните рударски работници, на нивниот број при вадењето на рудата од јамите, колку количина руда извадиле и т.н. Секој рударски работник или стручно лице, коешто сакало да го напушти рудникот, според нормите на рударските прописи, било со закон задолжено да добие судска исправа (hüccet) изададена од страна на подрачниот кадија. Висината на правата, задолженијата и обврските на кадиите на одреден начин се потврдуваат и со самото поставување на емините, писарите и амилите, за кои требало, однапред да се даде законска согласност на кадиите, регистрирана во нивните дефтери со потписи и печати.[120] Имено, кадиите располагале со различни видови на дефтери, како што биле: за закупување на ковачници за пари, за давање дозвола за одредена работа; за пренесување на задолженија (обврски) на некои функции во работата или поседи на рудници.[121]

Важната улога на кадијата во турското рударство се согледува и во функционирањето на откупниот систем, при закупувањето на експлоатацијата и производствот на рудниците преку мукатаа, илтизам и малиќане од XV до средината на XIX век, што не е случај со начинот на закупувањето преку концесии, кое трае од втората половина на XIX век па се до, крајот на турското владеење во Македонија. Во рамките на првиот период, кадијата имал полно право да врши контрола врз сметките на приходите од сопствениците на рудниците, земени под илтизам (откуп), односно кадијата од своја страна имал право да ги принудува закупувачите на рудниците да го уплатуваат недостатокот во сметките, кој го проверувал во дефтерите, или доколку земениот закуп не бил на време исплаќан. Сопсвеникот бил затворен по налог на кадијата.[122] Во една заповед доставена до кадијата на Сидерокапса од

---

[119] З. С. Пляков, За регламентацията на градското занаятчийско производство, с. 109.
[120] T. Gökbilgin, XV-XVİ Asırda mukataa ve İltizam, s. 435.
[121] Başbakanlika Arşivi İstanbul, F. Darbhane Defteri Katalogu No. 28-31, 63, 517-518.
[122] З. С. Пляков, За регламантацията на градското занаятчиско производство, с. 110.

01. II. 1580 година, се наведуваат податоци дека кадијата бил задолжен да ги ,,оживее,, тамошните рудници и приходите од нив да ги доставува веднаш и постојано на Портата, соодветно на приносот од рудниците, па му се наредува: ,,да сечеш акчиња и да ги праќаш на мојата императорска каса,, . [123] Според друг документ од 09. VIII. 1696 година, испратен до Мехмед Емрулах, кадија на Штип и Тиквеш, се барало одредување на 87 рударски работници од селата: Дамјан, Брест, Горанци, Почивал, Никоман, Стрмаж, Горница, Лезово, Невегази, Пуздарче, Пешица, Ранченица, Бориловци, Клисели, Белешница, Мечкујевци и Станиловци, меѓу кои имало муслимани и христијани. [124]

Од претходните примери, можно е да се заклучи дека кадиите играле мошне важна улога во системот и организацијата на производството во рудниците, топилниците, самоковите и ковачниците на парите во турското царство. И не случајно што сите царски фермани и други видови наредби, доставувани од османлиските високи, воени и административни службеници, кога станува збор за рударството, биле испраќани како по правило до кадиите. Таков е и примерот од 24. V. 1705 година, со задолженијата на кадијата во Правиште, околу ремонтот на работилницата за производство на оружје. [125]

Во тесна врска со работата на кадиите во системот и организацијата на турското рударство, се наоѓале и муфетишите (инспектори). Според некои сознанија, со оглед на важната улога и значање на рударството и металургијата во Османлиската империја, посебно во текот на првите векови од турското владеење во Македонија, постоеле стални инспектори (муфетиши), како за рудниците, исто така и за ковачниците за пари. Еден таков пример во Македонија се среќава во еден финасиски (maliye) дефтер од 1567 година, каде се спомнува дека на предлог на муфетишот бил издаден под закуп рудникот во Кратово на

---

123 В. Николаев, Характрът на минните предприятия, с. 88.
124 Исто. с. 145.
125 С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 50, 105.

лицето Мехмед, син на Џафер. [126] Всушност, муфетишите според нормите и актите на турското рударско законодавство, биле должни да вршат надзор над илтизамот, ги проверувале книгите на мултезимот и доколку откриеле неоправдан дефицит, ги принудувале мултезимите да ги исплаќаат преостанатите долгови на државата. А постоеле и муфетиши на рудници, како и ,,специјални инспектори - муфетиши на шалитра (Gühercile müfettişi),, . [127]

Во развојот на турското рударство во Македонија, посебно во сферата на неговите надзорно - судски органи, се вбројуваат и назирите како постојани органи на централните власти, кои биле поставувани во рударските центри и региони, покрај кадиите, да вршат надзор врз експлоатацијата и производствата на рудните богатсва. Според досегашните сознанија, службената должност на назирите била мошно одговорна, бидејќи бил поставуван назир за секој поединечен рудник или еден назир за некое поголемо рударско подрачје. Освен во рудниците овие службени лица биле поставувани и во производство на шалитра, како и во ковачниците за пари. Така на пример пред започнувањето на производството на одреден рудник за сребро, произведената руда најпрво се анализирала и од истата се испраќал примерок на испитување во Истанбул, до главниот назир на дарбханeто (кавачница за пари). Назирот ја анализирал рудата и вршел консултации со стручните лица во ковачницата и доколку се добиело мислење дека рудата била рентабилна, тој му предлагал на големиот везир, а овој од своја страна потребната процедура ја средувал и му предлагал на султанот да се издаде наредба и да ,,упати ферман до соодветните органи со дозвола за отварање на рудникот,, . [128]

Назирите, покрај кадиите и јасакчиите, биле главни претставници на надзорно - судските органи во турското рударство. Во секој случај, без нивното присуство во работата на рудниците не било можно да се

---

126 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 104.
127 Исто. с. 104- 105.
128 H. Yüksel, Osmanli döneminde Keban - Ergani Madenler, s. XXXIV.

замисли нормалната состојба во производството. Така на пример во 1585 година, за рудниците во Скопје, како и во оклината на Чипровци и соседните рударски села, се наведува како назир лицето Хасан Чауш. [129] А според податоците од 4.v.1639 година, во врска со доставувањето на потребниот број на акчиња од страна на мирливата Мехмед бег, за него се даваат податоци дека бил назир на закупените рудници на Солун и неговата оклина. [130] Слични податоци има и за периодот од 18.v.1665 до мај 1669 година, во врска со испраќаните пари од страна на лицето Хусеин бег. Тој во текот на 1665 година бил назир на закупените од него рудници во Скопје, Призрен, Пеќ и Скадар, од 1668 година - назир на мукатаата од рудниците во Скопје и оклината и во 1669 година - назир на закупените рудници во Кратово и Скопје. [131]

Според податоците регистрирани од страна на Хаџи Калфа од средината на XVII век, во градот Скопје била сместена надзорната канцеларија (Maaden Nezareti), при што наведената рударска институција најмногу приходи собирала од рудниците во Ново Брдо. [132] Сродни податоци за улогата и значењето на рударската канцеларија во Скопје приложува и познатиот турски патописец Евлија Челеби, кој наведува дека во овој град е инсталирана и ковачница за пари. Со неа, како и со сите сребрени рудници во неговата околија управувал назир. [133]

На почетокот на XVIII век, исто така се среќаваат податоци во османлиски извори за службата на назирите. Меѓу нив се спомнува работата на Мехмед ага, надзорник на рудникот во Кратово, за кого во *текот на 1704 година, биле потрошени 25 еседи грошеви за набавка на* 3 различни по големина ваги (мала, средна и голема), кои биле неопходни за мерење на рудата и металите. [134] За истиот рудник, се наведуваат податоци дека, според дефтерот на поранешниот назир на Кратовскиот

---

129 С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 98.
130 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Emin Tasnifi Meadin, (2-1/1), G.N. 44.
131 Исто , Но. 62, 63; С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из Историяата на рударството, с. 98.
132 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 106.
133 Исто. с. 106-107.
134 С. Андреев ~ Е. Грозданова, Из историята на рударствот, с. 53, 98.

рудник Мехмед ага, биле регистрирани: опрема, алати и производство на руда, како и примопредавањето на новата должност на Али паша.[135] Од бројните податоци за назирите поставувани во Кратово, Сидерокапса, Солун, Скопје и други рударски центри и области во Македонија, можно е да се заклучи дека должноста на назирите се однесувала на следните нивни задолженија: да врши надзор на целокупната работа на рудникот и истовремено да врши постојано известување до царската Порта за сите настанати појави; да врши организирање на рударската експлоатација и производство во ново откриените рудници и нивното обезбедување со стручни лица и средства за работа; заштитување на рударите и вршење повремени надзори со помош на санџакбеговите над производството во старите рудници за истите да не престанат со работа; и на крајот, давање ,,секаква помош на рудниците во доменот на ејалетите и отпуштање, па и казнување на службениците,, .[136]

Покрај наброените службени лица од составот на надзорно - судските органи во организацијата на турското рударство воопшто, а посебно во Македонија, видно место заземал и јасакчијата. Службените права и задолженија на јасакчијата биле од посебна важност за равојот на рударството во Османлиската империја. Според некои сознанија, наведеното службено лице било пратеник на царската Порта, па во рударските акти се наведува уште и како ,,kulum,, (мој слуга), ,,yasakkulum,, или ,,yasaci,, .[137] Службената должност на јасакчиите, посебно во работата на рударството, очигледно била мошне сложена и одговорна. Пред се, јасакчиите имале извршен карактер, почнувајќи од добивањето на наредбата, па се до нејзиното крајно извршување. Понекогаш и самите јасакчии барале уредби од Портата, доколку имало потреба за регулирање на одредени состојби во рударството. За службените задолженија на јасакчијата повеќе податоци се среќаваат во законските акти и останатите документи за рударството, издадени од страна на

---

135 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. cevdet Tasnifi Darbhane, Nö. 1055
136 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 107.
137 N. Beldicianu , Les actes des premiers, II, s. 133.

султаните Мехмед II Освојувачот (1444-1446, 1451-1481) и Бајазид II (1481-1512). Од нив е можно да се формира појасна претстава за улогата и значењето на јасакчијата. Јасакчијата обично бил задолжен од страна на централните државни власти да врши инспекција врз целокупната работа на еден одреден рудник, односно на него му биле потчинети сите оние кои учествувале во експлоатација на рудникот. Според содржината на турските рударски закони јасакчијата бил должен да врши контрола над работата во рудникот, со право да ги враќа на работа работниците од рудниците и топилниците, кои не ги исполнувале своите должности. И во случај на недостаток на рударски работници, тој наредувал да се доведат кфаликфикувани лица, односно неговата власт биле приморани да ја признаваат ,,како работниците, така и урбарите и кнезовите,, .[138]

Правата на јасакчијата во системот и организацијата на турското рударство, не се ограничувале само на работата на рудниците и топењето на рудите во топилниците. Неговата законска надлежност се однесувала и на рафинериите (kalhane) за редуцирање на среброто. Без одобрување на јасакчијата не можело да се врши пречистување на среброто, бидејќи пречистеното сребро за натамошна употреба било доставувано како исправно само со ,,печатот и одобрувањето на јасакчијата,, .[139] Освен подрачните кадии, и субашиите и санџакбеговите, како и сите нивни потчинети органи, со закон биле обврзани да му помагаат на јасакчијата. Секое лице, кое се мешало во рударските работи, спротивно на амилите и нивните потчинети службеници, било изложено на гонење од страна на јасакчијата. За да се информира за законите применувани во еден рудник и, воопшто, за ситуацијата на производството на еден рудник, Висока Порта му предавала наредба на јасакчијата, со налог да ,,отвори анкета (истрага) во придружба со друг агент на Портата и да достави извештај,, [140]
.

[138] Исто.
[139] S, Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 109.
[140] N. Belducianu, Les actes des premiers, s. 133.

Податоците за улогата и значењето на јасакчијата во процесот на производството на рудниците, од своја страна укажуваат дека тој вршел инспекција на рудниците, на производството, окната и топилниците (чарковите). Освен тоа, ги давал на експлоатација окната и топилниците, ги присилувал рударите (kujuci) што избегале да се вратат на работа и, со одобрение на кадијата ги казнувал; и на среброто, кое се пречистувало во рафинеријата (kalhane), се ставел печат на јасакчијата. А кога ќе се побарало од него да се пречистува среброто, тој не требело да пропушти да се упати кон рафинеријата, да ја ,,отвори и да одобри на населението да го пречистува металното сребро без одлагање,, . [141] Под надзор на јасакчијата, произведеното сребро од рафинеријата требало да им се продава само на сарафите од монетарната работилница (дарбхане) во сопственост на султанот, а не на други сарафи или трговци. Среброто пратено до монетарната работилница било запечатувано со печатот на јасакчијата. Исто така тој одговарал, од произведеното сребро да не се дадело ниту еден дирхем на санџакбеговите и нивните потчинети, ниту пак на кадиите и субашиите, доколку Портата не издала нова наредба. Доколку среброто се транспортирало на друго место, надвор од монетарната работилница или во рафинеријата, во тој случај вината паѓала врз јасакчијата. Јасакчијата имал право да ги апси лицата кои краделе сребро, и да ги изведува пред судот на кадијата. Покрај другото, јасакчијата имал законско право да врши конфискација на украденото или пронајдено сребро, да покренува истрага според шериатското право против лажните ковачи на пари и во согласност со кадијата, да наредува да се обеси виновникот, па половина од неговите имоти да се конфискува за благајната на султанот а втората половина за амилот. [142] Според правилникот за рудникот во Кратово од 4-13. VIII. 1475 година, кој се однесува на работилницата за пречистување на среброто, на прво место се гледа дека султанот го испраќал јасакчијата во Кратово тој да врши инспекција на рудниците и на целото производство на среброто. Тој

---

[141] Исто. с. 255
[142] Исто.

требало да се грижи за работата на машините и за експлоатација на јамите; да одговара за работата на роботниците и машините и да ги казнува оние рудари кои не работат. Јасакчијата имал право да казнува и други лица, како амилот и неговите потчинети, доколку се мешале во работата на рудниците ит.н. [143]

Интересно е да се нагласи, дека и самиот рударски закон на султанот Сулејман Величествени од 1536 година, бил испратен до кадиите на Кратово и Ново Брдо преку јасакчијата Иса. Тоа значи, дека ова службено лице било задолжено да го достави најзначајниот турски рударскиот закон и тоа во ,,име на царот, за кадиите да го применуваат,, . [144] Во одредени ситуации јасакчијата, ги злоупотребувал своите службени позиции, кога се работело за зголемување на неговите приходи, кого го помагале во извршувањето на неговата службена должност, еден или повеќе припадници од потчинетите надзорно - судски органи во рударството.

Дневната плата на јасакчијата при крајот на XV век обично била мала, изнесувала 10 аспри, според што е можно да се претпостави дека ,,експлоататорите на рудникот или амилите можеле евентуално да му исплатат извесна сума пари повеќе, или да му одобрат печалба во натура,, . [145] Во некои османлиски извори од втората половина на XVI век се наведува дека дневницата на јасакчијата во рудниците на Кавала и Правиште и нивната околина, Пир Мехмед, во согласност со барањето на Лачин заде Мехмед Чауш, надзорник на самиот закуп, од 31.I. 1584 година, изнесувала 20 акчиња. [146] По се судејќи, можно е да се заклучи дека службените права и задолженија на јасакчијата се однесувале на вршењето општа контрола врз целокупната работа на рудниците, на спречување сите видови злоупотреба при работата на рудниците, топилниците, самоковите и ковачниците на пари и на превземање

143 С. Пляков, За регламентацията, с. 106.
144 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 111.
145 N. Balducianu, Les actes des premiers, II, s. 135
146 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F. Maaden mukataa defteri Nö. 22698-7

енергични мерки за спроведување во дело на сите царски закони и наредби. Правата и задолженијата го карактеризираат јасакчијата како едно од најклучните службени лица во системот и организацијата на турското рударство.

Б. Управно - административни служби

Во управно административните служби на турското рударство во Македонија влегувале службените задолженија на емините, ќатибите, мухарририте, пратениците и др. Наведените лица биле именувани од страна на централната администрација за одреден рударски центар и нивната службена функција во текот на целиот период од турското рударство во Македонија во голема мера зависела од состојбата на самото рударско производство. Како што наведовме, на прво место доаѓа еминот, кој во основа претставувал началник на рудниците, топилниците и ковачниците на пари. Самиот збор емин означувал доверливо службено лице. Тој бил задолжен да врши финансиска контрола на рудниците кои се издавале под закуп, како и собирање даноци од приходите добиени од експлоатацијата на рудните богатсва. Емините биле платени службеници на државата и во најчест случај биле поставувани со царски берати, со право да вршат контрола и управуваат со руднците, кои во Османлиската империја претставувале еден од најважните приходи за потребите на царската благајна. [147] Во некои рударски акти, од XV век се среќаваат податоци за постоењето на два емина и тоа едниот бил муслиман, а другиот христијан. Еминот бил задолжен главно со вршење контрола врз сметководството и сите оние операци кои се однесувале на начинот на откупувањето на рудниците во државата. На тоа укажуваат и податоците дека еминот бил задолжен од страна на Портата за регулирање на сметководството во рудниците, доделување плата на јасакчијата и на останатите службеници на администрацијата во рудникот. [148] Што се

---

147 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednh krajeva , s. 112

148 N. Baldecianu, Les actes dews premiers II, s. 128.

однесува до платата на еминот, според некои податоци од 1487/88 година, тој добивал дневница во висина од пет аспри; во 1536 година од поделената количина на пари помеѓу државата и сопствениците на среброто, тој добивал една дестина; во 1618 година во ковачницата за пари во Софија еминот добивал 20 акчиња, а во текот на XVII век платите на емините нагло пораснале бидејќи вредноста на акчето многу опаднала во споредба со XV век, кога ја достигнало највисоката вредност.[149]

Еминот во рудниците ги застапувал државните интереси заедно со кадијата, а при појавата на одредена потреба го заменувал кадијата со службено задолжение да ги „надгледува работите во рудниците, во топилниците и во монетарниците„ .[150] Според некои податоци од XVIII век, постоеле специјални емини, кои биле директно назначувани од страна на султанот со задолжение да ја исполнуваат службената должност на рударските кадии и да раководат со рудниците во целата рударска област. Емините според законите за рударството издадени од страна на султанот Сулејман Величествени, имале големи права на службена контрола врз работата на рудниците.[151] Еминот со законот бил задолжен секогаш да интервенира кога се случувало еден шафар да му јави дека некои вараци имале намера да ја напуштат работата во некое рударско окно. И доколку последните не се придружувале на препораката од еминот, кадијата и еминот ги свикувале вараците и го решавале спорот. Всушност, при одвивањето на самиот процес на производството, еминот вршел надзор врз активноста на вараците, им давал опомени на немарните вараци и според своите задолженија, строго постапувал против оние вараци кои го нарушувале нормалниот тек на производството. Надзорните компетенции на емините се протегале и врз работата на топилниците, при што во текот на XV век еминот бил должен

---

149 Исто. с. 131; F. Spaho, Turski rudarski zakoni, I, madenski kanun i uredba, s. 170; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 114-115.

150 В. Скариќ, Старо рударско право, с. 97.

151 В. Николаев, Характер на минните претприййатия, с. 135.

да го контролира пречистувањето на среброто. Добиеното сребро од десетокот било регистрирано во пописните дефтери и запечатувано од страна на еминот и амилот. За да можел еминот подобро да ја реализира експлоатацијата и производството на рудниците, од страна на турското рударско законодавство му се давало право да врши увид на ,,ленховарите и запослувањето на шафарите и работниците,, .[152]

Во врска со организирањето на производството, еминот бил задолжен да учествува секоја сабота, во друштво на кадијата и останатите стручни лица и рударски работници, во контролата на извршените работи во текот на неделата; да ги мери ископаните количини на руда и длабочината на окната, да го утврдува бројот на работните места и сл. Имало случаеви кога емините биле задолжувани да доаѓаат секој вторник во инспекција на јамите и да гледаат дали во секоја рударска јама има работници, а во петок повторно доаѓале да констатираат колку руда била ископана. Доколку била ископана помалку руда од предвидената количина, тие имале право да ги казнат работниците ,,како што заслужиле,, .[153] Со еден берат издаден во текот на втората половина на XV век, доставен до монетарната работилница во Серес, новоименуваниот емин Хаџи Кемал, се задолжувал да води список за операциите што се вршат, да ја контролира активноста на амилот и на сахиби ајарите и да го регистрира се она што се случува во топилницата и монетарната работилница.[154] При назначувањето на некои емини од страна на султаните биле издавани и прописи за нивната работа, посебно во ковачниците на пари, каде биле задолжени за целосната контрола и одговорност во работата. Покрај другото, според прописите еминот бил должен, кога народот ќе донел сребро во ковачницата, да го измери на ,,терезиите,, и истите да ги контролира.

За да се согледа улогата и значењето на еминот во развојот на рударството во Македонија, треба да се разјаснат и некои други прашања

---

152 N. Baldiceanu, Les Aktes des premiers II, s. 129
153 В. Скарић, Стари турски рукопис о рударским пословима, с. 12
154 N. Baldiceanu, Les Actes des premiers II, s. 187.

во врска со неговата дејност. Така на пример, според податоците регистрирани од страна на Евлија Челеби од втората половина на XVII век, еминот на ковачницата за пари во Кратово бил задолжен од страна на државните власти секоја година да дава плата за 300 војници поставени во тврдината во градот Скопје. [155] Во еден дефтер од 1711 година, регистрирани се 9 месечните приходи и направените трошоци од работата на рудникот Сидерокапса под поверенство на еминот Сулејман ага. [156] Според еден друг извештај за истиот рудник од јули 1793 година, тој годишно предавал по 200 оки чисто сребро во дарбхането (ковачницата за пари), при што се наведува дека рударите за својата работа му одговараат само на еминот, поради што се барало во работите на рударите да не се мешаат другите власти, како што биле валијата кадијата и др. [157]

Рударските емини покрај наведените задолженија, исто така биле одговорни и за собирањето на џизиието од рајата во селата што припаѓале кон царскиот рудник. Според некои податоци од втората половина на XVIII и почетокот на XIX век, со појавата на лажните монети кои кружеле на територијата на Османлиската империја, имало примери кога со царски фермани биле назначувани емини да ги собираат лажните монети и да ги доставуваат до Главната монетарница за пари, со седиште во Истанбул. [158] Службата на некои емини во еден рудник можело да трае со години, посебно ако работата и производството на рудникот биле рентабилни. Според некои податоци кои се однесуваат за целата Османлиска империја, со најдолг временски период на работа како рударски емин на државни рудници, се наведува лицето Ќор Јусуф Зија паша, кој на служба останал од 1785 до 1832 година или нешто повеќе од 45 години. [159]

---

155 H. Sabanovic, Evlija Celebija Putopis, s. 279.
156 Başbakanlik Arşivi İstanbul, Fond. Cevdet Tasnifi Darbhane, No. 2352.
157 Исто. Но. 2313.
158 H. Yüksel, Osmanli Döneminde keban- ergani maden emini, s. XXIII.
159 Исто . с. XXIV

Од набоените права и должности на еминот, можно е да се заклучи, дека неговата службена надлежност била мошне одговорна и голема, при што активно траела се до 1848 година, кога преминела во надлежност на министерството за финансии на Османлиската империја.

Во организацијата на управно-административните служби на турското рударство во Македонија, како важни службеници се среќаваат и ќатибите (писарите), кои во своите дефтери биле задолжени до го регистрираат целокупниот процес на производството во рудниците. Тие исто така во своите дефтери го запишувале топењето на рудата, рафинирањето на среброто, ковањето на парите, транспортот на рудите, среброто, олово, железото, шалитрата и т.н. Службената должност на ќатибите секогаш се совпаѓала со должностите во рударството на кадиите, емините, јасакчиите, односно секоја недела ги посетувале рударските јами и ги прегледувале во каква состојба се наоѓаат, воделе записи при делењето на среброто и неговото пречистување, биле присутни на сите собранија со задолжение да водат точна евиденција за сета работа на рудникот и сл.[160] Според некои сознанија, задолженијата и функциите на ќатибот во управувањето на рудникот во Сидерокапса од 1704 година, биле да се грижи: за надниците и платите на работниците во рудникот, за приходите и расходите на рударските окна, како и околу регулирањето на состојбата на финансиите во рудникот.[161] Од содржината на турските рударски закони се гледа дека имало неколку видови ќатиби: за рудниците, за рударските јами, за топилниците, ковачниците за пари и т.н. Ќатибите задолжени за регистрирање на состојбата во рударските окна, биле задолжени да им помагаат на урбарите и хутманите, а оние кои биле задолжени за ковачниците за пари, имале задача да ја запишуваат количината и бројот на парите во својот дефтер.[162] Во некои документи за периодот од 1776-1794 година, што се однесуваат на рударството, ќатибите најчесто се наоѓале во

160 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva , s. 115.
161 N. Cagatay, Osmanli Döneminde maaden işsletme, s. 268.
162 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 115

близина на емините и нивната главна должност била да вршат целокупната евиденција околу рудникот. Во својата служба можеле да останувaат и повеќе години, доколку од нивната работа бил задоволен еминот. [163] Од некои османлиски изворни податоци, кои се однесуваат на првата половина од XIX век, дознаваме дека ќатибите располагале и со посебни простории за сместување на своите дефтери. [164]

Слични задолженија со оние на ќатибите имале и мухарририте чии задолженија во главно се сведувале на пишувањето писма и водењето кореспонденцијата на еминот со Главната управа на рударството во Истанбул. Ова службено лице често пати ја извршувало и функцијата на доставувач на важни документи од царските рудници до службите на Главната управа на сите рудници во државата. [165] Според други сознанија, мухарририте биле државни попишувачи или т.н. ,,јазиџи,, , кои добивале службени задолженија од емини и во најчести случаеви биле употребувани за ,,време на пописи на најважните подробности во рударските комплекси,, . [166]

163 H. Yüksel, Osmanli doneminde Keban-Ergani maadenler emini, s. XXVI.

164 Başbakanlik Arşivi İstanbul, Fond. Darbhane defterleri Katalogu, No. 519, No.520.

165 H. Yüksel, Osmanli Döneminde Keban-Ergani Maaden emini, s. XXVI

166 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susedniuh krajeva, s. 116.

## ГЛАВА II

## СТРУЧНИ И МАНУЕЛНИ РУДАРСКИ РАБОТНИЦИ

### 1. СТРУЧНИ ЛИЦА

### А. УРБАРИ

Во составот на техничката и стручна екипа од организацијата на турското рударство во Македонија, едно од водечките места му припаѓало и на урбарот. Ова службено лице било задолжено за низа операции, кои биле поврзани со мерењето на рударските окна.[167] Во законот на султанот Бајазит II (1481 - 1512 ) кој се однесува на рударскиот центар во Кратово од 7.VII.1482 година, се посочува и како еден од раководителите на мадемџиите и јамаците,[168] а во еден друг рударски закон тој е именуван како ,,највисок рударски чиновник,,.[169] Според рударските закони на султанот Сулејман ( 1520 - 1566), урбарот е ставен на чело на ,,рударските претпријатија како претставител и контролор на фискалната власт,, , кој истовремено бил задолжен и да ги собира даноците од рудниците.[170]

Мерејќи го теренот, урбарот ги утврдувал и границите на рударските окна и бил воедно задолжен да врши инспекција врз ремонтите правени во внатрешноста на окната.[171] Во случај на спорови при регулирањето на ,,правото на експлоатацијата на една рудна жила или за повторно производно оспособување на едено окно,, , урбарот преку својата службена функција бил овластен и да ги ,,измири со својот глас,, спорните странки, давајќи го правото на експлоатација на странката

[167] S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva , s. 119.
[168] A. Akgundus, Osmanli Kanun Nameleri ve Hukuki Tahlilleri , 1 Kitap, Istanbul, 1990, s. 549- 550; З. С. Пляков , За регламентацията.., с.95.
[169] F. Spaho , Turaski rudarski zakoni s. 173; В. Скариђ , Стари турски рукопис .., с. 20.
[170] В. Николаев, Набюдения на множество редки , с. 243.
[171] N. Beldiceanu , Les aktes des premiers sultans, s. 106.

која прва ја открила рудната жила, која често била предмет на одреден спор меѓу рударите.[172] При интервенциите на урбарот, за разграничување на надворешна површина му се плаќало обично по 64 аспри, а доколку спорот се водел за внатрешноста на окното добивал по 240 аспри. Од нив, 80 биле за него како надокнада за мерењето на внатрешноста на шахтата, а останатиот износ од 160 аспри биле собирани за потребата на беглукот, односно султанот и воопшто Османлиската држава.[173] Во текот на регулирањето на некој конкретен случај, урбарот се упатувал до спорното место заедно со хутманот или со ,,заколнати експерти (вештаци поротници),,, каде пристапувале кон мерењето и испитувањето на рударските места. Потоа следувало свикување и сослушување на странките во спорот, и според законот, пресудата била предавана во писмена форма и била целосно регистрирана во дефтерот.[174]

Според еден акт издаден од страна на султанот Бајазид I ( 1389 - 1402 ) било прецизирано, дека урбарот не располага со законско право да ги суди настанатите спорови кои биле покренувани од страна на рударите, а кои се однесувале на спорови надвор од работата на рудниците и доколку ,,предметот на конфликтот,, ја надминувал вредноста од 10 аспри.[175] Во секој случај, урбарот располагал со правото да ги определува параметрите за рударската експлоатација или да ја прекрати натамошната експлоатација на рудата. Исто така, имал право да ги префрлува деловите од рударските окна од еден на друг сопственик; да ги разрешува настанатите спорни моменти меѓу сопствениците, како и споровите меѓу сопствениците и работниците.[176]

Од материјали за дејноста на урбарот во системот на турското рударство во Македонија, целосно се гледа дека тој бил задолжен од страна на централните турски власти за чување на среброто или

---

172 Исто.

173 З.С. Пляков , За регламентацията.., с. 96; N. Beldiceanu , Les aktes des premiers ,s. 108; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova.. , s. 120.

174 N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 106; F. Spaho , Turski Rudarski zakoni , s. 177.

175 N. Beldiceanu, Les aktes des premiers, s. 106, 138.

176 В. Николаев, Набюдения на множество редки, с.243.

материјалните вредности „депонирани кај него за да ги покрие трошоците за експлоатацијата, или оставени во залог,, .[177]

Меѓу поважните задолженија и обврски на урбарот, важно е да се подвлечат оние кои се однесуваат на административната страна од неговата служба. Тој во извесна мера бил и како писар во работата на рудниците. Односно, бил задолжен да ги препишува актите и одлуките и решенијата за плаќање на трошковите направени за експлоатацијата на рудата, од продажбата, подарувањето, како и хипотеката или за закупот во однос на работата во рударството и истите одлуки и решенија да ги регистрира во посебен дефтер. Неговата службена функција имала непосредни врски и со амилот на рудникот, потоа со работните задачи и задолженија на вараците, на кои им ги регистрирал меѓусебните договори. Се претпоставува дека урбарот од своја страна вршел препишување на пресудите произлезени од споровите на рударите, кои биле покренувани заради регулирање на границите на рударските окна при добивањето на правото за експлоатација на рудните богатсва. Според турските рударски закони, урбарот имал бројни надлежности, права и задолженија, така што претставувал една од водечките личности во работата на рударските комплекси. Неговите задолженија се однесувале и на неговата улога на „геометар,,. Тој ја водел писарницата на рудникот, ги регистрирал трансакциите помеѓу вараците, правел список за закупите (лемшат), ги бележел трошоците на експлоатацијата во рудниците и ги регистрирал пресудите. Сепак, најважна должност му била „одобрувањето право на експлоатација на лицата што први ја нашле рудата,, .[178]

---

[177] N. Beldiceanu, Les aktes des premiers , s.107; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova.. , s.119.
[178] N. Beldecianu, Les aktes des premiers, s.107.

## Б. ХУТМАНИ

Според османлиските рударски закони, царски уредби, прописи и задолженија, службената должност и работа на хутманот, зависела од функцијата на урбарот и на него му била во целост потчинета. Во некои изворни османлиски документи кои се однесуваат на турското рударство, често пати се наведува и функцијата на хутманот, како ,,стручњак на рудник,, , кој според службениот ранг доаѓал веднаш после главниот мајстор на рудникот, наречен уште и устабашија.[179] Хутманот на таа функција го поставувало собранието на варацитe. Функцијата му се состоела во надгледување на работата на рудниците. Обично во делокругот на секое рударско окно, каде се вршела експлоатација на рудните богатства, имало по еден хутман на 8 рударски работници. Хутманите биле поставувани од страна на законодавецот само во оние рударски окна каде имало производство на руда.[180] Во рудниците на Сидерокапса од 1441-1478/79 година, хутманот бил нарекуван уште и ,,надзорник на работата,, .[181]

Важна функција и улога како рударски чиновник, хутманот имал при застапувањето и водењето на разните спорови во рударската работа. Тој бил избиран од страна на рударите со право истите да ги застапува. Како ,,шеф,, на рударите во обавувањето на рударската дејност во и надвор од едно одредено рударско окно, неговите стручни надлежности биле следните: распоредување на работата меѓу работниците и нивното надгледување, како во рудникот, така и за време на испирањето и пречистувањето на рудата, распоредување на рударските алати и опрема, како и лојта за горењето на лампите при копањето и пренесувањето на рудата од окната. [182] Како први помошници на урбарите, хутманите заедно со нив ја надгледувале работата на

[179] N. Cağatay , Osmanlı Devletinde Maden.., s.36.
[180] N. Beldecianu, Les aktes des premiers, s. 109.
[181] З. С. Пляков , За регламентацията, с. 96.
[182] N. Beldecianu , Les aktes des premiers, s. 109.

рударските окна или превземале одредени активности околу разграничувањето на рударските права,[183] Освен тоа, тие биле задолжувани во текот на една седмица да доаѓат и да влегуваат во рудните јами и притоа да вршат увид во настанатите состојби и промени и истите да му ги пренесуваат на еминот (управникот) на рудникот.[184] Хутманот, исто така, одговарал за текот на организацијата на работата во рудникот, за изведувањето и реализирањето на работните операции при ископот на рудата во рудникот, за нејзиното распределување и сепарирање пред нејзиното топење во печките, а бил задолжен и да надгледува и кординира низа други работни задачи и да ги спроведува во дело наредбите на устабашијата на рудникот.[185] Наведените права, стручни задолженија и обврски на ова службено лице во текот на производниот процес и експлоатацијата на рудните богатсва, упатуваат на заклучокот дека хутманот претставувал ,,судија на сите рудари,,.[186] Хутманот од акционерите на рудникот го земал она што им се паѓало да го дадат според нивните делови и секоја седмица им го давал на работниците,,. Поради тоа неговата служба налагала ,,правичност и доверба,, .[187]

Во рамките на останатите права и должности на хутманот како стручно лице, биле и оние функции и задолженија што се однесувале на неговото ангажирање во инспекцијата на работата во рудникот, следење и контрола на работните операции и сл. Заедно со урбарот, тој издавал ,,хуџет,, за извршената инспекциска работа, за пронајдената руда или нејзиното мерење и натамошната преработка.[188] Во делокругот на стручните задолженија на хутманот влегувало, исто така, и доставувањето на информации до повисоките стручни рударски служби за состојбата на експлоатацијата во еден одреден рудник. И во случај на

---

183 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova , s. 120.
184 В. Скариќ , Стари турски рукопис, с. 12.
185 N. Cağatay , Osmanli devletinde Maden, s. 36.
186 В. Скариќ , Стари турски рукопис, с. 19.
187 F. Spaho , Mademski kanun i uredbe , s . 167 - 168 ; S . Rizaj , Rudarstvo Kosova , s. 121.
188 N . Beldiceanu , Les aktes des premiers, s .110 ; F . Spaho , Mademski kanun i uredbe , s . 180.

избувнување на конфликт помеѓу варациите по однос на бројот на деловите што тие ги поседувале во едно напуштено рударско окно, хутманот бил повикуван да дава свои стручни мислења и искази. Во негова непосредна надлежност било да им покаже на рударите каде се наоѓаат рудните жили.[189] Во случај на повторно отварање на работните операции во едно рударско окно, варациите биле должни нему да му ја даваат сумата за платите на работниците, сразмерно на своите делови. Значи, во хутманот било претставено службеното и стручно лице, кое го ,,плаќало персоналот на рудникот секоја недела,, .[190]

Всушност хутманот вршел надзор над целокупната операција на материјалното производство и експлоатација на рудните богатства, над поправката и одржувањето на рударските инсталации, се движел во кругот на поверените стручни и вешти лица и имал непосреден контакт со еминот, урбарот и секретарот на рудникот. [191] Неговата плата во одредени временски периоди била во готови пари, а во други во натура. Така на пример, во рудниците на Сидерокапса во времето на султанот Мехмед II Освојачот, 1451 - 1478/79 година, хутманот имал законско право секоја недела да зема по една вреќа ископана руда која претставувала еквивалент на вредността на коњски товар.[192] Висината на платата во пари на хутманот не секогаш била еднаква. Таа варирала, и во секој случај зависела од видот и квалитетот на рудата, од обемот на производните капацитети, но обично се движела од 10 до 40 аспри за една седмица во раниот период односно 25 акчиња во подоцнежниот период.[193]

---

189 N . Cağatay , Osmanli devletinde Maden , s . 268.

190 N . Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 110 .

191 F. Spaho , Mademski kanun i uredbe , s. 186 ; N . Beldiceanu , Les aktes des premiers, s . 110

192 З .С. Пляков , За регламентацията, с. 96 ; N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 110-111

193 N . Cağatay , Osmanli devletinde Maden, 268 ; N . Beldecianu , Les aktes des premiers, s. 111; З. С . Пляков , За регламентацията, с. 96.

## В. ШАФАРИ

Во составот на техничкиот персонал од производниот дел на турското рударство во Македонија, влегувало и едно службено лице под називот шафар. Неговите работни задачи и должности биле непосредно поврзани со работата во рударските окна, со распоредот на рударите на нивните работни места и воопшто, со вршењето контрола врз работата во производството на рудата. Од страна на турските рударски служби, шафарот бил задолжен да влегува секој ден во рударските јами и да врши инспекција на рударските окна. Како второ задолжение му било да присуствува и при распределувањето на рудата помеѓу вараците и да зема активно учество во неделното собрание на управниот и производниот персонал на рудникот каде се решавале прашање од заеднички и пред се контролен карактер од работата на рударските работници.[194]

Според некои турски рударски закони од XVI век, шафарите биле назначувани за началници на рударските окна во секоја рударска област. Со рударскиот закон на султанот Сулејман I Кануни, за окната каде што немало руда, од страна на рударските власти и во согласност со вараците бил ,, назначуван еден шафар за 10 окна,, .[195] Според други сознанија од крајот на владеењето на султанот Бајазид II, поставувањето на шафарите за службени лица во рудниците, не било во надлежност на амилот, ниту пак на вараците. Во секој случај, назначувањето било условено со претходна согласност и решение на еминот, кадијата и амилот. Според документите, шафарите се делеле на две основни групации: на оние што работат со рударските работници во јамите и на оние што работат на површината. А пак во рударскиот документ од 14. VII. 1536 година, шафарот е регистриран со терминот ,,жол шафар, т.е.

194 R. Anhegger , Beitrage zur Geschichte.., s. 248.
195 N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 111.

шафар на дното од окното на рудникот.[196] Овој ,,жолски шафар,,, бил поставен од страна на државата со платено задолжение да влегува во рударските окна и да биде надзорник над рударските работници; да се запознае со фактичката состојба на секое окно поединечно и да следи се што се променило во целокупната работа и на крајот да достави извештај до кадијата, а со тоа и до еминот на рудникот.[197]

За разјаснување на рударската дејност на шафарите, интересни податоци се среќаваат и кај производството на сребро, при што, наведените службени лица биле должни да го известуваат кадијата, еминот и рударскиот писар, за во нивното присуство да го измерат истопеното сребро од печките и потоа да ја регистрираат добиената количина во дефтерот.[198] Според други сознанија пак, шафарите земале непосредно учество, како во производството на сребро, така и при утврдувањето и изборот на ,,рудната жила,, за експлоатација или пак повторното оспособување за работа на некое напуштено или ново рударско окно.[199] На шафарите не им било дадено законско право да постануваат вараци или да преземаат руда од рударите. А доколку би направеле таков вид на престап во однос на почитувањето и запазувањето на рударските закони и задолженија, истите биле казнувани и заменувани од страна на кадијата и еминот на рудникот.[200]

Наградувањето на шафарите се вршело различно, било во готови пари било во натура, зависно од местото на рударските средишта и центри, а уште повеќе од висината на квалитетот на вадената руда. Така на пример во време на владеењето на султанот Мехмед II Освојувачот, во рудниците на Сидерокапса, еден шафар во текот на 1451 - 1478 /79 година, примал по правило една вреќа руда, еквивалентна на товарот на еден коњ. Всушност тој добивал само 3 или 4 аспри неделно, а остатокот

196 Пак таму.
197 В. Скариќ, Стари турски рукопис, с. 19; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova, s. 121.
198 F. Spaho, Mademski kanun i uredbe, s. 169 - 170.
199 Исто, с. 178, 181 - 192.
200 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova, s. 121.

од паричната противредност на врeќата руда го земал амилот.[201] Во друга рударска област, во времевладеењето на султанот Бајазид II (1481 - 1512), при поставувањето на службена должност на еден шафар за 10 рударски окна, кои сеуште не биле оспособени за копање на руда, шафарот добивал седмична плата во висина од 30 аспри.[202]

Интересни податоци за платата на шафарот даваат рударските муката дефтери од средината на XVI век. Така на пример : платата на шафарот Бехрам во рудникот Лагадино, за период од 18. I. 1542 до 13. IX. 1452 година, изнесувала по 5 акчиња на ден или за наведениот период од 8 месеци вкупно 1. 200 акчиња; платата на шафарот Мехмед во рудникот Кестење за периодот од 3 месеци - 450 акчиња, од кои по 5 на ден и уште по 7 акчиња како ,,додаток,, ; шафарот Хасан во истиот рудник за 5 месеци примал по 5 акчиња на ден и уште (по) 22 акчиња или вкупно 710 акчиња ; платата на ,,Кочу, шафар во рудникот Лагадино,,, за 8 месеци изнесувала по 5 акчиња или вкупно 1.200 акчиња и т.н. [203] Слични примери имало и за други рудници во рамките на Македонија и воопшто на Османлиската империја. Меѓу нив е и платата шафарите со стручна служба во ливниците и тоа за работа од јануари па се до средината на септември или крајот на годишната рударска сезона, која изнесувала 5 акчиња на ден, плус различната висина на ,,додатоци,,, што ја потсилува претпоставката, дека постоеле различни категории на шафари.[204] Имало поединечни случаеви, кога одредени шафари работеле во рударски средишта кои биле хасови на феудалци во некои нахии. Некаде шафарите работеле и на пренесување пари, сребро и друг вид ,,рефинирани метали,, , како што е примерот од првите месеци на 1452 година, кога парите биле целосно предадени и испратени во Царската благајна, преку шафарите Кочи, Хасан, Рамазан, ковачот на пари Хасан и Ахмед Мустафа од тврдината на Солун,, .[205]

---

201 N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s . 112 ; З .С.Пляков, За реглементацията, с . 97~98.
202 N. Beldiceanu, Les aktes des premiers, s. 112.
203 Başbakanlık arşivi - İstanbul, F. Defter - i maaden-i mukataat kalemi. Nö.22691.
204 Исто.
205 Исто

## Г. КАЛХАНЏИИ

Меѓу поважните стручни лица во процесот на експлоатацијата на рудните богатсва влегувале и калханџиите или наречени уште и топилничари на рудата. Овие стручни лица, именувани во рударските закони како калханџии и калџии, работеле на пречистување на сребрената руда која доаѓала растопена во чистилиштето и го преставувале персоналот на рафинеријата (калханeто) .[206] Во некои османлиски документи за рударството, овие лица се среќаваат под името „чистачи„. При топењето на рудата во одреден оџак тие биле должни да ја мешаат и без прекин да ја одвојуваат „оловната глеѓ, додека исчезне, а остане само среброто„ .[207] Слични работни операции калџиите обавувале и при одвојувањето на бакарот од среброто .[208] Во некои рудници тие биле наречувани „кал аги„ , со задолжение да ги надгледуваат печките и топењето на рудата.[209]

Во редовите на калханџиите или топилничарите се среќаваат поединци како „главни мајстори„ во рударските топилници . Таков пример е забележан во Правиште, кога на 7. III. 1780 година, за главен топилничар и мутесарриф бил назначен Хусеин, син на бившиот мутесарриф Ахмед чорбаџијата.[210] Нешто подоцна, истото лице од страна на централните турски власти било задолжено и за испраќање и доставување на производството од топилницата во Правиште. А како „поранешен главен мајстор на топилницата„ , од страна на државните властти на 7 . IX . 1786 година, тој бил назначен за војвода на градот Сер и кадија на Правиште.[211] Дека постоеле и работеле „главни мајстори„ и „специјалисти„ за топење на рудата, потврдува и фактот што во текот на

206 N. Beldecianu, Les aktes des premiers, s. 116.
207 F. Spaho, Majdanski kanun i uredbe , s. 168-169.
208 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova, s.122.
209 Başbakanlık arşivi - İstanbul, F. Darbhane ve meskukat, Nö.115.
210 Başbakanlık arşivi - İstanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane, Nö 2965.
211 Исто, Nö. 2773.

првите децении на XIX век од некои рудници на Румелија се барало од Истанбул да им се испратат ,,специјалисти мајстори,, .[212] Податоци за рударската дејност на овие стручни лица се среќаваат и кај еден од рудниците во Кратово каде за 1848-1849 година, како плаќачи на даноци се регистрирани 2 лица мајстори калџии и топилничари. [213] А пак во една одлука од 8 . IV . 1863 година, доставена до мутесаррифот на Солун, се барало од рудникот во Сидерокапса да се испратат 3-4 "прустати" (мајстори) за потребите на рудникот во Кратово.[214]

## Д. В А Р А Ц И

Во категоријата на главните лица во процесот на експлоатацијата на рудните богатства во Македонија во време на турското владеење, влегувале и вараците, кои според одредени сознанија биле власници на рударските окна[215] и топилници.[216]

Варакот дури и кога поседувал само еден дел од едно окно, бил во можност да превзема претприемачки мерки за подобрувањето на производните капацитети во рудникот. Тој располагал со право да става под хипотека или да ги дава под закуп своите делови од рударското окно или целото окно, а притоа да не биде принуден да ,,склучи договор спротивно на неговата волја,, . [217] Варакот исто така можел да им го даде и отстапи своето притежавање ( тесарруф ) на своите ковачи, како соодветен надомест за извршувањето на нивната работа. Односно варакот ,,не ја давал целосната сопственост, туку само уживањето,,. Вараците имале неприкосновено право ,,лично,, да ги наименуваат и потврдуваат на службените функции хутманите и шафарите.[218] Од турските рударски закони од втората половина на XV век може е да се

212 Документи за българската история, т. III, София , 1940 , с. 71.
213 Başbakanlık arşivi - İstanbul, F. Maliye Nezareti ciziye, Nö. 809.
214 Başbakanlık arşivi - İstanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane, Nö.284
215 В. Скариќ, Стари турски рукопис, с.19.
216 S. Rizaj, Rudarstvo Kosova, s, 123 ; N. Baldeceanu , Les aktes des premiers, s. 91.
217 N. Beldacianu , Les aktes des premiers, s. 91.
218 Исто , с. 91- 92.

заклучи дека правата на варациите во поседувањето на цели рударски окна или одредени делови, биле строго загарантирани од страна на државата и дека материјалните интереси на еден варак не биле спротивставени на останатите вараци.[219]

Личните права на варациите исто така биле строго загарантирани од страна на турските рударски и државни власти од ,,грабежните акти на нивните ортаци,,. Еден варак не можел да стекне право на сопственост на дел во едно окно или истото да го земе под закуп, ако останатите не се согласат. Наведените становишта упатуваат и на заклучок дека при почетокот на експлоатацијата на едно одредено рударско окно, варациите морале да го определат точниот број на делови за секој варак. И при регулирањето и исполнувањето на формалностите за воведување во сопственоста, им било забрането да го ,,изгонат едниот од своите кампањони, доколку овој не ги платил трошоците на експлоатацијата,, .[220] Со други зборови, варакот кој ги исполнувал во целост и формално обврските кон својата производна единица и дружина и на време ги подмирувал трошоците за својот дел, не можел да биде одстранет од дружината на варациите.[221] Правата на варакот биле мошне широки, но во никој случај не можеле да се споредат со основното право на султанот врз апсолутната сопственост на рудниците во Османлиската империја. Апсолутен сопственик на рудникот бил и останувал Султанот, а варакот бил ,,негов поседник снабден со многу широки овластувања,, , што ќе рече дека правото на Султанот над сите видови рудни богатства се изразувало во земањето на десетокот и во неприкосновеното право на Султанот да врши отворена експропријација на варациите виновни за напуштањето на рударските окна.[222]

Доколку еден варак сакал да изврши продавање или подарување на своите делови во окното, на друг варак, тогаш требало да добие дозвола од останатите вараци. Кога варациите го напуштале окното и

---

219 F. Spaho , Majdanski kanuni i uredbe, s. 175 - 179, 181 - 183, 185 , 189 - 190, 192.

220 N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 92.

221 З . С. Пляков , За регламентацията, с. 99.

222 N. Beldiceanu , Les aktes des premiers, s . 94.

покрај опомените извршени од страна на еминот и урбарот, напуштеното окно припаѓало на оние вараци кои ќе го обновувале бушењето и експлоатацијата на напуштеното окно. За да се објавело дека едно окно на законски начин било напуштено, кадијата и еминот биле со закон задолжени да го бараат и добијат сведочењето на вараците од соседните окна. Во врска со регулирањето на меѓусебните односи на вараците, од страна на рударските властти им биле регистрирани имињата на сведоците и на истите им биле издавани тезкериња со кои го примале напуштеното рударско окно.[223] Вараците исто така со закон биле задолжени, доколку ги оставеле под хипотека или ги давале под закуп своите делови од рударските окна, на Султанот да му исплаќаат „годишна закупнина (аренда)„ , под форма на даночна такса. [224]

## Ѓ. В А Т Р У Ц И

Во исполнувањето на производниот процес при експлоатацијата на рудните богатства и нивната натамошна технолошка обработка, се среќаваат и други сртучни лица, како што биле ватруците, кои ја откупувале ископаната руда од вараците и ја топеле во своите топилници. Овие лица во суштина гледано, биле работници во топилниците.[225] Според законот за рудникот во Кратово од јануари 1488 година, рудата им се продавала на ватруците по „нивна цена„. Тие ја пренесувале во топилницата ( чаракот ), ја обработувале и од неа го извлекувале среброто. Се разбира, овие стручни лица, правеле материјални трошоци при обработката на рудата, купувајќи одреден број товари ( yük ) на јаглен и дрва. Процесот на топењето се одвивал така што се трупаат на рудата, јагленот и дрвата на место слично на гумно за жито. Ги потпалуваат со оган „и сето гори„.[226] Горењето обично траело 3 до 4 недели. Оваа операција била применувана и при топењето на оловната руда, која со

---

223 Исто , с. 93.

224 Исто , с. 93 - 94 ; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova, s. 123 .

225 З. С. Пляков , За регламентацията, с. 99.100.

226 N . Beldiceanu , Les aktes des premiers, s. 192.

јагленот, и со се друго што било потребно, ја сместувале во една голема фурна, а откако рудата ќе се растопела, била префрлувана во ,,огниште од глина,, , каде станувало одвојувањето на среброто од оловото,, .[227]

Ватруците немале право на производите од сопствениот труд, бидејќи според нормите на османлиското рударско право и законодавство, тие биле со закон задолжени произведеното сребро да го продаваат на државните сарафи. [228] Од друга страна ватруците, како и варaците, биле со закон задолжувани, доколку правеле пропусти при работата во рудниците, да бидат строго опоменати, а ,,ако и потоа пак им се случи грешка, нека им се отсече правдата,,.[229] Од својата рударска работа ватруците обично имале добивка, но понекогаш производството не им ги покривало трошоците.[230]

Заслужуваат внимание и податоците за односите на ватруците со рударските работници, како и за нивните давачки и обврски кон султанот и државата. Во првиот случај, ватруците требало на рударите и на оние што им носеле дрва и јаглен да им го дадат заслуженото. Во спротивно, рударите не ќе им работеле.[231] Во однос на давачките, како што биле десетината (ушурот) за султанот и беглукот за ископаната руда, како данок на турската држава, се среќаваат податоци дека веднаш по пречистувањето, среброто било мерено од службените лица на еминот на султанот и на амилот на рудникот и притоа биле задржувани наведените, со закон определени давачки.[232]

Во некои рудници на Османлиската империја, ватруците, како сопственици на топилниците, извлекувајќи го среброто од рудата преку процесот на пречистување ( gümüş iplik ), на 60 кибили (обработена руда) обично давале по 25 аспри т. н. преносна такса (bac - i haml), како и 1/8 од среброто.[233] Потоа следувало, со закон регулираното и задолжителното

---

227 Исто.
228 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova, s.124.
229 F. Spaho , Majdanski kanuni i uredbe, s. 179.
230 N. Beldicianu , Les aktes des premiers, s. 193.
231 В. Скариќ , Стари турски рукопис, с . 12.
232 S . Rizaj , Rudarstvo Kosova, s . 124 ; З . С . Пляков , За регламентацията, с . 100.
233 N . Beldicianu , Les aktes des premiers , s. 127 .

продавање на рафинираното сребро од страна на ватруците на сарафите, кои пак го доставувале на монетарните работилници, под непосредна контрола на јасакчијата на султанот.[234]

## Е. ЛЕМШАДНИЦИ

Во составот на оваа групација од рударски работници со стручна и технолошка наобразба, влегувале и оние лица, кои го претставувале наемниот сталеж во системот на турското рударство во Македонија. До појавата на оваа категорија рударски работници дошло кога одреден број вараци не биле во можност да располагаат со потребен капитал за закупување и експлоатација на сите рударски полиња во една област, макар што државата тоа им го дозволувала. Од економски причини, тие давале на лемшадниците под наем одредени рударски окна за експлоатација. Во таа смисла карактеристично е да се подвлечат односите помеѓу вараците и лемшадниците. За нив во содржината на турските рударски закони се наведува : доколку на лемшадникот му се издаде активно рударско окно, целокупниот трошок паѓал врз него, а варакот ја преземал само испржената руда. При регулирањето на оваа постапка, лемшадникот и варакот склучувале меѓусебен договор во присуство на сведоци, притоа составувајќи хуџет (судска исправа).[235]

За неисполнување на задолженијата и обврските превземени од страна на лемшадникот, системот на турското рударство предвидувал казна со врзување и спуштање од горниот дел на рударското окно во висина од „5 колача, а потоа нека се пресече канапот да падне во дупката„ .[236]

Во државните рудници во Македонија, лемшадот го бирал урбарот, како претставник на државното застапнишво, а на други места во

[234] Исто , с . 193 ; З . С . Пляков , За регламентацията, с . 100 .
[235] S . Rizaj , Rudari ( madencije ), s . 217.
[236] F . Spaho , Majdanski kanuni i uredbe , s. 178.

државата го назначувале локалните органи на власта или општинските претставници на турските централни власти. [237]

---

[237] S . Rizaj , Rudari ( madencije ), s. 217 ; Истиот : Rudarstvo Kosova i susednih krajeva , s . 125 .

## 2. РАБОТНА РАКА

### А. РАБОТНИЦИ РУДАРИ

Уште во текот на првите векови на османлиското владеење на Балканот и во Македонија дошло до нормирање на сите видови задолженија и обврски на рударските работници. На тоа укажуваат издадените рударски закони од XV и XVI век, каде се среќаваат низа податоци за улогата на рударските работници во процесот на рудното производство. Рударските работници се делеле на две поважни групации и тоа : на к в а л и к ф и к у в а н и рудари и неквалификувани рударски работници. Во составот на првата група биле следните: д у п ч а р и - рударски вештаци, кои имале должност да ги откриваат и регистрираат рударските полиња и истите да ги одбележуваат со одредени знаци; к о ј у џ и и - лица што вршеле копање на рудата во окната; о р т н и ц и - работници што ја кршеле рудата и каменот; х у н т а р и - задолжени со помош на вагонетки да ја извлекуваат рудата и земјата од рударските окна; х о р н а р и - водари, кои ја извлекувале водата од рударските јами со помош на мешини од говедски кожи; н а б и в а ч и - товарачи на руда, земја и вода во кожени мешини и вреќи[238]; д р у м а р и задолжени за влечење на канапот намотан на чекрак; и з б и р а ч и задолжени да ја одбележуваат и измерат извадената руда за да се знае колку ваганетки и товари излегле од рударските окна, а потоа ја одвојувале чистата руда од каменот и земјата; т а р а ч и - лица кои ја кршеле и ситнеле рудата; и ч а ш н и к о ј у џ и и - задолжени за одредување на квалитетот на рудата со помош на копач.[239]

---

[238] Рударските работници задолжени за вадење на рудата или земјата и водата, според османлиско - турската рударска терминологија, биле регистрирани и како долапчии, кои воглавно работеле во рударските окна и ровови. (H. Yüksel , Osmanlı döneminde, s. XXXIII ; N . Cağatay . Osmanlı devletinde maaden,s. 268. )

[239] Исто , с. 125 - 126 ; Истиот : Rudari ( madencije ), s . 213 - 214.

Во составот на горенаведената групација на кваликфикувани рударски работници влегувале и оние кои се наоѓале во непосредна врска со пречистувањето и топењето на рудата. Меѓу нив водечко место завземале смечарите - задолжени да влегуваат во печката за вадење на истопената руда; откопари - задолжени за примање на донесената руда во колото и за нејзиното пренесување до печката, за одржување на редот на колото и за неговото чистење, како и рударски работници кои стоеле околу печката и ја ваделе растопената руда; чистачи - работници во оџакот на печката, со задача да ја држат долгата метална прачка со која постојано мешале и ги отстранувале оловните отпадоци, се додека не останало само среброто,[240] дорнар и шошнар - работници во чистилиштето, и тоа оние, што стојат горе и влечат, транбори - работници што го вртеле чекрекот. [241] Во секој случај неопходно е да се подвлече дека којуџиите ( копачите на рудата во окната ) биле „најважни чинители во рударското производство, со оглед на тоа дека без нив, како кваликфикувани работници, не би можело да се одвива производството„.[242]

Што се однесува за групацијата физички рударски работници, во неа најбројни биле кулаците, собрани како ангарија од селското население на одредени рударски региони, меѓу кои можело да има и надничари, осуденици и робјаши. [243] Можно е да се заклучи и тоа дека физичките работници кои обавувале прости операци имало и сезонски ангажирани, во одреден временски период. Тие обавувале такви работни задачи каде не се барала некаква посебна стручна подготовка. Најмногу ги имало меѓу работниците што ја транспортирале рудата од местото на вадењето до окното каде се наоѓал чекрекот или пак ја пренесувале рудата до отворот на галеријата блиска до површината. Во тешко пристапните места транспортот на рудата луѓето го вршеле товарејќи ја

240 Исто , с. 214.
241 F . Spaho , Majdanski kanuni i uredbe , s. 167.
242 S . Rizaj , Rudari ( Madencije ), s . 214 .
243 Исто , с . 214 - 215 .

на своите грбови. [244] Инаку, преносот на рудата се вршел со помош на ,,вагонетки влечени од коњи или буткани од рудари,, .[245] Кон физичките рударски работници се доближуваат и ќ у м у р џ и и т е - задолжени за правење дрвен ќумур за потребите на рудникот; д р в а р и т е - задолжени за снабдување со дрво; п е п е љ а р и - кои правеле пепел од изгорени коски и го носеле во печките каде се топело оловото за да се одвои од среброто; к о њ а р и - кои ги воделе коњите товарени со руда, ќумур и дрва; ј а ж а р и кои изработувале јажиња за потребите на рудникот; ш а р б а р и кои вршеле снабдување на рударите со вода за пиење, храна и други потребни работи; ќ и р а џ и и - превозници на рудата и рударските производи под ќирија и др. [246]

## Б. К У Р Е Џ И И

Овие рударски работници припаѓале кон категоријата на рајата - рудари и обично биле ангажирани околу работата на печките за топење на рудата. Според своите производни задолженија, куречиите посебно се одвојувале од останатата раја - рудари, иако ,,морале да бидат заведени во главниот регистер,,, а за обавувањето на своите работни задачи добивале берат од страна на централните управни власти во Истанбул или од страна на провинциските власти т.н . ,,тескере,, ( потврда ). [247] Дека биле присутни и во рамките на Македонија во текот на првите векови од турското владеење, сведочат податоците од еден рударски дефтер, кој се однесува на пописот на куреџиите во составот на казата Скопје и неговата поблиска околина од 1551 година .[248]

За правниот статус на куреџиите важно е да се подвлече дека тие се користеле со сите видови на привилегии, како што бил случајот со

---

244 N . Beldecuanu , Les aktes des premiers, s . 121 .
245 Исто .
246 S . Rizaj , Rudari ( madencije ), s . 215 .
247 Исто , с . 2345
248 Başbakanlık Arşivi - İstanbul , F . Bab - i Defteri Celtik Rusume Kalemi , G .N . 25995

припадниците на т. н. ,,muaf ve müsellem reaya,,.[249] Меѓутоа, за општествено-економските позиции на куреџиите исто така е карактеристично дека тие секогаш имале слобода на движењето по обавувањето на работата во рудниците. Тие биле задолжени да го плаќаат својот данок во оние места каде што претстојувале и, доколку презимувале во едно одредено село и не обработувале земја, според законот на рударските работници биле задолжувани да плаќаат данок на огниште (duhan resmi) и тоа во висина од 6 акчиња.[250] Освен тоа, тие биле ослободувани од одредени видови на давачки. што било ,,пропишано според законите за рајата во рудниците,,.[251]

## В. МАДЕНЏИИ

Прашањето за маденџиите тесно е поврзано со исполнувањето на феудалните задолженија и давачки на обложеното население во Македонија во време на турското владеење . Така на пример, веднаш по паѓањето на Кратово и околината под Турците - Османлии, при крајот на XIV век, тие ги превзеле запазените средновековни наредби, според кои околното селско население од делокругот на спомнатиот рударски центар, во дефтерите за даноци било заведено како ,,маденџиско,, .[252] Наведеното население во рудниците одредено време работело бесплатно, но сепак од страна на турските власти било ослободено од другите ,,државни тегоби,,. Меѓу таквото население во наведениот период посебно се истакнувало она во рударските села Шопско Рудари и Турско Рудари.[253]

Маденџиите биле ослободувани од подмирувањето на извонредните даноци и државните обврски (т. н. avariz-i divaniye ve tekalif-i

---

[249] S . Rizaj , Rudarstvo Kosova, s .127.
[250] Истиот : Rudari ( madencije ), s . 224 .
[251] S . Rizaj , Rudarstvo Kosova, s .127-128.
[252] И . Иванов , Северна Македония, с .238.
[253] Исто .

örfiye), во замена на службата што ја обавувале во рудниците. [254] Рударската служба на маденџиите била наследна и воглавно ја извршувале припадниците на христијанското население. Во исполнувањето на нивните работни задачи во рудниците немале службено право да се мешаат дури ни високите претставници на турските официјални власти, како на пример валиите, кадиите и др., при што нивните меѓусебни односи, спорови и судири, биле решавани според нормите на шеријатското исламско право и во присуство и посредство на еминот на рудникот. [255]

Маденџиите со закон биле задолжени во местата каде што работеле и престојувале, што повеќе да работат врз зголемувањето на производството на рудата. Покрај другите задолженија, тие биле обврзани на феудалниот господар на земјиштето каде се наоѓал рудникот или на државата да плаќаат 1/10 од добиената руда. Тој данок можел да се ,,пресмета и во едногодишен или полугодишен закуп,,. [256] Категорија на раја - рудари (маденџии), на чие чело стоел ,,маденџиски назир,, , егзистирала од XIX век до 1839 година, кога и званично било укината под непосредно влијание на новите реформи и промени во Турското царство.[257]

## Г. ЌУМУРЏИИ

Ќумурот бил неопходен при топењето на рудата како и при натамошната термичка и технолошка обработка на металните производи па затоа неговото производството претставувало стопанска гранка на населението во рударските реони. [258] Често пати ќумурџиите биле не само селани од одделни села, туку и од цели кази и нахии кои се наоѓале околу

---

[254] Б . Цветкова , Извънредни данъци, с . 197 , 203 .
[255] A . Refik , Osmanli devrinde Turkiye madenleri, s.V.
[256] S . Rizaj , Rudarstvo Kosova, 129.
[257] S .Rizaj , Rudari ( madencije ), s .226.
[258] С . Райчевски , Въглищарството в Странджа од древността до наши дни , Българска Етнография , г. XIV , кн. 3 , 4, София , 1979 , с . 47.

рударските центри. Истите биле со закон задолжувани да произведуваат потребни количини на дрвен ќумур за потребите на рудниците.[259] Така на пример во еден регистер од 1617 година, кој се однесува на казата Демир Хисар, се наведуваат жители на три христијански села кои припаѓале кон категоријата на ќумурџиите. Тоа биле жителите од селата Света Петка (92 семејства), од с. Матница (94 семејства) и од село Долни Пороj (29 семејства) или вкупно 215 ,,немуслимански семејства на ќумурџии само за територијата на Демир Хисарската каза,,.[260]

Производната дејност на ќумурџиите во рударските региони, често пати била загрозувана од незаконски постапки на месните власти, во прв ред преку засегање на нивните даночни олеснувања. Иако тие биле со рударските закони заштитени од страна на централните турски власти, сепак таквите појави биле присутни во работата на турското рударство. Така на пример во еден ферман од 29 . IX . 1801 година, доставен до Осман ага, еминот на ,,рудникот на маденџиските села ,, : Адам, Перистера, Локови , Свети Никола, Метагисти, Голема - Враста, Модион и Лозики од општината Пазаруда и селата : Лајна, Зарово, Берово, Хоруда, Негован и Стафан од општината Лагадина и општината Богдан, се наведува дека ,,жителите на мадемхорскиот рудник, кој се наоѓа во Солунската каза, се ослободени од секаков данок, а валиите и останатите немаат право да се мешаат и да им вршат притисок,,.[261] На еминот на рудникот посебно му се наложувало, од ќумурџиските села да не се зема ,,храна и сточна храна од страна на наибите на општините, на кои им се забранува да одат во овие села,, , односно дека ,,изложените погоре села од овој рудник се ослободени од данок, а валиите на Румелија и Солун и кадиите не треба да им пречат,,.[262]

Производните центри на ќумурот во Македонија во време на турското владеење, воглавно се наоѓале лоцирани во близината на

[259] С . Андреев Е .Грозданова , Из историята, с .60.
[260] С . Андреев Е . Грозданова , Из историята, с . 60.
[261] АИНИ , Ј. К. Ваздравели , Историски архив на Македонија , т ., с. 140-141.
[262] Исто , с.141 -142.

рудниците. Таквите центри имало во областите : Достапско, Разлог, Полуостровот Касандра, Населичката котлина и др. [263]

Во врска со дејноста на ќумурџиите, во одредени османлиски документи се среќаваат податоци за службата на ќ у м у р б а ш и ј а. Тој бил одговорен за доставување на планираната количина на квалитетен ќумур за задоволувањето на потребите на рудниците. Ќумурџибашијата раководел со службата на ќумурџиите и со прием на пропишаните количини ќумур за рудниците во една област и сл. [264]

## Д. Н А Д Н И Ч А Р И

Категорија на раја - рудари кои работеле како надничари или аргати во рудниците биле задолжени со ,,копање на земја и руда, пренесување на ќумур и други потребни работи,,.[265] Ова категорија рудари ја бележат и документи за рударството на Румелија од 1536 и 1652 година.[266] Во текот на XVIII век, истите се регистрирани во групи од по 15 до 20 лица. Тие биле под раководство на устабашија и работеле за одредена плата или дневница.[267] Според еден податок од крајот на 1717 година, кој се однесува на Кратово, при определувањето на паричните награди за група од 11 рударски работници, покрај другото, се наведува дека едниот од нив бил дрвосеча, двајца работеле како железари, двајцата ја чистеле, миеле и ја подготвувале рудата за обработка, а останатите шест работници ја ваделе ископаната руда од рудниците и истата ја транспортирале до топилниците. [268]

Кон категоријата на рударските работници, кои на одреден начин биле задолжени да ја ископаат рудата или т. н. ,,рударокопачи,, , биле и т. н. ,,текнеџии,, или работници што ја ваделе и носеле рудата надвор

263 Македонија како природна и економска целина , Скопје ,1978 , с . 49 , 308.
264 H . Yüksel , Osmanlı döneminde, s. XXXII.
265 N . Cagatay , Osmanli.., s. 268.
266 S . Rizaj , Rudarstvo Kosova, s . 137 -138 .
267 H . Yuksel , Osmanli doneminde, s . XXXIV.
268 С . Андреев Е . Грозданова , Из историята, с. 65.

од рударските окна и јами со помош на специјални кожни торби. Потоа ,,лопатари,, ( k ü r e k c i l e r ) или рударски работници задолжени за полнењето на печките со руда со помош на лопати и т. н. [269]

## Ѓ. ЈУРУЦИ

Иако јуруците пред се биле припадници на воена организација тие биле употребувани и во развојот на турското рударство, за одржување на производните капацитети во рудниците. Користењето на јуруците во турското рударство, според одредени сознанија, се движело во три основни и главни насоки и тоа : за исполнување на безбедносните функции во рудниците, самаковите и ковниците на пари; за учество при обавувањето на транспортните операции во рудниците и поблиските региони; при преработката на дрвата во ќумур; и за извршување на непосредната работа во внатрешноста на рудниците. [270] Според други сознанија, јуруците освен пренесувањето на рудата, дрвата, и ќумурот, како и работа во самиот рудник, посебно биле задолжувани за чување на рудниците од нападите на разбојниците и ајдутите. [271]

Јуруците како посебна социјална категорија на исламска раја со специјални задолженија и нивното присуство во системот на производството и експлоатацијата на рудните богатства во Македонија, главно се присутни во текот на првите векови од турското владеење, кога рударството се наоѓало на највисокиот степен од својот развој во Османлиската империја. Така на пример во една наредба од 1573 година, доставена до субашијата на овчеполските Јуруци се барало да ,,испрати една смена од 94 Јуруци да работат во железните рудници што се наоѓале во Санџакот Дукаџин,,. [272] Слични податоци дава и документот од

---

269 N . Cagatay , Osmanli, s.36.

270 С Андреев Е . Грозданова , Из историята, с. 63, 64.

271 C . Orhanoğlu , Osmani İmperatorluğunda Aşiretler i İskan teşebbüsü , İstanbul , 1963 , s.25.

272 М . Соколоски , За Јуруците, с .93 ; А . Матковски , Јуруците од Македонија во некои турски документи , Етногенезата на Јуруците , с . 41 ; О . Зиројевиќ , Јуруци у рудницима , Етногенезата на Јуруците , с .52.

1576 година, кога со одлука на царскиот диван се барало да се определат 97 Јуруци од Овчеполието за да се испратат во Каменград, односно во Бања- Лука ( Босна ), за работа во железните рудници и да се вклучат во производството за лиење на топовски ѓулиња.[273] Во прилог на претходно наведените примери, мошно интересно е да се наведе и издадената наредба од 1578 година, од страна на султанот Мурад III (1574 - 1594) до јузбашијата на Овче Поле, со која му се наредувало да ги собере младите Јуруци и ги одведе во Куманово, каде се наоѓал рудник за железо и истите таму да ,,прават топови и ѓулиња за топови,, .[274]

## Е. ОСТАНАТИ КАТЕГОРИИ НА РУДАРСКИ РАБОТНИЦИ

Важна улога во производството и експлоатацијата на рудните богатства во Македонија во текот на целиот период од турското владеење, одиграле и оние категории на рударски работници, кои биле ангажирани од страна на турските власти за извршување на помалку сложените и поедноставни работни операции. Таквите лица се среќаваат меѓу припадниците на турската пешадија (јаја) и муселлемите, кои уште пред формирањето на јаничарскиот воен ред биле организирани како офицери со редовна служба во беглуците и со текот на времето добивале службени задолженија во задницата на војската и истите биле ослободени од одредени даноци.[275] Кога Османлиската војска мирувала, тие биле ангажирани со работа во рудниците или во системот на обезбедувањето на рудниците.

Во оваа категорија рударски работници често се среќаваат и затвореници и осуденици. Ним и на гореспомнатите воени лица, рударството не им било потесна професија, и во одредена мера тие дури

---

[273] М . Соколоски , За Јуруците, с . 92 ; А . Матковски , Јуруците од Македонија , с . 41 ; Истиот : Турски извори за Јуруците , с . 239 ; О . Зројевиќ , Јуруци у рудницама , с . 51 ; S . Rizaj , Rudarstvo, s .136.

[274] АИНИ , Ф. М .Д. , л . 23 -1.

[275] M . Sertoğlu , Resimli Osmanli Tarihi, s . 219.

и придонеле и за опаѓањето на рударството во Македонија, бидејќи не биле заинтересирани за продуктивна работа..

Според други турски изворни податоци од XVI век, кои се однесуваат на Кратово и Кратовско, како чувари на рудниците биле ангажирани повеќе лица од селата во Кумановско, Кочанско, нахијата Славиште и од самиот регион на Кратовско. [276]

Во текот на XV и XVI век, при експлоатацијата и производството на рудните богатства во Македонија, биле употребувани и заробените лица од воените походи на турската војска. Во рудниците на Сидерокапса од XVI век, биле регистрирани и одделни случаи на „рудари робови". Истите се именуваат и како „робови - металци", кои им припаѓале на еврејските закупци и претприемачи на рудници од градот Солун. [277]

276 Турски документи за историјата на македонскиот народ, Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак, т. V., кн II., Превод, редакција и коментар М. Соколоски, Скопје, 1980, с. 64 - 65.
277 В. А. Николаев, Рударството.., с. 140.

# ГЛАВА III

## ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДСТВО И ВИДОВИ НА РУДНО БОГАТСТВО

### 1. ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДСТВОТО

Начинот на производството во рудниците на Македонија во време на турското владеење се одвивал врз основа на законски издадените и кодифицирани закони за рударството во Османлиската империја. Законите биле донесувани во различни временски периоди и обично се однесуваат на заедничките обврски и задолженија на сите оние лица кои учествувале во почетниот и завршниот процес на производството и топењето на рудните богатства, почнувајќи од составот на управните органи, па се до оние стручни лица, кои учесвувале во главните или помошните операции на материјалното производство.

Во текот на целиот период од развојот на рударството во Македонија во време на турското владеење, биле ползувани и експлоатирани различни видови на иструменти и алати, како што биле : копачи, чекани, клинови, мотики, копачи-мотики, различни видови на сврдла, железни пили или бичкии и секири. За вадење на ископаната руда се употребувале ,,севозможни по форма и најчесто дрвени гребла и лопати,, .[278]

Обично доколку се претпоставело дека на една одредена површина се наоѓа лежиште на некоја руда, се отпочнувало со копањето. Според однапред определените со закон работни задачи, во длабинското копање се одело ,,од 72 до 100 метри,, , а по потреба и од 112 до 150 метри. Притоа се отварале ровови од левата и десната страна во широчина од 8 кулачи ( мерка за должина б.м. ), од кои еден фат (клифтер) изнесувал вообичаена должина од 1.71 м2 . [279] Пренесувањето

---

[278] С. Андреев - Е. Грозданова , Из историята на рударството , с. 46-47.
[279] H. Yuksel , Osmanli doneminde, s. XXXVI.

на рудата од дупките и галериите се вршело со коритца или специјални кожени торби, а во одредени периоди и со некој вид дрвени вагонетки слични на дрвени санки.[280]

При постоечките услови на работа и степенот на развојот на средствата за производство, најмногу бил употребуван ,,огнениот метод,, на работа, кој се базирал на неопходни промени на температурата при процесот на пржењето и топењето на рудата. Во близината на рудниците и рударските окна, во најчести случаеви биле постројувани печките за топењето на рудите, како и самоковите, каде се вршеле термичката обработка и ковањето на железото, или претопувањето на оловото, бакарот и сл. Многу често самоковите биле ,,покренувани со водена сила,, затоа биле подигани во близината на речните текови, слично како млиновите и валавниците.[281] Пред да се започне со топењето на рудата, на почетокот секогаш бил разгоруван огнот во печките, а потоа во нив се истурале рамномерно слоеви од руда и ќумур. Меѓу најстарите видови на печки за топење на рудата биле ,,јаместите печки,, или уште наречени ,,волчји јами,, , кои биле вкопани во земјата и измачкани со глина за изолација на температурата.[282]

Постоела строга и со рударски закони и прописи регулирана, општа, поединечна и посебна поделба на сите производни операции или редослед на нужни задолженија на целокупниот број лица, кои учествувале посредно или непосредно во работата на рудниците, топилниците, самоковите и ковниците во Османлиската империја. [283] Така на пример, при одвивањето на процесот на производството и обработување на железото во Мрвешко, имало строга поделба на производните операции. Откако железната руда ќе се извадела од рудникот или, во помала количина, и од реките, се собирала на куп.[284]

---

280 С. Андреев - Е. Грозданова , Из историяата на рударството , с. 47.

281 A. Stojanovski , Vranjski kadiluk u XV veku , Vranje , 1985, s. 118.

282 Г. К. Георгиев , Старата железодобивна, с. 54.

283 F. Spaho, Turski rudarski zakoni , 163 - 194 ; В. Скариђ , Стари рударски.., с. 5-24 ; М. Беговиђ , Наши називи у турским рударским , с. 19 -25.

284 И. Катарџиев , Серската област, с. 77.

Следната задача било производството на јагленот, неопходно потребен за редуцирањето на железото, а на трето место ,,доаѓале пехчарите - работници,, , кои од своја страна ја претопувале рудата во пехцата и добивале железо.[285] Оваа етапа на производството била една од најтешките и сложени операции при репродукцијата на железо, посебно ,,вадењето на наковот од пехцата и неговото сечење на две половини,, .[286] Во оваа производна операција обично учествувале по 4 работници распоредени во неколку работни смени. Четвртата производна операција на железото била извршувана од страна на самоковарите, односно работниците, кои ги исчукувале наковите во самоковите и ги преработувале во железни прачки погодни за финална перaботка и трговија,, . [287] При извршувањето на наведените работни задачи се барало посебна квалификација, стручност и знаење, а вработените лица во самоковите биле назначувани како ,,самоковџии,, . За да биде произведен еден работник во мајстор, било ,,потребно да работи три години како калфа,, . Во самоковите работеле еден мајстор и двајца калфи кои се сменувале.[288] Извршителите на последната етапа од технолошкиот процес при обработка на железото, биле зинерите односно железаро - ковачите,, , кои од железните прачки произведувале финални производи, потребни орудија и алати за земјоделството и домаќинството,,.[289]

Во Демир-Хисарско и Неврокопско рудата се ставала во ,,пехцата,, , од ,,домашен тип,, , со висина до 5 метри, во која одгоре се фрлало јаглен, а од страните 2 мева го подржувале огнот и го хранеле со пресен воздух.[290] Меровите се движеле со механизам сличен на валавницата, додека ширината на печката била до 2 метра во дијаметар, при што, растопената руда веднаш ја пренесувале под чеканот, наречен самоков,

---

285 Исто.
286 Исто.
287 Исто.
288 Исто.
289 Исто.
290 Етнография на Македония , т. I , София , 1990, с. 368.

со кој се удирало железото. Тој се движел исто така преку механизам со вода, а тежел до 150 килограми.[291]

Во првите рударски закони за работа во рудниците од XV и XVI век, како и во законите за рударството од XIX век, посебно внимание било посветувано на дефинирањето и определувањето на технологијата на производството. Во рударските закони од втората половина на XIX век, покрај другите одредби, се подвлекува во каков вид на фабрика треба да биде преработена рудата, видот на рудата што ќе се топи, и во кој размер и во каква положба треба да се наоѓаат фабриката и другите постројки.[292] Во друг рударски закон се утврдува со кои методи ќе се работи, бројот на печките што ќе се изградат, на машините и на другиот прибор, времето кога ќе започне експлоатацијата; местото од каде ќе се вади рудата или супстанцата; квалитетот, квантитетот и потеклото на материјалот за горење, односно какви ќе бидат ,,машините, алатите и другите згради и за изворот на вода,, .[293]

---

291 Исто.

292 Sureti Hatti Humayum , Istanbul , 1278 hicri ( 1861 ) , Basbakanlik Arsivi Kutuphanesi , Istanbul , F . Mad , No . 4990.

293 Reglament des mines , Istanbul 1286 hicri ( 1869 ) , Basbakanlik Arsivi Kutuphanesi , Istanbul , F.Mad. No. 3245.

## 2. РУДИ

### А. ОЛОВО

Во редот на водечките рударски производи во Македонија во време на турското владеење, на прво место доаѓало оловото. Неговата интензивна експлоатација од страна на државата за потребите на војската, започнува уште во текот на првите векови од развојот на Османлиската империја. Исто така оловото своја употребна вредност имало и во регулирањето на потребите во градежништвото при правењето на џамиите, сараите, мостовите, ановите, амамите, карван-сараите, црквите, манастирите, кулите и слични градби, кои се граделе за потребите на владеачката класа, за трговците, патниците, намерниците и за задоволување на потребите на останатото население во државата.

Оловото како елементарна појава во природата е доста распространето и никогаш на се наоѓа чисто. Најмногу се среќава соединето со рудата на галенитот, односно со бакарот, среброто, арсеникот и железото.[294]

Според турските извори од XV - XVI век, како главни центри за производство на олово во Македонија се регистрирани Кратово и Сидерокапса, а рудници на олово се наведуваат и во кадилаците на Солун, Битола, Скопје, Велес, Струмица и Штип.[295] Според на други показатели, кои се однесуваат на периодот од XVI-XVII век, оловото добивано од Скопје, Кратово, Врање и Струмица, било пренесувано во градот Солун.[296]

---

294 Н. Поповъ , Стокознание на Търговски и промишлени училища, Свищовъ , 1899,с. 154-155.

295 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s.36; Истиот : Рударството во Македонија, с.95.

296 АО ИНИ, А.С. Шофман , К вопросу об економическом положении Македонии в эпоху турецкого владыIчества на Балканах , с. 56.

Бројните османлиски документи од XVI век, во кои султанот и централните власти бараат да се доставува олово за потребите на војската, бродарството и градежништвото, само потврдуваат дека примената на оловото во текот на првите фази од турското владеење во Македонија имало огромни размери. Така на пример, во текот на втората половина од XVI век, султанот наредил до кадиите на Скопје, Кратово, Штип и Велес, за потребите на великиот везир и неговиот зет Мехмед паша, кој градел свои завештанија и му било потребно олово, истото да се пренесе во количина од 600.000 кантари до Солун, од страна на ,,колари кирациии,, и ,,превозници арабаџии,, .[297] Дека оловото од Кратово било користено при градењето на џамиите, се потврдува и од една заповед од 9. II. 1588 година, доставена до извршните органи на кратовскиот, кадија во која се барало за потребите на Истанбул ,,да се набават илјада кантари олово од рудниците кои се наоѓаат во подрачјето на твојот кадилак,, .[298] Оловото било употребувано и за правење на оловни плочи при градењето и покривањето на црквата во с. Лесново - Кратовско во текот 1581 година, каде работеле мајсторите Дамјан и Богое, изнајмени од страна на кнезот ,,Кратовски Никола Боичик,, .[299]

Податоци за поинтензивното производство на оловото во Македонија се среќаваат и за рудникот Сидерокапса, кој се наоѓа во југозападниот дел на Халкидичкиот полуостров, на југоисток од градот Солун.[300] За добивањето и експлоатацијата на оловото во Сидерокапса, ценети податоци соопштува познатиот француски патеписец, лекар и научник Пјер Белон, кој во средината на 1547 година, ја посетил Европска Турција, а со тоа и рудниците за злато, сребро и олово во Сидерокапса.[301] Тој наведува дека оловото кое се топело

---

297 АО - ИНИ , F. Muhimme defteri, No. 22/16; No. 24/20; S.Rizaj, Tri fermana iz 1573 i 1574 godine o rudarstvu J I Srbije, Kosova i Makedonije, Vranjski glasnik, knj. V, Vranje , 1969, s. 370-371.

298 АО- ИНИ, F. Muhimme defteri, No. 62/3.

299 И. Ивановъ, Български старини из Македония, София, 1917, с. 160.

300 В. Николаев, Рударството в югозападна България и югозападна Македония , с. 135.

301 Исто, с. 133.

со оган од дрва, се разликувало од тоа што се топело со ќумур и ,,дури не изгледа како олово, туку поскоро личи на метални отпадоци ,, , и дека ,,после одново се топи, за да се добие олово,, .[302]

Нешто поконкретни податоци за производството на оловото во македонските рудници за задолволување на потребите на Османлиската империја, се срекаваат од средината на XVIII век, посебно за рудникот Сидерокапса. За истиот рудник, според извештајот на францускиот конзул Жонвил од 1750 година, се наведува дека ,,оловото му било продавано на ага задолжен да го снабдува султанот,,, кој, како закупец и управник на рудникот, оловото го ,,купува кога количината потребна за султанот не му достигнува,, ,[303] Од наведеното олово се правеле сачми за пушки и останати производи, а ,,неговата консумација може да се качи на 3.500 квинтали,, .[304]

Особено карактеристични податоци за употребата и производството на оловото се срекаваат во текот на втората половина на XVIII век, кои повеќе се однесуваат на рудникот Сидерокапса. Така на пример во една наредба од 29. VIII. 1761 година, доставена до повереникот на наведениот рудник, се барало да ,,подготви од производството на споменатиот рудник 150 кантара олово за потребите на тврдината на Бар,,.[305] На 19. VI. 1762 година, пак било издадено ,,тезкере,, со пресметка за цената на транспортот на олово на еден англиски брод, со кој била пренесена количина од 1.003 кантара олово од Солун во Истанбул, кое било претходно произведено од рудниците на Сидерокапса.[306] Слични примери се срекаваат и за употребата на оловото за задоволување на потребите на војската на Османлиската империја. Во една наредба доставена до еминот на рудникот Сидерокапса, покрај

302 Исто, с.152-153.

303 M. Laskaris, Salonique a la fin du XVIIIe siecle d apres les rapports consulares francais, Athene, 1939 , 30-31.

304 Исто, с. 47.

305 Basbakanlik Arsivi, Istanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane (F.3-E/I ), No. 176.

306 Исто. No. 100.

другото, се барало де се произведат 550 кантари олово за потребите во тврдините на Босна и Скадар ( Искендерије ) .[307]

На ова се надоврзуваат и податоците во врска со изработувањето на топови во Истанбул, при што, во текот на првата половина од 1794 година, од околината на Солун, Еницевардар, Серез, Неврокоп, Аврет Хисар и рудникот Сидерокапса, со берат се барало да се произведат 750.000 оки руда за потребите на воената флота, односно ,, да се обезбедат 300.000 оки руда и да се испратат во Истанбул за правење котви за бродовите.[308]

Производството на оловото во Македонија во текот на XVIII - XIX век во голема мера опаднало, благодарејќи пред се на појавената конкуренција од рударските центри во Европа. Оваа појава во голема мера се должела и на мошне примитивниот начин на експлоатацијата на оловната руда во Османлиската империја, за што соопштува и познатиот француски патописец Ами Буе, кој за производството во Кратово наведува дека од 400 оки среброносна и оловна руда, се добивало 200 оки олово и 700 драма сребро.[309] За опаѓање на производството на оловото зборува и фактот што Османлиската империја во текот на втората половина од XIX век, по налог на султанот и великиот везир, вршела купување на олово од Европа.[310] Во врска со експлоатацијата и производството на оловото во Македонија при крајот на турското владеење, се среќаваат податоци дека меѓу главните руди, во кои спаѓале хромот, антимонот и магнетитот, било и ,,среброносното олово ,, .[311] За рудниците на Кратово и неговата каза, се наведува дека има рудници на олово, кои при крајот на XIX век не работеле, а во околината

[307] Исто. No. 541.

[308] Исто. No. 541.
[309] Историја на македонскиот народ, кн. втора, Скопје, 1969, с. 19.
[310] Опис на османотурски документи за занаяти и търговия ( XVI- XIX в. ) запазен в Ориенталния отел на Народната библиотека ,,Св.Св. Кирил и Методий,, , София ,1993, с. 724.
[311] К.С. , Бъ лъ жки за търговията и индустрията на Македония, Български прегледъ, Списание за наука, литература и општествен животъ, г.II , kн . IV-V, софиия,1895. с. 102.

на градот Скопје, покрај останатите рудни богатства, имало и ,,олово со сребро и антимон ,, .[312]

## Б. С Р Е Б Р О

Експлоатацијата на среброто во Македонија во време на турското владеење имала главно значење за регулирање на финансиските состојби во турската држава. На прво место доаѓалоковањето на парите ( акчи ), кои биле неопходно потребни за издржувањето на бројните државни служби, а најмногу на војската, за водење на освојувачки војни, посебно во текот на првите векови од формирањето на Османлиското царство на Балканот. Меѓу најважните рудници на сребро во Македонија, според податоците од 1475 година, регистрирани од страна на Јакопо де Примантарио од Ѓенова, биле Кратово, Серез, Солун и Сидерокапса. [313] Нешто подоцна, во текот на 1680 година, католичкиот надбискуп Петар Богдани со служба во Скопје, спомнува сребрени рудници и во поширокота околина на Скопје, каде се ковале и пари.[314] Во рамките на наведениот период се произведувале два вида на сребро и тоа ,,бело или чисто сребро и гламско или фино сребро, кое било помешано со злато,,.[315]

Улогата и значењето на среброто во текот на првите векови од турското владеење, најмногу се потврдуваат со издадените рударски закони за работата во рудниците и ковниците на пари од XV- XVI век. Тогаш биле потврдени и модифицирани некои стари закони за рудниците во Србија и Бугарија, а посебно во Македонија. Кодифицирани закони од страна на првите турски султани, се однесуваат на Кратово од 1390, 1475, 1482 и 1488 година,[316] потоа на Сидерокапса од 1451-1478/9, на

[312] Salname-i Vilayet -i Kosova, Istanbul,1314 (1896) , c. 229.
[313] С. Ризај, Рударсвото во Македонија, с.93.
[314] А. Матковски и П. Ангелкова, Неколку кратки патеписи за Македонија, ГИНИ. г . XVI, бр 1, Скопје. 1972,с.255-256.
[315] К.Н Костиќ, Стара српска трговина и индустрија, с. 142.
[316] N. Beldiceanu, Les actes des premiers sultans , s. 179- 183, 191-197; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova , s.239 - 146.

Серес од 1460/61 или 1470/71., 1475/76, и на Кавала од 1488 година.[317] При топењето на сребрената руда, во моментот кога се добивал финалниот производ на среброто, покрај лицата задолжени со технолошко-техничките операции при работата, со закон биле задолжени и обврзани да присуствуваат и ,, мубаширите, кадијата еминот, писарите и мајсторите ,, .[318]

Важноста и значењето на среброто била толку голема, што првите султани на Османлиската империја, од своја страна го забранувале извозот на среброто надвор од државата и издавале строги наредби, дека среброто ќе требало да останува за задоволување на постојаните потреби при одвивањето на работата во султанските ковници.[319]

Повеќе податоци за производството на сребро во Македонија од средината на XVI век се среќаваат за рудникот Сидерокапса. Во еден пресметковен дефтер за овој царски рудник во периодот од 25. 01. 1542 до 07. 09. 1542 година било произведено сребро во жица, ситни остатоци и други различни остатоци чија вкупна парична вредност изнесувала 177.567 акчиња.[320] Од годишното производство на сребро во рудникот во Кратово во 1519 година, само 1/5 била задржувана во полза на султанот, а таа изнесувала 76.667 акчиња, износ кој во текот на 1530 година се зголемил на 500.000 акчи, кон кои биле вклучени ,,уште и паричните вредности на ушурот од среброто, ушурот од земјиштето од кое се копало рудата и ушурот од рудата ( cevher ),, .[321]

Со рудникот Сидерокапса е поврзана и изработката на монетите од сребро. Првите од нив биле ковани во времето на султанот Бајазид I (1389-1402), а ковањето продолжило во текот на целиот XVI век, во време на султаните Сулејман II Величенствени ( 1520-1566 ), Селим II (1566-1574 ), Мурад III ( 1574-1594 ) и Мехмед III (1594-1603 ).[322]

---

[317] N. Beldicianu , Les actes des premiers sultans, s. 183-188, 190-191, 216-217.
[318] F. Spaho , Turski rudarski zakoni, s.169.
[319] К. Јиричек , Историја Срба, т. IV, Београд , 1923, с. 101.
[320] Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Maden Mukataa Defteri , No. 22691.
[321] А. Стојановски , И. Ерен , Кратовската нахија во XVI век, с.80
[322] В. Николаев , Наблюдения на множество редки и забелезителни неща ..,с. 247.

Кога станува збор за производството на среброто, во законите за рударството посебно се подвлекуваат строгите казнени одредби при купо-продажбата на среброто од страна на сарафите, кои со закон биле задолжени да го продаваат на царските ковници.[323]

Експлоатацијата на сребрената руда и производството на сребро биле поврзани и со донесувањето на низа други прописи во врска со регулирањето на начинот на производството.[324] Така, во рудниците и ковниците се воделе посебни дефтери за количеството на ископаната руда или за употребата на работниците за ковањето на среброто. На тој начин се работело во периодот од 1696 /97 до 1821/22 година.[325] Така, во текот на првата половина од XVIII век, од страна на централните турски власти биле ангажирани посебни ќехаи за предавање чисто сребро во износ од 74.627 гроша во цариградската монетарница кое требало да послужи за ковање сребрени пари.[326]

Богати се показателите за производството на сребрената руда во втората половина на XVIII век, кои одново се однесуваат пред се на рудниците во Кратово и Сидерокапса. Така на пример во еден извештај од 09. 05. 1775 година, се наведуваат податоци за произведената ,,количина на сребрена руда од рудникот во Кратово,, и за доставувањето на истата до топилницата и ковницата, при што добиеното сребро било прво измерено и потоа исковано во пари, кои биле предадени на инфрасциите (дистрибутери).[327] Во друг извештај од 29.09.1775 година, се наведува дека пристигнале 4.000 дирхема сребро од рудникот во Кратово за ,,поделување на инфрасциите во Истанбул,, ,[328] а во текот на март 1785 година во врска со пристигнувањето на ,,чисто сребро од кратовскиот рудник во дарбхането,, , биле измерени 9.894 дирхема и

---

323 R. Ahangger - H. Inalcik , Kanunname-i sultani ber muceb -i orf -i Osman-i .., s. 15-16.
324 В . Скариќ Стари турски ракопис о рударским пословима и терминологији, с. 13.
325 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Darbhane Defterleri , G. N. 164.
326 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi Darbhane , No. 3151.
327 Исто , No. 2733
328 Исто , No. 1100

истото сребро било ковано во монети, поделено и предадено на инфрасциите.[329]

Во однос на производството на сребро од рудникот Сидерокапса во текот на втората половина од XVIII век, се среќава податокот дека на 11.10.1781 година биле предадени ,,двеста кија сребро во дарбхането, колку што е обврзан секоја година да предаде мутесарифот на закупот на рудникот Сидерокапса Чауш Заде Ахмед ефенди,, .[330] Во друг документ од 19.08. 1785 година, станува збор за испорачување и предавање во дарбхането ,,едномесечен производ на чисто сребро од рудникот на Сидерокапса,, , со цел да се извршело ковање на монети и истите да бидат поделени за потребите на инфрасциите.[331]

Во определени случаеви, при крајот на XVIII век, од страна на турските власти било барано вадењето на среброто за потребите на царските монетарници и благајни да го обезбедува населението на оние региони, каде постоеле рудни богатства. Таков е примерот со градот Солун од 1790 година, кога ,,владата побара од солунското население 3.000 оки сребро по цена од 9 аспри, додека тековната цена беше 12 пари драмот,, .[332]

Во текот на XIX век се до крајот на турското владење, во редот на попознатите се спомнува рудникот Мадендар на Халкидичкиот полуостров, посебно рудникот кај селото Извор, [333] како и ,,сребрениот рудник од Маденските села кој се наоѓа во Солунскиот санџак,, .[334] За рудникот Мадендар, според еден царски ферман, издаден 12. 01. 1820 година, се наведува дека со неговото експлоатирање се нафатиле ,,самоволно и со одобрение,, рајата - жители на рудникот, под услов да го плаќаат на државата и на надлежните власти определениот годишен данок

---

[329] Исто, No. 1697
[330] Исто , No. 724
[331] Исто , No. 1645
[332] N. Svoronos , Le kommerce de Salonigue au XVIII - e siecle , Paris , 1956, s. 56.
[333] А. Матковски , Македонија во делата на странските патеписи ( 1778-1826), кн.втора, Скопје, 1991, с. 70; Б. Цветкова , френски патеписи за Балканите , София , 1981, с. 48.
[334] АИНИ , Ј . К . Ваздравели , Историски архив на Македонија , Солунски архив (1695-1912), т. I, Солун , 1952, с. 157.(превод)

во износ 37.621 гроша, потоа данокот на глава, административните и обичајните трошкови и такси за канцелариите, како и 85.000 гроша „камати на Мојата специјална императорска благајна„ .[335]

Кон средината на XIX век се споменуваат „темните ридови на Кратово (Caratovo) во кои има рудници на сребро„,[336] како и други рудници.[337] Кон крајот на XIX век, иако Турција претставувала една од „најбогатите земји во светот со подземни рудни наоѓалишта„ , поради развојот на општите економскии политички состојби внатре во земјата и присуството на техничко-технолошките недостатоци во начинот на експлоатацијата и производството, рудните богатства сепак не можеле „максимално да се искористат„ .[338] Таква била состојбата со експлоатацијата на среброто, од која 32% оделе во отворена загуба.[339] Што се однесува до самото Кратово, регистрирани се податоци дека при крајот на XIX век рудниците привремено не биле експлоатирани.[340]

## В. Ж Е Л Е З О

Меѓу металните руди кои одиграле главна улога во развојот на рударството во Македонија во време на турското владеење, било производството и преработката на железото. Тоа воглавно се употребувало на прво место за војската и морнарицата, потоа во градежништвото како и за развитокот на разните видови железарски и металопреработувачки занаети и еснафи. Од редот на главните железни руди, најчесто се експлоатирале : магнетитот, хематитот или црвената железна руда, лимонитот, сидеритот и др.[341] За понатамошната

---

335 Исто, с. 158.

336 Македонија во делата на странскита патеписи ( 1826 - 1849 ) , кн. трета , Скопје, 1991, с. 428.

337 Немски извори за българската история, т. I, ( 1875 -1877), сяставили В. Паскалева, К. Косев, М. Донева, София, 1973, с. 150.

338 R. Onsoy , Osmanli Sanayi ve Sanaylesme politikasi , Ankara , 1988, s. 83.

339 Исто

340 Salname- i Vilayet- i Kosova, 1314 (1896), s. 229.

341 Н. Поповя , Стокознание за търговски и промишлени училища, Цвищтовъ, 1899, , с. 164.

преработка на железото, биле правени посебни ковници или т.н. самокови, кои обично се граделе во повисоките планински села и покрај реки, каде што имало доволно вода за чистење на рудата и ладењето на железото при неговата обработка.[342]

Во текот на првите векови од турското владеење, во многу места на Македонија на „примитивен начин се пречистувал железен песок„ , почнувајќи од пределите на горниот тек на реката Вардар, се до областите на Халкидичкиот Полуостров, меѓу кои влегувале и железните дупки кај с. Тарлис, потоа областите меѓу Серез и Неврокоп, од чија рударска дејност уште пред доаѓањето на Турците - Османли на Балканот, свои приходи добивал и манастирот Лавра на Света Гора.[343] Како што соопштува и турскиот географ и хроничар од XVII век, Хаџи Калфа, планината Бериде, односно Пирин планина со градовите Неврокоп и Мелник, „била богата со железни рудници„ .[344]

Со оглед на нараснатата и засилена потреба, улога и значење на железото во рамките на Османлиската империја во текот на XVIII и првата половина на XIX век, можно е да се заклучи дека и на територијата на Македонија продолжила интензивната експлоатација и производство на железото. Така на пример, во расположивите османски документи за рудникот на железо во Правиште од првите децении на XVIII век, се наведува дека се трнспортирало „руда и железни зрнца од работилницата во Правиште до пристаништето Текирдаг„ .[345] За истиот рудник се наведува дека на 5.VII. 1721 година, била испратена потврда до назирот дека доставените 22.078 оки руда, биле пристигнати во царската престолнина Истанбул.[346] Во една одлука за рудникот на железо во Сидерокапса, во 1761 година, се наведува дека железните „зрнца што ќе

---

[342] S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 38.
[343] К. Јиричек , Историја срба , с. 207.
[344] J. Hamer , Rumeli und Bosna geographisch beschrajben von Mustafa Ben Abdalla Hadschi Chalfa, Wien , 1812, s. 56.
[345] Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi Darbhane, No. 1170.
[346] Опис на османотурски документи, с. 66.

се топат во државната работилница, веднаш да се обезбедат и да се испратат од Сидерокапса - Солунска околија,, .[347]

Кон крајот на XVIII век, во врска со експлоатацијата на железните рудни богатства и воопшто се употребната вредност на железото во државата, исто така се регистрираат податоци и од страна на странските патеписи, кои во тој период ја посетувале Македонија. За градчето Негропонт, сместено ,,кон главниот извор на реката Ангиста, и селото Вронду, сместено на една притока на спомнатата река од западната страна,, , се наведува дека жителите од наведениот крај, иако биле сиромашни, работеле во ,,рудниците за железо, експлоатирани во околните планини,, .[348] Сепак, некои од рудниците на железо, како оние во Сер, Мелник, Драма, Демир Хисар, Неврокоп и др., во текот на целиот XVII и XVIII век, претставувале главни средишта за снабдувањето со железо и железни производи на европскиот дел на Османлиската империја.

Во периодот од 1820 до 1860 година, железо се вадело и во долината на реката Треска, односно во областа на Порече . Во рудникот, кој бил сопственост на крупниот турски феудален закупец Хаџи Рашид - Паша, покрај селаните од наведениот крај, работеле и селани дојдени од Босилеград и Ќустендил. [349] Понатаму, во еден извештај од 23.05. 1850 година, се наведува ,,предавањето на одредена количина на железо,, за потребите на државата и тоа ,,како бедел од производите на железната руда од рудникот Егри Дере ( Крива Паланка ) кој припаѓа на Скопскиот Ејалет,,.[350]

Од средината на XIX век и понатаму, се повеќе биле зголемувани и барањата на турските централни власти за задоволување на потребите од ,,чисто железо,,, кое се употребувало за ,,правење пушки во државната оружарска фабрика ,, .[351] Тоа им овозможувало на рудниците

---

347 Basbakanlik Arsivi - Istanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane, No. 1270.
348 А. Матковски , Македонија во делата на странските патеписи, кн. втора, с. 77
349 Историја на македонскиот народ, кн. втора, с. 20.
350 Basbakanlik Arsivi - Istanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane, No. 2643.
351 Документи за българската история , т. III. София , 1940 , с. 245.

за железо во Македонија, сеуште добро да работат,[352] посебно оние меѓу пределите на реките Места и Струма, и покрај примитивната експлоатација на железната руда. Во тоа време во околните места на Крива Паланка, од вкупно 700 оки руда, се добивало 18 оки чисто леено железо.[353]

Уште во првите децении на XIX век од страна на турската власт била преземена ,,иницијатива за испраќање свои трговски претставници за откуп на сурово необработено железо во Шведска, како и за набавка на орудија и гранати од Франција за потребите на турското рударство.[354] Во текот на 70- тите години од XIX век, сурово железо било внесувано и од областа Таган (Таган рог) во Русија.[355] При крајот на XIX век, како последица на општото опаѓање на производството на железото, преку трговски операции и трансакции, во Турција било внесувано железо од различен вид и квалитет. Само во текот на една година биле увезени околу 1.800 тони железни производи од Белгија, а вносот на ,,шведското железо достигнува 2.100 тони,, .[356] Во наведениот период експлоатацијата на железото се наоѓала во таква примитивна состојба, што била ,,невозможна конкуренцијата со претпријатијата во туѓина,, , кои незапирливо ги внесувале своите железни полуфабрикати и производи преку пристаништата на Турција, за задоволување на општите потреби и во внатрешноста на македонските градски и занаетчиски центри.[357] Но и покрај видното опаѓање на производството на железо во текот на втората половина на XIX век, па се до самиот крај на турското владеење во Македонија се среќаваат одредени податоци за експлоатација на железните рудници. Таков е примерот од средината на 1896 година, кога видни трговци од градовите Битола и Солун, на чело Мехмед ефенди и М. Данабаш, биле испраќани со железна руда во Виена, за да ,,видат во

---

[352] S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva , s. 40.
[353] Л. Соколов , Предусловите за развитокот на индустријата во Македонија, с.63
[354] С. Андреев - Е. Грозданова, Из историята на рударството и металургията, с.126.
[355] Исто
[356] К.С. , Бълешки за трговията и индустрията на Македония , с.107.
[357] Немски извори за българската история , т. I . с.149.

институтот, колку проценти содржи железо, за колку пари може да се продаде во Европа и дали може да се пронајде купец за 15.000 тони руда,,.[358] Соодветна потврда за тоа се и податоците, дека во текот на 1906 година, населението по селата на Пирин планина сеуште ,,произведуваат првокласно железо,, .[359]

## Г. З Л А Т О

Обичното злато, како еден од врвните и благородни метали, во природата се среќава во чиста, самородна состојба, растурено во песокот на некои планински реки, во златни и сребрени рудници или помешано со сребрени и оловни руди. Во Македонија уште од античкиот период се регистрирани податоци дека златни рудници се наоѓале и експлоатирале во разни делови на Македонија, како што е примерот со околината на градот Кавала, односно планината Пангај, Кушница или Прнар даг, во близината на Орфанскиот Залив.[360] На тоа се надоврзуваат и издадените средновековни закони во врска со експлоатацијата на златните руди и работата на златарите, кои имале право да ,,престојуваат само во оние градови, во кои било одредено да се коваат парите,, .[361] Нешто подоцна, во текот на првите векови од турското владеење, во Македонија и воопшто Османлиската империја, не се среќаваат ,,чисти,, рудници на злато и истото се добивало преку процесот на издвојувањето од сребрената руда и тоа преку нејзиното сепарирање и топење, како што е примерот со познатиот рудник во Кратово.[362] Според некои податоци, само во текот на XVI век, од рудниците на злато и сребро во Кратово се добивало околу 70.000 дукати, како едногодишен приход на државата.[363]

---

[358] Архив на Македонија ( А. М. ) , фонд . Михаил Данабаш , кн. 12 , л . 631 - 632 , 654 , 663-664 .

[359] Етнография на Македония , т.2. София ,1992, с.36.

[360] А. Матковски, Македонија во делата , кн. втора, с.565, 648; Й. Ивановъ , Населението въ Югоисточна Македония ( сърско, Драмско и Кавалско ), София, 1917, с. 5.

[361] С. Новаковић, Законик Стефана Душана цара српског 1349 и 1354 ., 1898, с. 247.

[362] S. Rizaj Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s.38

[363] П. Матковић , Путовања по Балканском полуотоку XVI века, рад, ЈАЗУ, LXII, Zagreb, 1882, s.101.

Во околината на градот Кратово посебно се истакнувале рударските села Божица,Власина и Масурица.[364] Но во средината на XVI век, добивањето на златото, според поновите проучувања, било незнатно, при што и не постојат ,,директни,, укажувања од страна на турските извори за појава на интензивна експлоатација и работа во златни рудници на наведениот период.[365]

Како втора област во која се вршело експлоатација на златна и сребрена руда и се произведувало злато во текот на првите векови од турското владеење во Македонија биле и рудниците во областа на Сидерокапса. Во описот на францускиот лекар и научник, Пјер Белон, од 1547 година, за рудниците на Сидерокапса се наведува, дека донесуваат ,,една мошне голема сума на злато и сребро за турскиот султан,, .[366] Во наведениот период, покрај подмирувањето на сите останати расходи и плати на службениците и работниците, како ,,чист,, данок на султанот, му бил исплатуван ,,доход од девет до дест илјади златни дукати,, месечно, или пак во одредени временски периоди ,,една сума од осумнаесет илјади златни дукати, а понекогаш и до триесет илјади - некогаш повеќе, некогаш помалку,, .[367] Што се однесува на пречистувањето на рудите, тоа се вршело со помош на планинските рекички : Пијаница, Амерпаш, Киприш, Рошец и Изводец, меѓу кои, некои од нив имаат имиња од словенско, а некои од турско потекло.[368]

Во тесна врска со улогата, значењето и употребата на златото во Османлиската империја, и посебно, со развојот на турскиот монетарен систем стоела и заштитата на вредноста на златото од страна на турските султани. Така на пример, паричната политика на султанот Мурад II ( 1421- 1444, 1446-1451 ) и неговиот син Мехмед II Фатих ( 1444-1446, 1451-1481) целосно била ориентирана кон издавањето на строги забрани врз одвивањето на ,,слободната трговија со злато во Румелија,, , или во

---

364 К. Костиђ, Стара српска трговина и индустрија, с. 147.
365 А. Стојановски и И. Ерен, Кратовската нахија,с. 81.
366 В.Николаев, Наблюдения на множество редки и забележетелни нещта, с. 135.
367 Исто.
368 В. Николаев, Големи минни предприятия, с.151.

случај на продавање на злато од страна на сарафите и трговците, како што се оние од Серес и Одрин, на истите им се наложувало ,,да го продаваат по утврдената такса и исклучиво на султанските монетарници,,.[369]

Во врска со производството и експлоатацијата на златото во Македонија во текот на првите векови од турското владеење се до средината на XVI век, можно е да се заклучи дека производството на златото се наоѓало во процес на општо опаѓање. Иако се среќаваат одредени податоци дека во 1680 година во околината на Скопје имало рудници на злато и сребро каде се ковале пари,[370] или за Кратово, дека во 1685 година во неговата поблиска околина и понатаму имало експлоатација на златни рудници,[371] производството на злато во текот на наредните векови , помеѓу крајот на XVII и средината на XIX век, се наоѓало во процес на забрзано опаѓање и исчезнување. Сепак, населението на Неврокопско, Мелничко, Разлошко, Костурско, Хрупишко, Гумениско, како и од некои други краеви на Македонија, се занимавало со премивање и собирање на златоносен песок по реките Струма, Бистрица, Маркова Река и др. Некои ,,златособирачи,, од Македонија оделе на работа секоја година во ,, мали дружини ,, и во Бугарија, се до нејзиното конечно ослободување во 1878 година.[372] Но, како последица од општото опаѓање на рударското производство во целата Османлиска империја, потоа од конкуренцијата на внесеното злато од Европа и уште повеќе од пронаоѓањето на златни рудници во Австралија (1851г.) Калифорнија (1848), Нов Зеланд ( 1859 ), Мексико, Перу, Чиле, Бразилија, Брит. Колумбија , Урал, Унгарија, Сибир (Алтај ) и др.,[373] и особено, поради примитивниот, нерентабилен и заостанат начин на производство,

---

369 F. Babinger, Religuienschacher um Osmanemhat im XV Yahruhundert , s. 46.

370 А. Матковски и П. Ангелкова, Неколку кратки патеписи за Македонија , с. 256.

371 С. Ризај, Рударството во Македонија, с.97.

372 Пановъ , Стокознание за търговски и промишлени, с. 141.

373 Н. Пановъ, Стокознание, за търговски и промишлени, с. 141.

во текот на втората половина од XIX век и собирањето на златниот песок по реките во Македонија, полека исчезнувало.[374]

Д. Б А К А Р

Улогата и важноста на бакарот во време на турското владеење имале многустрано значање. Турците - Османлии многу се интересирале за производството на бакарот, кој им служел за лиење на топовите за потребите на војската. Потоа голема била неговата употреба во занаетчиството, во правењето на разновидни садови, како што биле : котли, тенџериња, мангали, тасови, тепсии, саани, тави, чинии, чаши, ѓумови, ибрици и сл. Бакарот бил исто така употребуван и во градежништво, ковниците на пари и т.н.

Меѓу најпознатите рудници на бакар во текот на првите векови од турското владеење во Македонија, без сомнение биле оние во Кратово.[375] Во еден пописен дефтер од 1570 година, на ,,име приход од бакарената руда биле запишани 44.966 акчи, како и 6.833 акчиња од топилницата за бакар,, .[376] Во средината на XVII век, познатиот турски патеписец Евлија Челебија, наведува дека во околината на Кратово се наоѓале и експлоатирале руди на ,, чист бакар и сребро,,. Тука дење и ноќе, на чело со еминот, работеле околу 200 луѓе.[377] Всушност во XVII век градот Кратово бил познат како рударско место, каде била експлоатирана, покрај останатите, и бакарната руда.[378] Според записите на турскиот географ Хаџи Калфа од XVII век, градот Кратово бил познат и по развиеното производство и трговија со бакарни садови,[379] каде се

---

374 Г. Бончевъ , Старото рударство б България и Македония , Списание на БАН , кн. XIX , София , 1920, с. 34~35.

375 К. Јиричек, Историја Срба , Књ. III , с. 207.

376 А. Стојановски и И. Ерен, Кратовската нахија,с.81.

377 E. Celebi , Putopis, Odlomci o jugoslavenskim zemljama, s. 292,; Љ. Лапе, Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје,1959, с. 194.

378 К. Костиђ , Наши нови градови на југу, Београд, 1922, с. 113.

379 И. Снъгаровъ, История на Охридската архиепископия отъ паданието и подъ Турцитѣ до неиното унищожение, II , 1394 1767, София , 1932, с. 166.

истакнувала казанџиската чаршија со бакарните производи, направени поубаво дури и од оние во Босна и Кастамону (Анадолија) .[380]

Широката употребна вредност на бакарот во занаетчиството за изработката на разни видови бакарни садови за домаќинствата и посебно за задоволување на владеачките кругови на Османлиската империја, целосно се потврдува и од податоците за постоењето и работата во 1763 година, на една ,, бакарна работилница во Кочани,, .[381] Од 70 - 80- те години од XIX век, постојат податоци за работата на казанџискиот еснаф во Скопје, на чело со главниот мајстор - Томче Јован.[382]

Меѓутоа, иако Османлиската империја била една од најбогатите земји со подземни рудни наоѓалишта во текот на XIX век, кога најмногу се истакнувале рудниците на бакар во Мала Азија (посебно во областите помеѓу Диарбекир - Анкара - Сивас - Ерзурум), кои биле богати ,, како никаде во светот ,, ,[383] сепак загубата при производството на бакар во турската држава, во наведениот период достигала дури и до 40 % .[384] На состојбата на бакарните рудници во Македонија при крајот на турското владеење, укажуваат податоците за откриен рудник на бакар во близината на селото Билизенци, недалеку од Кратово, по падината на планината Плавица, на ридот Ѓупка ,[385] односно за наоѓалишта на големи количини бакар и оловно сребро во Кратово, по сртот на планината Карадаг.[386] За општото опаѓање на производството на бакар во Османлиската империја говорат податоците од 1895 година, кога за само една година биле увезени во Турција и до 100 тони бакар од Англија и Германија.[387]

---

380 Стопанска история на България , София, 1969, с. 151.
381 Basbakanlik Arsivi - Istanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane , no. 2962.
382 А. М., Ф. Скопска турска општина , к. 6., а.е., 304/349.
383 Немски извори за българската история, т. I, с.149.
384 R. Onsoy , Osmanli sanayi ve Sanaylesme, s. 83.
385 Г. Петровъ, Материали по изучуването на Македоия,София, 1896, с.584.
386 Н. Димчевъ , Значението на гр. Солунъ въ турско отношение, Списание на българското икономическо дружество, г II, кн. 6, 7, София , 1897, с.261.
387 К.С. Бълъшки за търговията и индустрията на Македония , с. 107.

## Ѓ. С У Л Ф У Р

Сулфурот како неметал и во голема мера доволно распространет во природата, најмногу служел за правење на барут, кој во развојот на воената индустрија на Османлиската империја играл клучна улога.

Според досегашните сознанија како први податоци за експлоатацијата и производството на сулфурната руда во Македонија, се земаат оние од втората половина на XVI век, кои се однесуваат на селото Лесковец - Охридско.[388] Од страна на турските властти се барало во текот на 1572 година, селаните од наведеното село да произведат 150 кантари сулфур годишно, при што ,,таквото производство било важно,, и се барало веднаш, преку ,,стручни лица да биде проверено и известено дали во ова село постоел рудник за сулфур,, .[389] Во друг ферман од 24 .05. 1572 година, доставен до кадијата на Охрид, покрај другото, се наведува дека иако ,,постоеле тешкотии околу транспортирањето на произведениот сулфур во Охридската каза,, , се барало да бидат пронајдени ,,потребен број коњи и сулфурот да биде на време пренесен на одреденото место,, .[390] Поради нараснатата потреба за производството на сулфурот, во средината на 1638 година, како ,,заеднички емини на мукати за сулфурот во Охридскиот кадилак,, , биле назначени Мурад бег и Хасан бег, жители на градот Лерин.[391] Истите лица пред органите на градскиот меџлис ( градскиот совет ) и во присуство на дотогашниот емин на спомнатата мукатаа за сулфур - Осман бег, син на Алија, потврдиле дека примилее од него 10.783 акчиња и дека врз ,,основа на царскиот ферман,, , го откупиле производството на сулфур за 44.900 акчиња .[392] Кон средината на 1639 година, за пренесувањето на ,,мирискиот сулфур,, во

---

388 Д. Шопова , Македонија во XVI и XVII век, с. 31- 32; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva , s.41; М. Здравева , Експлоатацијата на сулфур и шалитра, с. 109-110;

389 А.О. - ИНИ, М.Д. , No. 16, 1.30/I.

390 Исто, No. 21, l. 3/2.

391 А. О. - ИНИ , Б.С. , бр., л. 13/II.

392 На истото место.

Солун, од страна на турските власти било наредено да бидат земени „доволен број на кираџиски коњи„ , од кадилаците на Охрид, Битола, Лерин, Прилеп, Преспа, Беглиште, Хрупишта, и Костур, со напомена, во целост да биде извршена работата.[393] Според расположивите податоци можно е да се заклучи, дека за периодот од 1641 до 1651 година, просекот на производство на сулфур за една година се движел од 800 до 1.200 кантари, или дури и до 1.890 кантари.[394] Сулфурот што бил произведуван во селата Косел, Велгошта, Илино, Рашанец, и Скребетино-Охридско, обично се употребувал за задоволувањето на производните капацитети на барутаните во Цариград, а нешто подоцна, од почетокот на XVII век, бил доставуван и на барутаната во Солун.[395] Тоа се потврдува и од содржината на еден „дефтер за пресметки на закупот на рудникот за сулфур во Охридската Каза„ , за временскиот период од 1698 до 1721 година.[396]

Производството на сулфур во Македонија продолжило и во наредниот век. Така во еден ферман од султанот Ахмед III (1703-1730) доставен до кадиите на Охрид, Битола, Прилеп, Лерин, Преспа, Хрупуиште и Костур се бара да се соберат 300 коњи за пренесување на сулфурот од Охрид за барутаната во Солун.[397] На секој коњ се предвидувало да се товарат по 2 кантари (44оки) сулфур и на рајата да се платело за секој товар по 160 акчиња.[398] Од друга страна, во врска со задолженијата и обврските на рајата за собирање готови пари за производството на сулфурот, само за Битолскиот кадилак за 1711 година, било „распределено„ да се соберат 20. 000 акчиња .[399] Или, според документот од средината на 1712 година во врска со работата во рудникот на сулфур во Охридско, каде работеле 154 работници годишно

---

393 Турски документи за историјата на македонскиот народ , Серија прва ( 1607 - 1699 ) , т. III, под редакција на М. Соколоски, Скопје,1969, с.107.
394 М. Здравева, Експлоатацијата на сулфурот и шалитрата , с. 110 .
395 Исто, с.111.
396 Basbakanlik Arsivi , F. Bab - i defteri maden mukataasi, G. No. 22736.
397 АИНИ , Б.С, бр.33, л. 14/IV .
398 Исто.
399 АИНИ , Б.С. , бр.34., л. 41/I

се произведувало во просек над 600 кантари сулфур кој се извезувал во Солун. За својата работа работниците дел од платата ја добивале во готово, а другиот дел им се задржувал за отплата на џизието,,.[400] Кон ова се надоврзува и податокот кој се однесува на ,,реновирањето на работилницата за сулфур,, од 1729 -1730 година во Охрид. Таа се ,,распаднала,, , а за нејзино реновирање и поправка бил задолжен наибот на градот, Абдул Азиз, со задолжение да го организира населението од наведениот регион да помага.[401]

Во други османлиски документи од 80-тите години на XVIII век, станува збор за плаќање на даноците ,,нузул и авариз,, на населението од Битолскиот кадилак. Всушност тоа се однесувало на ,,неплатените средства за преносот на сулфурот,, , кои изнесувале 900.300 акчиња и истите средства за тековната 1780 година биле ,,наложени врз населението на градот,, , на некои села, на чифлиците и врз постоечките 168 1/2 ханиња на Битолската каза.[402] Другиот случај во врска со регулирањето на ,,расходите околу транспортирањето на сулфурот,, се однесува на 1781 година. Расходите изнесувале 901.500 акчиња, која сума, исто така, била наложена врз населението на градот, на чифлиците на неколку села и врз постоечките 167 1/2 ханиња во Битолската каза.[403]

За производството и експлоатацијата на сулфурната руда во Македонија при крајот на XVIII и првата половина од XIX век ценети податоци се среќаваат во повеќето издадени наредби за подмирување на обврските од страна на сите кази, кои биле задолжени да го пренесуваат сулфур до барутхането во Солун. Притоа се нагласувало да го ,,го засилат испраќањето сулфур,, , како што се наведува во една наредба од 19.о5.1783 година која се однесува на казите во Серез, Штип, Велес и Кочани.[404] Во друга пак наредба од 30. 01. 1793 година, во врска со пренесувањето на сулфурот, кој се вадел од рудниците на Охридскиот

400 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi Darbhane, G. No. 2893.
401 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi, No. 1978.
402 АИНИ , Б.С. , бр. 63, л. 100/3.
403 Исто, л. 83/2.
404 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Askeri , No. 12600; F. Cevdet Tasnifi No. 877.

кадилак се укажува истиот да се транспортира до барутаната во Солун.[405] И ферманот на султанот Селим III ( 1789 - 1807 ) од 07.11.1804 година, наредува собирање на данокот бедел за 305 товарни коњи од Охрид, Битола, Лерин, Прилеп, Корча, Приштина, Хрупиште и Костур, за пренос на сулфурот од Охрид и Солун. [406] Ферманот пак на султанот Махмуд II ( 1808 - 1839 ) од 12. 02. 1831 година, доставен до кадиите и до останати власти од казите на Охрид, Битола, Лерин, Корча, Ресен и Хрупиште, говори за затворање на фабриката за барут во Солун и заменувањето на коморските коњи со данокот бедел за пренос на сулфурот и шалитрата.[407]

Поради промените во стопанскиот живот на Османлиската империја и начинот на експлоатацијата на сулфурот во Македонија, кој со тек на времето станувал се понерентабилен, можно е да се заклучи дека овој вид на рударска дејност во текот на 60-70 тите години од XIX век драстично опаднал. Тоа го потврдуваат и примерите со обемот на производството во Кратовската каза од 1875-1876 година, каде што работеле само 10 работници,[408] а слична била состојбата и во 1896 година,[409] за во текот на наредните децении сосема да исчезне .[410]

## Е. Ш А Л И Т Р А

Покрај сулфурот, како важна руда при производството на барутот во рамките на Османлиската империја, исто така била употребувана и шалитрата. Првите податоци за производството на шалитра во Македонија се среќаваат во врска со улогата и значењето на Скопското кале од 1459 година, каде во инвентарот за материјалната состојба на

---

405 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi Darbhane, No. 2000

406 Турски документи за македонската историја , т. , II , Превод , коментар , П. Џамбазовски , Скопје, 1953, с. 78.

407 Исто , т. V ., Скопје, 1958, с. 76.

408 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Ticaret , Nafia, Orman maaden .., No. 1078.

409 Salname- i Vilayet - i Kosova , Istanbul , 1314 ( hicri senesi ) ( 1896 ) , s. 229.

410 Охрид и Охридско низ историјата , кн. втора, Скопје, 1978, с. 101; А. Матковски , Македонија во делата ..,кн. втора, с. 645 - 646 ; В. Кнчев , изабрани произведени , т. I , с. 431 ; М. Здравева , Експлоатацијата на сулфурот , с.112-113.

калето се регистрирани 8 кантари прочистена и 7 кантари непречистена шалитра,[411] односно 15 кантари шалитра наменети за потребите на турската армија.[412] Во 1568 година, само во Скопскиот кадилак биле произведени 11 кантари, а во Кратовскиот уште 1.75 кантари шалитра.[413] А според податоците кои се однесуваат на барутаната во градот Солун од 1664 година, за задоволување на нејзините производни капацитети биле потребни 2.000 кантари шалитра, при што, на дел од населението од Велешката, Битолската и Тиквешката каза им било наложено на место данокот авариз, на државата да дадат по 30 ока шалитра.[414] Слични примери се однесуваат и на производството на шалитра во селото Мајдан во непосредна близина на градот Кратово, за чие производство ценети податоци регистрира познатиот турски патеписец од XVII век, Евлија Челебија, кој покрај другото, наведува дека ,,дека тоа село е со лозја и градини и е слободен зеамет. Неговата раја произведува шалитра за војувањето во Крит, која ја испраќа во Солунската работилница за барут,, .[415]

Кон средината на XVII век, се среќаваат поголем број податоци за производството и пренесувањето на шалитрата во ,,фабриката за барут во Солун,,. Таков е податокот од 1668 година, кога во Битолската каза биле обложени 360 куќи со наведената обврска.[416] Во почетокот на март 1669 година, во еден ферман на султанот Мехмед IV ( 1648 -1687 ) доставен до кадиите на Серес, Зихна, Лерин, Серфиџе, Неврокоп и Битола, се барало : ,,врз основа на регистрите на вонредните даноци секое ,,хане,, да пренесе по 20 оки шалитра и истата да ја предадат на фабриката за барут во Солун,, .[417] Сличен пример се среќава и во

---

411 S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i susednih krajeva, s. 42.

412 М. здравева , Експлоатацијата на сулфурот , с. 113; истата : Осврт кон производството на барут во Македонија во времето на османлиското владеење , сп. Безбедност , г. XX , бр. 3, Скопје , 1980 , с. 471.

413 Истата : Експлоатацијата на сулфурот , с. 113.

414 АИНИ , Б.С. бр. 19, л. 40/I-II.

415 С. Димитров , Евлия Челеби, пътепис, София ,1972, с. 21; E.Celebi , Putopis , s., 344- 345.

416 АИНИ , Б.С. , бр. 20, л. 67/IV.

417 АИНИ , Б.С. бр. 20. л. 52/I

содржината на друг ферман од 19. 04. 1670 година, доставен до кадиите на Мелник, Серес, Зихне, Демир Хисар, Џума Пазар, Лерин, Серфиџе, Неврокоп, и Битола. Во него се наведува дека ,,секое хане од споменатите кази ќе треба да пренесе по 20 ока шалитра во фабриката за црн барут која се наоѓа близу до Солун,, .[418]

Во периодот од 70 до 80 -тите години од XVII век, во одредени региони на Македонија биле произведувани од 7.200 до 60.000 оки шалитра, или во просек се барало секое авариско хане да ,,собере или да пренесе по 20 ока шалитра .[419]

Во последните децении од XVII век, турските власти од задолженото население барале, наместо собирањето на вонредниот данок во натура ,,авариз,,, да испорачи определена количина шалитра. Таквите примери има за казите: Скопје, Тиквеш, Прилеп и Битола за месец март 1686 година.[420] А пак населението од Авретхисарско (Кукушко) во 1691/1692 година, било обложено со 1.529 ока шалитра, неопходна за работата на барутхането во Цариград.[421]

Таму каде што како данок не се собирала шалитрата, должниците после 60 дена од денот на соодветната изјава дадена на собирачот, биле требало да платат по 60 акчиња за секоја ока шалитра која биле обврзани да ја пренесуваат во Солун.[422] При крајот на XVII век, такви примери се среќаваат и во Берско, каде жителите место данок во шалитра, биле ,,принудени да плаќаат прескап откуп, дури и по 1.800 акчиња за ,,хане,,.[423]

Во првата половина од XVIII век производството на шалитра во Македонија опаднало, за во втората половина од истиот век и првата

---

418 АИНИ , Б.С. бр. 21, л. 51/I

419 АИНИ , Б.С. бр.21. л. 63/ II , л. 84 /III, л. 80/I ; бр. 22 ., л. 33/I; бр. 23., л. 55/V ; л. 79 /III, бр.24., л. 24/II., л. 32/I; бр.25., л. 39/IV .

420 АИНИ , б.с.., бр. 26., л.20/I

421 Б. Цветкова , извъредни данъци и държавни повиности в българските земи под турска власт , София , 1958, с. 32.

422 АИНИ , Б.С. , бр. 26 ., л. 60/V.

423 Б. Цветкова , промени в положението на населението в българските земи, Исторически преглед, г.XXVIII , кн.4., София, 1972, с. 35.

деценија од XIX век, повторно да се зголеми. Така во 1769 година, од кадијата на Скопје се барало да се откупат 76.000 ока шалитра.[424] Во февруари 1797 година, се барало до барутханeто во Солун да се достават 135.000 ока;[425] а во февруари 1804 година, од Скопје се барало да обезбеди 150.000 ока шалитра.[426]

Од прегледот на бројните податоци за производството на шалитра во текот на првата половина од XIX век, од кои поголем дел се однесуваат на регионите Битола и Битолско од времето на владеењето на султанот Махмуд II ( 1808-1839 ), можно е да се заклучи дека производството на шалитра, иако со намален интензитет, сепак било и понатаму присутно во Македонија.[427] Тоа се потврдува и од дефтерот за работата на рудникот за шалитра и лигнит во Кратово од 1875-1876 година, каде до детали се наведени податоци за работните денови и плати на рудари,[428] како и за производството на шалитра во 80-90-тите години од XIX век, од страна на ромите во околината на Скопје, посебно во селата : Блатец, Јурумлери, Идризово, Мралино, Петровец, Кадино Село, Огњанци и Катлановското езеро.[429]

## Ж. С Т И П С А

И оваа руда во Македонија исто така била експлоатирана од страна на турската држава, која служела за задоволувањето на потребите во занаетчиството, како што било калајџиството и други слични професии и занимања. Нешто поодредени податоци за рудниците на стипса во

---

424 АИНИ , Б. С. , бр. 59, л. 25/2.

425 АИНИ , Б.С. , бр. 73, л, 62/2, 63/3.

426 АИНИ , Б. С. бр. 80, л. 71/1, 71/2.

427 А. М. , Ф. Штипски сиџил ( Ш . С . ) л. 13/I - III , 42/ III, 43/ I; П. Џамбазовски , Турски документи за македонската историја , т. , III , с. 76 - 77 ; т., IV., с. 46 - 47 , 68 - 69, б113 - 114; т. V. , с. 38 - 39; Турски документи за историјата на Македонија , пописи од XIX век, кн. I, Превод , редакција и коментар Д. Ѓоргиев , А. Шериф и Л. Благадуша, Скопје , 1996, с. 24, 64.

428 Basbakalik Arsivi , F. Ticaret , Nafia , Orman ve Maaden ., No. 1078.

429 С. Гопчевић , Стара Србија и Маћедонија , Београд, 1890 , с. 37; Ј. Х. Трифуновски , Сеоска насеља Скопског поља , Антропогеографски испитивања , Насеља и порекло становништва, књ. 35 , Српски етнографски зборник , књ. LXIX , Београд , 1955 , с. 394.

Македонија во време на турското владеење се однесуваат на втората половина од XVIII и почетокот на XIX век. Така, во еден ферман на султанот Абдулхамид I (1774-1789) од 8. о4.1777 година, доставен и до сите везири на Румелија, Средоземноморието и островите, се барало заштита на ,,рудничките мукати на стипса,, во областа Кедос, кој припаѓал во ејалетот на Ќутахија, како и стипсата во т.н. Маронија во околината на Комотини.[430]

Конкретни податоци во врска со регулирањето на концесиите на стипсата се среќаваат во ферманот на султанот Селим III ( 1789-1807), издаен на 26. XII . 1803 година.[431] Во наведениот документ станува збор за закупите на ,,стипсата од рудниците на Ѓумурџина (Комотина), Серес, Солун, Битола, Скопје, Караферија (Бер), Воден и Негуш,, , кои припаѓале под непосредно раководство и управа на складиштето ,,Маронија,, , близу до Ѓумурџина и во Кедос од ејалетот на Ќутахија.[432] Овој закуп се наоѓал под ,,власништво и под управа на царската благајна на новите доходи,, и истиот му бил даден под закуп на 3 години на Евреинот Јосиф, на кој му била издадена и наведената царска заповед ,,именованиот да може да го држи и управува закупот и никој да не му пречи,, .[433]

Праксата да се располага со малиќане врз рудничките мукати била регулирана и со правење на ,,договори,, за издавање под закуп на работилници за правење стипса, како што е примерот во Битолската каза од 1804 и 1805 година. Истата му била дадена на Евреинот Елјас Фераши со право да ја поседува и администрира,, за рок од две години, при што покрај другото, во договорот се наведува и лицето ,,Аврам Евреинот, закупец на работилницата за стипса од Битола и подрачјето, од закупите на новите приходи,, .[434]

Откупувачите на правата за продажба на стипсата, обично биле Евреи, каков што е и примерот од 1777 година, кога за цели 3 години од

---

430 АИНИ , Б.С. , бр. 61 , л. 35/6.

431 П. Џамбазовски , Турски документи за македонската историја, т. II , с. 32 - 33.

432 Исто.

433 Исто; S. Rizaj , Rudarstvo Kosova i Susednih krajeva, s. 42.

434 П. Џамбазовски , турски документи за македонската историја, т. II, с. 72.

тројца Евреи била откупена ,,Маронејската и кедоската стипса од капиџибашијата Али ага и Али ефенди,, , за продажната територија на Солун, Комотини и Серез и истата ја ,,предале на зимиите Санто син на Арон и Аврам син Јаков,, .[435] Последниве двајца како второстепени закупци и трговци за ,,две години ќе примеле и ќе продавале 1.600 кантари стипса,, , притоа, продавајќи по 20 гроша за еден кантар, од своја страна се обврзале вкупната сума од 32.000 гроша да ја плаќаат на 6 рати.[436]

Откупувачот на рудникот за стипса, Евреинот Јосиф, во март 1803 година отишол во ејалетот Ќутахија со цел да продава стипса од Демирхисарската околија.[437] За регулирањето на ѓумрукот, баџот, ресми капанот или други видови давачки и такси при купо-продажбата на овие руди, од страна на службените лица биле водени посебни дефтери со пресметки за платената царина за стипса.[438] Да се спомене уште и ,,потврдата,, за располагањето со закупот на мукатаата за производство и распродавање на стипса во кадилаците на Битола, Прилеп, Лерин, Охрид, Костур, и околните села, регистрирана во јули 1807 година, за период од цели 3 години, издадена од страна на Евреинот Јосиф на Евреинот Морино.[439] Треба да се подвлече дека најчесто, како и во овој случај, се среќаваат Евреи, како што биле лицата : Јосиф, Елјос, Фераши, Аврам, Морино, Башов, Илија и Елбадо Фрашери, како и еден Турчин - Хаџи Мухаммед Есад, кои биле и главните закупци на мукатите за стипса не само во текот на првите децении од XIX век туку и подоцна, како во Македонија, така и во поголемиот дел на Османлиската империја.[440]

---

435 АИНИ , Б.С. , бр. 62, л. 9/2.
436 Исто.
437 АИНИ , Б.С. , бр. 80, л. 60/2.
438 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Bab - i Defter maaden makataasi , No. 22889.
439 АИНИ, Б.С., бр. 82, л. 38/1.
440 АИНИ, Б.С., бр. 82, л. 38/2.

III ПОСЕБЕН ДЕЛ

# РУДАРСКИ ЦЕНТРИ ВО МАКЕДОНИЈА

Како главни рударски центри во Македонија, кои постоеле и работеле во време на турското владеење се истакнуваат неколку региони и области. На прво место доаѓа Кратовско-Кривопаланечкиот рударски базен или Осоговијата, со градот Кратово и неговата поблиска околина, каде главно се експлоатирале и топеле сребрена и оловна руда; потоа следуваат рудниците во Крива Паланка во кои преовладувала експлоатацијата на оловната, бакарната, цинковната и железната руда. Тука се и рудниците и топилниците во Злетово, Саса (Царевоселско), Пехчево, Радовиш и Кочани. Втор истакнат и мошне важен рударски базен претставувал Халкидичкиот Полуостров, уште познат и како Медемохорија и градот Кавала, каде најмногу се истакнувале како главни рударски центри градовите Сидерокапса и Правиште. Во составот на третиот рударски базен, сместен во источниот дел на Македонија, помеѓу градовите Демир Хисар, Мелник, Драма, Сер и Неврокоп влегувале рудниците во Мрвашко, Горно Броди, Долно Броди, Трлис и останатите помали места на рударските наоѓалишта .

Кон претходно наброените рударски центри се приклучуваат и уште два од второстепено значење, и тоа: првиот Скопско - Поречки, во која влегувале градовите Скопје, Тетово и Кичево и вториот Тиквешко - Прилепскиот, во кој влегувале рудниците Рожден ( Алшар ) и Макриово. Покрај наведените рударски центри, во одредени временски периоди егзистирале и работеле и помали рударски наоѓалишта, како на пример во околината на Велес, Охрид, Гевгелија, Куманово и други места и градови, кои поради ограниченото присуство на рудните богатсва, не се оформиле и развиле во рударски центри во Македонија.

## ГЛАВА I

# КРАТОВСКО-КРИВОПАЛАНЕЧКИ ЦЕНТАР

## 1. КРАТОВО

Еден од водечките рударски центри во Североисточна Македонија претставувал регионот на Кратово и Кратовско, за кого вести за експлоатација и добивање на злато и сребро, како и за ковање на монети, потекнуваат уште од римскиот период. Рударската традиција во овој регион продолжила и во средниот век, кога покрај во потесното подрачје на градот, рудницииимало и во реоните на блиските села : Горно Кратово, Мушково, Шлегово, Приковци, Шопско Рудари и Којково. [441] Градот Кратово во текот на средниот век бил еден од ,,видните рударски центри на Балканскиот Полуостров,, , каде не само што се добивала висококвалитетна руда, туку истата се претопувала и од неа се добивале метални полуфабрикати, меѓу кои најглавни биле оловото и среброто .

Во текот на XIV век, во време на српското владеење во Кратово имало производство и пазар на метални производи. Покрај присуството и рударската дејност на германските рудари - Саските, дојдени од Босна, Србија и Бугарија во Македонија, [442] во Кратово имало и ,,мала Дубровничка трговска колонија,, , [443] со што Кратово доста ,,рано станало и значаен трговски центар,, . [444]

Економскиот напредок и богатство на Кратово и неговите на далеку познати рудници, го привлекло вниманието на Турците - Османлии

---

[441] А. Керамидчиев, Римското рударство, с.120.

[442] К . Јиричекъ , Княжество България , Пловдивъ , 1899 . часть втора , с . 444; К . Н. Костић , Стара српска трговина, 134 - 137.

[443] Т . Ђорђевић , Кратово , Прилози за познавање градова у нашој земљи , Посебна издања Географског друштва , св. 11, Београд , 1931, с. 9.

[444] И . Божиќ , Дубровник и Турска у XIV и XV веку, Београд , 1952, с. 287.

уште во текот на нивните први освојувачки походи на Балканот, при крајот на XIV век. Но, експлоатацијата на рудните богатства во почетокот на новата власт опаднала најмногу поради бегањето на стручни лица од рудниците. Сепак, поради огромното значење на рударството за развој на монетарниот и фискалниот систем на Османлиската империја, за релативно кратко време дошло до обновувањето на производната дејност во рудниците на Кратово. На наведените промени укажуваат и издадените две уредби во врска со описот на работните задачи и операции во рудниците на Кратово, под идентичен наслов и сродна содржина ; „Уредба од незапамтени времиња за Кратовскиот рудник„ , регистрирани одделно, на почетокот од 1390 година.[445] Со наведените уредби биле регулирани должностите на амилите, хутманите, кујуџиите, како и на останатите маденџиски работници и нивната сопственост над средствата за производство во рудниците и топилниците .[446]

Важна улога и значење во развитокот на рударството во текот на XV и XVI век, одиграле издадените законски уредби, наредби и друг вид документи, од страна на турските султани : Мурад II ( 1421 - 1444 , 1446 - 1452 ), Мехмед II Фатих ( 1444 - 1446 , 1451 - 1481 ), Бајазид II ( 1451 - 1512 ) и Сулејман Кануни ( 1520 - 1566 ), дел од кои се однесуваат на рудниците во Кратово. Така на пример, во една бујурулдија од 13 . VIII . 1475 година, која се однесува на регулирањето на работните односи во рудниците за сребро во Кратово и околината, се барало маденџиите, јамакчиите, кујуџиите, и урбарите да бидат ослободени од работата во рудниците во два дена во недела и никој од државните органи да не се меша во работата на амилите на рудниците .[447] Во една султанска канун - нама од 7. VII. 1482 година, покрај другото, се наредува: поповите, којуџиите, кнезовите и урбарите, како и мадемџиите и јамаците, било да се стари или млади, треба да му бидат послушни на

---

[445] N . Beldicianu , Les aktes des premiers, s. 179 - 183.
[446] Исто.
[447] R . Anhegger - H. Inalcik, Kanuname - i sultani ber müceb - i örf .. ,s. 15 - 16.

еминот на рудникот, односно да ги унапредуваатат рудниците со примањето на работа на нови лица способни за кујуџии. [448] Со слична содржина е и ,,Уредбата за рудникот во Кратово ,, , од 18 . I . 1488 година изработена по царска наредба за регулирање на задолженијата на мирливата на Ќустендилскиот санџак и на ,,Кемал од Корпусот на спахиите,, , во која на посебен начин се кодифицираат некои основни акти на закони во врска со ,,бушењето на едно окно за да се стаса до рудата ( во Кратово ) ,, . [449] За истата работа се предвидувало, сопствениците што давале да се буши окното на ,,стрмен терен, каде карпата е тврда, да платат 1.200 аспри на кулаџ . Овој трошок во целост се става врз сопствениците на окното ( Kuyu sahibleri ). Бејлукот не учествува во расходите. (Сопствениците ) бушат 50 до 60 кулаџи. Ако не најдат руда сите трошоци ќе им бидат залудни, но возможно е и тоа најдената руда да не ги покрие трошковите,, . [450] Во наведениот закон, исто така во детали се прецизираат сите можни варијанти за унапредување на рударското производство во Кратово и Кратовско, како реална последица на огромниот интерес и потреби на Османлиската империја за зголемување на производството на рударството и за задоволувањето на потребите на војската и државата.

Рудните наоѓалишта во Кратово и Кратовско биле составени ,,исклучиво од рудни жили,, во кои преовладувале оловниот галенит, кој според својот состав бил среброносен; потоа бакарниот халкопирит, а исто така, била присутна и мангановата руда - пиролизитот. Вадената руда од ова рударска област во време на турското владеење била топена во околината на Кратово и тоа во месноста Жгуриште и во близина на Злетово. [451] Обично за топење на рудата биле избирани одредени места близу до брзите рекички, при што била ползувана водената сила за покренување на меовите, кои служеле за дувањето на воздух во печките.

---

[448] Osmanlı Kanunnameleri ve Hukuki Tahlileri , Kit. I , İstanbul, 1990, s. 549 - 550.
[449] N . Beldicianu , Les aktes des premiers, s. 191 - 197.
[450] Исто, с. 191.
[451] Г . Бончевъ , Старото рударство, с. 7 - 8.

Во случајов, за Кратово биле ползувани реките Кратовка и Злетовка. [452] Работата во рудниците и самото топење на рудата во печките биле неекономични и примитивни, а висината на печките изнесувала само 4 до 5 метри. [453] Но и покрај тоа, рудниците на сребро и олово во Кратово и Кратовско во текот на XV век, претставувале едни од најбогатите рудници на сребро на Балканот. [454] Затоа не е изненадувачко што трговецот од Ѓенова, Јакобо де Промонтарио де Кампис, кој престојувал како дворски трговец кај султаните Мурад II и Мехмед II, во својот напис за ,,Управувањето и приходите на Султанот,, , уште во 1475 година, покрај другото, наведува податоци за сребрените рудници на Балканот и во Македонија, при што меѓу првите го вбројува и градот Кратово. [455]

Експлоатацијата на кратовските рудници посебно се интензивирала во текот на првата половина од XVI век, за што зборуваат податоците дека Кратово во 1509 - 1510 година било султански хас, со годишен приход од 100.428 акчиња. [456] Веќе во 1519 година, од ,,десетте старешини на еврејските семејства во градот, шестмина биле сарафи, т.е. закупници,, на рудниците и монетарницата, [457] при што, Кратово во наведениот период се вбројува во еден од најголемите и најпознати рударски центри во европскиот дел на Османската империја. [458]

Обилните приходи добивани од рудните богатства на Кратово во овој период, исто така се потврдуваат и со ковањето на пари, кое се наоѓало под строга контрола на турската држава. Според одредени сознанија уште во времето на султанот Бајазид I Јилдирим (1389 -

---

[452] Исто , с. 9.
[453] На истото место.
[454] S. Rizaj Rudrastvo Kosova, s.182.
[455] Яков де Проментарио де Кампис, Управлението и приходитѣ на Султана, Държавата на Султана, Превелъ, П. П. Ивановски , Известия на историческото дружество во София, кн. IX, София, 1929, с.26.
[456] Н . Тодоров, Балканския град XV~XIX век, София,1972, с.88; М.Соколоски,Струмичко и Радовишко во XVI век , Прилози - МАНУ, г.IX,бр.1,Скопје, 1978,с. 71.
[457] А . Стојановски и И . Ерен , Кратовската нахија, с. 68.
[458] А . Стојановски , Градовите на Македонија, с. 51.

1402) биле ковани османлиски монети во Кратово.[459] Кратовската ковачница за пари, како една од најпознатите во тој период во Османлиската империја, посебно се истакнувала уште и како ,,седиште на главниот емин ( управител ) на монетарниот дом,, , каде биле сечени секакви видови на златни, сребрени и бакарни монети во 1481 година, во времето на султанот Бајазид II ( 1481 - 1512 ).[460] Во регионот на Кратово и Кратовско во текот на првата половина од XVI век, една од главните суровини што се експлоатирала била сребрената руда. Така на пример, од годишното производство на среброто во 1519 година, по подмирувањето на производните трошкови, од целото производство на султанот му припаѓало 1/5 од среброто или парична вредност во висина од 76.667 акчиња.[461] Во текот на 1530 година, на султанот му припаѓале 500.000 акчиња, во која сума биле вклучени уште и ,,ушурот од среброто, ушурот од земјиштето, од кое се копала рудата и ушурот од рудата ( cevher ),, .[462] Експлоатацијата на рудните богатства и производството на сребро и злато продолжило и во средината на XVI век, при што, според најновите научни сознанија и оценки, во 1550 година приходот бил намален на 229.501 акча, на која сума и се додавале уште 43.140 акчи добиени од ,,ушурот на среброто произведено во рудникот Плавица,, .[463] Според други податоци кои се однесуваат на 1519 година, во рудниците на Кратово и поблиската околина биле произведени вкупно 234 кгр чисто сребро; во 1530 година, се зголемило производството на 1.470 кгр и во 1550 година производството изнесувало 1.765 кгр.[464]

За економската улога и значење на градот Кратово, како еден од водечките рударски центри во Македонија и, воопшто, во рамките на

---

[459] Д . А. Ихчиевъ, Материяли за монетното дъло въТурция, Известия на Историческото дружество въ София,кн.III,София,1911, с. 95;Г.Баласчевъ, Софиският монетенъ домиъ (зарбхана) и два фермана отъ 1616~17год. Минало, Българско~Македонско научно списание, г.I.кн. 7, София,1913, с.219.

[460] Д. А. Ихчиевъ, Материяли за монетното дъело, с. 87, 155~116;Г. Баласчевя, Софиският монетенъ домиъ,с.219; А.Стојановски, занаетчиската дејност, с. 130.

[461] А . Стојановски, И. Ерен, Кратовската нахија, с.80.

[462] Исто

[463] Исто, с.80-81; С. Андреев ~ Е.Грозданова, Из историята, с.31 .

[464] Љ. Беров , Движението на цените , с.159.

целата Османлиска империја, на свој начин зборуваат и изворните податоци за висината на годишните проходи добивани од закупот на кратовската монетарница. Во текот на неколку различни периоди, закупот воглавно се движел во следните размери; во 1519 година изнесувал 1.111.555 акчи; во 1530. - 700.000. ; во 1532. - 1.400.000.; во 1538. - 2.800.000. ; во 1541. - 2.900.000. ; во - 1550. - 1.111.555. ; во 1570. - 573.099. - во 1571. - 2.100.000. ; во 1591. - 570.514 и во 1594. - 429.759 акчи.[465]

Размерот на производните капацитети и висината на материјалните богатства на кратовските рудници во текот XVI век, се поврзува и со прочистувањето на злато, каде работеле обично по 4 рударски работници и добивале плата во висина од еден дукат на ден, [466] односно, според податоците од млетачкиот пратеник на турскиот двор Катарин Зен, рудниците во Кратово при крајот на 1550 година на султанот и турската држава им носеле годишен приход од 70.000 дукати. [467] Во кратовските рудници со несмален интензитет исто така, се произведувале и оловото и бакарот. Само за една година во текот на втората половина од XVI век, поточно во 1570 година од рудникот за бакар била добиена парична вредност во износ од 44.966 акчи, како и 6.833 акчи од топилницата за бакар. [468] Во една царска заповед од 19.II. 1588 година, доставена до кадијата на Кратово, се барало да се ,,набават илјади кантари олово,, за правење на една џамија во Истанбул.[469]

---

465 А. Стојановски, И. Ерен, Кратовската нахија, с . 82 - 83 ;С. Андреев-Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 31.
466 R. Anhegger, Beitrage zur Geschihte, s. 147.
467 К. Н. Костић, Наши нови градови, с. 113;С.Симић, Историја кратовске области , Годишница Николе Чупића,кн. XXXIII,Београд,1914,с.161, 217;Т.Ђорђевић, Кратово,с.11; С. Ризај, Рударството во Македонија, с.95; З. С. Пляков, Градското занаятчийско, с . 71; Z . Lebel , Plima i oseka, Iz istorije Jevreja Vardarske Makedonije , Gornji Milanovac , 1990 , s. 34.
468 А. Стојановски, И. Ерен, Кратовската нахија, с.81; С. Андреев-Е. Грозданова, Из историята на рударството, с. 31.
469 Д . Шопова, Македонија.., с. 69; С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 95.

Големите и богати приходи добивани од експлоатацијата на рудните богатства во Кратово, кое според административната поделба како каза му припаѓала на Ќустендилскиот санџак, [470] придонеле во градот, покрај богатите муслимани, Евреи и дубровчани, кои живееле и работеле во градот како закупци на рудници и на ковачницата за пари, како трговци и сарафи, да се најдат и христијани во улога на трговци и занаетчии, но „такви поединци кои поради својата економска моќ станале угледни и авторитетни личности, така што уживале доверба и наклоност дури и кај турските власти,, . [471] Некои од нив како угледни грачани носеле кнежевски титули а воедно биле закупци на одреден број кратовски рудници. Меѓу најпознатите биле: Андреј и Никола, од фамилијата Бојкич, Никола и Георги од фамилијата Пепиќ, потоа Андреа Кратовски и др. Наведените лица биле познати и како завештатели во црквите и манастирите во Македонија, како што е примерот со подарените материјални богатства на манастирите Трескавец и Продром Слепче - Прилепско, Лесновскиот манастир и др. [472] За улогата и значањето на рудните богатства во Кратово од XVI век, свои поетски импресии дава и турскиот поет и писател Пир Мухамед - Зајифи, син на кратовскиот хоџа Евренос, кој во својата поема на лирски начин го велича рударството во Кратово и го споредува со Мека. Тој ги повикува муслиманските верници да се клањат во неговиот роден град Кратово. Поетот на метаморфичен начин во својата поема зборува, покрај другото, и за производните фази во кои се добивало среброто и оловото од рудниците во Кратово. [473]

Во текот на првата половина од XVII век, рударството во Кратово и Кратовско, во споредба со претходниот временски период, иако се развивало со релативно намален интензитет, и понатаму продолжило да

---

470 M. T. Gökbilgin, XV-XVI. asırlarda Edirne ve Paşa livasi, s. 214

471 А . Стојановски,И. Ерен, Кратовската нахија,с. 68 - 69.

472 А. М. Селищев, Македонските кодики XVI - XVIII веков , Очерки по исторической етнографии и диалектологии Македонии , София , 1933 , с . 50 - 53, 131 - 132 ; И . Ивановя, Съверна Македония, с. 239; А.Стојановски, Градовите во Македонија, с.96.

473 А. Стојановски, И. Ерен, Кратовската нахија,с . 81-82; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova ,s . 183.

работи и опстојува. Таквите состојби се потврдуваат и со податоците од познатиот турски географ и патеписец Хаџи Калфа, кој во содржината на своите записи за Кратово наведува дека во градот имало ковачница за пари и пазар за продавање на бакар, каде се изработувале многу убави бакарни садови, како и податокот, дека Кратово е кадилук со 100 села и во блиските планини има сребрени бакарни рудници, меѓу кои посебно се истакнувала сребрената руда, која се носела за топење и преработка од околните ќустендилски планини.[474] Во текот на првата половина од XVII век и понатаму работеле производните капацитети и ковницата за пари, каде се ковале златни и сребрени пари во времето на султанот Осман II ( 1617 - 1621 ) и султанот Мурад IV ( 1623 - 1640 ).[475] Во врска со развојот на рударската дејност и производство во наведениот период во Кратово и Кратовско, е и еден извештај на „Управата од закупите на рудниците и хасовите од рудниците на Скопје и околината„ за периодот од 12 . III . 1639 до 13. IV . 1643 година, каде за управници на закупите во Кратовскиот рударски базен се регистрирани прво Реџеп заде Ахмед бег, а потоа Јакуп паша.[476] Во содржината на наведениот извор, покрај другото, се наведува дека од „капиталот на лагамот во Кратово„ за 1051 (1641/2 ) и 1052 ( 1642/3 ) година останале 200.000 акчи и од „беделот на лагамот на Кратово за две години„ ( 1639 - 1641 ) останале 133.334 акчи, односно како „вистински остаток„ во долгот на „Јакуп паша од капиталот на закупот на Скопје и беделот на лагамот Кратово„ изнесувале 4.351.389 акчи, односно 4.151.389 за Скопје и 200. 000 за Кратово.[477] *Или во друг случај во врска со „закупот* на управата на Кратово во обврска на Јакуп паша„ , за периодот од 12. IV. 1641 до 23. IV. 1642 година, изнесувал за една година 1.407.630 акчи или за две години 2.815.260 акчи, од кои на царската благајна и биле

---

474 С. Новаковић, Хаџи-Калфа или Ћатиб-Челеби, Турски географ XVIII века о Балканском Полуострову, Споменик СКА, XVIII, Београд, 1892, с. 45; А. Стојановски, Занаетчиската дејност, с . 128; С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 96 .

475 Д. А. Ихчиевъ, Материали за монетното дъело, с.146; А. Шоповъ, Евлия Челеби, с.178; H. Šabanovič, Evlija Čelebi, Putopis, s . 292 .

476 Başbakanlık Arşivi-İstanbul, F. Maden Mukataa Kalemi (D . M . M . K .), Genel Nö . 22711.

477 Исто.

предадени, на 8. VII. 1642 година, вкупно 357.582 акчи; трошоци за пензионерите за две години - 132.400. ; за плати на лагамџиите за „потребите на воениот поход во Азов : 25 лица по 5.000. , вкупно 125.000 акчи„ ; потоа за „војнуците во казата Кратово„ - 7.000. ; за „закуп на Кратово во време на Реџеп заде„ - 93.944 и за „закуп на новите хасови во Кратово„ - 31.802 акчи. [478] И во рамките на третиот случај, кој се однесува на обврските на „Ахмед бег познат како Реџеп заде„ од почетокот на 12. IV. 1641 до 5. X. 1641 година, за 6 месеци бил задолжен да плати за надници на рудниците - 703.815 акчи или добиениот приход за 6 месеци за 1641/2 година изнесувал вкупно 1.854.000 акчи, односно во „обврска на Јакуп паша„ од 6. X. 1642 до 23 . IV . 1643 година, за временски период од 6 месеци целокупните приходи изнесувале во висина од 2.111.445 акчи. [479]

Од втората половина на XVII век, при одвивањето на натамошната експлоатација на рудните богатства во Кратово и Кратовско, настанале нови моменти и промени, кои воделе кон процесот на натамошното опаѓање на производните капацитети во рударството. Таквата појава била производ на општото опаѓање на производните сили и односи во рударството, како реален резултат на формираните постоечки состојби и промени во структурата на османлискиот систем и карактер на феудално владеење. Кога во 1660 година Кратово го посетил познатиот турски патеписец Евлија Челебија, работата во старата ковачница за пари била прекината и запрана, а рудникот сеуште работел. [480] Според мошне сликовитиот опис на Евлија Челебија, градот Кратово било кадилук и се наоѓало под непосредно повеaccount ( еминлук ) на територијата на Скопскиот санџак и како рударско место се издавал под закуп за 70 товари (јук) акчи. [481] Во наведениот период со

---

[478] Исто, 1.7., 9.

[479] Исто, 1.18.

[480] H. Šabanovič, Evlija Čelebi, Putopis, s. 292; А. Шоповъ, Евлия Челеби, с.178; К. Н.Костич, Наши нови градови на југу, с. 113; Љ. Лапе. Одбрани текстови, с . 195; С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 96-97; А. С. Шофман, Очерки по истории Македонии и македонского народа, т.I., Казан, 1960, с. 212 .

[481] . Еден „јук„ изнесувал 1.ооо ќесиња, а едно ќесе по 500 гроша.

кратовските рудници управувал емин со 200 лица, затоа што во ,,брдата се наоѓа чист бакар и сребро. Сребрената жица ја фаќаат од седум лежишта и вадат чисто сребро,, .[482] Според наведениот патеписец, вработените рударски работници претставувале ,,раја,, , која била задолжена дење и ноќе да ја вади рудата од сребрениот рудник (gümüş hane) и да ја предава на еминот. За извршувањето на наведените работни задачи, рударите - раја биле ослободувани од извонредните даночни обврски. Во градот Кратово имало, според патописецот Евлија Челебија, вкупно 350 дуќани со разни видови на занаети, меѓу кои ,,Казанџиската чаршија е најубава,, . Бидејќи во градот се наоѓал многу бакарен метал; неговото обработување било многу напредно, дури и кога би се споредиле со обработката на бакарните производи во Босна и Кастамонија.[483]

Експлоатацијата на рудните богатсва во Кратово и Кратовско продолжила и во текот на втората половина од XVII век, кога окулу 1660 година за управник на кратовските сребрени и железни рудници се наведува Махмуд - паша. Како закупник на рудниците во Кратовскиот рударски базен тој живеел и работел во Скопје, каде се наоѓала главната дирекција и седиште на рударската управа за овој дел на Македонија, а исто така и за оние рудници во Србија кои биле во непосредна близина на Македонија. Управителот бил задолжен на турската држава да и плаќа ,,70 товари акчиња ( аспри ),,[484] или вкупно 7.000.000. аспри.[485] За присутноста на сеуште развиеното рударство во рамките на Кратово и Кратовско во овој период и за планините во околината на Кратово, Хаџи Калфа наведува дека тие во себе содржале сребрени и бакарни руди. Кон овие становишта се приклучуваат и податоците регистрирани од страна на Евлија Челебија, дека во околината на градот Кратово се наоѓале сребрени, бакарни и железни рудници. Тој, покрај другото го наведува и податокот дека, излегувајќи од

---

482 H. Šabanovič, Evlija Čelebi, Putopis, s. 292; А.Шоповя, Евлия Челеби, с. 178; Љ. Лапе, Одбрани текстови, с. 194; С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 96.

483 А . Шоповя, Евлия Челеби, с. 178; А. Стојановски, Занаетчиската дејност, с. 128.

484 И. Ивановъ, Сяверна Македония, с. 240 .

485 К. Н. Костич, Наши нови градови, с.114; С. Симич, Историја кратовске области, с.217.

наведениот град кон исток и поминувајќи по селото Нагоричани, дошол во селото Мурад, кое имало 60 куќи, и чии жители исто така биле целосно вработени како рудари во рудник на железна руда.[486] Во описот пак, на градот Кратово од страна на католичкиот надбискуп Петар Богдани од 20. XII. 1680 година, се наведува: ,,Кратово е место оддалечено од Скопје два дена патување на исток. Има 300 куќи вметнати меѓу осум јаки кули. Има рудник на злато,, .[487]

За појавата на општиот процес на забрзаното опаѓање на кратовското рударство, свој придонес имало и отпочнувањето на австро - турскита војна од 1683-1689 година, кога и рударското население од овој крај се дигнало на оружје,[488] земајќи учество во Карпошовото востание. Поточно, ,,Кратово се наоѓало во зоната на востанието или барем во нејзиното непосредно соседство, а рударите биле меѓу најексплоатираните и најсвесните, а со тоа најнезадоволните и најбунтовните елементи во структурата на османлиското феудално општество,, .[489]

Промените настанати од последиците на Карпошовото востание и присуството на воените акции на Балканот од крајот на август 1689 до летото 1690 година негативно влијаеле врз натамошното интензивно опаѓање на рударството во Кратовскиот рударски базен. По се судејќи, органите на османлиските рударски власти по ликвидирањето на востаничките немири, продолжиле и понатаму со експлоатацијата на рудните богатсва. Така на пример, во еден список на рударите во кратовскиот рудник за сребро од 1705 година, на ревизорот на рудниците, Али - паша, му било наредено да изврши попис на ,,поранешната рударска раја,, и да изврши обновување на работата во

[486] Документи и материали за историята на българскиат народ, София, 1969, с. 69.
[487] А. Матковски П. Ангелакова, Неколку кратки патописи за Македонија , с . 255 .
[488] J. Hammer, Histoire de L ' empire ottoman , depuis son oregine jusqua nos jours , II , Paris , 1841 , p . 303.
[489] А. Стојановски, Нови моменти во расветлувањето на Карпошовото востание и на австриското навлегување во Македонија во 1689 година, Зб.: Австро-турската војна во 1683-1689 година со посебен осврт на Карпошовото востание во Македонија, Скопје, 1997,с. 119;Симиќ, Историја Кратовске области, с. 217.

рудникот. [490] Наведениот список за состојбата на рударите бил составен од страна на кратовскиот кадија Осман, каде се регистрирани вкупно 703 лица од градот Кратово и од 57 села, односно 108 лица од градот и од 9 околни села, потоа следуваат 420 лица од 29 кумановски села и 175 лица од 19 кочански села. [491] Според еден друг документ од 1707 година, се наведуваат 2.500 гроша, кои служеле за исплата на рударските работници во рудниците за сребро во Кратово. [492] За состојбите во кратовското рударство говори и податокот од 1709 година, кога некој си ,,неверник Петан,, бил назначен да одговара за ,,одделувањето на металот од рудата во рудникот во Кратово,, , со надница во висина од 60 акчиња на ден но тој побегнал од необјаснети причини во градот Берат (Албанија). [493] Во следната 1710 година, од страна на управата на кратовските рудници биле ангажирани одреден број рудари за ,,оживување,, на една од напуштените рударски јами во рудникот Трепча (Србија). [494]

Кратовската ковачница на пари престанала со работа уште пред средината на XVII век, но експлоатацијата на рудните богатства продолжила макар и со намален интензитет во првите децении од XVIII век. Во еден ферман од 30. XII. 1714 година се говори за доставување 250 кантари кратовско олово за ,,потребите на некои османлиски крепости во Босна,, . [495] Драстичното опаѓање на рудното производство и несигурните општествено - политички, економски и социјални прилики во Османлиската империја, во текот на наредните децении од XVIII век, кога градот Кратово го напуштаат поголем број Саси и Дубровничани, и кога одреден број Турци, се настанувале по

490 А. Стојановски, Нови моменти.., с . 120.
491 Исто .
492 Љ. Лапе, Прилог кон изучувањето на друштвено - економските и политичките прилики на Македонија во XVIII век, ГИНИ, г. II, бр. 1, Скопје, 1958, с. 114.
493 С. Андреев~ Е. Грозданова, Из историята, с . 74.
494 Historija naroda Jugoslavije, s . 1296; S. Rizaj, Rudarstvo Kosova , s . 184 .
495 С. Андреев~Е. Грозданова, Из историята, с . 113.

блиските села и истите ги претварале во чифлици, предизвикале целосно престанување на рударските работи.[496]

Од расположивите материјали, не е можно попрецизно да се утврди кои биле конкретните причини за прекинување на работата во кратовските рудници. Во еден ферман на султанот Мустафа III ( 1757 - 1774 ) доставен на 10 . IV . 1765 година до румелискиот валија Ќупрулу Заде Хаџи Ахмет - паша, се подвлекува дека порано во ,,рудникот на Кратово работеле 945 рудари од рајата, кои биле ослободени од сите потешки дажбини,, .[497] Како изгледа работата извесно време била прекината, но потоа овој рудник бил издаден како малиќане на неколку лица под закуп, а хазинедарот Ахмед бил именуван за емин, односно раководител на рудникот.[498] Во наведениот ферман, исто така, се подвлекува дека ,,рајата - рудари,, во кратовските рудници имале вложено труд при чистењето на старите и отварањето на нови ,,јами,, и затоа се препорачувало до подрачните државни органи на областа во иднина овие да бидат ослободени и од бедели муафијет .[499]

Во прилог на тоа дека во втората половина на XVIII век кратовските рудници биле активни говори еден рударски дефтер од 22 . VIII . 1769 година, каде се наведува количината на произведеното сребро и олово во рудниците и топилниците на Кратово.[500] Како непобитен доказ за продолжување на процесот на експлоатацијата на рудните богатства во рамките на кратовските рудници, е и податокот од август 1780 година, каде се наведува еднагодишната обврска на рудниците во составот на кратовското рударство кон царската ковачница за пари, кои биле задолжени само за наведената година да доставаат од 125 до 155 ока ,,чисто сребро,, ,[501] а со една друга одлука од 27 . VIII . 1788 година, се назначуваат 32 мартолози за ,,чување на сребрените

---

496 Т. Ђорђевиђ, Кратово, Кратово, с . 15 .
497 АИНИ , Б .С . , бр . 57 , л . 29 / 2 .
498 Исто .
499 Исто .
500 Başbakanlık Arşivi - İstanbul , F . Bab - i Defteri madeni mukataası , G . N . 22815 .
501 Isto , No. 3054.

рудници во Кратово,, .[502] Најпосле, во еден документ од јули 1795 година, се наведува, дека заменикот на управникот на еден од рудниците во Кратово, Мехмед Ислам, од своја страна им издал дозвола на трговците ,,слободно да го продаваат во прачки оловото во тежина преку 600 ока,, , кое било извадено од јамата на рудникот кој го поседувал попот Младен.[503] Всушност во наведениот рудник биле произведени 20 полуги ( külce ) олово со тежина од 254 1/2 ока и 1 голема полуга од олово со тежина од 102 1/2 ока или вкупно 627 ока олово.[504] Во овој случај, од посебна важност е да се истакне, дека наведениот рудник на олово, кој му припаѓал на попот Младен, бил еден од поважните меѓу тие што ги имале другите христијани, сопственици на рудници во Кратово. При тоа, очигледно е дека сеуште и во овој временски период постоела слободна трговија со различните видови на метали и метални производи во градот Кратово.[505] Значи, иако може да се претпостави дека во текот на поголемиот дел од XVIII век, биле ,,напуштени многу јами и леарници,, во кратовскиот рударски базен,[506] сепак при крајот на истиот век, експлоатацијата и производството на рудниците и понатаму продолжила и тоа од ,,страна на приватните претпријатија,, ,[507] експлоатацијата не замрела и во наредниот, XIX век.

Во текот на 1805 година, како закупец и управник на рудниците во Кратово се споменува ,,маденџијата,, Али бег, кој живеел во Скопје, и неговиот син Асан бег кој живеел во Кратово.[508] Нешто подоцна во 1829 година, во улога на закупник се наведува ,,благородниот ага на кратовските рудници,, или т.н. ,,местен ага,, ,[509] а, во следната година

---

502 Isto , No. 3049.
503 Исто .
504 Исто.;Љ. Лапе, Прилог кон изучувањето, с.114; Historija naroda Jugoslavije, t.II, s . 1296.

505 R . Anhegger , Beitrage zur Geschischte des Berbaus , s . 165 - 166 , 340 .
506 С. Ризај, Рударството во Македонија, с . 79.
507 Исто .
508 И . Ивановъ , Български старини, с. 171,;Истиот: Сьеверна Македония, с. 240; С. Симиђ , Историја кратовске области , с . 218 ; К. Н. Костиђ , Наши нови градови на југу , с. 115; Т. Ђорђевиђ , Кратово, с . 15 .
509 И. Иваноъ, Сьверна Македония, с. 240;К.Н.Костиђ, Наши нови градови на југу, с. 115.

се спомнува некоси Сали Ефендија, кој дошол окулу 1830 година и управувал со рударските работи нешто повеќе од 30 години,, .[510] Во овој период во работата на кратовските рудници не учествувале Сасите, кои во голема мера се иселиле, така што со рудниците раководеле луѓе чии стручни способности не одговарале за работата, па се оддавале на пљачка, а самата турска држава изгледа немала никакви приходи од рударството во Кратово во овој временски период.[511] На таквите заклучоци упатуваат и мошне значајните и исцрпни податоци од познатиот француски геолог и патеписец Ами Буе, кој во текот на 1836 година, одејќи кон Рила планина и Рилскиот манастир, со своите придружници го посетил градот Кратово и неговите ,,оловно - сребрени рудници,, .[512] Во своите исцрпни белешки тој наведува дека кратовските рудници биле на многу низок начин експлоатирани во споредба со западноевропските и дека во догледно време ќе бидат принудени пред се од економски причини, да го запрат своето производство. Понатаму наведува дека кратовските рудници и нивните рударски окна се наоѓале во блиските планини оддалечени до 1 и 1/2 час од градот дека ,,сребреносната оловна руда,, се наоѓала во една ,,доста јака порфирна скала,, , а леарницата за топењето на металите била поставена во самиот град Кратово.[513]

Особено важни податоци за тогашната состојба на кратовските рудници, наведениот Ами Буе регистрира во врска со околината на Кратово, каде поради топењето на рудата, посебно на оловото, исчезнале шумите; дека сеуште од сребрено - оловните рударски окна се вадело ,,олово со примеси на сулфур и сребро,, , односно дека: ,,Галенитот е масивен или кристализиран, придружен од малку кварц, калцит и

---

510 С . Симић , Историја кратовске области , с . 20 .

511 Т. Ђорђевић, Кратова, с . 16.

512 Г. Н. Златарски, Бълъшки върху живота , пятуванията и трудовитъ на Ами Буе , Периодическо списание, кн. XII, София, 1902, с. 7; К. Иричекъ, Кнежество България , частъ, втора, с. 568.

513 И. Ивановъ, Сьверна Македония, с. 241; С. Симић, Историја кратовске области, с.218; С. Ризај Рударството во Македонија,с.98; Етнографийя на Македонии, т.1. София 1990, с. 525 .

лимонит. Мината се експлоатира мошне лошо, како во однос на кладенците (изворите), исто така и на галериите,, .[514] Според расположивите материјали забележани од страна на Ами Буе, можно е да се заклучи, дека рудата пред топењето многу малку се пречистувала и сепарирала, дека печките за топењето на металите биле многу ниски и тоа во висина од 4 до 5 метри, па при таквиот процес на работата и со таквиот вид на печки, од техничко - технолошка гледна точка, во целост бил неекономичен.[515] Луцидниот Ами Буе дава мошне интересни податоци и за материјалната репродукција и нивото на производните капацитети на кратовските рудници и од своја страна заклучува дека од 400 ока сребрено - оловна руда се добивало до 200 оки олово и 700 грама сребро.[516]

Во овој период, покрај рударите - раја од околните села на кратовската каза, исто така работеле и рударски работници и од кумановскиот, криво-паланечкиот, штипскиот, кочанскиот врањскиот и ќустендилскиот крај, а самиот град Кратово броел од 5.000 до 6.000 жители.[517]

Во средината на XIX век,иако производството се сведувало на одреден минимум, во текот на 1850 година, била подигната и втората по ред топилница. Само во текот на една година биле произведувани до 5.000 кгр. сребро.[518] На ова се надоврзува и еден дефтер од 1850 година за новорегистрирани рудници од страна на францускиот рударски инжињер Вајс, со служба кај султанот Абдулмеџид (1839-1861) каде,

---

[514] А. Матковски, Македонија во делата на странските патописци, кн. трета, с. 233-234; Г. Н . Златарски, Бълъшки върху живота, с. 14.

[515] A. Bue, Le Turquie d Europe, II, Paris, 1840, s. 59-60; Г.Бойчевъ, Старото рударство, с. 9; Й. Ивановъ, Сьверна Македония, с. 241; С. Симиħ, Историја кратовске области, с, 218-219; С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 97-98.

[516] Й. Иванов, Съверна Македония, с. 242; Г. Н. Златарски, Бълъжки върху живота, с . 14 ; Г . Бончевъ , Старото рударство, с. 10; С. Симиħ, Историја кратовске области, с. 220; С . Ризај, Рударството во Македонија, с . 98 .

[517] Б. А. Цветкова, Френски пътеписи за Балканите XIX в.София,1982, с. 362; Т. Ђорђевиħ, Кратово, с.16;К.Н. Костиħ, Наши нови градови на југу, с.116; С.Симиħ, Историја кратовске области, с. 220; Б.Чипан, Македонските градови во XIX век и нивната урабана перспектива,Скопје,1978, с.75.

[518] Л. Соколов, Предуслови за.., с . 63; С.Симиħ, Историја кратовске области, с. 222 .

покрај сите други регистрирани рудници во составот на Османлиската империја, меѓу првите се наведува и рудникот во Кратово.[519] А пак во еден османлиски документ од 21. III. 1850 година, се наведуваат податоци во врска со произведената количина на ,,чисто сребро,, од кратовските рудници и за висината на ,,беделот на чистите акчиња,, од сребро, кои требало да се достават до одредиштето на царската ковница (дарбхането). [520] Слични податоци се среќаваат и во една од дописките на водечкиот претставник на македонската преродба, Јордан Хаџи Костантинов - Џинот во в. ,,Цариградскиот вестник,, за Кратово од 15. I. 1855 година, каде наведува дека од западната страна на Кратово се рудниците (мадемите), дека таму сите кратовчани и кратовските села по три месеци во годината копаат сребро и за тоа на царот само харач му плаќаат, а друго ништо не даваат. [521]

Во текот на 60-70 - тите години од XIX век, за топење на рудата се употребувале печки во висина од 6 до 8 метри, и тоа зидани од ситен камен. [522] Во овој период со својот висок квалитет на железото меѓу кратовските рудници, најмногу се истакнувало селото Божица, каде од незапамтени времиња се добивала железна руда и истата, непосредно пред топењето се премивала.

Техниката на производството била примитивна, при што во составот на шлаката останувало многу железо. [523] Обично од 500 оки руда во текот на 1858 година се добивало од 120 до 160 оки железо. Се работело рачно и во една рударска јама просечно работеле од 15 - 16 рударски работници, а работните операции се одвивале на сеуште примитивни начини. [524] Во текот на 1868 година, во непосредна близина на Кратово била подигната и трета по ред топилница на Злетовската

---

519 Başbakanlık Arşivi - İstanbul , F . Ticaret nafiya , Orman maaden Nezareti , Nö . 2146 .
520 Başbakanlık Arşivi , F . Cevdet Tasnifi Darbhane ( 3 - e / I ) , Nö . 1606 .
521 Кратова, Скопје. , I - јануарија 1855. , Цариградски вестник, бр. 208; Извори за българската етнография,т.1. , Из българския възрожденски печат, София, 1992, с. 59

522 Г. Бончевъ, Петрографско-минерални изучвани на Македония, София,1920, с. 80.
523 А . С . Шофман , Очерки по истории, с. 209 .
524 Исто .

река, поточно на селото Плешеница, во која се произведувало „сумпур или ќуќурт, но после кратко време била напуштена„ . [525] Сепак, треба да се констатира, дека во еден извештај од кратовската општинска управа од 30 . VIII. 1871 година, доставен до скопскиот мутесарриф, се барало дозвола за „исплатување на принадлежностите за месец јуни, на помошникот - рударски инжинер„ од средствата на општинската каса во Кратово. За тоа бил доставен извештај од страна на управата на советот на скопската лива до скопската општина на 2. IX . 1871 година, дека било „решено надлежностите на тамошните инжинери, кои се наоѓаат на терен да ги исплаќа скопската општинска управа„ . [526]

Во прилог на констатацијата за работата на кратовските рудници во периодот на 1875 - 1876, година зборува и друг османлиски документ така наречен „Дефтер за работата во Кратовскиот рудник за шалитра„ и тоа за работата на фабриката за производство на шалитра или ќуќурт (сумпур), во близината на селото Плешеница. [527] Во првиот дел на дефтерот е регистрирана групацијата на рударските работници што работеле во окното на рудникот и во втората, на оние што работеле во самата фабрика. Во составот на првата групација наведени се списоци на 19 рудари, кои работеле од 14 до 21 април 1875 година и истите добиле во просек по 18 гроша за наведените работни денови или по 3 гроша на еден ден, односно рудари задолжени за копање на рудата, меѓу кои се регистрирани 13 лица со добиена плата во висина од 243 гроша за 81 работен ден или реализирана дневница. [528] За наведените рудари - копачи на руда, важно е да се подвлече, дека тие биле ангажирани во одредени работни денови, и тоа од 17 до 19 работници на ден, зависно од потребата на работата. Што е мошне карактеристично, во нивните редови се среќаваат рударски работници од повеќе краеви на Македонија, [529] и тоа: Павле, Јане, Зафир, Петко, Мишо, Моне, Киче и

---

525 С. Симић, Историја кратовске области, с. 222; Етнография на Македония, т.1, с. 280 .
526 А.М., Ф. Скопска турска општина, кут. 3.арх. ед. 136/139.
527 Başbakanlık Arşivi-İstanbul, F. Nafiye, Orman ve maaden.., No . 1078 ,
528 Исто .
529 Исто .

Мите од Дебар и Дебарско; Трајко и Божин од Крива Паланка, Стојан од село Арачиново - Скопско, Мијалко, Мите и Петре од Кратово; Трајко Берковчанецот, Стојан, Ратко, Јован, и Моне од село Дервен; Насе од село Плешница и др. [530] Потоа следува список на рударски работници во галеријата на рудникот, кои работеле од 2 до 30 април, истата година и добиле на име дневници 1.026 гроша за 301 работен ден или 39 рудари во целиот месец мај добиле 3.361 грош за 1.001 дневница.Од содржината на дефтерот, исто така посебно внимание привлекува сумарниот преглед за одвивањето на целокупната работа и производни операции, од каде може да се заклучи, дека во рудникот работеле 3 групи на рудари. Состојба од месец јуни 1875 до месец февруари 1876 година, била следната: во јуни работеле 58 рудари и добиле 1.664 гроша; во јули 44 рудари - 2.400 гроша; во август 26 рудари - 1.683 гроша; во септември 72 рудари - 2.980 гроша; во ноември 33 рудари - 1.501 гроша; во декември 23 рудари - 1.313 гроша; во јануари ( 1876 ) 27 рудари - 1.250 гроша и за февруари истата година 17 рудари - 959 гроша. [531]

Во составот на втората групација од рударски работници, која се однесува на фабриката за производство на шалитра, регистрирани се вкупно 10 работници. Според својата стручна кваликфикација и производна и работна специјализација, тие се регистрирани под називите ,,калџии,, и ,,заменици на калџии,, . [532] Така, на пример, кратовчанецот калџијата Мустафа Сали, за својата работа за месец февруари 1875 година, добил 140 гроша за 28 дневници; потоа следуваат калџиите : Спасо Стојче од село Плешеница - Кратовско со 107 гроша за 25 дневници за истиот месец; Вито Тоде од претходно наведеното село - 102 гроша за 24 дневници; Мишо од Дебар, исто толку. Понатаму се наведени ,,заменици на калџии,, Крсте од Пробиштип, кој зел 50 гроша за 14 дневници; Радојко Атанас од истото место, зел 35 гроша за 10 дневници; Трајан од село Маечина - 78 гроша за 22 дневници; Моне Атанас од истото

530 Исто .
531 Исто .
532 Исто .

село - 32 гроша за 9 дневници; Стојко Кочо од Пробиштип - 92 гроша за 26 дневници и на крајот готвачот на храна - Глигур Ристо од Кратово - 74 гроша за 19 дневници. Всушност за 10-те вработени рударски работници биле исплатани вкупно 815 гроша за 201 дневница за еден месец, односно за сите месеци што работеле во текот на годината, сите заедно добиле вкупно плата во висина од 8.622 гроша за 2. 407 исполнети дневници.[533]

Во 1878 година, како управник на рудниците во Кратово бил назначен Мехмед ефендија, а него го заменил Абдул ефендија - Скопјанец, кој оставил најдобри спомени во целиот народ, зашто во неговото време бил укинат маденот и кулукот маденџиски,, .[534] Наспроти претходните сознанија, оценки и заклучоци, во содржината на еден османлиски документ од 1878 година, кој се однесува на кратовските рудници и се наоѓа во директна врска со претходно наведениот управник Мехмед ефендија, се наведува дека во неговото време на управување со рудниците од ,,аргатите кои биле од подалечните села,, , за една недела на едно лице му се исплаќало по 25 гроша во зимските денови, а во летните денови, од 30 до 40 гроша, зависно од потребите и стручноста на рударите,, .[535] Во истиот документ понатаму се наведува, дека порано во кратовските рудници ,,службата на тулумџиите броеше по 4 лица, а од пред три години во таа служба останаа 3 лица,, ; во ,,двата оџаци работеа по 4 работници, а сега од пред 5 - 10 месеци, тој број на работници е намален на по еден работник,, .[536] Или порано во еден оџак работеле по 4 рударски работници, а ,,сега од пред три години бројот е намален на работниците на едно лице,, , односно порано во ,,сребрениот рудник имаше надзорен службеник, со доаѓањето на кол агата Мехмед ефендија ова служба се прекина, а од пред две недели со доаѓањето на

---

533 Исто .

534 С. Симић, Историја кратовске области, с. 225-226; Т. Кондев, Осоговијата како сточарско - шумска и рударска област , Годишен зборник на Природно - математичкиот факултет , кн . 15 , но . 3 , Скопје , 1966 , с . 63 .

535 А . М . , Ф . Скопска турска општина , кут. 1. , док . бр . 14 .

536 Исто .

Хаџи Јахја син на Осман кој е назначен за надзорник на горенаведениот рудник, со плата од по 150 гроша,, .[537]

Пред дефинитивниот чин на затворањето за кратовските рудници, сеуште по малку се копало од рудниците оловна и сребрена руда и истите се разделувале и пречистувале пред производството, а дел од произведените метали се испраќале во Цариград на повторно претопување. При крајот на производството со ,,работата управувале некои англиски инжињери,, , а во текот на 1882 година , експлоатацијата и производството на рудата и металите во Кратово целосно престанале.[538]

Полното отсуство на сознанијата за техничко - технолошките достигања и за рударско искуство и традиции во рударството на Западна Европа, довело до драстично опаѓање на кратовското рударство се до 1890 година, кога и дефинитивно производството било запрано.[539]

При крајот на XIX век, сеуште биле живи спомените за богатото кратовско рударство, кои се сочувани и до денес.[540]

## 2. КРИВА ПАЛАНКА

Во рударскиот базен на Крива Паланка исто така се наоѓале и експлоатирале неколку видови на рудни богатства, меѓу кои се истакнувале оловните руди поврзани со бакарот, цинкот, како и железните и манагановите руди, составени од своите минерални видови : галенитот, свалиритот, халикопиритот, пиритот и пиролизитот.[541] Наведените рудни богатства најмногу биле експлоатирани во селото Костур и неговата поблиска околина, кое се наоѓа во високите падини на Осоговската планина, таму, според поновите археолошки испитувања во месноста Купишта, регистрирана е средновековна топилница за руда.

[537] Исто .
[538] К. Иричекъ, Књжевсатво България, с. 569; Етнография на Македония, т.1, с.525 .
[539] R . Anhegger , Beitrage zur Geschte des Berbaus , s . 167 .
[540] В. Кънчовъ, Избрани произведения, Т. II, София, 1970, с. 49.
[541] Г. Бончевъ, Старото рударство, с . 11 .

Поточно, на левиот брег од реката Тораница се среќаваат остатоци од топена железна руда. [542] Во атарот на селото Костур, во месноста Рањева Нива, која се наоѓа на десниот брег на Крива Река исто така се пронајдени топилница и остатоци од топена руда . Остатоци од топилница и топена руда зачувани се и во месноста Цепен Камен, каде што реката Тораница се влева во Крива Река. [543] Освен во селото Костур, рудни богатства биле експлоатирани и во селото Пролес (во неговото ,,Стојминско маало,,) и во селото Црцорија. Но сепак, најважно е да се подвлече, дека Кривопаланечко пред се било рударско место за производство на железо, за што најочигледно зборуваат ,,историските податоци, како и остатоците од згура по коритото на Крива Река и Тораница,, . [544]

За да се разбере состојбата на рударството во Кривопаланечко во време на турското владеење во Македонија, неопходно е да се знае, дека оваа област била надарена со добри природни услови за развој на преработката на ,,железните руди (магнетни песоци) и железарската индустрија, во секое време на годината бујни реки со голем пад, пространи гори, евтина работна рака и пазари,, . [545]

За присуството на железарската индустрија која се смета за попратна гранка на рударството во оваа област соопштува и турскиот патеписец Сеадедин, кој минувал низ овој крај. [546] Многу поисцрпни податоци за рударството и железарството во Крива Паланка дава познатиот турски патописец Евлија Челеби, кој во 1660 година наведува дека во градот имало ,,доволен,, број на дуќани, во кои најмногу се изработувале железни предмети, односно ,,имаат ковачи вистински мајстори,, . [547] Тој исто така соопштува, дека главниот занает во кривопаланечките дуќани бил клинчарскиот. Во самиот град имало ќархана ( фабрика за железо), а рудата се добивала и ископувала горе во

---

[542] Ѓ . Малковски, Ј. Михајловски, Ц. Крстевски, Крива Паланка и Кривопаланечко низ историјата, Крива Паланка, с. 40 .
[543] Исто . 40 -41
[544] Г. Бончевъ, Старото рударство, с . 13 .
[545] Г. К. Георгиев, Старата железодобивна, с.177.
[546] Г. К. Георгиев, Старата, с . 178 .
[547] H. Šabanovič, Putopis Evlije Čelebije, s. 294.

рударските предели на кривопаланечката планина. Рудата, наводно, била изобилна и дека производството на рудата и железото немало ниту почеток ниту крај. Според својот квалитет рудата од овој крај ,,стоела на прво место меѓу другите области,, [548] и ,,сите месни жители, рајата и повластените граѓани, се занимаваат со производство на железната руда,, .[549]

Местоположбата на железните рудници во регионот на Кривопаланечко повеќето била на исток од градот, расфрлена по ,,течението на Крива Река, но собирана и топена е рудата и по Стацијската река,, .[550] Најголема количина на руда обично се собирало во текот на пролетно време, кога водата во реката била побујна. Собраната и премиена руда се носела во топилниците кои се наоѓале во селото Костур или во оние села што се наоѓале инсталирани на ,,устието на Киселишка река во Крива Река,, .[551]

Во Крива Паланка од железото најмногу се изработувале разни видови метални плочи, потковици, клинци, кантари, клучеви, секири, синџири, ножеви, српови, копачи, лопати, и др. Така, на пример, се наведува дека во казата Егри дере ( Крива Паланка ) во почетокот на март 1767 година биле произведени 31.730 оки клинци од различни големини во вредност од по 14 акчиња за една ока или вкупно во вредност од 444.220 акчиња, од кои за транспорт биле потрошени 31.730 акчиња и за нивното пакување уште 12.500 акчиња.[552] Според еден ферман од 31. V . 1681 година, доставен до кадиите на Крива Паланка, Софија, Самаков, Дупница, Едрополе и Пазарџик, се барало во наведените места да се изврши закуп за изработка на различни видови железарски производи, неопходни за турската држава. Во наведениот документ се барало да се направат 15.000 копачи за изработка на канали и шанци, со просечна тежина од по 500 дирхема; 500 лопати со тежина од

---

548 И. Ивановъ, Сьверна Македония, с. 243; Старата железодобивна, с . 178 .
549 А. Стојановски, Градовите, с.
550 Б . Бончевъ , Старото рударство, с. 13.
551 Исто .
552 С. Андреев - Е . Грозданова , Из историята, с.118 .

по 500 дирхема; 1000 копачи за ископување на подземни ровови со поединечна тежина од 1 1/2 ока; 1.600 секири со ,,едно лице,, со тежина од по 600 дирхема; 500 секири со ,,две лица,, од по 600 дирхеми; 30 железни лостови ( ќускии ) со тежина од по 15 оки и 20 лостови ( ќускии ) со тежина од по 12 оки. [553] Покрај наведените железарски производи за потребите на турската армија, во истиот ферман се барало да се произведат уште 600 оки долги железа, 6.000 оки железа за изработка на тенки метални пратови, 1.000 одрински железа, 15.000 оки железо за правење на даски, 300 оки подолги железа и други метални производи, за кои требало да се платат по 15 акчиња за една ока железо. Исто така се предвидувало да се закупат уште 10.000 коњски потковици по 14 акчиња за едно парче, 880.000 разни видови железарски производи и 300 кантари железо во износ од по 400 акчиња за еден кантар. [554]

Потребите од железарски производи во рудниците, топилниците и самаковите во Крива Паланка, се потврдуваат и во друг документ од 27 . VI . 1684 година, каде се регистрирани порачки на турските воени власти за изработување на железни оски за орудија за потребите на будимската тврдина, од кои биле изработени 5 парчиња во тежина од по 6 кантари, 5 од по 5 кантари и 5 од по 4 кантари, односно од вкупно 100 оски изработени во претходно наведените 6 кази, само во Кривопаланечката каза биле произведени вкупно 15 оски. [555]

Одредени заклучоци можно е да се направат и за натамошниот континуитет во производството на железото во регионот на Кривопаланечко. Во една наредба доставена до кадијата на Егри Дере (Крива Паланка)и соседните кази од 10 . III . 1705 година, посебно за овој рударски центар во Македонија, се подвлекува дека била издадена гаранција за закупување на целото производство на железо. Истото било предвидено за задоволување на потребите на леарницата ( топхането ) во Истанбул, при што, железото било изработено во форма на железни

---

553 С. Пляков, градското занаятчийско.., с. 74.
554 Исто .
555 Исто .

прачки, а потоа превезувано со арабаџиски коли до пристаништето во Текирдаг. [556] За високиот квалитет на железото добиено и преработено во кривопаланечките рудници, топилници и самакови, ценети податоци дава и дубровчанецот Кабога, којшто во текот на 1706 година поминал низ Крива Паланка, притоа наведувајќи, дека во тоа место, како и во Самаков, се ,,наоѓаат рудници со најфино железо во целиот Ориент,, . [557]

Во османлиските извори од втората половина на XVIII век, во рударскиот базен на Кривопаланечко е регистрирано дека работеле само 2 самакова. Така на пример во два султански фермана од 8 . VIII . 1761 година и од 16. II . 1762 година, од рудниците на оваа каза на турските власти им биле доставени еднаш 150 кантари железо и вториот пат уште 50 кантари железо или вкупно 200 кантари железо. [558] И во текот на 1771 година, од страна на српскиот патријарх Бркич се наведуваат податоци, дека во Кривопаланечката област се наоѓаат и експлоатираат ,,добри железни руди,, . [559] Според други податоци од крајот на XVIII век, регистрирани од страна на францускиот барон патописец Феликс Божур, во Крива Паланка и понатаму се произведувало железо. [560] Наведените примери ги потврдуваат и некои дубровчани, кои од своја страна наведуваат дека : ,,Егри Паланка влече свои многу големи приходи од производството на железото, кое се добива од бликските рудници, а тука лесно се работи со искористувањето на водата изобилна,, . [561]

Работата во кривопаланечките рудници, топилници и самакови била мошне жива и во текот на првата половина од XIX век. Од август 1812 година се податоците што ги дава францускиот гроф Антоан Франсоа Конт Андреоси, дека во околината на Крива Паланка ,,има рудници на железо што се експлоатираат,, . [562] Наведените податоци се потврдуваат и во 30 - тите години на векот, кога во еден исцрпен

---

[556] С. Андреев~Е. Грозданова,Из историята, с.120 ~ 121 .
[557] Й. Ивановъ, Сьверна Македония, с. 243; Г. Георгиев, Старата.., с . 178 .
[558] С. Андреев~Е. Грозданова, Из историята, с.121 ~ 122 .
[559] Й.Ивановъ. Сьверна Македония, с. 243; Г. Георгиев. Старата, с . 178 .
[560] А . Матковски , Македонија во делата, кн. втора, с.68-69.
[561] К.Н. Костиќ, Наши нови, с. 120.
[562] А. Матковски, Македонија во делата, кн. втора, с. 522.

извештај за собирањето на џизието од казата Крива Паланка, за 1829 - 1830 година, се регистрираат рудари во 4 маала во самиот град, како и во 26 села во целата каза. [563] Имено во тој документ се наведува дека маалото Варош имало 38 рудари, маалото Маденица - 7 рудари, во Оташице - 11, во Милутинци - 4 рудари. [564] Состојбата со бројот на рударите од селата била следната : од с . Мартица - 3, од с. Одриње - 33, од с. Онила - 45, од с. Голинце - 13, од с. Ранковци - 6, од с. Липовче - 34, од с. Градма - 71, од с. Габра - 32, од с. Огота - 59, од с. Добривница - 4, од с. Осица - 7, од с. Крстодол - 10, од с. Липка - 52, с. Ѓергирица - 29, с. Турново - 75, с. Џерида - 44, с. Скакотица - 20 с. Попово - 5, с. Леска - 15, с. Бараклинци - 40, с. Црвен Дол - 8, с. Ранце - 41, с. Хрсово - 21, с. Торсиво - 21, с. Долни Дол - 41, и с. Ѓуешево - 30. , или вкупно : 819 рударски работници. [565]

Важни податоци за експлоатацијата и производството на железо во Кривопаланечко во текот на 1836 година, од своја страна дава и францускиот патеписец Ами Буе, кој одејќи преку Дупница кон планината Рила и Рилскиот манастир, навратил и во Крива Паланка и тука ги разгледал железните рудници и мадемите. За железната руда констатирал дека се наоѓала распрсната по ридовите на овој регион. [566] Во своите записи Ами Буе наведува и тоа дека рудниците во Кривопаланечко се наоѓале на 1 1/2 час кон исток од градот, сместени во горана, каде имало и неколку населени живалишта. [567] Тој исто така кажува дека една милја пред влегувањето во Крива Паланка ги изненадило едно поточе со ,,жолта боја на водата која ги има железните карпи,, , како и една ,,мала фабрика за железо,, , која се наоѓала сместена во долината, нешто ,,повеќе од една милја југоисточно од Егри Дере,, . [568] Кривопаланечкиот рударски базен, кој Ами Буе го нарекува

---

563 Basbakanlik Arsivi , Istanbul , F . Maliye Nezareti Cizye , No . 1133 .
564 Исто, л. 4 - 13, 143, 156-158, 236.
565 Исто .
566 Г. Н. Златарски , Бележки върху живота , пътуванията и трудовете на А . Буе , с .7.
567 Й. Ивановъ, Северна Македония, с. 244; Г. К. Старата, с. 178.
568 Б. Цветкова, Френските патеписи, с. 404;А. Матковски, Македонија во делата кн. трета, с. 226.

уште и ,,минерално лежиште,, , бил во непосредна врска со гранитот на соседните порфирни карпи, односно рудниците се наоѓале во планините меѓу областа Клисура и долината на рекате Дурача. [569] Рудниците обично содржале железен оксид распространет во мали кристали, кој се наоѓал во состојба на ,,разложен и мек , плочест талк,, , а за да се извадела чиста руда од ,,плочникот,, , од страна на рударските работници била употребувана водата од потоците за премивање и пречистување на рудата . [570] Собраната руда се премивала пред топењето уште еднаш, во еден мал и тврд ,,триаголен промивалник,, , а печките се наоѓале во клисурата на Вртска Река и во една долина, источно од Крива Паланка.[571]

Топењето на рудата се правело во ,,високи печки,, со употреба на дрвен јаглен и ,,лесни дрва,, и со воздух втеруван во печките со помош на големи мевови, кои биле покренувани од водата во реките. [572] Според описот на Ами Буе, печките биле мали во споредба со оние во Западна Европа и во текот на работата се отварале само еднаш на секои 16 часа. За топењето на 700 оки железна руда се употребувале ,,7 товари на јаглен ( ќумур ) или 490 ливри,, , од кои секој еден кош со ќумур тежел по 30 оки и во тие 16 часови на работа, во просек се добивало по 18 оки железо. [573] Во топилницата која била сместена во ,,Клисурата,, , од време на време во јагленот ( ќумурот ) ставале снопови од буково дрво, односно топењето на рудата во печките се продолжувало уште за 6 часа, а после секое топење на рудата, печката се оставала 12 часа отворена. [574] Ами Буе, покрај другото, констатирал и оти било очевидно дека, доколку се изградела една поголема и подобра печка за топење на рудата, снабдена со добри дувала во мевовите за воздух во печката, би се трошело помалку гориво, ќе се забрзало производството и ќе се

---

[569] Й. Ивановь, Съверна Македония,с. 244; Б. Цветкова, Френските пътеписи, с. 404; А. Матковски, Македонија во делата, кн. трета, с. 266;Г.К. Георгиев, Старата, с . 178 .
[570] Й. Ивановь, Съверна Македония, с. 244.
[571] Исто, с. 245.
[572] Г. Бончевъ, Старото Рударство, с. 14 .
[573] Й. Ивановъ, Сьверна Македония, с. 245;Г. Бончевъ, Старото рударство, с. 14;Г.К. Георгиев, Старата железодобивна, с. 54; Ѓ. Малковски.., с . 89 .
[574] Г. Бончевьъ, Старото рударство, с. 14; Й. Ивановъ, Съверна Македония, с. 245.

добиело подобро железо, а паланечкото железо, според својот квалитет, немало да се разликува од самаковското.[575] Според други показатели, рудата од рудниците била пренесувана со воловски коњи до топилниците, а потоа железото било пренесувано во Крива Паланка, каде имало доволен број на мајстори, кои правеле оружје, клинци, потковици и сл.[576]

Ами Буе во Крива Паланка регистрирал од 2.000 до 3.000 жители, а во главната улица се наоѓале повеќе дуќани на оружари, на производувачи на потковици и насекаде имало железни прачки, потоа многу чешми, кафеани и сл.[577] Сепак, најмногу се произведувале метални плочи од страна на мајсторите плочари. Таков вид дуќани имало 20, за правење на запалки 6 дуќани, за кантари 3 и т. н. Главните производувачи на плочите биле Циганите, во налбантскиот занает се истакнувале главно Турците. Металните плочи биле извезувани во Унгарија, а посебно во околните градови : Куманово, Кочани, Штип и т.н.[578]

Развитокот на рударството и производството на железо во Кривопаланечко и понатаму продолжило се до Кримската војна. Таму сеуште работела железарската работилница под с. Дурачка река, јужно од градот, а истата била позната уште и под називот „самаковиште" .[579] И во текот на 1866 година, во Крива Паланка се среќавале повеќе дуќани на ковачи во кои се „изработувале потковици и клинци од домашно железо" .[580] Во некои извештаи кои се однесуваат на казата Крива Паланка од почетокот на 1870 година, исто така се наведуваат податоци за присуството на рударски работници, *меѓу кои се спомнуваат* 79 ќуреџии и бекчии, односно рударски работници, за кои биле исплатени 800 грошеви.[581] Одредени податоци за работата на кривопаланечките рудници и самакови во втората половина на XIX век, од своја страна

---

575 На исто место .
576 К. Н. Костиќ, Наши нови градови, с. 120.
577 Б. Цветкова, Френските пътеписи, с . 404 .
578 Ѓ. Малковски.., Крива Паланка и Кривопаланечко низ историјата, с . 88 .
579 Й. Ивановъ, Сѣверна Македония, с. 246.
580 К. Н. Костиќ, Наши нови градови, с. 120.
581 А. М.,Ф. Скопска турска општина, кут. бр. 2.ар. ед. 149/174,150/175.

забележал и Константин Јиричек, кој, патувајќи низ Бугарија во 1882 година, во царинарницата Деве Баир забележал „многу товари железни плочки„ , произведени и донесени од Крива Паланка и за извоз подготвени.[582]

Врз основа на расположивите податоци, при крајот на XIX век во кривопаланечкиот рударски базен биле сеуште присутни сеќавања за минатото на рударството во овој крај и за обработката на железарските производи. Така на пример, Ѓорче Петров во своето волуминозно дело „Материали по изучуванието на Македония„ , објавено во 1896 година во Софија, наведува дека во регионот на Кривопаланечко, покрај селото Дурачка Река, едно време имало самакови, каде се обработувало железото. Наведеното село се наоѓало, каде што се „соединува Осоговската планина со Лисец„ .[583] Исто така тој наведува дека во селото Ранковци, оддалечено 4 1/2 часа на запад од Крива Паланка, исто така имало руда од која можело да се прават воденични камења, но овој вид на производство сеуште не бил разработен.[584] Од некои други податоци од овој период се дознава дека во Северна Македонија, а со тоа и во Кривопаланечко сеуште имало железни, оловни и сребрени руди, но дека од страна на турските власти не се експлоатирале.[585]

На крајот да кажеме дека самоковот постоел и работел се до 1876 година, односно во регионот покрај Дурачката Река и при самиот крај на турското владеење се среќавале Цигани - ковачи, кои собирале железна шлака, која ја пречистувале и добивале железо, а закупци на производството биле Албанци.[586]

---

582 Ѓ. Малковски, Крива Паланка,с . 89 .

583 Ѓ. Петровъ, Материали по изучуванието на Македония, с. 606.

584 Исто .

585 К. Бендеревъ, Военая география и статистика Македонйи, с . 678 .

586 Г. К. Георгиев, Старата железодобивна, с . 178 .

## 3. ОСТАНАТИ РУДАРСКИ ЦЕНТРИ ВО ОСОГОВИЈАТА

Во Составот на Кратовско - Кривопаланечкиот рударски базен, исто така влегувале или, поточно кон него гравитирале, помалите рударски центри, како што биле : Злетово, Саса, Радовиш и Кочани.

Старото рударско место Злетово се наоѓа во блиската околина на кратовскиот рударски базен. Во наведената област на многу места сеуште се среќаваат остатоци од стари рударски јами, поткопи и купишта од згури. Овие материјални докази за старото рударство датираат уште од времето на Трачаните и Илирите, а најверoватно и Римјаните, кои ја експлоатирале оловно - цинковната руда во која се наоѓала голема количина на сребро. [587] Рударството во Злетовската област свој процут добило во текот на XIII век, со доаѓањето на познатите европски рудари, Саситe. Овие не само што ги активирале работите во постоечките, стари рударски јами, туку отпочнале да отвараат и нови рударски окна и воопшто, во рамките на злетовската област и во ,,соседните области развиле рударство од големи размери, така што во тоа време овој крај бил познат како регион со големо производство на олово, сребро, бакар и железо,, . [588] Уште пред доаѓањето на Турците - Османлии на Балканот, зависното селско население од овој крај, наречено парици, било принудено од страна на своите феудални владетели да работи во рудниците, во топилниците и самаковите или да обавува низа работни задолженија поврзани со експлоатацијата на рудата. Наведената област била доста богата со разни видови руда Нивната експлоатација и преработка, од своја страна им обезбедувала непроценливи приходи на злетовските феудални владатели. [589] Економската важност на рудата не престанало со доаѓањето на Турците -

---

587 Злетовската област, Географско-историски осврт, Скопје, 1974, с. 34.

588 Исто .

589 А . Апостолов , Злетовската област од доселувањето на Словените до крајот на XIV век век , ГИНИ , г . XVII , бр . 3 , Скопје , 1973 , с . 129 .

Османлии. Во првата половина од XVI век, со своето производство се истакнувал рудникот Гребена, кој се вбројувал како ,,маден ( рудник ),, во царските хасови. [590] Рудникот Гребена го добил своето име според исчезнатото село во близината на денешното село Јамишта. Во рудникот Гребена, според пописот од 1519 година, ушурот од добиеното сребро изнесувал 6.589 акчиња, што би можело да значи, дека за една година се топело околу 50 килограми сребро. [591] Наведеното производство на сребро во следната деценија било преполовено а веќе од средината на XVI век, овој рудник како да престанал со работа. [592] Најдоцна од средината на XVI век и во Злетовската Река се вадела железна руда. Така на пример во пописните дефтери од 1550 и 1570 година, запишан е ,,ушур за рефузно железо од Злетовската Река,, (üşr - i hurde - i ahen der nehr - i İzletova) , кое во реката го собирале жителите на селото Долно Бучиште. Од ова рударска дејност ушурот изнесувал 100 акчиња годишно, односно 500 акчиња од извршениот закуп на железната руда (mukataa - i cevher -i ahen ) му припаѓале на вакафот на мевланата Мухамед Челеби и истите оделе во полза на штипската медреса на мевланата Нуредин, уште познат и како Иштип - заде. [593]

Во врска со рударската дејност во Злетовската област, можно е да се заклучи дека сепарацијата на железото во овој рударски крај била една од доходовните занимања на муслиманското и христијанското население, каде најмногу се истакнувал Гребенскиот рудник, иако пописите од XVI век не регистрираат други податоци за експлоатацијата на железната руда во овој рудник за сребро. Меѓутоа, важно е да се подвлече дека во тесна врска со добивањето на железото во пошироката штипска околија ( нахија ), во чиј состав влегувал и Злетовскиот предел, се наоѓале и трите самокови во селата Долно Бучиште, Куќица ( друго име

590 Турски документи за историјата на македонскиот народ , Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак , т . V . кн . II , ( превод редакција и коментер д-р А . Стојановски ) , Скопје , 1980 , с , 86 .
591 Историја на македонскиот народ ,том втори, Скопје,1998.......286-287.
592 Исто .
593 Исто ,

Трохла ) и Драч. Во селото Драч наемнината за самоковот за една година изнесувала вкупно 1.800 акчиња. [594] Самоковот кај селото Куќица престанал да работи кон средината на XVI век, а две децении подоцна истата судбина ја доживеал и самоковот кај Долно Бучиште, каде во ,,средината на XVI век свои чифлици имале и двајца рударски шафари ( Иса Бали и Хамза ), што само потврдува дека во близината на ова село во минатото се добивало железна руда,, . [595] Освен тоа, во составот на злетовскиот рударски крај по долините на планинските потоци имало и златен песок, кој бил собиран од страна на месното население со плавење на песокот во водата и пречистување на златото. Оттука и претпоставката за верувањето сред народот од овој крај, дека планината Плавица го добила своето име од плавењето на рудата, а исто така, можеби и името на самото Злетово, дошло од производството на златото. [596] Во Злетовскиот крај, во првата половина на XVI век , како полунезависни господари на злетовските и кратовските рудници се истакнувале браќата Пепиќи, а во текот на втората половина од истиот век браќата Бојчиќ. Интерсно е да се подвлече дека припадниците и од едната и од другата фамилија, како закупци на рудниците добивале големи парични приходи и истите често пати го дарувале Лесновскиот Манастир. Така на пример, во 1581 година, Никола Бојчиќ со свои парични средства со оловни плочи ја покрил црквата на манастирот Лесново. [597]

Во непосредна близина на Злетово, како второстепено рударско место се истакнувало и Горно или Турско Рудари, сместено на патот за Кочани и Злетово. На оддалеченост од еден час, над селото се наоѓале остатоци од згури при топењето на рудите и производството на металите, од каде и самото село си го добило своето име Рудари. [598] Според извесни сознанија за рударската дејност на ова село, се претпоставува дека во

---

594 Турски документи за историјата на македонскиот народ,т. V.кн.V. А. Стојановски,с. 61
595 Историја на македонскиот народ том втори., Скопје, 1998, 287
596 В. Кънчев, Избрани произведения, т.I, с. 370.
597 Злетовската област , Географско - историски осврт , с . 35 .
598 Ѓ . Петровъ , Материали по изучуванието на Македония, с. 587 .

,,местото Косел, кое сега претставува маало на Турско Рудари, постоел рудник за сумпор,, .[599]

Според некои податоци кои се однесуваат на рударството во Злетово од 60 - 70 - тите години на XIX век, во наведениот период сеуште работеле злетовските топилници.[600] Во нив се топела рудата што се наоѓала во Злетовскиот крај и тоа: железо, манган, олово, цинк, бакар и сумпур, а се претпоставувало дека во составот на пиритните и халкопиритните руди на оваа мошне богата рударска област, требало да се бараат и трагите на некои од племенититите метали.[601]

Во составот на Кратовско - Кривопаланечкиот рударски базен се вбројува и рудникот во селото Саса, кое се наоѓа во источните делови на местото Султан тепе, под врвовите на Китка, Блатешница и Ждрапаница, поточно сместено на едно пространство од вкупно 6 километри. Ова село исто така е познато како старо рударско место, а името го добило според старите саксонски рудари, кои работеле и живееле тука, како и во Кратовско и воопшто во областа на Осоговијата.[602] И во овој рудрски крај се наоѓаат повеќе остатоци од топени руди и според некои проучувања од крајот на XIX век, се претпоставува дека рудниците и топилниците се наоѓале на врвот Китка, во непосредна близина на селото Саса, сместени во длабини и непристапни предели.[603] Остатоци од топени руди се среќаваат и во близината на Саската река, односно на земјиштето од маалата Зарафето и Капитановци, каде главно се преработувала рудата, а според преданието на населението, таму имало маденица, која била запалена од страна на населението и горела 25 дена. Најверојатно причината за нејзиното палење била уништувањето на гората заради топење на рудите, а која им била потребна на селаните. Исто така се претпоставува дека во рудникот Саса се експлоатирала

---

599 Злетовската област , Географско - историски осврт , с . 36 .

600 Ј . Цвијиќ , Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије , кн . прва , с . 166 - 167 .

601 Исто , с . 167 ; Д . Ярановъ , Минералнитъ богатства вь Македония , Македонски прегледъ , г . XIII , кн . 1 . , София , 1942 , с . 31 - 32 .

602 Г . Бончевъ , Старото рударство, с . 14 .

603 Г . Бончевъ , Старото рударство въ България и Македония , с . 14 .

воглавно оловната руда - галенитот, а исто така имало и бакарни рудници.[604]

Меѓу останатите рударски центри во близината на Кратовско - Кривопаланечкиот рударски базен се вбројува и рудникот Дамјан, кој се наоѓал источно од Радовиш и бил сместен во Штипската каза каде како главен производ се вадела железната руда. Имено дека на просторот што го зафаќа Мадемската Река во западниот крај на Радовишкиото поле и самиот водопредел на реките Брегалница и Струмица, поточно во Дамјаничкото поленце и Пилаф Тепе, преку клисурата Дервент, ,,имало маден за железна руда, од каде ја нарекувале и реката Мадемска Река,, .[605] Всушност, тука во Мадемската река некогаш се собирала и топела железна руда.[606] Во 1519 година ушурот од добиеното сребро во овој рудник изнесувал вкупно 6.009 акчиња.[607] Во еден документ од 1549 година, се среќаваат податоци за прекумерната експлоатација во овој рудник, вршена од страна на закупникот Мехмед.[608] Во врска со настанатите проблеми во рудникот Дамјан било и известувањето на кратовскиот кадија, Мевланата Шемсудин, кој ги информирал царските власти, дека рајата - рударски работници од селата Горна и Долна Калуѓерица, Радовиште и Дамјан, Топилница, Марчево, Брест и Горанци се спремала повторно да ги напуштат своите села, како резултат на насилствата вршени од страна на новиот закупник на рудникот.[609] За рудникот Дамјан во 1549 година, закупецот требало да плати годишен илтизам во висина од 59.000 дирхеми во сребро. Поточно, за три работни години, закупецот Хусаме , со услов на главниот шафар Бекир, да му се исплати за три работни години илтизам вкупно 207.709 дирхема.[610] Веќе во 1550 година, ушурот од добиеното сребро во рудникот Дамјан, спаднал

---

604 Исто , с . 15 .

605 Ѓ . Петровъ , Материали по изучуванието на Македония , с . 309.

606 Г.Баждаровъ, Из Македонската, с.95;Ф.Туќан,Минерално богатство Југославије,с 268

607 Историја на македонскиот народ, том втори, Скопје, 1998...287 .

608 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Maliye Defteri No . 141

609 Исто .

610 Исто .

на 1.754, а во 1570 година на 1.543 акчиња.[611] Судејќи според пописот од 1550 година во наведениот рудник работеле само 7 рудари, а 1570 година, бројот на рударите се покачил на 19 рудари, што би можело да значи дека продуктивноста опаднала.[612]

Врз основа на податоците од пописните дефтери од втората половина на XVI век за Ќустендилскиот санџак, кои се однесуваат на Кратовската каза, може да се заклучи дека рудникот Дамјан се наоѓал во Кратовската каза и бил вклучен во царските хасови на султанот.[613] Во еден извештај на „Управата за закупите на рудниците и хасовите на рудниците„ во Скопје и околината од 12 .04. 1641 година до 13. 04. 1643 година, како закупувач на рудниците во околината на Радовиш, се наведува лицето Реџеб заде.[614] Во овој период во Радовишко биле закупени два рудника и тоа : рудникот Дамјан за 21.640 акчиња и рудникот Гребена за 22.086 акчиња.[615]

И Покрај настанатата криза во рударското пртоизводство на Османлиската империја, започната уште во текот на XVI век, турските власти, имајќи голема потреба и недостиг од метали и метални производи, и во Радовишко правеле напори рударското производство да не се прекрати, а истото, по можност, и да се зголеми. На наведените констатации укажува и „еден список на 87 рудари од 17 штипски села, составен на 9 август 1696 година од страна на штипски кадија Мехмед Емрулах„ .[616] Во овој случај во прашање се главно села кои и во претходниот период се наоѓале вклучени во хасовите на рудниците Дамјан и Гребена. Оваа појава говори за извесен континиутет кој се одржувал не само во експлоатацијата на рудата во овие два базена, туку и во „начинот на регрутирањето на потребната работна сила а со тоа и за неизменетите општествено - економски односи кои владееле во оваа

---

611 Историја на македонскиот народ, том втори, Скопје, 1998, 287
612 Исто .
613 М .Соколовски , Струмичко и Радовишко во XVI век , Прилози - МАНУ , IX / 1 , Скопје , 1978 , с . 71 .
614 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , f . Maaden Mukataa defteri , No . 22711.
615 Исто .
616 Историја на македонскиот народ, том втори, Скопје, 1998, 288

стопанска гранка во текот на првите три века од турското владеење во Македонија.[617]

Како последица од развиеното рударско производство, селото Радовиш ( Радовиште ) во текот на XVII век, прераснало во помало градче.[618] Од содржината на другите документи за рударството во Радовишко, се добиваат податоци за рударски работници од овој крај, како што е примерот со рударот Милош од село Конче.[619] Според една одлука од 5. 9. 1768 година, во врска со работата на рудникот Дамјан, се барало да се однесе во прогонство на островот Лимни ,,самонаречениот ајан Осман од Радовиш, затоа што спречувал да се обезбеди ќумур од планините на околината на Радовиш за потребите на двете печки на рудникот Дамјан,, .[620]

Тешко е да се утврди, макар и приближно, кога престанало рударското производство во Радовишкиот крај. Позади таквите оценки се поставуваат само одредени податоци од крајот на XIX век и потоа.

Градот Кочани е последниот рударски центар во Кратовско - Кривопаланечкиот рударски базен, кој на одреден начин бил поврзан со рударството од овој дел на Македонија. Тоа донекаде се потврдува со работата на ковачницата за пари во Кочани во време на султанот Бајазид I Јилдирим ( 1389 - 1402 ),[621] во времето на султанот Сулејман Велинчествени ( 1520 - 1568 ), кој тука ковал златни монети ,,ешрефи,, ,[622] па султанот Селим ( !568 - 1576 ) кој ковал сребрени монети ( акчиња )[623] и султанот Мурад III (1576 - 1594 ) кој исто така, ковал сребрени акчиња.[624]

Според пописот од 1573 година, едно од двете кочански маала во тоа време го носело името Самоков, секако по самаковот кој тука

617 Исто .
618 А . Стојановски , Градовите во Македонија, с . 131 .
619 С . Андреев Е . Грозданова , Из историята, с . 84 .
620 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . ( f . 3 - E / 3 , ) No 1402
621 Г . Баласчевь , Софиският, с . 219 .
622 Д . А . Ихчиевъ , Материяли за монетното дъло въ Турция , с . 87 , 122.
623 Исто , с . 132 .
624 Исто , с . 134 , 136 .

работел и на феудалецот му носел годишна рента од 60 акчиња. [625] За работата на самоковот и ковачницата за пари во Кочани станува збор и во еден извештај на „Управата за закупот на рудниците и хасовите на рудниците" во Скопје од 1641 до 1642 година, каде за наведениот период закупот изнесувал 121.441 акчиња а како заеднички закупци се појавуваат Реџеб заде и Јакуп паша. [626]

Податоци за експлоатацијата на рудните богатства на Кочани и Кочанско се среќаваат и во средината на XIX век. Така на пример во сумарниот преглед за плаќање на џизието на христијаните, Циганите - христијани и Циганите - муслимани во касабата Кочани и Кочанската каза од 1846 година, од вкупно 61 село и три маала, рударски работници имало во 8 села или вкупно 117 рудари. [627] Регистрираните рударски работници биле од следните села : Бели - 31., Нивичани - 22., Бунеш - 7., Соколарци - 2 ., Лески - 10., Блатец - 21., Плешне - 5 и Саса - 19 рудари. [628] Од вкупно 4.731 даночни обврзници од составот на касабата Кочани и Кочанско, рударски работници во царски рудници имало 117. Рударските работници исто така биле регистрирани. [629] Да наведеме уште и тоа дека во Кочанскиот крај, бил собиран и експлоатиран златниот песок од овој крај. [630]

---

625 А . Стојановски , Градовите во Македонија, с. 135.
626 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Maaden Mukataa Defteri , No . 22711 .
627 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Maliye Nezareti Cizye , No . 1476 .
628 Исто .
629 Исто .
630 Ф . Тауѓан , Минерално богатство Југославије , с . 226 .

# ГЛАВА III

## ХАЛКИДИЧКИ ЦЕНТАР ( МАДЕНОХОРИЈА)

### 1. С И Д Е Р О К А П С А

Во редот на водечките рударски базени во Македонија во време на турското владеење се истакнува и рудникот кај градот Сидерокапса. Овој денес непостоечки град се наоѓал во непосредна близина на источното крајбрежие на Халкидичкиот Полуостров, а областа поради своите рудни богатства како Маденхорија. Всушност, според Х. Калфа, Сидерокапса се наоѓала источно од Солун, на 12 дена пат од Истанбул, односно јужно од градот Сер, одалечена два дена пеш, а таму се наоѓале богатите сребрени рудници и ковачници на пари. Рудниците биле лоцирани на јужната срана од ивицата на големата и стрмна гора, од која се експлоатирале дрвото за правење на скелиња и останата рударска опрема. Некои патеписци градот Сидерокапса го регистрираат и под падините на Бешичката планина, поточно во реоните на селата Маслер, Враста и Стефанија, кои своевремено ги нарекувале мадемски односно рударски села. [631] Според познатиот француски лекар и патописец од средината на XVI век, Пјер Белон, се претпоставува дека градот Сидерокапса било познатото рударско место уште од античкиот период, каде македонскиот цар Филип II, таткото на Александар Велики за прв пат ги излеал своите златни монети, т.н. ,,Филипики,, . [632]

Сидерокапса било важно рударско место веќе во првите векови на турското владеење во Македонија, кога од страна на султанот Бајазид I Јилдирим ( 1389 - 1402 ) биле обновени старите ковници на пари во

---

631 С. Новаковиђ, Хаџи - Калфа или Ђатиб - Челебија, 39.

632 В. Николаев, Голем минни предиприятия с блгарски работници б Европейска Турция през XVI век, София, 1953, с. 144.

повеќе градови на Македонија, како што биле градовите Срес, Сидерокапса, Скопје, Кратово, Солун, Охрид и Кочани. [633] Експлоатацијата на рудните богатства во регионот на Сидерокапса посебно се интензивирала во времето на султанот Мурад II (1421-1452), а своја кулминација достигнале во текот на првата половина од XVI век, кога султанот Сулејман Величенствениот ( 1520 - 1566 ) наредил да се реорганизират работите во рудниците. [634] За работата во рудниците на Сидерокапса од посебна важност биле издадените закони и правилници, преку кои се регулирале правата и задолженијата на сопствениците на рударските окна, односите помеѓу управните органи на рудникот и производителите и т.н. Така на пример, според содржината на еден ,,Извештај за старата уредба во сила на рудникот Сидерокапса,, , напишана од страна на кадијата од овој град и доставена до органите на царската порта во Истанбул, согласно со претходната наредба издадена од страна на султанот Мехмед II Освојувачот ( 1444 - 1446, 1451 - 1481 ) во 1451 година, била формирана комисија за истражување и проучување на работата на целокупниот персонал во рудникот. Извештајот бил напишан врз база на проучувањето на претходните закони и состојби во работата на рудникот и бил составен како рударски правилник од вкупно 14 параграфи, преку кои биле регулирани обврските и задолженијата на сопственикот на рудникот Касим паша, како и на еминот на рудникот и на кадијата. [635] Всушност, претходно наведените лица биле задолжени да ,,отворат истрага и да состават извештај чија цел е спроведување на *законот во сила во споменатиот рудник, од старите времиња досега и* земањето на таксите што се должат на бејлукот од експлоатацијата на рудникот,, . [636] Понатаму се опишува земањето десток ( uşr ) од рудата, од среброто извлечено од рудата или од пречистеното сребро (gümuşlik) ; делот од производството што им припаѓало на сопствениците ( sahib ) на

---

[633] Д. А. Ихчиевь, Материяли, . 95 .
[634] A. E. Vakalopolus, Histori of Macedoniya ( 1354 - 1883 ), II, Selanik, 1973, s. 155.
[635] N. Baldiceanu, Les actes des premiers, . 183 .
[636] Исто, с. 184 .

окната, сразмерно на нивното учество, давањето на арачот, на таксите ( rusum ) и на бацот од увозот и извозот на стоките, на стоките за јадењето, пијалоците, облеките или кој било артикал на пазарот од рударското подрачје. [637] Според наведениот документ, во наредбата на султанот се барало исто така да се внесе во извештајот се што се однесувало на работата во рудникот Сидерокапса; се барало од истражните органи ,,ништо да не пропуштат, ништо да не известуваат што е спротивно од стварноста и да запишат подобно се оно што се случило од порано па до сега,, . [638] Од содржината на анализираниот документ, можно е да се аклучи, дека станува збор за уредување и регулирање на многу прашања од социјалниот и стопанскиот живот на рударските работници во Сидерокапса; надлежноста на хутманите; цената на рудата, монополот, трошарината, општинската такса за купопродажба на стоката и т.н. [639]

Во Сидерокапса како еден од најголемите рударско-металургиски центари во Македонија главните рударски производи биле златото, среброто и оловото. Во процесот на производството биле вклучени повеќе рударски техничари и работници, кои живееле во близината на рудникот, а како надополнување на грчките рудари, имало едно ,,зачудувачко разнообразие на население - Бугари, Срби Турци, Албанци, Евреи и дури Германци,, . [640] Во една канун-нама од 7 . VII . 1482 година, издадена од страна на султанот Мехмед II Освојувачот, врз основа на канун - намето за рудникот во Кратово од неговиот татко, султанот Мурад II ( 1421 - 1451 ), на неверниците - рудари од Сидерокапса, кои биле задолжени да го предаваат десетокот од добиеното сребро, им се одобрувало: од 12 драмови ,,димишки,, , да земат еден драм сребро; од 120 драма сребро да земат 10 драмови сребро, а од 1.200 драма сребро да земат 100 драма сребро. [641] Понатаму,

---

637 Исто .
638 Исто .
639 Исто . с . 189 ; С . Ризај , Рударството во Македонија, с. 9 .
640 В. Николаев, Големите минни, с.9~150; А . Е . Vakalopolus , Historu of Macedoniya , s 153 .
641 A. Akgundus, Osmanli kanunnameler,s . 524 - 525 .

производувачите на среброто во рафинериите биле задолжени, врз основа на ценовникот, да го продаваат среброто на ,,амилите,, и сарафите на ковницата, а да не го продаваат на други лица; доколку пак го прават тоа, тогаш тие вршат законски престап. Амилите не ,,треба да го земат среброто за помалку од предвидената цена,, .[642]

Во текот на првата половина на XVI век, рударскиот базен Сидерокапса се вбројувал во еден од најважните на Балканскиот Полуостров. Уште во текот на 1509 - 1510 година, Сидерокапса се спомнува како султански хас во вредност од 155.817 акчиња.[643] Таквата констатација се потврдува и во Законикот издаден од страна на султанот Сулејман Законодавец (kanuni) во 1536 година.[644] Во содржината на еден ,,Пресметковен дефтер за рудникот Сидерокапса,, од 25 . I . 1542 до 7 . IX . 1542 година, кој се однесува на добиеното ,,сребро во жици,, , вкупниот збир изнесува 177.567 жици сребро, односно од ,,чисто сребро,, биле добиени - 173.784 жици сребро.[645] Од вкупниот збир при повторната обработка биле намалени 27.956 жици сребро, и 1.614 остатоци од сребро и останале бело сребро во полуги 149.611 парчиња, духен во ,,чисти мискали,, ,[646] односно ,,Пресметката во пари, од спомнатиот датум како што е горе напишано,, , како основен капитал во пари 451.824 акчиња, вредност на данокот за рафинираниот метал - 11.137 акчиња.[647]

За рударското производство во Сидерокапса, многу важни податоци соопштува и Пјер Белон во 1547 година. Тој од своја страна истакнува, дека наведените рудници во оваа област потекнуваат од древните времиња, а рударите кои ,,сега работат, се вглавно од бугарска народност,, .[648] Според описот на Пјер Белон, местото Сидерокапса во

642 Исто .
643 Н . Тодоров , Балканският град , с . 92 .
644 F . Spaho , Turski rudarski zakoni , s. 166 .
645 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Defteri Maadeni Mukataa ( D. MMK ) , No 22691.
646 Мискал , мерка за драгоцени камења чија тежина варирала од 4 , 6 до 5, 12 грама , во зависност од времето и регионот.
647 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Defteri Maaden Mukataa ( D . MMK ) , No 22691 .
648 Й . Иваноивъ , Българить въ Македония , с . 166 .

старо време се викало Хризити, а ,,сега е едно село, кое поради големото количество на злато и сребро, добиено тука, на Турчинот му дава повеќе приход отколку најголемиот град во цела Турција,, .[649] Во наведениот период рудниците во Сидерокапса давале една голема сума на злато и сребро, при што за еден месец, без да се смета платата на рударите и останатиот персонал, на султанот му останувале од десетокот на ископаната и претопената руда од 18.000 до 30.000 златни дукати или за една тековна година парична сума од 180.000 до 300.000 златни дукати.[650] Во рудниците на Сидерокапса работеле околу 6.000 рударски работници и технички технолошки персонал, а рудата се топела во високи печки чиј број изнесувал над 600. Рудниците биле закупувани од страна на крупни закупци, најверојатно рентиери - Евреи.[651] Понатаму Пјер Белон наведува дека секоја печка имала свои сопствени мајстори, кои работеле со свои работници и за своја сметка.[652] Процесот на производството и рафинерирањето на металните производи во печките и дефинитивното добивање на металните производи во ,,чист вид,, , се одвивало со трудот на рударски работници, а во составот на техничкиот персонал, најмногу биле присутни Германци.[653]

Во непосредна врска со добивањето и преработката на благородните метали, златото и среброто, од Сидерокапса, било присутно и ковањето на пари, кое, како еден ,,специфичен вид на занаетчиство,, , се наоѓало под ,,строга државна контрола,, .[654] Монетарницата во Сидерокапса била активирана во текот на XVI век, кога султанот Сулејман Величествениот ковал свои златни монети и уште два вида на сребрени монети, од кои едните биле т.н. ,,ѓумуш акче,, .[655] Исто така во овој рударски центар златни и сребрени акчиња ковале и султаните

---

649 В. Николаев, Големите минни с. 134.
650 Исто, с. 147; A. E. Vakalopolus, History of Macedoniya, s. 155.
651 В. Николаев. Големите минни с. 147.
652 З. С. Плаков, Гратското занаятчиско, 75.
653 В. Николаев, Големите минни, с.9~150; A. E. Vakalopolus, Histori of Macedoniya, s. 155. Г.К.Георгиев, Старата железнодобивна, с.52.
654 А. Стојановски, Занаетчиската дејност, с.130.
655 Д. А. Ихчиевъ, Материяли за монетното дьло вь Турция, с. 121 ~ 122.

Селим II ( 1568 - 1576 ) и Мурад III (1576 - 1594), Мехмед III ( 1594 - 1603 ) само сребрени акчиња и на крајот Осман II (1617 - 1621) златни монети .[656] Во содржината на еден официјален попис од 1567 - 68 година, се наведува дека вкупниот приход добиен од рудниците во Сидерокапса изнесувал од 2 милиона акчиња, како и 2,6 милиона акчиња добиени од ковачницата за пари, што споредено со податоците во 1547 година од страна на Пјер Белон, се далеку под нивото од најмалиот годишен износ регистриран од него. Сепак, според сите претходно наведени показатели, можно е да се заклучи дека ,,Сидерокапса во она време била најголемиот металургиски центар во Македонија,, .[657] Според други, неофицијални податоци, се сметало дека во XVI век месечниот приход од овие рудници изнесувал од 28.000 до 40.000 дукати .[658]

Што се однесува за платите на вработените инструктивен е еден извештај за работата на ,,Управата на закупот во ковницата на Сидерокапса заедно со работниците, контролори на рудата,, , кој се однесува на периодот од 1580 до 1590 година, а во кој биле регистрирани дневните плати на службениците. Така на пример, на писарот во одделот за контрола на рудата во ковницата, во обврска на Хаџи Халил, во согласност со предлогот на мевланата Хасан, кадија на Солун и Бер и инспектор, му одредиле на 15. VIII .1580 година, дневна плата од 5 акчиња.[659] На Мехмед, син на Џафер, како застапник на еминот, во согласност со предлогот на мевланата Абдулкерим, кадија на Сидерокапса и на предлог на Мустафа чауш, од редот на чаушите на султанскиот двор, надзорник на царските закупи, на спомнатиот застапник на еминот му одредиле на 23 . 01. 1582 година - три акчиња на ден. На писарот во ковницата за ,,сребрени и златни султански пари,, , во обврска на Ибрахим, во согласност со предлогот на Мехмед чауш, од редот на чаушите на султанскиот двор и надзорник на закупите во

---

656 Исто , с . 131 , 134 - 135 , 139 , 146 .
657 Историја на македонскиот народ,том втори, Скопје, 1998, 289.
658 И . Иваниќ , Македонија и Македонци , с
659 Başbakanlik Arşivi , İstanbul , F . Maaden Mukataa Defteri No. 22698 - 7 , s . 6 .

Сидерокапса, на 02. 01. 1584 година, му одредиле плата од 20 акчиња. На чаушот на ковачите на пари во ковницата, во обврска на Синан, во согласност со предлогот на мевланата Хусеин, кадија на Ениџе Карасу и инспектор и на предлог од Лачин заде Мехмед чауш од редот на чаушите на султанската порта и надзорник на закупите во Сидерокапса, Кавала и Правиште, на 5 . 04 . 1586 година, му одредиле дневна плата од 10 акчиња. На стручниот раководител во ковницата за сребрени и златни пари во обврска на Дервиш Мехмед, поставен на местото на зимијата Јани, кој поради старост сам ја напуштил службата, во согласност со предлогот на мевланата Хусеин, кадија на Ениџе Карасу и инспектор, на 23 . 04 . 1587 година му одредиле 25 акчиња. Спомнатиот Дервиш Мехмед, поради тоа што не бил стручен во работата, бил остранет од служба и на негово место бил назначен Хизир, кој на предлог на наведениот мевлана и кадија, на 27 . 9 . 1587 година, добил дневна плата од 25 акчиња. И на крајот, на писарот во топилницата ( kalhane ) на Сидерокапса, во обврска на Мустафа, син на Абдулазиз, во согласност со предлогот на мевланата Хасан, кадија на Солун и Бер и инспектор, на 9 . 05 . 1590 година, му одредиле дневна плата од 5 акчиња.[660]

Според горенаведените податоци можно е да се заклучи дека честите промени на стручните и раководните лица на рудниците и ковницата во Сидерокапса и Кавала биле како резултат на незадоволството на властите од резултатите на нивната работа и неадекватната рентабилност. Имајќи ја предвид природата и важноста на овие рудници, кои биле едни од најголемите извори на материјалното богатство на османлиската централна власт.

Сидерокапса, каде што најмногу се експлоатирала сребрената руда и од нејзиното рефинирање се добивало одредена количина на злато, произведувала и олово. Така на пример на 16 . 04 . 1584 година, во една царска наредба упатена до кадијата на Сидерокапса се барало да испрати 1.500 кантари олово, за потребите при градење на една џамија

---

660 Исто . л . 7.

во Истанбул, која била овакафена од страна на везирот Месих - паша.[661] За производство на оловото во овој крај зборува и еден ферман од 10 . 02 . 1587 година, каде се задолжува кадијата на овој град да испрати 1.000 кантари олово за потребите при градењето на една друга џамија во Истанбул.[662]

Во текот на втората половина од XVI век, рударското производство во Сидерокапса во споредба со претходниот период започнало осетно да опаѓа. Во еден царски ферман издаден од 01 . 02 . 1580 година, испратен до новопоставениот кадија на Сидерокапса, наведени се податоци за издадени инструкции да се вложи повеќе енергија во работата на рудниците и да се испраќаат големи доставки исковани пари пред доаѓањето на новата година. Но, како времето си поминувало и новата година се приближувала централните власти се уште не примиле никаква информација за производството во рудниците и ковањето на парите.[663] Но, иако во голема мера опаднало рударското производство и експлоатација на металите во Сидерокапса, особен пред крајот на XVI век, сепак и понатаму се среќаваат податоци за континуитетот во работата на рудниците. Во еден извештај на ,,Управата на закупите на рудниците и ковницата и другите закупи во Сидерокапса и Кавала,, , се регистрирани следните податоци : од извршениот закуп во текот на 1588 / 9 година, за период од 7 години, биле добиени - 22.140.000 акчиња ; од закупот во 1592 / 3 година, исто така за 7 години - 22.140.000 акчиња и од закупот во 1597 / 8 година, за период од 6 *години - 19.200.000 акчиња.*[664]

Експлоатацијата и производството на рудните богатства во првата половина на XVII век, во Сидерокапса битно не се промениле односно производството продолжило и понатаму да опаѓа. Така на пример, закупот во 1607 / 8 година, за период од 6 години изнесувал - 20.600.000

---

661 С . Ризај , Рударството во Македонија, с. 99

662 Исто , с . 100 .

663 Историја на македонскиот народ,том втори, Скопје, 1998, 288-289 Vakalopolus , History of Macedoniya , s .156.

664 Başbakanli Arşivi - İstanbul F . Maliyeden Müdevver , No . 22148 , s . 8 .

акчиња; во 1626 /7 година, за период од 6 години- 22.925.847 акчиња, како и за 1631/ 2 година, исто така 22.925.847 акчиња. [665] Во врска со активната работа на рудникот во Сидерокапса во овој временски период, зборува и една доставка регистрирана од 5 . 11 . 1638 година, за приходите од закупот на рудниците, кога по наредба на кадијата од Солун, му биле предадени на Ахмед бег поголема количина на акчиња произведени во ковницата на Сидерокапса, за да ги достави до централните власти во Истанбул. [666]

Ценети податоци за рударското производство во Сидерокапса дава и познатиот турски патописец Евлија Челеби, кој во 1668 година, покрај посетата на поголем број на градови во Јужна Македонија, се задржал и во овој, на далеку познат рударски центар на Балканот. Во својот сликовит опис, Евлија Челеби наведува дека во планината на Сидерокапса се наоѓале сребрени рудници и оној кој ги обработувал станувал богат, и со тоа изобилно рудно богатсво бил ,,благо устроен,, и градот Сидерокапса, кој поради својот силен економски напредок, во тоа време, бил центар на ,,самостојна каза и нахија во Солунскиот санџак,,. [667] Од сите ,,највлијателен, продолжува Евлија Челеби, во наше време е управникот на сребренолеарницата, на кого му се дадени сите права да санкционира расправи и накажува,, . [668] При описот на планината Сидерокапса, тој наведува дека во една блиска месност јужно од градот, се вадела чиста сребрена руда, која доаѓала од ,,три жили, дебели како рака на човек,, , додавајќи дека не може да има такво чисто сребро во останатите познати рударски центри во Осмалиската империја, како што биле Сребреница, Кратово и Ново Брдо. [669] Тој исто така наведува дека во градот имало монетолеарница, која работело уште од времето на султанот Мурад IV (1623 - 1640 ), и дека рудникот за сребро бил во сопственост на ќехајата на големиот везир и секоја година ,,тој му дава

---

665 Исто . л. 8.
666 Başbakanli Arşivi - İstanbul , F . Emin Tasnifi Meadin ( 2 - 1 / 1 ) , No 43 .
667 С . Димитров , Евлия Челеби , Пьтепис , София , 1972 , с . 121 .
668 Исто .
669 Исто . с . 122 .

по десет - единаесет кантара сребро,, .[670] На крајот Евлија Челебија соопштува дека ,,сребреноливницата,, сеуште работела, ден и ноќ без престанок иако ковницата за пари била затворена од страна на султанот Ибрахим ( 1640 - 1648 ).[671] Кон описите на Евлија Челеби се приклучуваат и податоците од еден пописен дефтер од 1666 до 1678 година, за учеството на повеќе рударски работници во работата на рудникот од самиот град Сидерокапса и од околните рударски села. Од градот се регистрирани - 140 рударски работници, од с. Арбус - 252; од с. Аладика - 61; од с. Лезик - 120; од с. Нрша - 99; од с. Оселица - 10; од с. Стан - 35 и с. Ревеник - 116 рударски работници.[672]

Рударското производство и експлоатацијата во Сидерокапса, кој во времето на султанот Сулејман Величествени доживеело крупен напредок, по него, па во текот на целиот XVII и XVIII век, се повеќе опаѓало.[673] Така на пример, при крајот на XVII век, во составот на наведениот рударски базен активни биле само 4 рударски јами.[674] Порано, таму каде што активно работеле 500 - 600 печки за топење на ископаната руда и каде во процесот на работата биле вклучени околу 6.000 рударски работници, во првата половина на XVIII век, бројот на печките се намалил за ,,околу 20 пати, а бројот рударите паднал на 250 души,, .[675] Општото опаѓање на рударството и во останатите делови на Османлиската империја се должело и на промената на условите за работа во рудниците со воведувањето, на новиот систем на стопанисување во рудниците во 1701 година.[676] Покрај другите причини за опаѓањето на рударството во Сидерокапса, било и преовладувањето на натуралното стопанство и процесот на уништувањето на селанството.[677] Таквите општествено - економско и социјални прилики во овој рударски регион се

---

[670] Исто . с . 122 ; А . Стојановски , Градовите , с.124

[671] С . Димитров , Евлия Челеби , Пьатепис , с. 123 .

[672] Български исторически архив ~ София , Народна библотека Кирил и Методий ( БИА ~ НБКМ ) , Орриентален оддел ; Ф. 146 , а . е . 518.

[673] Љ . Лапе , Прилог кон изучувањето . с.112.

[674] Историја на македонскиот народ, том втори, Скопје, 1998, 288-289.

[675] Љ. Лапе, Прилог кон,с.113;А.В.Витол,Османскаяа империя , с21 .

[676] Љ . Беров , Движението на цените , с . 164 .

[677] А . В . Витол , Османскаяа империйа. 21 .

оцртуваат во два документа од XVIII век. Според содржината на едниот, рударите се жалеле и барале да се смени закупникот Чауш - заде Ахмед - ефенди, а според другиот документ, иако рударските работници од околните села биле ослободени од ,,сите видови даноци за оваа работа, пак биле несреќни поради тоа што агата - закупник или неговите претставници кришум ги измачувале селаните ,, .[678]

Во текот на првата половина од XVIII век, иако производните капацитети на Сидерокапса во однос на претходниот период, видно опаднале, најновите податоци говорат за натамошно опстојување на рударската дејност во овој крај. Така на пример, во документот за ,,Вкупната пресметка на приходите и трошоците и потребштините на ливницата во рудниците во Сидерокапса,, и за регулирањето на производството, закупот и потрошените средства за живот извршена од страна на управникот на наведениот рудник во време на Чауш - заде Хусеин Ага, жител на градот Солун, се наведува дека истиот управник бил задолжен со султанско писмо и возвишен ферман да изврши целосна пресметка за работата во рудникот од 10 . 12. 1703 до 28 . 11. 1704 година.[679] Од направената пресметка ќе ги наведеме следните податоци: од закупот на рудникот од 10 . 12 . 1703 година, - 1.500.816 акчиња со ,,полна цена,, ; од вредноста на азотот од 29 . 12 . 1703 година - 37.920 акчиња или 237 лавовски грошеви (arslan guruşı); од беделот за ќумурот на рајата и платата на работниците и останатите принадлежности за 1703 / 4 година - 639.748 акчиња или 3.998 лавовски грошеви и 17 пари; од беделот за ќумурот на споменатата раја и рударите во Солун од 30 . 12 . 1703 година - 1.118.112 акчиња или 6.988 лавовски грошеви и 8 пари; од вредноста на азотот и рентата - 3.636 акчиња и од вредноста на азотото и работата - 18.360 акчиња.[680] Понатаму следуваат податоци за изнајмување на неопходните работници од беделот на евлади - фатихан за 1704 / 5 година - 800.000 акчиња или 5.000 лавовски грошеви; од

---

678 Љ . Лапе , Прилог кон с. 113 .
679 Başbakalik Arşivi - İstanbul , F . Maliyeden Müdevver No. 15726 .
680 Исто .

џизиeто на Циганите од Солун за 1704 / 5 година, во согласност со тезкерето за првата пресметка и пресметката на рудникот од 30 .12 . 1703 година - 181.434 акчиња; од аваризот на Солун за 1704 / 5 година, во согласност со тезкерето за првата пресметка и пресметката за рудникот од 30. 12 . 1703 - 800.000 акчиња или 5.000 илјади лавовски грошеви; и од џизиeто на рајата рудари за плата земени од страна на Солунскиот собирач на џизие од 1703 / 4 година, кои биле разделени на следниот начин: највисока категорија - 34; средна - 275 и најниска - 34 - џизије документи или вкупно - 343 данокоплаќачи, кој платиле сите заедно - 1.800, како и за земените останати трошоци за закуп и џизие за следните години, биле собрани вкупно 4.638.494 акчиња. [681] Од наведената сума за извршувањето на разни работи и задолженија биле потрошени следните парични средства; за изнајмување на работници, лагамџии и мајстори од 06 . о4 до 02 . 07 . 1704 година, во согласност со деталниот дефтер на мевланата - Јахја -ефенди, кадија на Солун - 102.306 полноценети акчиња, земени од долгот за поединачни трошоци и на сумата од 737.268 полноценети акчиња; за трошоци потребштини за копање на лагами за катран, заедно со изнајмување на работници, лагамџии мајстори во споменатите рудници до крајот на 09 . 12 . 1703 година - 42.668 полноценети акчиња; за трошоци и потребштини за копање на лагами за катран и изнајмување на работници, бушачи - бургаџии и мајстори во споменатите рудници од почетокот на 10 . 12 . 1703 до 05 . 04 . 1704 година - 47.218 полноценети акчиња; за слични на претходно наведените трошоци за периодот од 06 . 04 до 02 . 07 . 1704 година - 44.193 полноценети акчиња и за чуварите на Егејското море, кои ја чувале околината на тврдините Кавала Солун и Сидерокапса, за периодот од 13 . 03 . 1704 до 26 . 03 . 1705 година - 800.000 акчиња. [682]

Многу поинтересни податоци за работата на овој познат македонски рударски базен во почетокот на XVIII век има во врска со одржувањето на ,,ливницата и потребните трошоци за новоизградените ливници на

681 Исто .
682 Исто .

рудниците Сидерокапса. [683] Според наведениот документ, издаден во согласност со шеријатска одлука и царски ферман, за правењето на 3 ливници биле потрошени 179.520 акчиња или 1.496 лавовски грошеви. Понатаму, за трошоци и потребштини, за изнајмување на аргати, зидари, за потребните средства за животот на управникот, заедно со другите ќирии на рудникот и потребите на лагамите за катран, за периодот од 03 . 07 . до 29 . 10 .1704 година, биле потрошени - 217.046 полноценети акчиња; за ливницата и трошоците на новоизградените ливници во Сидерокапса, во согласност со шеријатската одлука на мевланата Јахја - ефенди, кадија на Солун датирана на 03 . 07 . 1704 година, за секоја ливница (всушност биле изградени 5 ливници за вкупно 285.015 полноценети акчиња) по 57.000 акчиња или целокупните трошоци изнесувале 2.786.579 акчиња, од кои во пари, без претходно наведените трошоци, во рацете на споменатиот Чауш - заде Хусеин ага, од стариот долг, останале уште 1.551.915 полноценети акчиња . [684]

Во периодот од 1704 до 1706 година, од страна на централните државни власти и тоа по пат на повеpенство за управник на рудниците во Сидерокапса бил назначен Назир. [685] Меѓутоа, при примената и на овој начин и систем на управување се појавувале старите недостатоци и нерентабилност во работата на рудниците, при што некои рударски јами биле привремено затворени, а потоа пречистувани и одново пуштени во погон. Карактеристично во овој случај е да се подвлече, дека во документот се наведени три нови кадровски групации. Во првата влегувале управните органи и тоа : еден главен назир на рудникот, со годишна плата од 200 гроша, ќатибот со плата од 80 акчиња на ден и мутемедот или интендантот, одговорен за набавка на опрема, потрошни материјали и сл, со плата од 25 до 40 акчиња на ден. Во втората групација влегувале стручните органи, и тоа : хутманот со дневна плата од 25 акчиња на ден, полаканчарот или една врста на стручен соработник

---

683 Исто .

684 Исто .

685 Başbakanlik Arşivi - İstanbul , F . Cevdet Tasnifi Darbhane ve Meskukat kismi No . - 2352 ; Neşet Cagatay , Tarih Araştirmalar .s 268

- 20 ; шафранот - 30 и железарот ( demirci ) - 33 акчиња на ден. Во третата групација влегувале работниците - рудари : долапчии, со плата по 15 акчиња на ден, коритари ( teknеci ) - 15 и на крајот аргати и прости работници, со плата од 15 до 25 акчиња на ден. [686] Во врска со производството во текот на 1705 - 1706 година, во наведениот рудник за период од 16 месеци и 8 дена биле произведени 474.000 ока руда, од која биле добиени 70.192 дирхема сребро ; 141 дирхеми злато, 767 кантари оловен оксид ( mürdesenk ) и 330 кантари оловен пепел (ranta) . Вредноста на добиениот приход изнесувала вкупно 2.359.754 акчиња, а издатоците изнесувале 450.220 акчиња. [687] Според тоа поединечната состојба од добиените приходи била следната : од среброто биле добиени - 1.333.648 акчиња ( 1 дирхем - 19 акчиња ) ; од златото - 37.500 акчиња ( 1 дирхем - 266 акчиња ) ; од мурдесенк - 828.760 акчиња ( 1 кантар - 9 еседи гроша или 1.080.акчиња ) и од ранта - 159.840 акчиња (1кантар - 4 еседи гроша или 480 акчиња ), односно 2.359.754 акчиња. [688] Фактичката состојба на расходите била следната : за бедел на ќумур по 2.200 акчиња за една печка или за 79 печки - 173.800 акчиња; за работата по 2.740 акчиња за една печка или за 79 печки - 218.260 акчиња; за шафари по 300 акчиња за една печка или за 79 печки - 23.700 акчиња; за бедел на ифразчиите за една печка по 60 акчиња или за 383 лица - 21.780 акчиња; за потребните извршени санации - 7.680 акчиња и за работата на мајсторите - 5.000 акчиња или вкупно 450.220 акчиња. [689]

За поцелосно согледување на рударското производство и експлоатацијата на рудните богатства во комплексот на Сидерокапса, ќе ги наведеме и потрошените материјални средства за анализираниот временски период од 1705 / 6 година. Во врска со регулирањето на ова прашање, реалната состојба со употребените материјални средства била следната; 23 ока свеќи биле употребени за осветлувањето на

---

686 Исто , с . 267 - 68
687 Исто .
688 Исто .
689 Исто .

рударските јами и лагами; 8 корита ( вагонетки ) за транспортирање на рудата ; 11 оки железо за изработка на алати; 70 оки челик за поправка на алати; 1,500 товара лесово дрво за правење на лагами и потпирачи во рударските јами; 203 кожи говедски за пренесување и извлечување на руда и вода од рудните јами; 200 овци заклани ( kurban ), жртвувани за работата во рудникот; 6,500 ролни од разни видови на платна употребувани за дишење при работата во рововите и лагамите; 2.400 коњи употребувани за влечење и носење на рудата од јамите до печките; 20 ока лој за правење на посебни мушами од платно и 120 оки јачмен за исхрана на коњите, кои служеле за транспортирање на рудата. [690]

Промените кои настанале во развојот на рударското производство и експлоатацијата на рудните богатства во рударскиот базен на Сидерокапса довеле до тенденција на опаѓање на рударската дејност од овој регион. Според некои податоци од 1706 година, во рударскиот комплекс на Сидерокапса активно работеле само околу 30 печки за топење на рудата. [691] Рудникот на Сидерокапса и понатаму останувал како еден од редовните доставувачи и во овој период, ако не на сребро и злато, тогаш ,,големи количества олово, употребувано за производство на муниција и друг воен материјал за потребите на армијата,, . [692] Во прилог на претходното сведочат и доставките на 250.000 оки оловна руда за реализирање на годишното производство на муниција во турската армија и за задоволување на потребите во бродоградбата; испратените 308 кантари олово за регулирање на потребите од одржување на дунавските тврдини; доставката на 50 кантари олово за потребите на тврдината во Валона - Албанија, како и испратените 150 кантари олово за производство на муниција за потребите на османлиската војска, која се наоѓала стационирана во областа Нарта ( Арта ) и Превеза во Грција. [693] Во некои фермани од 1715 година кои се доставени до еминот на рудникот и кадијата на Сидерокапса, исто така се среќаваат податоци за

---

690 Исто , с . 269.

691 М . Здравева , Македонија во меѓународниот .с 55 .

692 С . Андреев ~ Грозданова , Из историяата с . 34 .

693 Исто .

доставување на 50 кантари олово во тврдината на Авлона (Влора) - Албанија и 308 кантари олово за некои тврдини на реката Дунав.[694]

Во текот на првите децении од XVIII век, во составот на рударскиот комплекс Сидерокапса била пронајдена и нова железна руда. При недостатокот на кваликфикувани стручњаци, од страна на органите на рудникот било побарано да им се испратат ,,две стручни лица - специјалисти за железо од рудникот Самоков, за проценка на рентабилноста и квалитетот на рудата,, .[695]

Управувањето со рударската дејност во Сидерокапса и во првата половина на XVIII век, си останала во сферата на закупничкиот систем на експлоатација, која покрај присуството на примитивната техника во однос на експлоатацијата на рудните богатства во Западна Европа, била една од основните причини за генералното опаѓање на рударството во рамките на Осмалиската империја, а посебно во Македонија. Според еден документ регистриран на 05 . 11 . 1720 година , се наведуваат податоци дека експлоатацијата на рудните богатства на Сидерокапса за периодот од 15 години уште повеќе опаднала, а во текот на ,,втората четвртина од овој век богатите рудници во Сидерокапса скоро запустеле,, .[696] Од содржината на други документи се гледа дека во целата прва половина на XVIII век, производството иако во ограничени размери, и понатаму продолжило. Така на пример, доставките на непреработена руда, добиени од рудниците на Сидерокапса во текот на 1721 година, изнесувале 49.641 ока руда,[697] во текот на 1723 година - 250.000 оки руда.[698] А пак еден ,,сумарен дефтер,, , од 15 . 08 . 1724 година, регистриран од страна на назирот на овој рудник ги наведува направените приходи и расходи на рудникот.[699] Во овој период бројот на рударите задолжени да работат во

---

694 БИА ~ НБКМ , София , Ориентален оддел : Ф . 129 , а . е . 478 ; Ф . 122 А, а. е . 430.
695 Başbakanlik Arşivi - İstanbul F . ( f 3 - e / 1 ) No . 1402
696 Милка Здравева , Македонија во меѓународниот, с 55.
697 БИА ~ НБКМ , София , Ориентален оддел , Ф . 123 А , а . е . 119.
698 Исто . , Ф .1 , а . е . 873.
699 Başbakanlik Arşivi İstanbul, F . Cevdet Tasnifi Darbhane No . 3215

рудниците на Сидерокапса, се движел околу 338.[700] Понатаму во содржината на еден султански ферман од 03 .11 . 1724 година, доставен до кадијата на градот Солун и до управникот на рудникот Сидерокапса, кој се однесува на производството на бомби, ѓулиња и топови за потребите на турската армија, се барало во државната леарница на рудникот при с. Извор, која се наоѓала во непосредна близина на Сидерокапса, да бидат ископани 300.000 оки руда. [701] За исполнување на наведената задача биле задолжени жителите на 8 села и тоа: Модја, Палхор, Гомат, Јерисо, Стан, Ревеник, како и селата Големо и Мало Крушево. [702] Според други изворни податоци од 1727 година, од две рударски места во составот на нахијата Сидерокапса, т.е. од околината на с. Извор и од месноста Чархлар Дереси, , било побарано да се ископаат уште 300.000 ока руда. Ова барање било поврзано и со неопходноста од доставување на што по голема количина руда за потребите на државата, при што, чинењето се зголемило за четри пати, на секои ископани 100 оки руда. [703] Кон средината на XVIII век, во рудниците, топилниците и ливниците во Сидерокапса, интензитетот на производството и експлоатацијата на рудните богатсва и понатаму бележел видно опаѓање. Според извештајот на француският конзул Жонвил од 1750 година, произведеното олово во Сидерокапса му било продавано на еден ага, закупник на рудникот, кој бил задолжен да го снабдува султанот. Тој го откупувал оловото кога количински не му достигнувало или кога ги употребувал рударските работници за извршување на некои негови подоходовни работи. Од произведеното олово се правело зрна за пушки и други подесни производи за потребите на државата, а потрошувачката можела да се качи и до 3.500 квантили. [704] Според податоците на еден ферман од 8 .11. 1750 година, на жителите

---

700 Тие биле распоредени во категории, според висината на џизието кое го давале, во високата влегувале 33 во средната 272 и во најниската исто така 33 рударски работници.

701 Стефан Андреев - Елена Грозданова Из историята ,с. 35

702 Исто . с . 35 .

703 Исто . с . 74 .

704 M . Lascaris , Selanique a la fin du XVIII siecle , s . 47 .

од с. Балавица повторно им се наложувало да продолжат и понатаму да работат во замена за ослободување од даноците и останатите државни обврски. Од своја страна тие требало да копаат руда во рудниците на Сидерокапса и да „доставуваат дел од неопходниот дрвен јаглен за преработка на рудата„ .[705] Во содржината на еден дефтер од јануари 1766 година, се наведуваат приходи и расходи на рудникот од страна на закупецот, односно од закупот се утврдува пресметка колку парични средства биле дадени за потребите на војската.[706]

Податоци за постоењето и рударската дејност во Сидерокапса се среќаваат и во текот на втората половина од XVIII век. Од содржината на една султанска заповед се дознава дека 1775 година, рудникот во Сидерокапса бил одземен од неговиот управник, Чауш - заде Ахмед - ефенди, кој поради сопствена корист извршил различни злоупотреби и злосторства над бедното население, а му бил доделен на силахдарот Хаџи Ахмед, кој бил обврзан секоја година за потребите на царската монетарница, да и предава по 400 ока сребро и 500 кантари олово.[707] За производство на среброто во овој период зборува и еден дефтер од 11. 09 . 1786 година, каде се регистрирани приходите и расходите на рудникот, како и давачките на среброто.[708] Во врска со производството на оловото, се среќаваат податоци приложени од страна на францускиот патописец Феликс де Божур, во кои се наведува, дека градчето Сидерокапса во разгледаниот период му припаѓало на еден ага, кој ги експлоатирал рудниците за олово. Тој како закупец ја откупувал „привилегијата од Портата, давајќи една закупнина од 12 *ќесиња* или 6.000 гроша„ .[709] Доходот од рудникот изнесувал 30.000 гроша, од кои, кога ќе се одбијат 15.000 гроша за исплата на работната рака, на агата му останувала печалба од 8.000 гроша.[710]

---

705 С . Андреев ~ Е . Грозданова , Из историята с. 35 .

706 Başbakanlik Arsivi - İstanbul , F . Cevdet Tasnifi Darbhane ( 3 - e / 1 ) , G . No . 3104.

707 Историја на македонскиот народ , том втори, Скопје, 1998, 289-290 .

708 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Cevdet Tasnifi Darbhane , No . 3201 .

709 M . Lascaris , Selanique a la fin a du XVIII siecle , s. 65; М. Здравева,Македонија с . 55.

710 Исто .

Дека и пред самиот крај на XVIII век, со одредено темпо и понатаму работел рудникот Сидерокапса, се потврдува и со една наредба од 03 . 07 . 1789 година, со која се барало да се спремат и испратат од ,,производителите на рудникот Сидерокапса, Солунско, за потребите во Истанбул 300.000 кија руда ( Cürühüm ) ,, .[711] На крајот на XVIII век, се однесуваат и оние податоци, во кои се наведува, дека градот Сидерокапса била населба сместена сред планините, на два дена пат, југоисточно од градот Солун. Во јужната страна од големата планина се наоѓале рудниците за сребро, од ,,кои што секоја година се носат во Кратовскиот рудник 60.965 чеки, од коишто годишно се добиваат 10.760 чеки сребро,, .[712] Наведените соопштенија на ерменските патописци Х. Инџиџијан и С. К. Агони, дека во Сидерокапса во овој период биле произведувани близу 2 - 5 милиони килограми сребро, бездруго е грешка или презголемување на состојбите и можностите на производните капацитети во рудникот.[713]

Меѓу поважните снабдувачи со сребро и олово за економските, финасиските и воените потреби на Османлиската империја во првите децении на XIX век и понатаму се спомнуваат рудниците на Сидерокапса. Според Германскиот патеписец Г. Ј. Хан, кој патувал во европскиот дел на Турција и во март 1801 година ја посетил Сидерокапса, наведува дека со своите придружници сретнале ,,стотина работници кои се занимаваат со кршење на оловен метал, го влечеа од рудниците и го топеа на многу нечист начин,, .[714] Главниот рудник се наоѓал на околу 50 јарди под површината на земјата а работеле 5 до 6 печки, а двојните мевови што биле употребувани за доставување на воздух во печките, се движеле со помош на водени тркала. Според истиот опис шпекулантот ( закупувачот на рудникот ), можел да заработи неколку илјади пијастри, на тој начин што од Портата ,,го купува правото

---

711 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Cevdet Tasnifi Darbhane , G. No. 885 .
712 А . Матковски , Македонија во делата с. 271 .
713 Историја на македонскиот народ, том втори,.....290
714 А . Матковски , Македонија во делата,кн . втора , с . 336 .

на копање на еден дел од земјата за една година,, .[715] Во неговиот потфат му се придружувала една група работници, вероватно шафари и хутмани, и тогаш главниот шпекулант ( закупец ) купувал машини, подигнувал голема печка, правел дрвен јаглен и во целост ги поднесувал трошоците околу работата на рудникот и на рударските работници. Во секој случај, интересно е да се подвлече, дека финалниот производ од крајната работа се поделувал и тоа на следниот начин: целото олово бил сопственост на султанот, од кое 1/5 му припаѓала на агата кој го собирал приходот за султанот. Тој исто така имал право на монопол над среброто, за кое уште претходно се договорил да им даде 80 пијастри за една ока на оние кои веќе имале добиено дозвола за работа во рудникот. Добиената парична сума од среброто, на крајот од годината се распределувала на следниот начин: 1/7 добивало лицето што ги позајмило парите, а ,,остатокот на групата работници, зависно од претходно договорената сума,, .[716]

Податоците што ги регистрирал германскиот патописец Г. Ј. Хан, за состојбите во Сидерокапса, претставуваат одреден показател, дека производството и во текот на првата половина на XIX век постоело, што впрочем, се потврдува и од постоечките документи дека производството, макар и со тенденција на постојано опаѓање, и понатаму продолжило да работи. Покрај другото, Г.Ј. Хан во својот опис наведува, дека ,,најбогатите окна се исцрпени и дека сега работниците работат со принудни средства. Работниците со солзи на очите, ми рекоа дека изминатите две години нивната заробатувачка не се качувала повеќе од две пари дневно, но султанот инсистирал работите и понатаму да се одвиваат,, .[717] Всушност, во наведениот период се приозведувале околу 5.000 ока олово годишно и околу 50 оки сребро, кои се доставувале до главната ковачница за пари во Истанбул. Едно од рударските окна било познато по тоа што произведувало 400 оки годишно но дека ,,металот

---

715 Исто .
716 Исто .
717 Исто .

некогаш бил толку богат што давал 6 грама сребро од една ока олово ; додека сегашниот просек е само два драма и половина сребро од една ока олово,, . [718] Кон претходните податоци се надоврзува и еден султански ферман од 27. 08 . 1801 година, со кој се барало, за потребите на војската во османската држава да се произведат 15.000 оки олово. Од тоа количество се планирало во Солун да се произведат 11.000 пакети патрони од различен калибар, односно 5.000 со тежина од 6 дирхема и 6.000 со тежина од 5 дирхема. [719]

Од содржината на некои други податоци, кои се однесуваат на периодот од 1805 до 1809 година, за рудникот Сидерокапса се наведува дека го управувал Рустем - ага, кој бил уште наречен и ,,маден агаси,, и истиот ги управувал рудниците за сребро, заедно со ,,власта на дванаесетмината од елефтерохоријата [720] на полуостровот Халкидики и како резултат на оваа заедница мукатата се нарекуват Сидерокапсика или Маденохориска,, . [721] За наведениот закупец на рудниците, Рустем - ага, се наведува дека бил некое време потиснат од неговите позиции поради поплаките од страна на населението од сите села што се наоѓале под негова власт, а како водач на бунтот се спомнува еден грчки свештеник од селото Извор. Рустем - ага на царската Порта и плаќал годишно по 120 златници и 200 ока сребро за муката на селата и рудниците, но тој фактички никогаш не можел како закупник на рудниците да ископа повеќе од 100 оки руда од рудниците. Затоа и бил принуден, разликата на закупот да ја надополнува во пари. Тој тоа го правел со помош на Грците во градот Сидерокапса, кои со ,,задоволство ја подмирувале разликата заради предностите што ги уживаа поради припадноста во редовите на оние кои имаат власт врз рудниците,, . [722]

---

718 Исто .
719 С . Андреев ~ Е . Грозданова , Из историята, с.144
720 Елефтерохорија , на грчки ,,слободни села,, , односно кои не биле вклучени во состав на тимари туку биле хас на султанот .
721 А . Матковски , Македонија во делата кн. втора с.
722 Исто , с . 418 - 419.

Во овој период активните рудници на Сидерокапса се наоѓале половина час оддалечени од с. Извор и биле сместени меѓу два рида, во една длабока клисура, каде „што една река ја врши функцијата на миењето на рудата и го движи механизмот во ливницата,, .[723] Според истиот опис, целата постапката се изведувала на „најлош и примитивен начин,, , односно најбогатата руда се ситнела на една штица на мануелен начин и одкако ќе се измиела се горела со дрвен јаглен. Рудата која била од послаб квалитет се кршела на поголеми парчиња и два пати се горела, без да биде претходно измиена. Оловото кога ќе било одвоено од ливницата, било пренесувано во местото Кастро, каде се сепарирало среброто, во „пропорција два до три драма во однос на една ока од четристотини драмови,, .[724]

Процесот на забрзаното опаѓање на рударската дејност во Сидерокапса продолжувало понатаму. Во еден документ од 17 . 07 . 1818 година, во врска со закупнината на рудникот на сребро, која ја имале земено двајца ортаци, Серезли Исмаил бег - заде заедно со неговиот брат Јусуф бег и објаснува: бидејќи не можеле да соработуваат добро со рајата, тие решиле да ја продадат закупнината на рудникот, но поради тоа што не можеле да најдат купец за целиот закуп, истиот решиле да го даваат на делови за 75.000 гроша, при што за решавањето на овој проблем се обратиле до ковницата за пари во Истанбул.[725]

Уште по карактеристични податоци за опаѓањето на рударството во овој регион, се среќаваат во еден царски ферман на султанот Махмуд II, од 01.12. 1820 година, доставен до кадијата на градот Солун и до Мехмед - ефендија, секретар на благајната и претставник на солунскиот валија, еден од оџите на императорскиот диван, на кого повторно како емин му се доверувало управувањето на „сребрениот рудник од мадемските села кој се наоѓа во Солунскиот санџак,, .[726] Според

---

723 Исто , с . 421.
724 Исто .
725 Исто .
726 А . И . М . , Историски архиви на Македонија ( 1695 - 1912 ) , т - I , Уредува Ј . К . Вааздравелис , с . 157.

наведениот податок, на управникот и на целокупниот персонал на рудникот им се ставало на знаење дека сребрениот рудник од маденските села се управува од страна на царската благајна и дека таа ги ужива приходите. Закупот на рудникот бил и овојпат даден според висината на стариот наем и под услов производството на среброто секоја година да се предава на царската монетарница, под „гаранција на силен и богат сараф на рајата на овој рудник,, , а за директор на рудникот се назначувало лице од страна на царската монетарница, кој ќе управува со рудникот, како и во останатите рудници во државата.[727] Од страна на надлежните централни власти и во овој случај се барало назначениот управник да се зафати со управувањето и поправките на рудникот и да се погрижи за произведување на што повеќе сребро. Во приложениот документ посебно внимание се обрнува на проблемот со правото на експлоатацијата на рудникот, односно закупот, со што се „зафатиле самоволно и со одобрение, рајата жители на рудникот,, .[728] Последниве, како заеднички закупник, исто така, од своја страна се нафатиле да го плаќаат на државата и на надлежните државни власти определениот и важечки, во рати даден, закуп од страна на државата во износ од 37.621 гроша, како и данокот од глава, административните и вообичаените трошкови и такси за потребите на канцелариите, како и „85.000 гроша камати на Мојата специјална царска благајна,, .[729] Понатаму се наведува, дека спомeнатиот закуп на државата заедно со обичајните трошкови ќе се плаќаат секоја година во износ од 4 рати на царската монетерница, која му припаѓала на султанот, а годишната и во рати дадена дотација во износ од 15.000 гроша за Солун, 1.000 гроша данок на глава, месечно 907, 1/2 гроша за судот заедно со плата од 100 гроша месечно, односно 12.000 гроша годишно за „назначениот директор од Мојата царска благајна односно вкупно 28.907 1/2 специјално на месните власти.[730]

---

727 Исто , с . 157 - 158.
728 Исто , с . 158 .
729 Исто .
730 Исто , с . 159 .

Освен наведените обврски што ги превзела рајата од градот Сидерокапса, како заеднички закупец на рудникот таа го дала својот збор и се зафатила да предава 200 оки сребро, што се наложувало да се дава ,,доброволно,, на монетарницата на султанот, секоја година, на 4 рати во годината. Во врска со одржувањето на ветувањето дадено од страна на рајата и ,,за да се осуетат караниците, земен е гарантен документ од грчкиот Патриарх, кој е регистриран во главното книговодство во книгите на Мојата царска монетарница,, .[731]

Како што се гледа од цитираниот документ, од страна на познатиот османлиски реформатор, султанот Махмуд II, се барале коренити промени и во сферата на рударството преку давање полно право на рајата од Сидерокапса да биде заеднички закупник на рудникот. Во конкретниот случај, султанот барал преобразба и напредок во работата на рудникот, инсистирајќи, освен рударските јами кои биле во употреба, да се отворат и нови јами, а рударите да се погрижат да извадат што повеќе руда и од неа да произведат сребро, кое да го предадат во целост во текот на истата година според утврдена цена. И доколку споменатата раја - рудари би се погрижила да произведува што повеќе сребро, султанот ветувал истото дека ќе се откупува од страна на царската монетарница со ,,задоволнителна цена повисока два пати од старата цена на среброто,, .[732]

Од изложеното може да се заклучи дека станува збор за нагли промени во системот на работата, не само во рудниците на Сидерокапса, туку и воопшто во целото Османлиско царство. Посебно внимание привлекува прашањето во врска со давањето право на рајата да врши заеднички закуп на рудникот во Сидерокапса. На назначениот управник на рудникот од страна на султанот му се ноложувало, покрај другото, да работи ,,спрема прописите кои важат за рудниците,, , укажувајќи му дека споменатата раја е ослободена од даноците, и дека треба да се погрижи

[731] Исто .
[732] Исто .

за работата, ,,држејќи се за прописите стриктно и тие да се спроведуваат ,, .[733]

Во продолжението ќе се задржиме на извршените задолженија од страна на рајата закупци на рудникот. Во еден документ од 23 . 10 . 1823 година, се наведува дека се јавиле пред судот коџобашиите од 12 села на Медамохорија и тоа во присуство на управникот на рудникот, Мехмед - ефендија и од своја страна ги признале своите долгови за 1820 година, како и подарените пари од султанот, внесените пари во благајната на Солунскиот валија, Мехмед Емин - паша и парите што ги должат за тековната 1823 година.[734] Долговите биле следните: долгот кон државата од позајмувањето што го направила казата, долгот кон државната благајна, данакот од глава и од административните такси - 142.023 гроша; долг во вредност на среброто - 44.000 или вкупно 186.023 гроша, од кои одпаднале 5.000 дадени на сарафот Василаки во Истанбул. Останале уште 136.023 гроша, а коџабашиите од 12 села на Медамохорија при рудникот Сидерокапса, признале дека за 1820 година должеле 24.776 гроша и дека не дале ниту една аспра, ниту една пара за 1821 и 1822 година.[735] Во врска со претходното е и еден царски ферман од крајот на октомври 1828 година, каде се наведува дека при распределувањето на расходите во Солунскиот вилает мадемските села во околината на Сидерокапса должеле 10.000 гроша.[736] А во списокот за ,,данок на глава,, имало регистрирани вкупно 1.132 данокоплаќачи и тоа: 200 од висока категорија, 840 од средна и 132од ниска категорија[737]

При недостаток на извори и податоци важни за натомошното следење на работата во рудникот Сидерокапса, неопходно е да се наведат позначајните податоци од страна на некои патописци, кои наведуваат дека селото Полигоро било едно од главните во составот на здружените рударски села, кои ги ,,закупиле рудниците на злато и сребро

---

733 Исто . с . 160 .
734 Исто , с . 171
735 Исто , с . 172 .
736 Исто , с . 186 .
737 Исто , с . 192 .

на Халкидик ,, .[738] Значајно за разбирање на тогашното управување со рудниците на Сидерокапса, била книгата ,,Духот на истокот,, од англичанецот Д. Ургухард, кој како пратеник на својата земја, во овој период патувал низ Македонија и ги проучувал економските состојби во Турција.[739] Свои забелешки за постоењето и работата на рудникот Сидерокапса наведува и познатиот руски научник Виктор Глигорович, кој во текот на 1844 / 45 година, патувал низ Македонија и Европскиот дел на Турција.[740] Дека и во средината на XIX век рудникот на Сидерокапса се уште активно работел, се наведуваат белешки и во еден од дневниците на главниот инжинер на султанот Абдул Меџид ( 1839 - 1861 ), француизинот Мишје Вајз, кој наведува дека се произведувало злато, сребро, олово, цинк, железо и манган и истиот рудник бил издаван на странски закупувачи.[741]

За развојот на рударството во рударскиот базен на Сидерокапса во втората половина на XIX век, па се до крајот на турското владеење во Македонија, важно е да се наведе дека во најголем дел било вршено со помошта на европскиот финансиски капитал. Домашните закупци главно биле Евреите, кои во овој временски период биле и главните финансиери, што се интересирале ,,единствено за извлекување на профити,, .[742] Според некои оценки за рударството во Македонија во овој период, од најголема важност биле рудниците на ,,Касандриското рударско друштво на Халкидик,, , кој во текот на 1882 година добило две концесии на закуп за рудниците, меѓу кои и за Сидерокапса и околината, во траење од 99 години.[743] Во наведената година на полуостровот Касандра биле ископани и испратени 2.000 тони хром на пазарите во Шведска, Америка и Германија, а меѓу првите концесионери што пристапиле кон експлоатацијата на рудните богатства во заливот Касандра, биле

---

[738] А . Матковски , Македонија во делата кн, трета, 495

[739] D . Urguhort , The Spirit of the Eost , Ilustrated in a Yournal of Traveel Therogh Rumeliya during em eventful period , vol . I , London , 1838

[740] В. Глигорович, Очеркаъ путешествйя от Европейиског Турцийа, Москва, 1877, с. 91.

[741] Başbakanlik Arşivi - İstanbul , F . Ticaret Nafia Orman Maaden Nazareti , No . 2146

[742] Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките , с 188.

[743] А . Соколов , Предусловите за развитокот. с 64 .

солунскиот трговец Шарно во заедничка акција со Констаниди паша.[744] Рудното богатство на Сидерокапса и воопшто на Халкидичкиот Полуостров се проценувало од страна на турските официјални власти како едно од најбогатите рударски места во рамките на Солунскиот вилает од 1889 / 90 година, веднаш по рудниците во составот на Серскиот санџак.[745]

Улогата и значењето на рудникот Сидерокапса и воопшто, рударскиот базен на Халкидичкиот Полуостров, се потврдува и со давањето концесија врз рудниците во 1892 година, на фирмата на браќата Алатини од Солун. Во следната година дошло до формирање на едно заедничко акционерско друштво под име „Societe Annonume des Mines de Cassandra" , основано на 14 . 01 . 1893 година, со седиште во Истанбул.[746] Основниот капитал на друштвото изнесувал 3.000.000 франкови, кој подоцна се зголемил за уште 2.500.000 франкови како акции и за 2.000.000 франкови, како облигациски капитал.[747] Всушност, ова друштво добило право на концесија за експлоатацијата на рудниците за магнезит, сребороносно олово, антимон, бакар и други комбинирани метали во казата Касандра, особено околу с. Извор, во непосредна близина на Сидерокапса и тоа за период од 29 години.[748] Според други податоци од 1897 година, во блиските села на рудникот Сидрокапса, посебно во околината на с. Извор, се ваделе оловно сребро и цинковоксид, а во селата Варвара, Ново село, Ревеник, Пергондија, Обрат - Извор, Папрат, Краково, Амзела и други, се ваделе магнезиум, железо, антимон и оловно сребро.[749] Наведеното акционерско друштво „Societe Annonyme des Mines de Kassandra" , во периодот од 1893 до 1896 година, бездруго имало добиено крупни печалби, зашто и извршената анализа врз рудата иснесувала 30 -

---

[744] Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките ,с . 182 .

[745] Selanik Vilayeti Salnamesi , Selanik Vilayet Matbaasi , 1307 ( 1890 ) , s . 64 - 65 ; К . Бендеревъ , Военая география , с . 678 .

[746] А . Иширковъ , Градъ Солунъ , Политикогеографски и наростопански обелещки , София , 1911 , с . 82 .

[747] Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките с . 135 .

[748] А . Иширковъ , Градъ Солунъ , с . 82 .

[749] Исто .

40 % амананган, 4 - 5 % железо, 8 - 10 % силициум, 2 - 2,5 % сулфур, 0,25 % фосфор и др. [750]

Експлоатацијата на рудните богатства во Сидерокапса и на Халкидик продолжило и во почетокот на XX век, па се до крајот на турското владеење во Македонија. Така на пример, во официјалните податоци за рударството, за периодот 1902 / 3 година, се соопштува дека во Солунскиот вилает главните рударски центри се наоѓале во Серес и Касандра, а меѓу најпознати се наведуваат селата Извор, Лангаза, Варвара и други, каде се експлоатирале рудите на манганот, цинкот, антимонот и мешаното олово . [751] Според одредени сознанија, заради експлоатација на рудните богатства во близината на Сидерокапса и останатите рудници на Халкидичкиот Полуостров, се вршела инсталација на рударски нови објекти и опрема, а се граделе и нови печки за калцинирање и топење на рудата. Само во пристаништето Стратони биле изградени 5 печки, кои биле високи до 7 метри и широки 3 метри, од кои секоја печка била во состојба да калцинира за по 15 тони сурова руда за 24 часа. Калцинирањето на поквалитетната руда било вршено во други 10 печки, кои биле високи 8 метри, широки 3 метри и длабоки 2 метри, а од 1906 година за калцинирање на поситната руда биле монтирани 4 железни конвертити (печки) со вкупен капацитет од 12 тони за 6 часови. [752] Според други податоци, наведеното акционерско друштво ,,Societe Annonyme des Mines de Casandre,, , во периодот од 1906 до 1910 година, го експлотирало претежно рудникот до с. Извор, во месностите Пијавица и Мадени Лакос, како и рудниците од казите соседни на Сидерокапса. Најмногу се копала рудата на чистиот магнезиум железен пирит и галенит, во износ од 68 тони месечно, која рудна маса била извезувана во Белгија, Германија, Италија и во други држави. Бројот на работниците во рудниците изнесувал до 750 рудари, а наведеното

750 Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките с. 185 .
751 Selanik Salnamesi , 1320 ( 1902 / 3 ) s . 486
752 Д . Зогхрафски , Развитокот на капиталистичките, с . 192 .

акционерско друштво располагало и со ,,мотори од 600 коњски сили,, .[753] Во овој период само рудниците за магнезиум во Геракино на Халикидик каде биле ангажирани до 300 рударски работници годишно произведувале околу 10.000 тони руда.[754] Интересно е исто така да се подвлече дека наведената рударска компанија во текот на 1905 година експедирала во странство 13.000 тони руда, во 1906 - 31.000 и во 1908 - 100.000.[755] Само во текот на 1910 година, од заливот Јерокино биле извезени 8.100 тони калциниран магнезит и 3.000 тони суров магнезит за Ротердам, Ливорно, Трст, Хамбург и Марсеј, а од Стратони - 15.000 тони железен пирит, 12.200 тони магнезит и 380 тони оловосребрена руда за Белгија, Франција, Италија и Австрија,[756] односно за периодот 1910 и 1912 година, често се експедирало и до 500 тони на ден или до крајот на 1912 година биле изнесени вкупно 750.000 тони руда.[757]

Сидерокапса и околните села или ,,Мадемохорија,, , или уште т.н. ,,Елефтерохорија,, , кои го зафаќаат североисточниот агол на Халкидичкиот Полуостров, во текот на целиот период на турското владеење уживале извесна слобода и надалеку биле познати ,,со големо рудно богатство,, .[758] Во текот на целиот турски период во овие рударски центри се добивало злато, сребро и олово, а од втората половина на XIX век биле пронајдени и експлоатирани повеќе видови на железна руда, антимон, златоносен пирит.[759]

---

753 А . Иширковъ , Градъ Солунъ , с . 81 - 82 .
754 Д . Пантић , Богатство јужног дела Македоније , III , Руде , в . Економист , бр . 2 . , Београд , 1914 , с . 31 - 32 .
755 Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките . 186 .
756 А . Иширковъ , Градъ Солунъ , с. 81 - 82 .
757 Д . Зографски , Развитокот на капиталистичките с . 186 .
758 Македонија како природна и економска целина , Скопје 1978 .с . 101.
759 Исто . ; Д . Ярановъ , Минералнитъ богатсва вь Македония , с . 23 , 25 , 27 , 33 .

## 2. П Р А В И Ш Т Е

Во редот на позначајните рударски базени во Македонија за време на турското владеење се вбројува и Правиште. Ово познато рударско и металуршко средиште се наоѓа лоцирано на влезот од една отворена низина, сместена на подножјето од еден каменарник, источно од реката Струма, односно на источните голи предели на планината Кушиница ( Пангај ). Неговата економска и стратешка важност била во тоа, што се наоѓа на патот за Солун или 16 к.м. оддалечено од некогашниот антички град Филипи (од денешна Кавала) . [760] Можно е да се претпостави дека и во ова рударско место во текот на првите векови по неговото паѓање под турска власт, биле направени одредени напори за натамошната експлоатација на рудните богатства. Иако не толку сигурно за крајот на XIV и првата половина од XV век, веќе за втора половина на XV век со сигурност може да се каже дека и тука била присутна рударската дејност. Тоа се гледа од еден извештај составен по барање на царските власти, во врска со стариот закон применуван во рудниците за сребро во Кавалскиот округ, од декември 1488 година. Всушност Портата барала да ја ,,запознаат на подробен начин со законот применуван во минатото и сега во рудниците (од Кавалската област),, . [761] Во направениот извештај од страна на еминот на Кавала, и со посредство на јасакчијата на рудниците, е регистрирано дека и според стариот закон се ,,земело десеток ( üşür) од рудата, *а исто така и од пречистување на сребро* (iplik gümüş),, , при што се наведува дека во оваа рударска област рударските окна не биле сопственост - мулк, односно кога некои лица ќе пронајдат окно од порано експлоатирано, тие се упатувани кај специјалисти за да го научат рударското работење. [762] Интересното во овој документ е тоа што

---

[760] А . Матковски , Македонија во делата с . 514. ;К. Иричекъ Юнячерство в България , часть втора , с . 450 ; И . К . Георгиев ,Железодобивна с. 92 .

[761] N . Beldicianu , Les actes des premiers ,s. 215 .

[762] Исто . с . 216 .

рударското производство се мерело со товар ( yük ) и се земало десеток ( üşür ). [763]

Во пописниот дефтер од 1528 година во рударскиот базен кај Правиште се регистрирани вкупно 11 населби од кои биле ангажирани повеќе рударски работници. Освен Правиште, тука биле и следните села : Курџи ( или Курџилар ), Прегаз ( ? ), Палихор (Палихори), Илјас ( Косе Илјас ), Радомирна, Корита, Кокале, Нилишанци ( Никшани ), Волок и Куреник. [764] При пописот од 1530 година, Правиште имало 38 муслимански и 57 христијански семејства, како и уште 17 неженети и 3 вдовици, припадници на христијанското население, кои се воделе како рудари ( маденџии ). [765] Истовремено во близината на Правиште постоело с. Старо Правиште, во кои имало само 4 христијански семејства и 3 чифлици на муслимани, од кои ,, двајца биле, маденџии, т.е. сопственици на рудокопите од Правиште,, . [766] И познатиот француски инжињер и патописец Пјер Белон пишува за големите рудни богатства на планината Пангај. Нешто поконкретни податоци за рударската дејност во Правиште се од втората половина на XVI век. Во еден од нив се наведува платата на ,,шафарот за јаглен во ливницата на рудникот Правиште и Балјахор,, , потоа се споменува ,,друг шафар за јаглен во ливницата на рудникот Кавала и Корџу,, , која била во надлежност на Мустафа. Во согласност со мевланата Шемсудин, кадија на Серес и инспектор, на 02. 02 . 1580 година на споменатиот шафар, му била одредена плата по 4 акчиња дневно, на товар на ,,приходите на закупот ( Mukataa ), на Кавала и Правиште. [767] Во друг документ од тоа време, во рудникот на Кавала и Правиште, кој бил во надлежност на Исхак, син на Сулејман, се споменува ,,шафар на окната,, . По барање на жителите од рудниците во Правиште и Кавала и на предлог на мевланата Ајдин, кадија на Правиште и надзорникот Мустафа чауш, на 29 . 03 . 1582 година на

763 Исто . с . 216 - 217 .
764 Историја на македонскиот народ, том втори......290-291 .
765 А . Стојановски , Градовите на Македонија, с . 136 .
766 Исто . с . 136 - 137 .
767 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Mukataa Defteri , ( D . M . M . K . ) , No 22698-7 .

споменатиот шафар му биле одредени плата од 3 акчиња на ден, платена од приходите на споменатите рудници.[768] И на крајот, платата на јасакчијата во рудниците на Кавала и Правиште и нивната околина, кој бил во надлежност на Пир Мехмед, а во согласност со барањето на Лачин заде Мехмед чауш, надзорник на закупите на наведените рудници, на 31 . 01 . 1584 година изнесувала 20 акчиња на ден, плаќана од приходиде на рудниците на Кавала и околината.[769] Во друг извештај кој се однесува на ,,Управата за закупите на рудниците во Правиште и Кавала,, , закупите изнесувале : за 1589 / 90 година - 5.107.096 акчиња; за 1592 / 93 - исто толку, како и претходните и плус додадени се уште 800.000 акчиња а за 1627 / 28 година - 1.960.333 акчиња.[770] Во приложениот документ се додава и еден рударски ,,Закон,, во кој се наведува : откако од ,,100 дирхеми чисто сребро што се добива во рудниците на Правиште, ќе се одземат две акчиња за трошоци и ќе биде даден делот за работниците, остатокот е за државата,, .[771]

Во 1697 година во Правиште биле отворени големи работилници, кои служеле за леење на куршуми и топовски ѓулиња во леарницата.[772] Податоците од турските извори при крајот на XVII век, исто така сведочат за основање на работилница (леарница) за изработка на топовски ѓулиња во самото место Правиште. Освен ангажирањето на населението од 10 околни села, тука од Истанбул биле доведени мајстори - ковачи и одреден број специјализирани рударски работници. За снабдување на работилницата со потребните материјали (железна руда дрвен јаглен и друго), на чело бил поставен ,,вештиот артилериски официр Али - ага,, .[773]

За улогата и значењето на рударството и металургијата во Правиште, нешто поисцрпни и посодржајни податоци има од почетокот на

768 Исто .
769 Исто .
770 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Maliyeden mudevver , No . 22148.
771 Исто .
772 К.Иричекь, Кнежество България, честь втора, с. 450; Г.К .Георгиев, Старата с 92; Љ. Лапе, Прилози кон изучувањето с. 112. ; А . Стојановски , Занаетчиската с .127 .
773 Историја на македонскиот народ том втори....291

XVIII век, кога производството, во споредба со претходниот период, уште повеќе се интензивирало. Така на пример во еден мошне исцрпен и содржаен документ од 18. 12 . 1700 година, напишан од страна на Мехмед, кадија на Правиште а доставен до султанот Мустафа II ( 1694 - 1703 ) се наведува дека селаните од селата Анасташа и Ендомиште, биле задолжени да ги снабдуваат двата самокова со дрвен јаглен и работници, кои припаѓале кон работилницата за бомби и гранати во Правиште. [774] Всушност во тој документ се наведува дека, пред извесно време биле изградени 4 самакови за потребите на леарницата на бомби и гранати во Правиште. За работата во двата самокови биле одредени да работат селаните од селата Анасташа и Ендомиште, како и ,, четри души леачи на железото и двајца премивачи на рудата со плата од триесет акчиња здрава пара дневно за секој еден од нив,, . [775] Освен тоа, населението од споменатите две села било задолжено да приготвува јаглен са самоковите и да копа и пренесува руда, а како замена за таа работа, било ослободено од сите други видови задолженија. Но и покрај тоа, селаните пред кадијата на Правиште изјавиле дека освен давањето по 3 души од секое село, со наведената плата за секој од нив, други задолженија не прифаќаат. А кога селаните биле заменети со новите 6 души одредени за работа, селаните се откажале да ,,служат во државната работилница и со тоа предизвикаа запирање на работата во истата,, . [776] Нешто подоцна, во февруари 1701, година од страна на еминот на Правиште, Али чорбаџи, било поднесено барањето, во наведените два, од вкупно 4 самокова, да бидат за работа определени 3 села и тоа : Ахистрат, Анасташа и Ендомиште, кои спаѓале во казата Зихна, но му биле дозволени само две села, а с. Ахистрат било исклучено. Другите две села биле заведени во даночниот регистер како рударски села и запишани на соодветно место, како ослободени од извонредни давачки ( авариз ), бедел - и - нузул, џебелска обврска ( снабдување со ситен добиток

[774] В . Николаев , Карактерот на минните , с . 148 .
[775] Исто .
[776] Исто .

определен за Истанбул ), надомест за копање окно ( бедел - и - лагам ) и таков за приготвување на јаглени, како и од други обичајни такси. Во замена за претходните феудални обврски и задолженија, наведените села Анасташа и Ендомиште биле задолжени да приготвуваат јаглен, да ископуваат руда за топилниците и самоковите и да извршуваат низа други неопходни служби и обврски во врска со рударството во Правиште.[777]

Процесот на консолидирањето на рударската и металуршката дејност во Правиште, посебен израз добил во текот на првата половина од XVIII век. Според расположивите материјали, производните капацитети на леарницата за муниција и самоковите за ковање на железото, и понатаму го зголемувале процентот на производите за задоволување на воените потреби на Османлиската империја. Така на пример, во еден документ на кадијата во Правиште од 08 . 02 . 1705 година, се наведуваат податоци за потребите од извршување ремонт на некои делови на леарницата, како и поправки на 4 печки, кои служеле за топење на рудата и калење на ѓулињата. [778] За обемот на производството во работилницата за изработка на оружје, можно е да се заклучи според податоците од еден извештај за периодот од 28 . 01 . 1713 до 16 . 01 . 1714 година. Во него се наведува дека биле направени 8.435 ѓулиња со тежина од по 5 оки, 28.400 ѓулиња од по една ока, 7.838 од половина ока, 7.000 од по 300 дирхема, 4.403 од по 7 оки, 20.279 по 3 ока, 1.631 по 9 оки и на крајот 20.287 ѓулиња во тежина од 2 оки, односно биле изработени вкупно 98.270 разни видови ѓулиња, за кои биле потрошени 223.150 оки железо. [779] Во содржината на една расписка издадено во Истанбул, од страна на куќата за хартија (kagıt hane) во 1720 година се барало 22.070 оки руда да се пренесе со корабите на Лазаки Константин за потребите на ,,топчи башијата,, , Ибрахим - ага, еден од главните официри - интенданти при воената

[777] Исто . 149 .
[778] Н. Б . К . О . , Ориент. одд. , Ф . - 44 , а . е . 2 .
[779] С . Андреев - Е . Грозданова , Из историята , с . 36 .

работилница во Правиште, каде, (и покрај отпорот и протестите во 1699 година) населението од селата Анасташа и Ендомиште и во 1720 година продолжило да работи во самоковите и леарницата за ѓулиња. [780] Најчесто користеното пристаниште за пренесување на произведената муниција во Правиште во текот на XVII век, било пристаништето на Кавала, каде турските власти изградиле ,,државни складишта за муниција,, . [781] За активноста на работилницата во Правиште, сведочат и други податоци во врска со производството на ,,месна суровина,, за потребите на рударството и металургијата. Работата траела најмалку неколку години, при што управникот на работилницата за муниција на 23. 05 . 1717 година поднел молба за преглед и извршување на ремонт врз постројките во фабриката. [782] Задолжителна поправка била извршена на до половина разрушениот покрив на работилницата, како и ремонт на 4 огништа од печките, кои се наоѓале во руинирана состојба, за што биле потребни парични трошкови од околу 18.500 акчиња. [783]

Стабилизацијата и порастот на производството во Правиште се потврдува и во наредниот период. Тоа се гледа и од издадената гаранција за производство на околу 98.270 ѓулиња од различен калибар, за чие производство биле потрошени 223.150 оки железо. Интересно е да се подвлече дека рудата за производство на металот и муницијата биле ископани и преработени во регионот во Правиште. За ова сведочи една расписка од на . 06 . 1721 година, составена од страна на Елхаџ - Халил, началник на работилницата за изработка на ѓулиња, кој според наведениот документ имал земено 39.968 ока руда од управникот на рудникот во Правиште. [784]

Условите во кои се одвивало производство на муниција во регионот на Правиште во текот на целиот XVIII век, според расположивите документи, не се промениле. Во еден податок од 06 . 05 . 1743 година, се

---

780 В . Николаев , Характерот на миннитс . 155 .
781 С . Андреев ~ Е . Грозданова . Из историята с. 36, 67.
782 Исто . с. 51 .
783 Н . Б . К .М , Ориент. одд. , Ф . 49 . а . е . 4.
784 Н .Б .К .М. , Ориент. одд . Ф . 1 . А,

наведува дека од Правиште и градот Воден требало да се пренесат во Истанбул 10 топчии, веројатно мајстори - леари, и дека во Правиште во наведениот период работела фабрика за правење на бомби и разни видови на муниција, зашто во ,,тие места се рудниците и таму се врши обработка на железото,, .[785] За развојот на производството при крајот на XVIII век, интересни се два документа во врска со работата на топилницата во Правиште. Првиот се однесува за назначување на Хусеин чорбаџија, на 07 . 03 . 1780 година, за мутесарриф и главен топилничар во леарницата, инаку син на бившиот мутесарриф на рудникот, со задолжение да ги регулира обврските што ги имал спрема работата во леарницата и да изврши примо - предавање на должноста, за што требало да го извести кадијата на Правиште.[786] Во другиот документ од 07 . 09 . 1786 година, станува збор за доставување на останатиот дел од производството на леарницата во Правиште, со посредство на службеник при поранешниот главен мајстор на топилницата, Хусеин - ага, војвода и кадија на градот Сер.[787] Кога е збор за леарницата во октомври 1835 година се барала нејзина доградба и проширување, со образложение дека наведените промени ,,нема да им пречатат на другите леарници во Зихна и Неврокоп,, .[788] Во врска со претходното, во еден друг документ од 19 . 12 . 1839 година, само за извршување на ремонт врз печките за топење на железо, огништа и некои поправки на леарницата за производство на разни видови на муниција, биле планирани трошкови во висина од 100.000 грошеви.[789]

Рударската и металуршката дејност во регионот на Правиште и неговата поблиска околина траела се до 1860 година. Се дотогаш воениот арсенал сеуште работел. За неговите потреби, покрај останатите рудни материјали, биле доставувани поголеми количини на магнетен песок од областа на Мрвешко, а во правишката работилница биле дообработувани

[785] А . Матковски , Македонија во делатас . 108 .
[786] Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Cevdet Tasnifi 3 - e / 1 , No . 2965 .
[787] Исто . Но . 2773 .
[788] Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F. Cevdet Tasnifi Iktisat , No. 926 .
[789] Н . Б . К . М . Ориент. Одд. , Ф . 44 А , а. е. 9 .

и испраќаните топовски ѓулиња, произведувани во некои од мрвашките села. [790] Во близината на Правиште се наоѓале и неколку помали рударски села, како на пример с. Самоков, југо - западно од Правиште, на патот помеѓу Солун и Кавала. По се изгледа и во него имало самоков, како и во с. Демирли, кое исто така имало врска со рударството и металната индустрија. [791] Во втората половина на XIX век за рударството и металургијата во Правиште и неговата околина важно е да се подвлече дека според некои податоци од втората половина на XIX век, само во ливницата инсталирана во с. Рауч биле преработувани за една година околу 5.000.000 кгр. железо. [792] Меѓутоа во 1885 -1886 година во составот на рударскиот базен Правиште веќе не работела рударската и железарско - металуршката индустрија. [793]

## 3. МРВАШКО ( НЕВРОКОПСКО - МЕЛНИЧКО - ДЕМИРХИСАРСКО - СЕРСКО )

Во редот на поважните рударски базени во Македонија била и областа на Мрвашко, која се наоѓала на просторот помеѓу реките Струма и Места. Рударството во Мрвашко ги зафаќало најмногу границите на Неврокопската околија, посебно областа Демирџи Кол или Мрвашко, која се проширувала на Мелничката, Демрхисарската, Драмската и Серската каза. Меѓу најглавните села во Мрвашко биле следните : Тешево, Парил, Гајтаниново, Лаки, Старо Ловча, Караќој, Трлис, Лиса, Куманич, Зрново, Калапот, Долно Броди, Горно Броди, Демир Хисар, Крчово, Крушово, Сенгелјово, Старо Љахово, Петрово, Голешево, Ковачево, Белово, Горно Спанчово, Пирин и Долна Сушица. [794] Населението од наведените рударски места било познато како мрвашко, а жителите нарекувани Мрвации, на кои главно занимање во текот на целиот период од турското

---

[790] Г. К . Георгиев , Старата железодобивка , с . 152 .
[791] Исто . с .92 - 93 .
[792] К . Бендеревь , Военя География , с . 678 ; Д . Зографски , Развитокот с . 182 .
[793] Г . К . Георгиев , Железодобивна с . 92 .
[794] Г . К. Георгиев . Железодобивна .с 9;И.Катарџиев, Серската област с . 70 .

владеење во Македонија им било копањето руда и правењето железо. [795] Добивањето, експлоатацијата и преработката на железните руди и металните производи во рударскиот базен на Мрвашко, по се судејќи, постоеле уште во далечното минато и средните векови. Според некои археолошки пронајдоци од околината на градот Мелник, кои се однесуваат на периодот од XII до XIV век, се среќаваат остатоци од објекти поврзани со добивањето и обработката на железо и бакар, како и изработени железни предмети, бакарни пари и сл. [796]

Развојот на рударската и металуршката дејност во Мрвашко не престанала и со доаѓањето на Турците на Балканот. Според еден од најстарите сочувани турски пописи, извршен околу 1465 година, се наведуваат податоци за давачките на железо од страна на феудалното зависно население и за работата и постоењето на самокови кај одреден број на села во Мрвашко. Меѓу нив на прво место било с. Горно Трлис, со задолжение да дава железо во износ од 8.260 акчиња и уште 100 акчиња за самокови, потоа с. Долно Броди со давачка во железо од 4.171 акче и 480 акчиња за самокови, а по нив, со ,,значително помали давачки доаѓале : Црвишта, Долно Ташево, Крушово, Крчево, Старчишта, Гајтаново, Лешница, Ловч и Герман,, . [797] Во втората половина на XV век, во околината на градот Серес работеле рудниците под називите Сингел и Брин. Според еден попис од 1488 година, овие рудници поседувале и свој рударски закон. Од содржината на тој закон можно е да се види дека бил собиран десеток ( öşür ) од ,,купелираното сребро, а остатокот одел кај *власниците на окната ( kuyu sahibleri )* ,, . [798] Преку наведениот закон за рудниците Сингел и Брин биле регулирани и низа други прашања, а посебно собирањето баџ од разни видови стока, како што биле: пченицата, јачменот, просото, оризот, зобот, и сл. , односно, биле,

---

[795] А. Шоповъ,Из живота и положението на българскиятвъ вилаетътБлгария , Пловдив , 1893 . с. 113 ~ 115 .

[796] В. Нешева, Археологически зданни за металодобив и металообработуваье в Мелник , Етнография на Блгария, IX, кн. 2, София, 1984, с. 34, 3 .

[797] Историја на македонскиот народ том втори ...... 289-91

[798] С . Ризај , Рударството во Македонија ,с . 101 - 102 .

регулирани повеќе прашања во врска со задолженијата и обврските на населението од рударската област на Мрвашко, независно од неговата верска и социјална припадност. [799]

За присутноста на рударската и металуршката дејност во Мрвашко и околните места, говори и ковањето пари. Најстарата ,,позната емисија на турските пари, ковани во Серес, датира од 1413 / 4 година,, . Имено од страна на султанот Мехмед I Челеби (1413 - 1421 ),[800] во Серес биле ковани два вида на сребрени монети од кои едната т.н. ,,акче Османи,, и бакарни монети т.н. ,,мангари,, .[801] Понатаму во истиот град биле ковани сребрени монети т.н. ,,акче Османие,, од султанот Мурад II ( 1421 - 1444 и 1446 - 1451 ); сребрени и бакарни монети од 1444 , 1451 и 1461 година, а потоа и златни од страна на султанот Мехмед II ( 1451 - 1482 ). Овој султан, во еден акт за монетарната работилница во Серес, по повод една од емисиите на пари во 1460 или во 1470 / 71 година, наредил да се коват метални пари во тежина од 8,5 грама.[802] Во друг акт издаден, исто така, од страна на султанот Мехмед II, во 1475 / 76 или во 1481 година, се наредува во монетарната работилница на Серес да се кове аспра во тежина од 9,76 грама.[803] Како резултат на развиеното рударство и металургија во Мрвешката област, биле ковани златни, сребрени и бакарни монети и од страна на султаните Бајазид II (1481-1512), султанот Селим I (1512 - 1521) и др.[804]

За присуството и работата на рударската и железарската индустрија во областа на Мрвашко уште во текот на првите векови на турското владеење , податоци дава и познатиот француски инжинер и патописец Пјер Белон, кој се движел во овие краеви на Македонија во 1553 година, и напишал дека железни рудници имало на планината

---

799 Исто , с . 102 .

800 J . Острогoвски , Серска област после Душанове смрти,Београд, 1965, с. 79

801 Д . А . Ихчиевь , Материяли с.100~101;Г. Галабчевь, Софийскить монети ,с. 219

802 N . Beldiceanu , Les actes des premiers ,s. 14; Д.А. Ихчиевь, Материяли за с.104,107,110

803 N . Beldiceanu , Les actes des premiers sultans , II, s. 44 .

804 Д . А . Ихчиевь , Материяли за монетите вь Тырция , с. 114 ~115 , 120 ~ 121 , 130 , 134, 139 , 146 , 148 , 168 , 195 ~ 196 .

Пангај и во соседните области.[805] И во втората половина на XV век во градот Серес и неговата поблиска околина се среќаваат разни занаетчии кои обработувале разни метали, како на пример : златари ( којунџии ), ковачи, налбати, бравари, ножари, казанџии, железари, сабјари, калканџии ( изработувачи на штитови ) и др.[806] Во документите од 80 - 90 - тите години на XVI век, кои се однесуваат на „Управата за закупот на рудникот Сингел и ливницата Попрадине„ и на данокот од кантар на казите Самоков, Неврокоп, Зихне и др. , во надлежност на „двајцата здружени мутеселлими, Давуд, син на Мустафа и Ахмед, син на Хамза„ , а во согласност со барањето на мевланата Абдул - Баки, кадија на Ѓумулџине и инспектор, на Лачин - заде Мехмед чауш, надзорник и на водителот на книгите, мевланата Хасан, кадија на Демир - Хисар, на погоре споменатите мутеселлими и емини на рудникот и ливницата, на 26 . 02 . 1587 година, им била доделена дневна плата по 8 акчиња, или за двајцата вкупно 16 акчиња на ден.[807] Што се однесува до извршениот закуп на рудникот Сингел од о2 . 02 . 1582 година и на ливницата од 24 . 02 1582 година, за временски период од три години, тој закуп за рудникот изнесувал во чисто сребро - 30.000 дирхема а за ливницата, во пари - 385.000 акчиња. Состојбата на закупот за тригодишен период, за истиот рудник, почнувајќи од 12 . 02 . 1584 година, и за ливницата од овој рудник, од 15 . 03 . 1584 година, била следната: за чисто сребро од рудникот - 40.000 дирхеми, а од ливницата во пари - 33.000 акчиња и „уште дест илјади дирхеми за чисто сребро од споменатиот рудник за три години„ .[808] Во еден друг документ од 1583 година закупот на даноците од приходот на топилниците и на ковниците за пари во Серес и Сидерокапса за временски период од 6 години, изнесувал 120.000 акчиња .[809]

---

805 Г . К . Георгиев , Железодобивната , с . 22 .
806 М . Соколоски , Серскиот вилает во XV век , ГИНИ , г . XVIII , бр . 3 Скопје , с . 119. А . Стојановски , Занаетчиската с . 127 .
807 Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Maaden Mukataa Defteri ( D- M.M.K. ) No . 22698 .
808 Исто .
809 Basbakanlik Arsivi - Istasnbul , F . Maliyeden Mudevver , No . 22148 .

Рударската и металуршката дејност во Мрвашко ги регистрирал и познатиот турски географ и патописец Хаџи Калфа ( 1609 - 1657 ). Минувајќи низ пределите на Неврокоп, Драма, Разлог и Мелник, тој забележал дека големата планина Бириде ( Пирин ) во Неврокопскиот кадилак била богата со железни рудници.[810] Меѓу првите историографски информаци за рударството во овој крај за наведениот период, се вбројуваат и оние од германскиот историчар Ј. Хамер. Во неговата ,,Историја на Отоманската империја,, , тој наведува дека населението од 10 рударски села работело во јамите, печките и леарниците во околината на Демир Хисар и пренесувало готови куршуми во пристаништето на Кавала. За рударството во казата Мелник, Хамер наведува, како познати рударски центри во XVI и XVII век, дека се истакнувале селата Пирин, Калиманци и градот Мелник. Всушност, и самиот град Неврокоп бил центар за обработување на магнетниот песок и други видови железна руда. Процутот на железодобивната индустрија во Мрвашко бил во текот на XVII и XVIII век, а донекаде и во првата половина на XIX век. Веќе во текот на втората половина на XIX век, рударството во Мрвашко замира, за нешто покасно, во почетокот на XX век да згасне за секогаш.[811]

При експлоатацијата на железната руда и производството на метални руди во Мрвашко, во текот на неколку столетија, најмногу се истакнале рударските и металуршки села и центри, како што биле Горно Броди, Тешово и Долно Броди. По нив следуваат селата Караќој, Старчишта, Пирин, Трлис, Гајтаниново, Крушово, Крчово, Горно Спанчево, Голешево и други. Ќе се задржиме само на попознатите и покарактеристичните од нив. Селото Горно Броди, административно му припаѓало на Серскиот санџак, а се наоѓа на околу 35 км. северно од Сер, Во близината на селото се слеваат многубројни рекички во Бродската река и сите тие во текот на подолг период од турското владеење влечеле

---

810 И . Катарџиев , Серската област с . 71;Г.К.Георгиев , Железнодобивната с. 22; С. Пляков , Градското занаетчийското производство , с . 73 .

811 Г.К.Георгиев,Железодобивната с. 22~23;В. Нешева, Архиелогически данни, с. 33.

многу железна руда. Со други зборови кажано, с. Горно Броди и неговата поблиска околина имале идеални услови за развој на рударството и металургијата. Според Г. К. Георгиев, еден од познатите автори за историјата на рударството во Бугарија и на Балканот, до почетокот на втората половина од XIX век, едно од главните занимања на населението во с. Горно Броди било производството и обработката на железото.[812] Железната руда што била собирана од страна на селаните се миела во поточињата и рекичките околу селото и во самата Бродска Река, односно секој собирач на рудата имал свое место каде ја миел железната руда или „пак неколку души заедно си имале своја рекичка или место за плавење на рудата". [813] Прочистувањето на рудата се одвивало преку целата година, кога имало вода во реките, но сепак, најмногу во дождовните месеци. Во Горно Броди се премивала многу руда и со оваа рударска дејност наполно биле обезбедувани приходите на селаните, а вишокот на собраната руда бил продаван на другите села за нејзина натамошна технолошка преработка. Собирачите на рудата биле задолжени да плаќаат данок на турската држава или секој пренесувал со својот добиток по „еден товар железна руда во државните леарници кај Правиште". [814] Еден рударски работник во текот на еден ден премивал до 200 ока руда. Истата била собирана на купчиња или т.н. „купенки" и при завршувањето на процесот од „промивањето" на рудата доаѓале трговци и ја купувале на торби или на товари. Еден товар руда тежел до 100 оки и чинел 5 гроша". [815] Според извесни сознанија, во Горно Броди некогаш имало многу пехци ( печки ) за топење на железната руда. Пехците биле изградени од камен и кал, а одвнатре премачкани со глина. Каменот материјал за правењето на пехците се набавувал од с. Куманич ( Стргач ). Пехците работеле постојано и обично нивните сопственици ја купувале рудата од селаните - рудари и ја топеле во пехците за себе, а

---

812 Г. К. Георгиев , Железодобивната с. 84 . ; Истиот : Старото железодобивна индустрийа , с . 39 ~ 40 .
813 Г . К . Георгиев , Железодобивната, с .84 .
814 Исто , с .85 .
815 Исто . ; Истиот : Старото железодобивна индустря , с . 39 ~ 40 .

потоа тргувале со истопеното железо или „,нековот,, .[816] Всушност, редуцираното железо во пехцата било собирано на купче што топилничарите го викале неков. На овој начин добиениот неков тежел од 100 до 150 ока, некогаш и помалку, при што, за да се финализирал еден неков, се трошеле во просек до 200 оки руда и соодветна количина дрвен јаглен.[817] Обично од 200 оки руда се добивало 100 оки неков, што ќе рече дека железната руда од рударскиот центар Горно Броди била мошне богата со метални состојки. Дрвениот јаглен за загревање и топење на рудата во пехците и железото во самоковите, бил произведуван во местата Бабина Гора, Углеш, Баш Егрек, Шупајково, Друмче, Криви Дол и Јаглерниците. Производството на јагленарте или ќумурџиите се одвивало во текот на цела година, но најчесто на пролет и на есен со употреба на лесови, букови и дабови дрва, при што како последица на тоа биле исечени горите во блиските височини на Горни Броди. Некогаш во Горно Броди работеле повеќе пехци, но при крајот на XIX век, останале да работат само 2 пехци.[818]

По вадењето на железото од пехците, натамошен процес на производство и обработка одел во самоковите. Во составот на рударскиот центар Горно Броди според трудот, на Г.К. Георгиев, од многу оддамна постоеле само 5 самокови, но според други тврдења, во далечното минато постоеле повеќе од 20 самокови. Наведениот автор ги наведува следните, кои се наоѓале лоцирани под селото и тоа : 1. Горни самоков, 2. Скалата, 3. Поповиот, 4. Куладјак и 5. На хановите. Горниот самоков, се наоѓал на југ од селото. Овој Самоков при крајот на неговото работење бил во сопственост на фамилијата Арабаџиеви и други ортаци од Горно Броди, а според други сознанија во сопственост на Хаџи Иван. Тој самоков престанал да работи пред 1900 година.[819] Вториот самоков т.н. Скалата се наоѓал под устието на Камарската река, при месноста Саклата, од каде и го добила своето име Негови

---

[816] Исто .

[817] И . Катарџиев , Серската област, с. 71

[818] Г . К . Георгиев , Железнодобивната , с .85 - 86 .

[819] Исто .

сопственици биле Марин Халамбаков и неговите браќа, потоа Полејков и уште некои жители од Горно Броди. Наведениот самоков работел најдолг период и бил последниот самоков во селото, а престанал со работа, непосредно пред почетокот на Илинденското востание од 1903 година.[820] Третиот по ред самоков или т.н. Поповиот, се наоѓал лоциран во близината на претходниот, на самата Бродска река и бил заедничка сопственост на повеќе жители од селото, но многу рано престанал да работи. Четвртиот или т.н. Куладјак се наоѓал наоколу 1 км. пониско од претходно разгледаните самокови инсталирани на Бродската река, односно во месноста Куладјак. Тој бил заеднички, но најголемиот дел се наоѓал во сопственост на браќата Драчови ( Петар и Михаил ), по што го нарекле уште и Драчов самоков.[821] И на крајот петтиот или т . н . ,,На хановите,, , бил нешто по доле од претходниот самоков и бил сместен во Бродските ханови. Сопственици на овој самоков биле семејствата на Хаџи Велик и Калајџиев. Тој престанал да работи пред самоковот Скалата, а до него имало и една пехца, која била во сопственост на претходно наведените стопани.[822]

Особено важна улога во развојот на рударството и металургијата во Мрвашко при крајот на турското владеење одиграле и некои други семејства во Горно Броди, како што биле Хаџи Бојанови, Зеленкови, Хаџи Неделчови, браќата Димкови и др. Така на пример браќата Димкови како главни акционери, формирале едно ,,селско друштво,, во 1900 година, со цел да се изгради ,,модерен самоков,, , во кој ќе се произведувало *обично железо, како и разни ,,пасонирани железа* - нешто како фабрика за железо,, .[823] Наведениот модерен самоков бил изграден на Бродската Река и се движел со помош на железна турбина, која се покренувала преку водата од Бродската Река, односно турбината била поврзана со 3 различни по големина чекани. Меѓутоа, наведениот самоков, не бил пуштен во погон. Турските власти го затвориле, бидејќи браќата Димкови

820 Исто .
821 Исто .
822 Исто .
823 Исто .

„биле наклеветени пред месните турски власти од гркомани - шпиони, дака направиле фабрика за оружје за македонската организација„ .[824]

Крајниот процес при финализирањето на изработеното железо во самоковите на с. Горно Броди, непосредно бил поврзан со изработување на најразлични видови метални алати, потребни за вршење на работите во земјоделието, градежништвото, сточарството и занаетчиството. Еден дел од финализираното железо, веднаш се преработувал на „самото место или во соседните села, во кузини, специјализирани ковачници за производство на најразлични алати„ .[825] Останатиот дел од преработеното железо се продавал на трговци, веднаш по вадење од самоковите. Обично трговците купувале и до 2000 оки железо, а оној дел што не ќе се продадел, бил пренесуван на коли и магариња од страна на самите сопственици и се продавал по 4 гроша за една ока на пазарите и панаѓурите.[826]

Во составот на Горно Броди, како еден од водечките рударски и металуршки центри во Мрвашко, работеле многу кузини ( ковачници ). Некогаш во Горно Броди, од вкупното население во селото 3/4 се занимавала со железарската индустрија. При крајот на XIX век и во почетокот на XX век, во с. Горно Броди во производство биле вклучени 20 кузини (ковачници), а според други показатели имало од 10 до 15 ковачници на железо. Според трети извори, пак, во овој рударски металуршки центар работеле од 10 до 12 пехци ( печки ) и 15 кузини ( ковачници ), во кои, како непосредни производители, биле ангажирани повеќе од 300 мајстори и чираци или во 1893 година, тука имало околу 20 кузини (ковачници), но тие не работеле постојано.[827] На почетокот, во ковачниците се изработувале обично потковици и клинци за крупен добиток, ножеви и сл. , а подоцна : мотики, плугови, лопати, српови, сатори, секири, тесли, кантари, светилници за цркви и друго.[828] При

[824] Исто , с . 88 .
[825] И . Катарџиев , Серската област, с . 71 .
[826] Исто , с . 71 - 72 .
[827] Г . К. Георгиев , Железодобивната,с . 88 .
[828] И . Катарџиев , Серската област, с. 72 .

крајот на турското владеење во рударскиот и металуршкиот центар Горно Броди се формирале специјализирани ковачи за изработување на ножеви, земјоделски алати, секири и слично. По наглото опаѓање на железарската и металуршката индустрија во Горно Броди, дел од македонското население, заминало на работа како ќумурџии во Св. Гора, на Халкидичкиот Полуостров и во с. Асправалта - Лагадинско.[829]

Меѓу познатите рударски и металуршки центри во Мрвашко, се вбројува и с. Тешово, кое припаѓало кон Неврокопската каза. Ова село било сместено во југоисточниот дел на планината Пирин, крај Тешовската ( Селска ) река. И ова рударско село имало одлични услови за развој на рударската и металуршката дејност, бидејќи во неговата непосредна близина се наоѓале реките Матница и спомената Тешовска ( Селска ), како и други притоки, полноводни во текот на целата година. Во коритата на реките и потоците се наоѓал многу магнетен песок, а во самото с.Тешево се премивала и собирала на повеќе места железна руда . Од железните руди во овој крај, посебно треба да се подвлечат алувијалните, делувијалните и пролувијалните магнетитови песоци, кои во рударското работење биле употребувани уште во средновековието односно уште пред доаѓањето на Турците на Балканот, бидејќи, благодарение на ,,многукратното премивање биле чисти од штетни примеси и затоа биле ценети и барани,, .[830]

За топењето на собраната железна руда во областа на с. Тешово, според одредени сознанија, во текот на подолг временски период работеле 4 пехци ( печки ). *Тие биле инсталирани по течението на* Селската ( Тешовската ) Река, а ,,меовите,, за доставување на воздух во пехците, биле во погон покренувани од водата во реката. Во врска со бројот на пехците ( печките ), се претпоставува дека имало во употреба уште 3 - 4 пехци, за кои не постојат поверодостојни податоци. Во с. Тешово со оваа дејност се занимавале околу 50 - 60 семејства.[831] Исто

---

829 Исто . с . 88 - 90 .
830 Г . К . Георгиев , Старата железодобовна, с . 40 .
831 Г. К . Георгиев . Железодобивна , с . 49 .

така, за овој рударски и металуршки центар се знае дека количината на рудната маса која тука се произведувала, не била во можност да ги задоволи капацитетите на месните пехци, па истата била набавувана од останатите рударски села, како што биле : Трлис, Караќој, Старчишта, Долно Броди и др. Во просек земено, еден товар железна руда изнесувал до 100 оки и чинел 5 гроша. За истопување на еден наков биле употребувани до 160 оки руда и до 200 оки ќумур или тежината на наковите изнесувала од 60 до 120 ока. Пехците за топење на железната руда во Тешово престанале да работат околу 1903 година.[832]

За натамошна обработка на железните полуфабрикати во Тешово биле употребувани и самоковите за ковање на железото. Според некои податоци, по долината на Селската ( Тешовската ) Река биле употребувани самокови уште од „незапамтени времиња" а при крајот на турското владеење, работеле уште само 3 самокови. И во овој рударски крај самоковите работеле во текот на целата година. Дневната плата на самоковарите изнесувала по 5 гроша, или „една ока изработено железо ја продавале по 4 гроша" .[833]

Изработените метални производи за широка потрошувачка на населението и железните плочи и полуги се продавале на пазарите и панаѓурите во Демир Хисар, Сер, Солун, Драма, Зилјахово, Алистрати, Негрита, Неврокоп, Пловдив, Пазарџик, Правишта и Кавала. При транспортот на наведените метални полуфабрикати и готови производи, големо учество земале Турците - ќираџии од соседните села, кои пренесувале руда од рударскиот центар Караќој и др. места, а во спротивен правец ги пренесувале металните производи и преработеното железо во Сер, Пазарџик и др. градови. Во текот на 1890 година, Турците - ќираџии од градот Сер пренесувале „европско железо" во околните рударски металуршки центри, за неговата натамошна обработка. Тоа всушност го означува и самиот почеток на крајот од постоењето на

832 Исто . с . 50 .
833 Исто .

рударската и металуршката дејност во реонот на Тешово и воопшто во рамкита на Мрвешко. [834]

Важна улога во развојот на рударската и металуршката дејност во составот на Мрвешко исто така одиграло и селото Долно Броди, кое се наоѓа во југоисточните предели на областа Црна Гора, во составот на Зрновската околија, денешна Грција. И во овој рударски центар рудата се добивала од блиските рудници, но посебно по течението на Долно Бродската река и нејзините притоки, реките кои минувале преку гранитен терен, па водата влечела големи количини на магнетен песок, што ќе рече, дека во реонот на с. Долно Броди се произведувало многу железна руда и било едно од попознатите рударски села во Мрвашко. [835] Рудата се добивала на специјални места т.н. ,,Рудишта,, , кои најмногу се среќавале по планината Црна Гора, и тоа главно по течението на Долнобродската Река и нејзините блиски притоки. Интересно е да се подвлече дека рудиштата имале свои сопственици, кои меѓу себе ги препродавале, како секој друг имот. Тие порано биле во сопственост на богати турски аги и чорбаџии. Но во понов период овие рудишта ги откупувале позаможните македонски селани и чорбаџии, каков што бил Д. Каравеликов, кој своето рудиште го купил од ,,Турчинот Џураб ага за 6 рубли,, . [836] Местото каде што при завршниот процес се плавела и собирала рудата се нарекувало ,,задма,, . Во составот на некои поголеми рудишта имало по 2 - 3 задми, но на повеќе рудишта имало само по една задма, со што, всушност називот на задмата се поистоветувал со означување на рудиштето.

*За развојот на рударството и металургијата* во Долно Броди и пошироко во Мрвашко во крајот на XVIII век, говорат и податоците кои се однесуваат на сопствениците на рудиштата (задмите), како и доделувањето концесии за експлоатација на рудните богатсва. Како ,,соптвеници,, на рудиштата ( задмите ) во Долно Броди се наведуваат следните : Османага, Топал - Михајло, Ењо - Михајло, Кор - Колјо и

---

834 Исто . 51

835 Г . К . Георгиев , Железодобивната, с . 65 . ; Истиот : Старата железодобивна индустря , с . 38 .

836 Исто .с. 66 .

повторно на Топал - Михаил, Стојо Извек, Георги ( Герги ) Тонјо, Граматиков, Димитар ( Митко ) Караваликов, Марин Коешинов, Капчини, Камбур Ахмед, Волчјо Кутан и Боз Осман. [837]

За натамошната преработка на рудата, важно било и правењето на дрвениот јаглен, што во овој случај за потребите во Долно Броди, најмногу јаглен се горел во месностите Шупајково, Алмалк, Криви дол и Смјиница ( Боздаа ). Како што наведува Г.К. Георгиев, секој сопственик на рудиште (задма) си имал дел ( участок ) во горага. И овие делови биле продавани и прекупувани исто како и самите рудишта, а ваквата сопственост му претходела на издавањето и вршењето на закупи или концесии во следниот период, посебно со навлегувањето на европскиот финасиски капитал во економските и стопанските сфери на Османлиската империја. Производните и купопродажни односи присутни во рударството во Долно Броди при крајот на XVIII век продолжиле да се развиваат и во XIX . Така на пример, кога еден сопственик на одредена задма ( рудиште ) ќе соберал доволно количина пречистена руда и доколку поседувал дел од пехцата ( печката ), чекал на ред да му се направи неков ( растопено железо) или, доколку немал дел од пехцата, тогаш на сопствениците на пехцата ги плаќал трошоците за топење на рудата. Не било исклучено и продавањето на рудата или нековот на месни луѓе или трговци од други ,,самоковарски села, како Тешово и други, а некогаш ја продавале рудата дури и во Правиште,, . [838]

Во рударскиот и металуршкиот центар на Долно Броди, по течението на Долнобродската Река *и други помали рекички во близината* на селото, во минатото работеле повеќе пехци ( топилници ). Нивниот број со текот на времето се повеќе се намалувал. Според некои податоци од 1893 година, во погон било само 2 пехци и еден самоков. Произведените некови (истопена руда) биле продавани во с. Горно Броди, каде металните производи понатаму се преработувале. При самиот крај на XIX век, во Долно Броди работеле само 3 пехци ( топилници ) и тоа :

---

[837] Исто . ; Г . К . Георгиев , Железодобивната с . 69 .
[838] Исто . с . 70 .

Долната, Средната и Горaната пехца. Првата била инсталирана над самото село и уште ја нарекувале пехцата на Иван Коџабашиев, кој бил сопственик на една половина од неа, а останатиот дел се наоѓал во сопственост на неколку жители од с. Долно Броди. Оваа пехца работела до 1900 година, а потоа била претворена во воденица и била превземена во целосна сопственост на наведениот и И. Коџобашиев. Средната пехца била поставена нешто погоре од претходната и половина била сопственост на Коста Д. Каравелинов. Но и таа престанала да работи во 1900 година кога била претворена во воденица, од страна на нејзиниот на наведениот сопственик. Третата или ,,Горната пехца,, , исто така се наоѓала во непосредна близина над Средната и половината била во сопственост на Осман - ага Ѓумушлијата. Останатиот дел од половината бил сопственост на други жители од с. Долни Броди, кои имале право на по 5 и 10 делови над пехцата, но по нејзиното затворање од страна на попот Васил, била претворена во воденица. [839]

При разгледувањето на рударството и металургијата во Долно Броди, посебно на производството и обработувањето на железото, неопходно е да се регистрираат и некои поединечни операции во процесот од работата на рударските и металските работници. Почетните фази се ограничувале на собирањето и пречистувањето на железната руда, како и обезбедувањето на доволна количина дрвен јаглен за топење на рудата и редуцирање на железото. Сепак, почетокот на главната операција паѓал врз работата на пехците ( топилниците ) во кои, за изработка на еден неков железо, се ставало *100 - 150 оки руда и уште толку количина* дрвен јаглен. На пехците се работело од почетокот на верскиот празник Крстов ден се до јануари, а поретко до февруари и март. Оваа операција обично траело 90 дена, и според својата специфичност била многу тешка и сложена, а можеби и една од најтешките во целокупната рударска дејност. Покрај обичните работници околу работата на пехците биле ангажирани и одреден број калфи и мајстори. Последните биле главни

---

[839] Исто . с .71 .

чинители во процесот на производството, бидејќи ја вршеле целокупната контрола врз работата и ги обавувале најсложените операции при топењето на рудата - вадењето на нековите и ковањето на железото во самоковите. Односите помеѓу мајсторите и калфите, како и сопствениците на пехците и калфите биле воспоставени врз експлотаторски основи. Но, доколку мајсторот не бил сопственик на пехцата, и тој се наоѓал на слични позиции како калфите и останатите рударски работници во однос на сопствениците на пехците. За добивање тврди и квалитетни некови од пехците решавачка улога имале богатството со метални состојки во рудата, видот на дрвениот јаглен и самиот начин на извршувањето на топењето на рудата и редукцијата на железото. Произведените некови обично тежеле од 90 - 100 - 105 и до 110 оки, а во случај на некои погрешки во процесот на работата, нековата „тежеле 40 - 50 оки, дури и помалку„ .[840]

Следната етапа во одвивањето на процесот на производството, била онаа што се вршела во Долнобродските самокови. Во реонот на овој рударски центар, имало само еден самоков кој најверователно почнал да работи во текот на втората половина од XIX век. Самоковот бил построен на десниот брег од Долнобродската Река, наспротив пехците, кои биле на левата страна, на околу половина кило метар подолу од селото. Во самоковот се работело во текот на оние месеци во годината кога имало вода во изобилство, а доколку имало доволна количина на некови добиени од пехците, самоковот работел непрестано, со денови и *ноќи. Интересно е да се одбележи, дека чеканот на самоковот бил* изработен од посебно железо и тежел од 100 до 120 оки, а наковалната тежела до 100 оки. Работата во самоковите била доста сложена, работниците кои ги исчукувале нековите биле наречувани самоковари или самоковџии, односно нековите ги „преработувале во железни прачки погодни за финална преработка или трговија„ .[841] Во самоковот во Долно Броди работеле еден мајстор и двајца калфи. Последниве

---

840 Исто , с . 71 . ; И . Катарџиев , Серската област, с . 77 .
841 И . Катарџиев , Серската област, с . 77 .

работеле во смени при исчукувањето на нековите и биле раководени и надгледувани од страна на мајсторот, кој обично бил и самиот сопственик на самоковот. Калфите добивале одреден процент од печалбата, кој бил минимален во споредба со печалбата на сопственикот на самоковот. Според некои податоци, во Долно Броди самоковот работел до 1900 година, кога почнало да доаѓа европското железо, кое се повеќе му конкурирало на домашното. Железото добиено од нековите од Долно Броди било поквалитетно, но многу поскапо од европското, па произведувачите на домашното железо започнале да го користат европското. Пехците во Долно Броди набрзо престанале да работат засекогаш. По едно време самоковот служел за топење на железни отпадоци и на европското железо, од кои се добивале некови, кои потоа биле ковани, но на овој начин добиваното железо било неквалитетно и не ги задоволувало потребите. Самоковот работел уште една до две години, но во периодот од 1901 до 1903 година, тој засекогаш престанал да работи, како последица од конкуренцијата наметнато од страна на европското железо. Со тоа засекогаш нестанале рударската и металуршката индустрија во Долно Броди.[842]

Како што правилно заклучува бугарскиот историчар на рударството, Г. К. Георгиев, геоморфолошките, хидролошките и петрографските услови, како и минералните услови, на Мрвашката област и го дале природниот облик и целина, за развој на железарската индустрија. Во составот на оваа област влегувале планините Јужен и Среден Пирин, Славјанка - Али Ботуш, Стргач, Сенгелова, Шарлија, Црна гора, Сминица и Штудер планина. Во подножјата на планините, горите и падините се развило рударството, во високите гори - јагленарството, по богатите реки на планините Шарлија, Црна гора и Јужен Пирин - самоковарството, покрај планинските реки во областа на горите - црната металургија (топењето на рудите) и во ниските, безводни и маловодни места и области - кузинерството или ковањето и изработката на разни

[842] Г. К. Георгиев , Железорударската, с.2-83; И.Катарџиев, Серската област с . 78 - 79

видови метални производи за широка потрошувачка. Од ова може да се заклучи дека во производството ,,имало одлично распределување на трудот : рудари, металурзи (печкари), железари ( самоковари ), ковачи ( кузњари ), јагленари и превозувачи ( ќирацији),, .[843]

Рударите и железарите Мрваци ги населувале Серската, Бараклиџумајската, Демирхисарската, Петричката, Мелничката, Разлошката ( до Јакоруда ) и дел од Неврокопската и Драмската каза. Сите тие биле од Серскиот санџак и влегувале во Солунскиот вилает. Овде рударството и металургијата започнале поинтензивно да се развиваат во првите децении на XVIII век. Така на пример во едно соопштение од 12. 11. 1714 година, доставено до великиот везир во Истанбул, се соопштува за негативната работа на еминот од градот Неврокоп, кој бил причина за потребите на државната работилница за изработка на муниција во Истанбул да се достават само 100.000 оки железна руда, произведени во рудниците на Неврокопската каза,[844] Според други податоци од 1727 година, поради настанатата ситуација, предизвикана од неопходната потреба за работа на работилницата за производство на воена муниција и на државната работилница за градење на бродови во Истанбул, од страна на централните турски власти се барало пратките за ископани 100 оки руда, да се зголеми за четри пати. А што се однесува за наведената потреба од рудата, неа, требало да ја достават следниве кази : Сереската - 80.000 оки, Демирхисарската - 40.000, Неврокопската - 20.000 и Зихненоската - 40.000 оки железна руда.[845] Во врска со рударството во Демирхисарската каза, во една преписка од 23. 02. 1733 година, се наведува дека рајата барала да биде ,,ослободена,, од наложената обврска да ја исполнува ангаријата во железните рудници во околината на Демир Хисар. Попрво, ,,населението поднело молба да биде ослободено од наложеното задолжение за ископување и премивање на 40.000 ока железна руда за потребите на

843 Г. К. Георгиев, Старата железодобивна, с. 131 - 133.
844 Б И А, Н. Б. К. М, Ориент. одд. Ф. 126. а. е. 88.
845 С. Андреев - Е. Грозданова, Из историята, с. 74.

артилериската работилница во Истанбул,, . [846] Како последица на ваквите состојби, често пати се случувале напуштања и бегства од работата во рудниците, а според некои сознанија, закупците на рудниците од областа на Мрвешко ,,биле принудени од англиските трговци во Солун да купуваат преработено олово, за да ги задоволуваат потребите на државата,, . [847]

Дел од населението во Неврокопско, Разлошко, Мелничко и др. , се прехранувало и од премивањето на златоносниот песок што го собирало во многубројните рекички и потоци и било задолжено да дава еден дел од златниот песок како одреден данок во натура. [848] Дека и при крајот на XVIII век, рударскиот и металуршкиот базен на Мрвешко важел за еден од поважните во Македонија, сведочат и некои странски патописи, за периодот од 1789 - 1800 година, тврдејќи дека меѓу градовите Неврокоп, Драма и Разлог се наоѓала големата планина ,,Бјурудие,, (Пирин Планина), која крие богати железни руди,, . [849]

Во текот на првата половина од XIX век, рударството и производството на железо во Мрвешко и понатаму напредувало и било во голема мера развиено. Одредени податоци укажуваат дека во 1835 година, во градот Разлог на кого му било во близина ,,првото село Банско - Самоков,, , покрај останатото, имало и ,,множество на самокови,, . [850] Според содржината на еден австриски извештај, кој се однесува на периодот од 1838 - 1841 година, во казите Демир Хисар, Неврокоп и Броди ( Вронду ), само за една година се произведувало околу 200.000 кантари железо, односно 2.000.000 виенски фунти или 1.000.000 кгр. железо. [851] Кон средината на XIX век, за трите села расположени во подножјето на планината Црна Гора, Старчишта, Трлис и Каракој, од Серскиот санџак, се наведуваат податоци дека во нив се произведувало

846 Б. Николаев, Характерот на минните, с.154;М. Здравева,Македонија во с . 56 .
847 Љ. Лапе, Прилог кон с . 113 . ; Д . Зографски , Развитокот , с . 34 .
848 М . Здравева , Македонија , с .56
849 А . Матковски , Македонија во делата с 249 .
850 Й , Иванов , Българитѣ въ Македония , с . 226 .
851 И . Катарџиев , Серската област, с .72 .

железо, и дека тука работеле и пехци (топилници) за топење на железо. [852] Слични податоци се среќаваат и за околината на градот Демир Хисар, каде се ковала железна руда по многубројните реки, како и околу стариот град Мелник и останатите рударски села во Мрвешко, како што биле: Крушево, Крчово, Калиманци и др. [853]

Во турските извори од средината на XIX век, не ретко се среќаваат и податоци за учеството на странски закупувачи на рудниците во рударската и металуршката област на Мрвешко. Така на пример во дневникот на еден од главните царски инженери од 1850 година, се наведуваат податоци за извршениот закуп од странска компанија на рудникот за олово во Неврокопската и Демирхисарската и за сребро и олово во Драмската каза. [854] Нешто подоцна, француският шумски инжинер Шевро, кој во 1876 година бил повикан од страна на Високата Пората да ги обиколи шумите во Македонија и да даде своја стручна анализа за нивната состојба, дал опширни информации и за рударството. Во врска со состојбата на рудните богатства на Мрвешко, тој наведува дека реката Кара Су како и повеќето од нејзините притоки, влечеле железни субстанци, кои се таложеле на бреговите во вид на прав. Такви видови на железни талози се среќавале особено во областа помеѓу градовите Серес, Демир Хисар, Мелник и Неврокоп. [855] Всушност, во наведената област, според заклучоците на Шевро, имало ,,многубројни рудни жици на железни руди од кои главните се во тек на експлоатирање,, . [856] За начинот на работата, тој наведува дека не би *можело да се замислат попримитивни постапки при вадењето и* обработувањето на рудите, од тоа како го правеле селаните - рудари, што живееле од таа ,,бедна индустрија,, . Имено што се ,,однесува до чеканите, работниците ги движат со помош на нивната рака,, . [857]

---

[852] С . И . Веркович , Типографическо - зтнографичесйи очеркъ Македоний , С . Петербург , 1889 , с . 77 .
[853] К . Иричекъ , Княжество България , часть втора , с . 450 - 451 .
[854] Basbakanlik Arsivi - Istanbul , F . Ticaret Nafia Orman , No .2146 .
[855] А . Матковски и П . Ангелакова , Два француски патеписи , с . 270 .
[856] Исто .
[857] Исто .

Што се однесува за рударството во Мрвашко од последните децении на XIX век, само во околината на градот Серес, во селата Торовица, Тарбеш, Добре, Чалак и Дирагиш, во периодот на 80 - 90 - тите години, биле пронајдени богати наоѓалишта на железна руда ,,бронтимон,, .[858] Површината на пронајдената железна руда во 1889 - 1890 година, изнесувала околу 5.882 донума и се наоѓала на длабина од 2 км. Повеќето од работите се изведувале ,,површински,, , односно во рудниците на с. Торавица ( Тораница ) работеле 40 рударски работници, во с. Трбиште 60; а во останатите села каде била пронајдена и другата руда, работите сеуште не почнале.[859] За огромното рудно богатство, посебно со железни руди, во областа на Мрвешко во овој период, зборуваат и самите официјални статистички податоци објавени во Османска империја. Така на пример, за Солунскиот вилает, во кој влегувал и Серскиот санџак, а со тоа и целата област на Мрвешко, се наведуваат податоци дека е мошне богат со рудни наоѓалишта. Но, поради технолошко - техничките тешкотии при вадењето и обработката на железната руда и големите трошкови на транспортот, не било во можност да се експлоатираат неколкуте рударски наоѓалишта. Сепак, во овој временски период, меѓу најбогатите со руда области во составот на Солунскиот вилает, се наведува Серскиот Санџак. Според тие податоци, иако во мрвешката област имало многу железна руда, ,,трошковите се големи и не се експлоатира,, .[860] Во врска со градот Серес се наведува дека, исто така, бил важен центар за производство и експлоатација на ќумур и камен јаглен. Но, *поради одалеченоста од пристаништето и* големите трошкови за транспорт, годишно биле произведувани само 100 тони, иако потенцијалот за производството на ќумур и камен јаглен му изнесувал до 3.000 тони.[861]

---

858 Selanik vilaeti Salnamesi , 1307 ( 1890 ) , s . 67.
859 Исто .
860 Исто , с . 64 - 65 .
861 Исто .

Положжба на Мрвашко како еден од главните рударски центри во Македонија, во текот на втората половина на XIX век и се до крајот на турското владеење, се одразувала и врз обработката на металите и железарските производи. Според некои податоци, регистрирани во 90 - тите години од XIX век, сред Мрвешкото население, кое воглавно се занимавало со рударство, металургија и железарство и кое живеело во 100 села, меѓу Серската равнина и Неврокопската каза, имало ,,прекрасни ковачи,, , кои одлично го одделуваат железото од почвата, богата со таа руда,, .[862] За присутноста и развојот на рударската, металуршката и железарската дејност во Мрвешко во втората половина на XIX век, се среќаваат повеќе податоци кои говорат дека во планинските села во оваа област се произведувале железарски производи, кои наоѓале свој пазар и купувачи во градот Сер.[863] Жителите од областа на Али - Ботуш, Валовишка каза (Серско), како Мрваци, уште од порано се занимавале со обработувањето на железото, зашто сите делови на Али - Ботуш биле богати со железна руда - магнетит. Од топењето на рудата се добивало многу железо, кое се продавало во цела Тракија и Македонија, но во последно време, наведената рударска и железарска дејност, сосема опаднале. Имало малку села во кои се уште работеле самакови, кои само ,,зимно време изработуваат по малку железо за месна употреба,, .[864] Во Бродско имало добри мајстори за железни изработки, особено за правење ножови и при подобра економска положжба, тука би можело да стане ,,прекрасен железарски центар,, , но поради опаѓањето на рударството и увозот на железарија од европските пазари, сиромаштијата на населението од ден на ден се повеќе преовладувала.[865] Во селото Караќој, кое некогаш било едно од најбогатите мрвешки села и главното занимање на селаните им било железарството, каде имало многу печки за топење на железна руда

[862] К . Бендеревъ , Военная география , с . 643 .
[863] В . Кънчов , Изабрани произведения, т. I . с . 43 .
[864] Исто , с . 104 - 105 .
[865] Исто , с. 190 .

и самокови за ковање на железо, во последните децении од XIX век останале да работат само една печка и еден самоков. Поради опаѓањето на овој занает и судирите на комитите со Турците од 1882 година, селото опаднало, а селаните станале ќумурџии, кои оделе на работа во Света Гора, по Воденската планина и по други места, за да произведуваат дрвен јаглен. [866] Во с. Гајтаново - Неврокопска каза, главно занимање на селаните им било правењето на железни плочи за потковување на крупен добиток. Од 70 - 80 - тите години од XIX век, во наведеното село работеле околу 60 железарски дуќани, со повеќе од 400 работници. Овие преку цела година правеле плочи, кои биле продавани на околните панаѓури. Железото обично било зимано од рударското село Тешово, каде имало неколку печки и самокови, односно сета руда што се собирала во Гајтаново прво била носено на топење во Тешово, а потоа враќана назад како железо за работа. По наглото опаѓање на рударството и железарството, во наведеното село останале да работат само 50 - 60 железарски работници, кои работеле во одреден периоди од годината, а со изработените железни плочи се тргувало во блиските места и панаѓури, како и во самото с. Гајтаново, каде што имало панаѓур. [867]

И пред самиот крај на XIX век, се наведуваат податоци дека областа на целиот Пирин, по течението на реката Белица, била сеуште полна со железна руда, за која се претпоставува дека била, една од најбогатите железни руди - магнетит.

Во казите Демир - Хисарско и Неврокопскао, обработувањето на железото некогаш цветело, за што и тука останале и да сведочат самите имиња ,,Демирџи - колу,, , кои ги носеле две нахии во тие кази. [868] Пред 30 - тите години од XIX век, само во с. Крушево работеле 6 самокови, а по еден во селата Црвишта, Елешница, Герман, Крчово и Пирин. Во 80 - 90 - тите години останале да работат само 3 самокови и тоа во с.

---

866 Исто , с . 209 .
867 Исто ; Етнография на Македония , т. 1 , с . 345 , 489 , 490 ,
868 Етнография на Македония , т . 1 , с . 367 - 368 .

Крушево два и еден во с. Крчово, во целото Серско и во Броди работеле само неколку самокови, иако обработката на железото во наведените области била од ,,памтивека и по предание,, .[869] Што се однесува за градот Неврокоп и Неврокопско, поради развојот на сточарството, одгледувањето на кози и овци, се развило и леењето на звонци. Тука биле изградени месни фабрики за лиење на звонци и камбани. Звончарството била во почетна фаза на трговија во Неврокоп. Последните години тоа достигнало совршенство,, .[870] Обично за едно стадо од 500 - 600 кози, требало да се употребат 30 - 40 звонца, кои се правеле во разни големини, зашто секој звонец различно звонел,, . А што се однесува за леењето на ефтини и добри камбани за црквите, ,,црквите во Турција можеа да претпочитаат да си купуваат камбани од Неврокоп, наместо од Австрија,, .[871]

Во текот на последните децении од XIX век, големи количини на железна руда биле вадени од рудниците на Неврокопската каза. Само за задоволување на потребите на примитивната топилница во селото Рауче, во близината на Правиште, се испорачувало руда од која во текот на една година се добивало до 5.000.000 кгр. железо.[872] Во околината на Неврокоп и Аврет - Хисар, исто така со преточувањето и испирањето на песокот од златоносните рекички и потоци, се добивало злато. Од еден кубен метар земја се дабивало 1.25 грама злато.[873] Во текот на 1896 година, за експлоатација на еден од оловно - сребрените рудници во Серската каза, заедничка концесија добиле трговците Александар Хаџи Димов и Анастас Константину, со важност и должина на траење од 99 години.[874]

Врз основа на напред изложеното може да се констатира дека најголеми самоковски центри во Мрвешкиот рударски базен биле Горно

---

869 Исто , с . 368 .
870 А . Шоповъ , Изъ живота и положението , с . 94
871 Исто , с. 94 ~ 95 , 97.
872 Д . Зографски , Развитокот, с . 182 .
873 Исто , с . 191 .
874 Л . Соколов , Предусловите за развитокот, с. 64;Д.Зографски.Развитокот ,с.187

Броди, Тешово, Горно - Спанчово и Пирин. Најдобри топилничари имало во Тешово, Долно Броди и Пирин. Најрударски центри биле селата Долно Броди, Горно Броди, Трлис, Караќој, Гатаниново, Крчово и Крушово,а најпознати ковачници ( кузнери ) селата Гајтаниново, Ловча и Горно Броди. [875] Таквите состојби се потврдуваат и од страна на турските официјални статистички податоци за рударството од 1903 година, според кои во Солунскиот вилает главни рударски базени сеуште биле во околината на Серес и на Халкидичкиот Полуостров - Касандра, а во составот на Драмскиот санџак во с. Ѓуреџик работел еден рудник за експлоатација на олово. [876] Приходите од рударството во Солунскиот вилает во 1907 година, изнесувале 701.346 гроша. [877] И пред самиот крај на турското владеење, меѓу познатите производи во градот Серес, најмногу се истакнувало ,,мрвашкото железо,, . [878]

875 Г . К . Георгиев , Старата железодобивна индустря , с . 133 ; Истиот : Желйазнодобивната индустрия в Мървешко , с . 78 .

876 Selanik Vilayet Salnamesi 1320 ( 1902 - 903 ) , s . 486 , 488 .

877 Selanik Vilayeti Salnamesi 1325 ( 1907 ) , s . 665.

878 Ј . Цвијич , Основе за геограгију, с . 505 .

## ГЛАВА III

## ДРУГИ РУДАРСКИ ЦЕНТРИ ВО МАКЕДОНИЈА ( Скопје и Скопско, Поречие, Тиквешко - Прилепско, Охрид )

### 1. Скопје и Скопско

Меѓу помалку познатите рударски средишта и центри во Македонија, во време на турското владеење бил и градот Скопје со неговата поблиска околина. По неговото паѓање под турска власт кон крајот на 1391 или на самиот почеток од 1392 година, иако градот најмногу настрадал во споредба со останатите градови на Северна Македонија, сепак набргу заживеал, како последица на забрзаното населување на бројно муслиманско население од страна на султанот Бајази I Јилдирим ( 1389 - 1402 ) [879] Развојот на рударството во Скопје и Скопско е поврзан со близината на многу познатите рударски базени Кратово, потоа Злетово, како и познатите рударски центри во Србија и Косово како на пример Ново Брдо, Јањево, Жежња, Запланина, Кучајне, Белица, Трепча, Сребреница и Рудник. За подемот на рударството во Скопје и неговата поблиска околина, видна улога одиграле и познатите трговци од Дубровник, за кои овој град во раниот период на турското владеење претставувал најпогоден трговски центар. И како што Скопје во тоа време бил база за изведување на натамошните освојувачки походи на османлиските војски кон Србија, Босна, Албанија и Грција, така и на дубровачките трговци им послужил за воспоставување најтесни трговски врски со тие земји. [880] За да се види значењето и улогата на тогашното Скопје, доволно е да се наведе примерот со синот и наследникот на Исак бег, Иса бег, кој како старешина на Скопското краиште ( 1435 - 1463 ), а потоа и санџак, уживал хасови, кои му носеле приход од 763.000 акчиња,

---

[879] А . Стојановски , Градовите во, с.18, 26.

[880] И . Божиќ , Дубровник и Турска у XIV и XV веку , Београд , 1952 , с .287 .

не сметајќи ги приходите од неговите бројни вакафски завештанија во самиот град.[881] Паралелно со економскиот и трговскиот подем на Скопје, уште во време на султанот Бајазид I Јилдирим ( 1389 - 1402 ) во градот работела ковницата за пари.[882] Ковањето турски пари во ковницата на Скопје, за прв пат се спомнува во 1481 година, кога за времето на султанот Мехмед II (1451 - 1481)биле ,,сечени,, османски акчиња или т.н. ,,акче - и - Османи,, .[883] Ковницата за пари во Скопје, била издадена под закуп уште на 02. 03. 1485 година, кога биле издавани и останатите мукати на ковниците за пари во Румелија.[884] Како главни закупци и со полна одговорност пред државните турски власти се среќава еврејската дружина на чело со Афсоло, син на Ели и Хаски, син на Семер и нивните тројца ортаци, амилите на рудниците: Давид, син на Јаков, Шабан, син на Исхак и Муса, син на Јакуб. Од останатите службени лица во Скопската ковница во наведениот период се спомнуваат како емини Таацудин и Махмуд и сахиби ајари: Махмуд, Јусуф, син на Балија и Бурак Челеби, од кои последниот истовремено бил и скопски и новобрдски сахиби ајар.[885] Во првата половина на XVI век, се среќаваат неколку закупи на ковачницата во Скопје. Првпат закуп е регистриран на 18. 05. 1531 година, кој бил извршен од страна на Сефер Али од скопското маало Катарли и тоа во траење од 3 години во вредност од 140.000 акчиња, од кои само за подмирување на таксите трбало да се платат 1.980 акчиња.[886] Како ,,лични гаранти,, на споменатиот закупец се наведуваат следните лица од Скопје и тоа : Ахмед Алагоз од маалото Топхана, Абдулах од маалото Оруч Паша, Иса Бали Махмуд од маалото Хаџи Таџуддин и Пири Јусуф од маалото Веледи Коџаџик.[887] Втората муката за закупот на

---

[881] А . Стојановски , Градовите, с . 91 ; А . Шериф , Вакафите во Македонија во време на турско - османското владеење , ( во ракопис ) , Скопје ,1990 , с . 67 -68 .

[882] Д. А. Ихчиевъ, Материяли. с. 9 Г. Беласчевъ, Софиският монетенъ с . 219

[883] S.Rizaj, Turske kovnice novca (Darbhane) u Novom Brdu, Skoplju i Kratovu, Albanalosko istrazivanje Knj. III (1965-1966), Pristina, 1966. s. 223; Д. А. Ихчиевъ, Материяли за монетното, с.107;Г. Беласчевъ, Софиският монетенъ, с. 219; А. Стојановски, Градовите, с. 91.

[884] S . Rizaj , Turske kovnice novca, s . 223 .

[885] Исто . с . 223 - 224 .

[886] Başbakanli Arşivi - İstanbul , F Mukataa Defteri No . 468.

[887] Исто .

ковачницата за пари била превземена од страна на Мехмед Кемал, син на спахија и бивши емин на хасовите од рудниците во Кратово, на 21. 06. 1533 година. За последниот не се регистрирани висината на закупот и вообичаените такси, но само се наведени 17 ,,калема мукатаа,, .[888] И во третиот случај, закупот на ковачницата за пари во Скопје, на султанот Сулејман Величествени и тоа му носела приходи во износ од 63.333 акчиња само за 1544 година.[889] Во тој период градот Скопје бил и еден од познатите центри за производство на оружје. Познатиот турски хроничар од XV век, Дурсун бег, соопштува дека султанот издал наредба во Скопје да се излеат топови за рушење на тврдините на Белград во 1456 година, а при пописот на Скопје од 1467 / 68 година, во градот биле регистрирани 4 сабјари - муслимани.[890]

Во некои турски извори од XVI век, се среќаваат директни податоци дека во околината на Скопје се наоѓале рудници и топилници за топење на племенити метали, како и ковница каде и ,,ден денес се прават фалсификувани пари,, .[891] Покрај претходно наведените ковани пари од 1481 година, во градот Скопје, биле ковани пари и од страна на султанот Бајазид II (1481 - 1512 ), кој ковал сребрени и бакарни монети, а султанот Сулејман I ( 1520 - 1568 ) ковал сребрени акчиња. Од останатите султани, во Скопје ковале пари уште Селим II (1568 - 1574) сребрени монети, Мурад III ( 1574 - 1594 ) златни и сребрени монети, Мехмед III ( 1593 - 1603 ) сребрени акчиња, Ахмед III ( 1603 - 1617 ) сребрени акчиња, Осман II ( 1617 - 1621 ) сребрени акчиња, Ибрахим ( 1639 - 1648 ) сребрени акчиња, Махмуд I ( 1730 - 1754) сребрени акчиња и Мустафа III ( 1757 - 1773 ) златни, сребрени и бакарни монети.[892] Паралелно со тие продолжило и фалцификувањето на пари.

---

888 Исто .

889 D . Bojanic , Podaci o Skoplju, s . 609.

890 А . Стојановски , Занаетчиската дејност во македонските градови, с. 127 .

891 Muhimme defteri , No.33 -1

892 Д . А . Ихчиевъ , Материяли за монетното, с. 115~116, 123~124,132, 134~135,139,143, 146, 168, 172; S. Rizaj, Turske kovnice, s. 207 , 209 - 211, 215, 217; Г . Беласчевъ , Софискиятъ монетенъ, 219~220;А. Стојановски, Занаетчиската, с .130 .

Според ферманот доставен до кадијата на Скопје во септември 1564 година, од испратените примероци на монети до Високата Порта, бил утврдено дека ,,каратите на финоќата,, во Скопската ковница на златници и сребрени акчиња не одговарале.[893] Покрај барањето да се превземат мерки за пронаоѓање на фалцификаторите ( **kalpazanlar** ) и заедно со лажните акчиња да се спроведат во Истанбул, во врска со оваа појава се наведуваат податоци, дека фалшивите акчиња не биле ковани од страна на ,,службени лица, туку од фалсификатори во скриени места, а одговорноста сакале да ја префрлат на службените лица во ковницата,,.[894] Во една друга наредба од декември 1564 година, доставена до кадијата на Ново Брдо, исто така се наведуваат податоци дека во последно време се појавиле во промет големо количество фалсификувани пари, кои биле исковани во ковниците на Скопје, Ново Брдо и други соседни места.[895] Во прогоните се отишло дотаму, што овојпат биле превзимани мерки за прогон на високи службени лица, кои биле поврзани на директен начин со ковањето на лажните пари, како што е случајот со појавата на фалшиви златници ковани во ,,скопската ковница со понизок ајар,, .[896] Во една наредба од август 1565 година, доставена до кадијата на Скопје, се соопштува дека златните и сребрените пари ковани во скопската ковница не биле исправни. Тие ја немале потребната количина злато или сребро, а како последица на таквата недозволена и незаконска постапка, парите ,,добивани од споменатата ковница не се котираат со полна вредност,, .[897] Во друг случај им се наредувало на бегот и на кадијата на Скопје да ја проверат работата на рударите Алексеј и Мехмед, кои се здружиле во недозволените работи во рудникот Трепча, посебно Алексеј, кој бил познат како одличен рудар и калајџија, на кого повеќе пати му се судело за крадење на калај, како и на Мехмед, кој тргнал да работи заедно на

---

[893] Muhimme Defteri , No. 60/1

[894] 6 Numarali Mühimme Defteri ( Özet ve Transkripsiyon ) Ankara , 1995. s. 140

[895] Mühimme Defter No. 6 / 23

[896] A. Refik , İstanbul Hayati ( 1000 - 1200 ) hicrinde , 1333, İstanbul , s . 98 .; İ. Artik , Kanuni Sultan Suleyman adina basilan sikkeler, Ankara , 1972 . s. XV.

истиот начин со споменатиот рудар. [898] Со фалсификување на пари се занимавале и Циганите, за што биле известени кадиите на Скопје, Битола и Прилеп. Понатаму се наведува, дека и покрај издадената наредба на министерот за финансии, Пир Мехмед, да се коват пари во ковницата во Скопје, сепак биле откриени некои калфи, кои ковале лажни пари. Меѓу нив се спомнува и калфата Никола, кој исковал околу 369 лажни акчиња, а во таа работа му помагале и неговите другари - калфи, Дурмиш и Џафер, кои го советувале во лажните пари да стави ,,дваесет дирхеми бакар, за да не се забележале дека се фалсификат,, . [899] Во една наредба на султанот, доставена до бегот и кадијата на Скопје од септември 1579 година, во врска со откривањето и апсењето на фалсификаторите на пари, се наведува дека биле замешани, покрај некој богат човек Хаџи Ибрахим и Хоџа Муеззин, исто така и двајца Евреи, во чии куќи се собирале наведените муслимани и заедно ковале фалшиви пари. [900]

Слични наредби биле доставувани и до беглербеговите на Скопје и Вучитрн, како и до кадиите на Ново Брдо, Приштина, Скопје и Вучитрн, во кои се предупредува дека во нивните реони се појавиле прилично голем број луѓе, кои при купопродавањето на разни видови продукти и друга стока, меѓу муслиманите протурале прилична количина фалсификувани пари, за кои оправдано се сомневало дека биле изработувани во ковниците на Скопје и Ново Брдо. [901] Интересен е случајот содржан во еден ,,Хатти Хумајун - декрет со царско своерачно писмо,, , предаден на лицето Хусеин Чауш и доставен до бегот и кадијата на Скопје, дека лицето Емрулах, *еден од чаушите на Високата Порта и сегашен назир* на скопската ковница, лицето Реџеб и контролорот на финоќата на златото, лицето Мехмед, биле фалсификатори на пари. Наведените оптужби биле потврдени и од голем собир на муслиманските жители од градот, кои сведочеле и потврдиле дека споменатите лица правеле лажни пари и

---

897 Muhimme Defteri No. 6 /6 .
898 Muhimme Defteri No. 23/5 .
899 Muhimme Defteri ,No. 23/12; 24/29 .
900 Muhimme Defteri , No. 35/15.
901 Muhimme Defteri , No. 48/7-8.

„дека би можеле пред нивните очи да сведочат и да го докажат таквото дело„ .[902] Како последица на настанатата состојба, во други документи се известува дека во врска со апсењето на лицата што во скопската ковница правеле неисправни пари, од страв побегнале скоро сите работници, кои постојано работеле во споменатата ковница. Во таа смисла, од страна на царските власти, се барало да се превземат „целисходни мерки„ , односно според списоците, сите работници од ковницата да се вратат на својата редовна работа, со напомена до органите за заштита на општествениот поредок, да бидат строго претпазливи во исполнувањето на задачите при регулирањето на работата во ковницата и „никој без причина да не биде вознемирен„ .[903]

Во Скопско во текот на првите векови од турското владеење биле експлоатирани и некои рудници на олово. Во турските извори од 1564 до 1571 година, се среќаваат податоци дека освен во Кратово, Солун, Струмица, Битола, Сидерокапса, и во Скопје се произведувало т.н. „üstübü„ ( оловен карбонат, бела оловна боја ) за потребите на царската флота ( Donanma ) .[904] Од содржината на бројните фермани доставувани до скопскиот кадија и до надзорникот на царските рудници од втората половина на XVI век, можно е да се заклучи, дека „постоел рудник за олово и сребро во непосредна близина на Скопје, односно во кадилакот на Скопје„ .[905] На таквите констатации укажуваат и податоците од една наредба на султанот од 26 . 08 . 1573 година, доставена до кадиите на Скопје, Кратово, Ново Брдо, Приштина, Вучитрн, Врање, Штип и Велес, за доставувањето на 6.000 кантари олово за градбите на великиот везир Мехмед - паша Соколовиќ. Од наредбата се дознава дека кадиите од наведените градови биле задолжени од своите рударски подрачја да обезбедат и ќираџиски коли за пренесување на оловото, под строго фиксирани државни цени, со напомена да се „превземат сите потребни

---

902 Muhimme Defteri , No . 48/14 .

903 Muhimme Defteri No. 48 / 17 ; Д. Шопова, Македонија во XVI и XVII век, с. 58-59.

904 С. Ризај , Рударството во Македонија,с. 95.

905 Исто . с . 98 .

мерки да не би се направила било каква штета на оловото или зулум на ќираџиите,, . [906] Во друг документ од 13. 05. 1574 година, исто така испратен по наредба на султанот до кадиите на Скопје, Штип, Велес и др. надвор од Македонија, посебно се барало, од наведените кадилаци со пари да се купело олово од рудниците во нивните краеви. Оловото и овој пат било за потребите од градењето на задужбини и добри дела од страна на великиот везир Мехмед паша Соколовиќ, и требало да се транспортира и достави до грдот Солун. [907] Слични наредби на претходните биле издавани и подоцна, каде се наведува дека трошковите за преносот на оловото до Солун ќе ги исплатил наведениот велики везир, кој бил истовремено и зет на султанот. Во 1574 година, пак се барало од подрачјето на Скопскиот кадилак да се достави потребна количина олово за регулирање на потребите на еден вакаф во Истанбул. [908]

За поинтензивно производство на оловото во Скопје и Скопско, се среќаваат и други податоци, од кои е можно да се заклучи дека во неговата поблиска околина во текот на втората половина од XVI и првата половина на XVII век, постоеле одреден број рудници за сребро и олово. Така на пример во една наредба доставена во јуни 1579 година до скопскиот муфеттиш и назир на рудниците, се барало да се изврши обезбедување на доволна количина олово за џамијата што ја градел беглербегот на Алжир и тогашен главен командант на османлиската флота Килич Али - паша [909] . На 9 . 05. 1582 година, се барало од кадиите на Скопје, Кратово, Врање и Струмица, да се снабди доволен број на кираџиски добиток за пренесување на олово од Скопскиот кадилак до Солунското пристаниште за градежните потреби на големиот везир Сијавуш - паша. [910] Понатаму на 20. 05. 1582 година, била издадена

906 S . Rizaj , Tri fermana iz 1573. i 1574 godine o rudarstvu, s . 370; Д. Георгиев, Скопје од Тусркото освојување до крајот на XVII век, Скопје, 1997. с. 75-76 .
907 S. Rizaj , Tri fermana iz 1573 i 1574 godine, s. 3771.
908 Muhimme Defteri No. 24/20; С . Ризај , Рударството во Македонија, с. 98.
909 С . Ризај , Рударството во Македонија , с. 98 .
910 Д . Шопова , Македонија во XVI и XVII век , с. 57 -58 ; С. Ризај , Рударството во Македонија , с .88 - 89 .

наредба до скопскиот кадија од своја страна да обезбеди пренос на одредена количина олово до Солун, за зидање на згради во сопственост на везирот Синан паша. И пак, на 04. 06. истата година, за потребите на наведениот везир од Скопје и Скопско се барало да се достават до пристаништето на Солун 3.000 кантари олово, кое ќе се пренесело на кораби до Истанбул, а за пренесувањето на секој кантар да се исплатело на кирациите по 25 акчиња.[911]

Од анализа на податоците во еден рударски дефтер од 1582 година, кој носи наслов „Добивање на чисто сребро во рудниците на Скопје„ , - можно е да се претпостави, дека во градот Скопје уште пред 1582 година, се наоѓала сместена „Главната управа на рудниците„ од неговата околина, во која влегувале и рудниците од Кратово, Злетово, Ново Брдо, Трепча и други рудници од Србија и Косово. Во прилог на претходната теза зборуваат и релевантните податоци од 1570, 1572 и 1574 година, каде како главен надзорник на скопските рудници се спомнуват Пир Заим Мехмед. Неговите службени компетенции, како што правилно заклучува и Скендер Ризај, се простирале, како што се гледа и од содржината на многубројните фермани, покрај надгледувањето на скопските, исто така и на „вучитрнските, ќустендилските ( Врање, Кратово ), крушевачките ( Запланина ) рудници„ .[912] Во друг царски ферман од 1578 година, како скопски рударски надзорник се наведува надзорникот (назир) Берherј, кој бил задолжен од страна на царските власти, да ја утврди и рентабилноста на новооткриениот рудник Кучајне во Србија. Според претходните податоци, може да се заклучи дека во Скопје се наоѓало сместено седиштето на подрачните надзорници од едно широко рударско подрачје, односно дека „рудниците во Србија, токму во тоа време се наоѓале под компентенција на скопскиот надзорник„ .[913] Оттука и заклучокот, според расположивите документи, дека во градот Скопје се наоѓала уште во текот на 70 - 80 - тите години на XVI век,

911 Muhimme Defteri No. 48 / 15 ; С. Ризај , Рударството во Македонија с . 98 ; Д . Георгиев , Скопје од турското освојување, с. 76.
912 С . Ризај , Рударството во Македонија, с. 107.
913 Исто .

формирана „Управа на закупите на рудниците и хасовите од рудниците на Скопје и околината„ .[914] Во однос на претходните оценки се надоврзуваат и податоците во еден османски документ од 1610 - 1611 година, се наведува дека сребрениот рудник во Ѓујешево (од Ќустендилскиот санџак), се наоѓал под управа на Скопје и Кратово.[915]

Според податоците од средината на XVII век, во Скопје се наоѓала „Главната управа на рудниците и хасовите од Скопје и околината„ . Во еден рударски дефтер од 12. 04. 1641 до 13. 04. 1643 година, се наведува дека тие рудници биле во обврска на управникот Јакуп - паша. [916] Според податоците на Хаџи Калфа од средината на XVII век, во Скопје се наоѓало и работело „Надзорното биро„ , које собирало најголем закуп од рудниците на Ново Брдо. Нешто покасно, познатиот турски патописец Е. Челеби, наведува дека во Скопје се наоѓал сместен Надзорник на ковачницата за пари, кој управувал со „сите сребрени рудници ( сигурно во Румелија ) освен во Кратово„ .[917]

Од втората половина на XVII век за рударството во Скопје и Скопско, се среќаваат податоци, дака рудниците биле издавани под закуп. Таков е примерот со закупот од 31. 10. 1655 до 27. 01. 1656 година, од кои парични средства му биле исплатени на едно службено лице од управата на рудниците во Скопје, за парична сума од 855 акчиња. [918] Со слична содржина исто така е и документот од 01.12 .1657 година , каде се наведуваат податоци, дека 27 припадници од утврдениот гарнизон на „територијата на Скопската лива ги добиваат платите исто од сметката на мукатаата од рудниците во Скопје и соседниот реон„ . [919] Во текот на 80 - тите години од истиот век, се среќаваат податоци, од страна на католичкиот надбискуп Петар Богдани, дека во околината на

---

914 Başbakanlik Arşivi - İstanbul , F. Maaden Mukataa Defteri . No. 22711; Д. Георгиев, Скопје од турското освојување, с. 76 - 77.
915 С. Андреев ~ Е . Грозданова, Из историятана, с. 33.
916 Başbakanlik Arşivi - İstanbul , F . Maaden Mukataa Defteri , No. 22711
917 С . Ризај , Рударството во Македонија , с . 107 .
918 БИА ~ НБКМ , Ор. отд. , Ф .129 А , а.е. 522
919 С. Андрев ~ Е. Грозданова , Из историята, с . 103.

Скопје и Скопско имало рудници на злато и сребро, додавајќи дека покрај рудниците за злато и сребро, во Скопје работело и ковачница за пари. [920]

Што се однесува за состојбата на рударството во Скопје и Скопско од крајот на XVII до средината на XIX век, може да се заклучи дека не се среќаваат податоци за присутноста на позначајна рударска активност во тој период. Сепак содржината на еден рударски протокол, составен околу 1844 - 1845 година, се наведуваат податоци за неисправноста во раздолжувањето кон државата и постојаното сменување на рударските назири во Скопје. [921] Во една дописка за Скопје од 20. 01. 1855 година, се наведува дека во реонот на Скопска Црна Гора имало различни рудници, а во друга дописка од 01. 05. 1855 година, се наведува дека во коритото на Маркова река од страна на месното население се собирало златен песок. [922]

Што пак се однесува за втората половина на XIX век, има искажувања дека Скопје ,,може да стане центар на рударската индустрија,, , бидејќи уште во старо време во неговата околина биле експлоатирани рудни богатства. [923] Во прилог на ова зборуваат и некои официјални турски податоци за рударството во Скопскиот вилает. Така, во еден годишен статистички извештај од 1883 година, се наведува дека во наведениот санџак имало рудници, кои биле богати со ,,површински и длабински руди,, . [924] Кон средината на 90 - тите години од XIX век, во врска со рударството во Скопје и Скопско се појавува и т.н. ,,хромна треска,, , произлезена од растежот на побарувачката на хромната руда за задоволување потребите на западноевропскиот пазар. Во редот на најистакнатите претприемачи и трговци поврзани со вадењето и извозот на хромот од рудниците во Скопско се истакнувале солунскиот

---

920 А. Матковски-П. Ангелакова, Неколку кратки патеписци, с. 256; S. Rizaj, Turske kovnice novca , s. 208;Истиот : Рударството во Македонија , с. 99 .

921 С. Андреев - Е . Грозданова , Из историята, с . 102.

922 в . Цариградски вестник , бр. 211. од 05. 02. 1855 год. ; в. Цариградски вестник , бр. 225 од 21. 05. 1855 год.

923 В . Кънчов , Избрани произведения , Т . II , , с . 49 - 50 .

924 Salname i Vilaeti Kosova , 1300 ( 1883 ) , s. 168 - 169 .

комисионер Ј. Јагјал и браќата Алатини. [925] Посебно се истакнала фирмата на браќата Алатини, која со текот на времето добила повеќе концесии, така што северно од градот Скопје ги експлоатирала следните рудници : Лојане, Радуша, Островица и Горанца. [926] Само од рудникот Радуша во 1903 година, биле извадени 500 - 600 тони хромова руда. А пак во периодот од 1890 до 1896 година, од рудникот во с. Лојане биле извадени 17.000 тони хромова руда, од рудникот кај с. Островица 9.000 тони руда. Во тоа време во рудниците во околината на Скопје, како што се Лојане, Радуша и Ореше, во производниот процес биле ангажирани од 200 до 300 рударски работници. [927]

И во официјални турски статистички материјали за рударството во регионот на Скопје и Скопско за 1896 година, се наведува дека во последно време биле откриени и експлоатирани рудници за хром, олово со сребро и антимон. А пак во с. Пагаруша на 3 км. од Скопје, во планината Китка се наоѓал мермерен камен и мнозина на жителите од истото село се занимавале со неговата обработка. И во с. Дивле на 5 км. од Скопје, се наоѓал рудник на камен, кој служел за изградба на згради. [928] Во Скпопска Црна Гора, во наведениот период од ,,големите минерални богатства засега се обработува само хромовниот рудник при с. Бајловци,, . [929] Слични податоци се однесуваат и на други села : Сливачани, Никола, Стрновица, Челопек, Асали, Ораше, Бабиловце, Ваксинци, Халинци, Винци, Дреник, Глажане, Добрашин, Баракли, Беленли и Пчиња. Се константира дека во тие села имало рудници на антимон, сребрено олово, арсеник, калај, цинк, јаглен, бакар, жива и петрол. [930]

---

925 Д . Зографски , Развитокот, с . 182 .
926 Исто .
927 Исто . с . 184 , 194 .
928 Kosova Salnamesi , 1314 (1896 ), s. 208 ; В . Кънчов , Избрани произведения , т. II . с . 51 .
929 Г . Петровъ , Материали, с . 139 .
930 Kosova Salnamesi , 1314 ( 1896 ) , s . 245 .

## 2. ПОРЕЧЕ

Рударската дејност во овој дел на Македонија, во споредба со останатите рударски базени и центри, потекнува од понов период. Од досегашните сознанија, се претпоставува дека рударството започнало да се активира кон средината на XVIII век и траело околу 140 - 150 години, наполно исчезнувајќи во периодот од 1870 до 1880 година.[931] Во областа на Порече и неговата поблиска околина, според досегашните археолошки истражувања, не се забележани материјални остатоци за појава на рударска експлоатација пред доаѓањето на Турците - Османлии во Македонија. Во рамките на оваа рударско подрачје експлоатацијата на рудните богатства исклучиво се вршело врз површинска основа и во секој случај, најмногу биле експлоатирани железните руди на магнетитот и лимонитот. Најбогати со магнетитов песок биле терените околу селата Самоков, Слатина, Грешница и Топалница. Во турскиот период на теренот во Порече при површинската експлоатација на магнетитот, работеле вкупно 24 рударски локалитети, познати уште под името „Мелои„ . Такви мелови имало во 13 села, кои се наоѓале „лоцирани вглавно на левиот брег на Голема Река, на просторот помеѓу Македонски Брод и Самоков„ .[932]

Експлоатацијата и обработката на железните руди и на самото железо во Порече, доколку се спореди со останатите рударски и металуршки центри во Македонија, биле слабо развиени. Железната руда на магнетитот во турскиот период била топена во селата Самоков, Грешница и Слатина, односно во селата Самоков и Ковач биле изградени „фабрики - самокови„ , каде се обработувало железото и биле произведувани разни видови железни алати, кои служеле при употреба во домашна и земјоделска работа.[933] Според сознанијата од првата

---

[931] А. Керамитчиев, Рударството во Порече, ГИНИ, г.XXVII, бр.1-2, Скоје, 1983, с.120

[932] Исто . с . 106 .

[933] Исто . с . 107 .

половина на XIX век, рударската зона на Поречје се наоѓала по течението на горниот тек на реката Треска, сместена помеѓу селата Ковач и Слатина, а самоковите за топење на железото биле сместени источно од с. Ковач, во месноста Самоков, каде што се наоѓало и седиштето на мудурлукот од овој крај. [934] И познатиот француски патописец Ами Буе, констатирал дека недалеку од планината Шар и од градот Тетово имало „стари рудници„ , слични на оние од полуостровот Халкидик. Според Константин Јиричек, железарската индустрија во областа на Порече имала врска со името на средновековната тврдина Железнец од XIV век, односно по турски Демир Хисар на југ од Кичево. [935] Од содржината на други податоци, исто така се дознава, дека во северо - западниот дел на Македонија, во пределот на р. Треска, помеѓу градовите Гостивар, Тетово и Кичево, се наоѓале богати рударски предели. [936]

Според некои сознанија рудниците во Порече биле интензивно експлоатирани во периодот помеѓу 1820 - 1860 година, кога во рудниците работеле рударски работници од селата во Порече, а во работата учествувале и рудари од Ќустендил и од познатиот рудник Божица - Босилеградско. [937] Најмногу магнетни зрнца биле плавени кај селата : Грешница, Слатина, Тополница, Инче и Зркле. Железната руда на магнетитот била топена во „Казани„ со дрвен јаглен, а потоа произведеното железо било ковано во селата Грешница и Самоков. [938] Всушност, во с. Самоков работеле 2 самокова со 2 чекана.

*Во османлиски извори* од 1837 - 1838 година, се наведува дека во нахијата Порече, како составен дел на Кичевската каза има наоѓалишта на железна руда, па се сугерира, да се отпочне со експлоатација новооткриената железна руда и според вообичаените турски закони,

---

[934] Г . Бончевъ , Старото рударство, с . 38 .
[935] К . Иричекъ , Княжество България , част втора , с . 449 .
[936] К . Н . Костиќ , Стара српска трговина, с . 147 .
[937] Г. Бончевъ. Петрографско-минералните изучвания на Македония, София, 1920, с. 48
[938] П . Јовановиќ , Порече , Српски етнографски зборник , кнъ. 5I , Насеља , кнъ . 28 , Београд , 1935 , с . 228 , 327 .

рудниците да се издадат со мукатаа под закупи.[939] Кон претходните податоци се надоврзува и белешката на германскиот патеписец А. Гризебах, кој во 1839 година, минувајќи низ Тетово, забележал одредена количина на среброносен галенит, кој бил донесен од некој напуштен рудник во околината на Дебар.[940] Во еден друг документ од средината на XIX век, каде се наведени издадените концесии за сите рудници во Османлиската империја, за казата Калканделен ( Тетово ), се соопштува за издадениот рудник на хром на компанијата Петерсон.[941] Според податоците од втората половина на XIX век, рудникот му припаѓал на еден турски закупник, Хаџи Рашид - паша, но рударската техника, се наоѓала сеуште на ниско ниво, бидејќи магнетните зрнца се топеле со дрвен јаглен, а редуцираното железо се ковало во самоковите инсталирани во соседните села Самоков и Грешница.[942]

И покрај ограничените капацитети на производството на железо, рударската дејност во Порече продолжило и во текот на втората половина на XIX век . Според некои теренски истражувања, рудните богатства во Порече биле експлоатирани во временски период од 140 - 150 години, односно рударската дејност траела до 70 - тите или 80 -тите години од XIX век, кога и дефинитивно престанала. Како главни причини за ликвидацијата на рударството, се наведуваат: ,,незадоволството на работниците од слабите примања, тешката работа во рудниците, исцрпувањето на магнетитот во меловите и др.,, .[943] Од друга страна, се среќаваат податоци, дека железната руда на магнетитот, која била топена во с. Самоков, во себе имала 70 - 80 % железни состојци, и од неа можело да се добије 30 - 40 % железо, а останатата количина отпаѓала на згурите. Големите остатоци од згурите што останале во с. Самоков, на свој начин сведочат за развиената рударска дејност во Порече.[944]

---

939 БИА ~ НБКМ , Ор. отд. Ф . 129 , а.е. 480.
940 A. Griezebach, Raise durch Rumelien und nach Brussa Im Jahre 1839, II, Gottingen, 1841 s. 282
941 Başbakanlik Arşivi , İstanbul, F . Ticaret Nafia Maaden Nezeretine aid , No 361
942 Историја на македонскиот народ , Кн. втора , с. 20 .
943 А . Керамитчиев , Рударството во Порече с. 120 .
944 Исто с. 116 .

Што се однесува на процесот и начинот на производството, во работата на рудниците биле ангажирани околу 1.000 работници, кои добивале дневно надница во висина од 1 до 3 гроша. При обавувањето на производните операции и работни задачи, рударските работници биле поделени на неколку групи. Во првата група биле рударите што работеле на ископувањето на рудата, на меловите или бреговите, на пуштањето на водената маса од ,,пиовите,, и собирањето на рудата. Во врска со оваа работа, важно е да се подвлече дека при експлоатацијата на рудата се ,,работело скоро во сите мелови од левата страна на Големата Река, додека меловите на десната страна, кај селата Црешнево и Крапа, поради слабата содржина на магнетитот, биле бргу напуштени,, .[945] Втората група на рударските работници била задолжена со правењето и одржувањето на браздите, потоа со пуштањето на водата од каптажите до оние мелови кои имале потреба од истата, како и со правењето страна на брани по траповите каде што поминувале трасите на браздите и др. Работата на овие рударски работници, во секој случај, било од посебно значање за одвивањето на нормалната работа во рудниците, топилниците и фабриките. Во составот на третата групација од рударските работници, влегувале оние што биле задолжени со транспортот на добиената руда од меловите до топилниците, кои биле инсталирани во селата Грешница, Салтина и Самоков.[946] Преносот на рудата се вршел со помош на товарен добиток, но често пати биле организирани и каравани составени од поголем број коњи и маски, посебно кога се вршело пренесување на исковано железо од Самоков во Скопје, Прилеп и Битола. Во четвртата групација спаѓале рударските работници кои работеле во топилниците и фабриките - самокови и биле задолжени за леењето и ковањето на железото во блокови. Тука, покрај другите, работеле мајсторите топилничари, леари и ковачи. И во последната, петта група рударски работници, се наоѓале оние, што биле задолжени со правењето на дрвен јаглен за потребите на топилниците и

[945] Исто . с . 120 - 121 .
[946] Исто . с . 122 .

самоковите. [947] Рударските работници кои биле специјализирани за изведување на посебни операции при работата, обично добивале поголеми плати, зависно од сложенста на работата.

Во текот на 80 -тите година на XIX век, во рударскиот базен на Порече, според некои истражувања од поновиот период, било забележано намалување на ископаната руда во околните рудници на Кичево, иако во овој период од наведениот крај биле произведени околу 30.000 квинтали, на примитивен начин обработено железо. Од железото произведено во Кичевската каза, еден дел се преработувал во градот Крушево, каде при крајот на XIX век работеле 12 ковачки работилници.[948] Во границите на Тетовската каза била пронајдена сребрена и бакарна руда, а се вадел бакар и во близината на с. Челопек - Тетовско. [949] Во неведениот период во Тетовско била издадена исто така и концесија за експлоатација на хромовите рудници. Истата му била издадена за период од 60 години на Мустафа Шукри - бег, кој нешто подоцна ја препродал на компанијата водена од страна на браќата Алатини со седиште во Солун. [950] Во селото Горанци близу до с. Длабочица, околу 1890 година, во местотот ,,Жеден,, била откриена ,,црно - хромова руда,, и се правеле напори да се отвори рудник за експлоатација на рудата. [951] Слични податоци се регистрираат и за пронаоѓањето на железни, оловни и сребрени руди во околината на Шар планина и поблиската околина на Тетово, [952] а од железото што било носено на пазарот во Прилеп се изработувале кантари, ножови, тесли и секири. [953]

Улогата и значењето на рударството во областа на Порече, на одреден начин се потврдува и пред самиот крај на турското владеење во Македонија. Иако во рамките на претходното разгледување беше

---

[947] Исто .
[948] Д. Зографски , Развитокот, с. 182 .
[949] J. Цвијић, Основе за географију, с. 1068;Д. Зографски, Развитокот, с. 183, 187 .
[950] Л . Соколов , Предусловите, с . 64 .
[951] Р . Поплазаров , Некои интересни податоци за Тетовско , с . 162 .
[952] К . Бендеревъ , Военая география , с. 678 .
[953] Г . Баждаровъ , Ис македонската земя , София , с . 119 .

подвлечено дека, според едни сознанија траело 40 години или од 1820 до 1860 година, а според други траело 140 - 150 години и престанало во периодот 1870 - 1880, сепак тоа и понатаму продолжило. Имено, во работа била „фабриката - самоков", во с. Долни Самоков ( Ковче ), каде имало и ковачници, кои работеле до крајот на XIX век. Нешто подоцна на местото каде што работела „фабриката - самоков", , биле откриени два големи чекани, од кои секој тежел од 200 до 300 кгр. . Наведената „фабрика - самоков", била сопственост на Амзи -паша, а во нејзината непосредна близина се наоѓале и помошни згради за чување на добиток, складови за разни материјали, простории за живеење, фурна за печење на леб, воденици за мелење брашно и сл. [954]

Железото добивано во рударскиот базен на Порече се одликувало со висок степен на квалитет при обработката, кое по мекост и чистота успешно можело да му конкурира на европскотото железо. Рударската индустрија развиена во Самоков ги снабдувала со железо градовите Битола, Прилеп, Кичево и делумно Скопје и Велес. Но, при крајот на XIX век, производството сепак опаднало и било напуштено како последица на застарениот начин на производство и неможноста да ја издржи ефтината конкуренција со европското железо. [955]

При расветлувањето на улогата и значењето на рударството во Порече, важно е исто така да се истакне, дека уште во првата половина на XIX век, од страна на турските власти било потикнувано населувањето на македонското население во рударските места на Порече, а како последица на тоа, се формирале и две нови села, како што е примерот со с. Ковач и с. Самоков. [956]

Пред крајот на турското владеење од рудникот за хром кај селото Радуша во 1903 година, биле извадени 500 - 600 тони хромова руда, а од рудникот Ореше - Тетовско, каде што се наоѓале вработени 200 - 250

---

[954] А . Керамедчиев , Рударството во Порече , с . 118 .
[955] Г. Петровъ , Материали, с. 82~83, 372; А. Керамедциев, Рударството во Порече, с.122
[956] Македонија како природна и економска целина , с. 203 .

рударски работници, биле извадени 3.854 тони руда.[957] Експлоатацијата на хромовите руди во Порече следните години се зголемила, при што од рудниците кај с. Ореше и с. Врбовиште, во текот на 1908 година, биле извадени ,, преку 10.500 тони руда со 50% хромни состојки,, .[958] А меѓу поважните наоѓалиште на хромните руди во Македонија се вбројувале и рудниците Ореше, Љуботен и Радуша во рударскиот регион на Тетово и Тетовско.[959]

Според некои сознанија во рударскиот базен на Порече, во с. Слатина - Бродска околина биле откриени наоѓалишта на готвачка сол.[960]

## 3. ТИКВЕШКО - МАРИОВСКО ( РОЖДЕН - АЛ ШАР )

Тиквешко - Мариовскиот крај во време на турското владеење, исто така претставувал еден од поважните рударски базени во рамките на Македонија. Експлоатацијата на рудните богатства во наведениот рударски базен се одвивала главно во близината на селата Рожден, Мајдан и Ржаново.[961] Од досегашните сознанија за наведените рударски места, посебно внимание привлекува Рожденскиот рудник за арсеник. При најновите научни истражувања во османлиските архиви, пронајдени се автентични документи за неговата активност во текот на XV и XVI век.[962] За рудникот кај с. Мајдан се среќаваат податоци, дека од средината на XIX век, бил познат уште и под називот ,,АЛШАР,, и истиот работел, со извесни прекини, се до крајот на XIX и почетокот на XX век.[963] Слејдеќи ја дејноста на наведените рудници, ние ќе се задржиме прво врз анализа на рудникот Рожден, кој во текот на првите векови од турското владеење, го завзимал водечкото место.

---

957 Д . Зографски , Развитокот, с . 183 .
958 Исто .
959 Д . Јарановъ , Минералнитъ богатства въ Македония, с. 22 .
960 Д . Мишайковъ, Новитъ земи въ стопанско отношение, с . 35 .
961 А. Керамидџиев, За старото рударство во Мариово, s. 237 - 249.
962 А. Стојановски , Рожденскиот рудник за арсеник, с. 149 - 159
963 Г. Бончевъ , Старото рударство..., с. 37 ; Д. Зографски Развитокот, с. 192.

Првите и досега најстари податоци за рудникот Рожден, се среќаваат во опширниот пописен дефтер за Прилепскиот вилает од 1467/68 година. Во него се наведува дека „Рудникот за арсеник, хас на падишахот,, , во селото Рожден, се наоѓал под закуп на лицето Данишменд Мустафа, со годишна закупнина ( муката ) во износ од вкупно 35.000 акчиња.[964] И во опширниот пописен дефтер од 1481 година, рудникот е, исто така, запишен како хас на „Худавендиѓарот,, или султанот. Тој и с. Рожден биле дадени под закуп на Курт, но без регистрирање на висината на закупот, односно вкупниот приход на селото се зголемил на 13.380 акчиња, во која сума „сега за прв пат се поместени 1.500 акчиња годишен приход од арсеник,, .[965] Следуваат изворни податоци од почетокот на 1488 година, во кои рудникот Рожден за производство на арсеник, од страна на неколку автори погрешно се преведува, односно се прикажува како „рудник Зерниче,, , слично како во споменатиот пописот од 1467/68 година. Тоа се случило затоа што персискиот збор zernih ( арсеник ) погрешно е прочитан како топоним, село „Зирниче,, односно ( Зрненци ).[966] Така, во првиот документ од 4.13. февруари 1488 година, регистриран како „Акт за рудникот Зирниче,, , се наведува дека производството не ги „покривало,, трошоците, бидејќи во наведениот период, рудникот бил поплавен со вода. Поради наведената причина, закупците се откажувале повеќе години наназад од неговата експлоатација, бидејќи бејлакот им земал 1/4 руда и 1/5 такса за вода (adet-i ab). Поради тоа рудникот бил напуштен .[967] Во вториот документ, од средината на април 1488 година, кој всушност претставувал „Извештај за старото уредување на рудникот,, , била разгледана постоечката состојба на рудникот. Според извештајот на истражниот орган, наведениот рудник за арсеник му припаѓал на градот Прилеп. Понатаму се ставало на знаење, дека рудниците биле напуштени и му се наредило

---

964 Турски документи за историјата на македонскиот, Опширен пописен дефтер Но 4 (1467/1468) година, избор, коментар и превод М. Соколоски, Скопје, 1971 с. 108.

965 А. Стојановски, Рожденскиот рудник за арсеник, с. 152.

966 N. Beldiceanu, Les actes des premiers, s. 197 , 209 -210; Турски документи за историјата на македонскиот народ Но 4 , с. 108; С. Ризај, Рударството во Македонија с. 100-101.

на службеното лице да им се ,,закани на неверниците, за тие повторно да се нафатат со експлоатацијата,, . [968] Исто така по извршената истрага, централните власти биле известени, дека рудникот се наоѓал во тешко пристапна област, покрај селото Рожден. Неговите жители биле неверници ( христијани ), кои работеле во рудникот, а четвртината од произведената руда ја давале преку амилот за државната. [969] Во останатиот дел на овој извештај се подвлекува, дека бејлакот (државата) не земал учество во трошоците за експлоатација на рудниците; сопствениците на рудните окна ( јами ) и самите работеле во рудниците или вработувале работници за парична награда со исплата во готови пари. [970]

Во опширниот попис од 1528/29 година, се среќаваат конкретни податоци за производство на арсеник во рудникот Рожден, односно селото и рудникот и понатаму си биле султански хас. Годишно производство на ,,чист,, арсеник изнесувало 30 кантари или сметано по 180 акчиња за кантар - 5.200 акчиња; потоа, производството на ,,нечист,, , со подолен квалитет арсеник изнесувал 60 кантари, по 60 акчиња за кантар, вкупно 3.600 акчиња. [971]

Од содржината на опширниот пописен дефтер за 1544/45 година, се гладаат нешто поразлични податоци во споредба со претходните. Во овој попис се наведува дека производството на ,,чист,, арсеник изнесувало 28 кантари, по 180 акчиња за кантар или вкупно 5.040 акчиња; производството на ,,нечист,, арсеник изнесувало 70 кантари, по 60 акчиња кантар, или вкупно 4.200 акчиња. [972] И на крајот во последниот опширен пописен дефтер во врска со рудникот Рожден кој е составен во 1568/69 година, состојбата речиси останала непроменета. Рудникот и

---

[967] N. Beldiceanu, Les actes des premiers, s. 197; А. Стојановски, Рожденскиот рудник, с. 153;
[968] N. Beldiceanu, Les actes des premiers, s. 209; А. Стојановски, Рожденскиот рудник за с. 154. С. Ризај, Рударството во Македонија, с. 101.
[969] А . Стојановски, Рожденскиот рудник, с. 154.
[970] N. Beldiceanu, Les actes des premiers , s. 209 - 210 ; А. Стојановски , Рожденскиот рудник за арсеник, с. 154 - 155; С. Ризај , Рударството во Македонија , с. 101.
[971] Исто.
[972] Исто. с. 1562 - 153.

понатаму, заедно со селото, останал во составот на султанските хасови, а останале наполно исти и количество и паричните суми од приходот добиен од производството на арсеник. [973]

Корисни податоци за Тиквешко - Мариовскиот рударски базен се и оние, кои се однесуваат на присуството и работата на самоковите во разни места во овај рударски регион. Така на пример, во тиквешкото село Долна Бошава, работел еден самоков, кој во текот на 1570 година се аноѓал во надлежност на закупецот Томко Ѓуро, при што, меѓу жителите на наведеното село биле запишани 5 лица со прекарот ,,ковач,, . [974] Во соседното с. Крнево исто така работел самоков под закуп на спахијата Али, како и една преса за пресување на железото. И двата самокови црпеле механичка енергија од водите на реката Бошава, која се наоѓала во непосредна близина на селата и самоковите. Во врска со работата на наведените самокови не се среќаваат никакви податоци за вадење и топење на железна руда, па најверојатно железото било пренесувано од други места, заради натамошната преработка. [975]

Освен претходно анализираните податоци, кои се однесуваат на XV и XVI век, најмногу за рудникот Рожден, се до средината на XIX век, не бевме во можност да откриеме било какви други податоци за рударството во овој крај. Дури во еден рударски дефтер од 1850 година, составен од страна на главниот инжинер на султанот, задолжен за унапредување на рударството во целата Османлиска империја, се наведува дека во казата Тиквеш постојат 2 рудника и тоа, еден за антимон во селото *Росдау ? и вториот за арсеник во селото Роздан т.е.* Рожден. [976] На ова се надоврзуваат и информациите дека рударството во Тиквешко - Мариовскиот регион било обновено во средината на XIX век, каде се експлоатирале арсеновите (аурипигамент, реалгар) и антимоновите ( антимонит ) руди. Рудните наоѓалишта биле со ,,жили во

---

973 Исто . с. 153; Истиот : Историја на Македонскиот народ , том втори,.....292 .
974 Историја на македонскиот народ, том втори,....291
975 Исто .
976 Basbakanlik Arsivi - Istanbul, F. Ticaret Nafia Orman Maaden , No . 2146

ситнозрнестиот доломит на селото Маден, сега наречено Алшар,, .[977] Нешто подоцна, во текот на втората половина од XIX век, експлоатацијата на рудата се вршела врз основа на современи методи и се ползувала најрационално, со воведување на нови и современи средства, но работата сепак била напуштена, бидејќи дебелината на жилите на рудата достигнувале максимално до 40 с.м. .[978]

Во една дописка од крајот на 1859 година, која се однесува на Мариово, покрај другото, се наведува дека во Рожденската гора ,,има златна руда,, .[979] А пак, кај с. Росоман на реката Црна, селаните задолжени со ангарија, произведувале шалитра од која правеле барут, додека ,,Мариовските гори, околу селото Клино, ваделе златна руда и мермер соманија, најшарен и со скап квалитет,, .[980] Според други податоци од наведениот период, рудникот Рожден каде се ваделa бакарна руда, бил закупен од една странска компанија.[981]

Во текот на 80 -тите години од минатиот век биле направени првите сериозни проучувања на рудните богатства во Мариовскиот регион од страна на компанијата Алшар.[982] Во 1889 година, истата трговска компанија, предводена од браќата Алетини и Шарно, ја откупиле концесијата за експлоатација на рудникот ,,Алшар,, , која претходно му припаѓала на Осман Инајет од Солун, кој уште пред тоа имал добиено концесија за експлоатација на рудните блага за период од 99 години, издадена од страна на турската влада.[983] Од други автори се посочува дека врз основа на добиената дозвола новите закупци на рудникот *,,Алшар,, , браќата Алатини и Шарно, во текот на 1888 година,* пристапиле кон ,,подготвувачките работи,, , а во 1891 година започнале да го експлоатираат рудникот ,,Алшар,, , кој ,,така беше наречен со

---

977 Г. Бончевъ, Старото рударство, с. 37.
978 Исто . с. 37 - 38.
979 Статическо описание, Споменик за села називаемии Мориово Прилепско, в. Цариградски вестник, бр. 458, од 21 . XI . 1859 год.
980 Х. Чочковъ, Градъ Велесъ Историко ~ Географски и народо ~ стопански очеркъ, София , 1929, с . 51 .
981 Л. Соколов , Предусловите, с. 63.
982 Д. Яранов, Минералнитѣ богатства въ Македония , с. 32; Г . Трайчевъ, Мориово , с. 26
983 А . Керамидциев , За старото рударство во Мариово , с. 245.

земање и сврзување на почетните слогови од имињата на концесионерите Алатини и Шарно,, .[984] Во текот на 1891 година во рудникот Алшар работеле од 200 до 500 рударски работници. Тука биле експлоатирани рудите на арсеникот и хромот, а исто така бил ваден и ,,син камен,, .[985]

Експлоатацијата на рудните богатства во Македонија, а со тоа и во Тиквешко - Мориовскиот рударски базен, при крајот на XIX и почетокот на XX век, во најголем дел била превземана од страна на концесионери од странско потекло. Меѓу нив повеќето имале свои тргавски компании, преставништва и комисионерски друштва инсталирани во Солун. Самите концесионери често биле крупни трговци или крупни претставници на финансискиот капитал по потекло Евреи од Солун. Од сите најпознати рудници превземени од концесионери во Македонија, во периодот од 1891 до 1895 година, само рудникот Алшар (Тиквешко) работел мошне интензивно, при што во наведениот период биле извадени и извезени околу 3.000 тони хром 2.000 тони антимон и 1.000 тона арсеник за Англија, Франција и Бугарија.[986] Исто така под фирмата ,,Алшар,, работеле уште 2 големи рудника, ,,Стримон,, и ,,Редрок,, , кои давале квалитетна руда со 40 - 45 % арсеник и со 50 - 60 % антимон. Фирмата на браќата Алатини и солунскиот трговец Шарно извадила големи печалби, при тоа успевајќи да ја продаде ископанатa руда по цена од 27 - 30 лири за еден тон, иако нивните производни трошоци изнесувале само 18 турски лири за финализираната руда од еден тон.[987] Според некои понови податоци, во текот 4 години работа на фирмата ,,Алшар,, биле ископани околу 4.000 тона антимон и 2.000 тона арсеник. Хромната руда од рудникот кај с. Рожден се сметала за многу богата, бидејќи во себе имала 50 - 54 % метална содржина. Меѓутоа, после неочекуваното паѓање во 1895 година на цената на светскиот пазар на овие руди под нивото на производните трошоци, дошло до привремено запирање на работата во рудниците.[988]

---

984 Д. Зографски , Развитокот, с. 184 - 185 .
985 Г. Трајчев , Мориово , с. 26.
986 К. С. Бълешки за търговията и и ндустрията, с. 103 ; Л. Соколов, Предусловите, с. 64.
987 Д. Зографски, Развитокот, с. 184.
988 Исто.

При ископувањето и пречистувањето на рудите во ,,Алшар,, кај с. Рожден, од страна на фирмата Алатини - Шарон биле употребувани современи производни средства, меѓу кои машини за дробење и ситнење на рудата, вагонетки за транспорт на рудата, правење на работнички населби за сместување на рударите и слично. Сепак, рудникот повторно престанал да работи околу 1898 година. [989] За работата на рожденскиот рудник ,,Алшар,, важни податоци соопштуваат и официјалните турски статистики. Во нив се наведува дека во текот на 1897/98, во Тиквеш при селото Рожден имало руда на антимон и арсеник и во тие години почнала одново да се вади, а за 1902 / 3 година се регистрирани податоци дека имало производство на арсеник и дека неколку години успешно се работело, [990] Според некои истражувања од почетокот на XX век, во рудникот ,,Алшар,, најмногу се ваделе рудите на антимон, реалгар и аурипигмент, кои воглавно се извезувале во Англија. Рудата содржала 60 % антимон, во која немала штетни состојки. Во текот на 1906 година, биле обновени работите во рудникот ,,Алшар,, , но во 1908 година, по 16 месечното работење, поради нерентабилност, претпријатието престанало да врши натамошна експлоатација на рудните богатства од овој регион, се до крајот на турското владеење во Македонија. [991]

## 4. ОХРИД

Рударството во Охрид и неговата поблиска околина, во време на турското владеење, најмногу е поврзано со експлоатацијата на сулфурот. Сулфурната руда најчесто била вадена во долината на Коселската река, во непосредна близина на с. Косел, каде што и денес се присутни гасовите на сулфурот. Рудата на сулфурот била експлоатирана и во соседните села, како што се: Скребетино, Речица, Свиништа, Лескоец, Горенци, Велгошта, Опејница и Завој. Овој вид на рударска дејност во

---

[989] Г. Бончевъ , Петроградско ~ минерални изучувания, с. 288.

[990] Selanik Vilayeti Salnamesi , 1315 ( 1897/98 ), s. 76 - 78 ; Selanik Vilayeti Salnamesi (1902 / 3 ) , s. 487 - 488.

[991] Д. Зографски, Развитокот,с.185;А. Керамидчиев,Старото рударство во Мариово, с,245

Охрид и Охридско траел од втората половина на XVI век, се до 60 - 70 - тите години од XIX век, кога работите дефинитивно престанале поради нерантабилноста на производството. [992]

Во Охрид работела и ковница за пари, во време на првите векови на турското владеење. Но пред да преминиме на ковницата за пари, неопходно е да се произнесеме за прашањето, освен рудниците за сулфур воопшто постоел и некој друг вид рудници во Охрид и Охридско. Иако во монографскиот труд ,,Охрид и Охридско низ историјата,, , посебно во одделот за ,,Експлоатација на сулфурна руда и ковање на пари,, во охридската ковница, изрично се подвлекува дека единствена руда што се експлоатирала за време на османлиското владеење била сулфурната руда, [993] сепак во два фермана, издадени од страна Мурад III ( 1574 - 1594 ) во текот на 1580 година, се наведуваат податоци за постоење на рудник и ливница во Охридскиот санџак. [994] Во првиот документ упатен до кадиите на Охрид и Битола, се наведува дека се правела ковница за пари на местото т.н. ,,Касафидиј,, за која имало потреба од собирање поголема сума пари, кои требале да се приберат од селата во кои постоеле царски хасови. За реализацијата на наведената цел било одредено службеното лице Ахмед, кој бил задолжен да ги собере предвидените пари од санџаците Јанина, Мореја и Охрид. Во документот посебно се нагласува ангажирањето на Охридскиот санџакбег, при што требало да се соберат 200.000 акчиња кои ќе се ,,искористат за потребите на ковница и ливница,, , односно кога ќе се собереле наведените пари, се наредувало *истите да се предадат на ,,споменатиот рудник и ливницата за нивните* потреби,, . [995] Како што се гледа, во првиот документ не се наведува точната локација на местото каде се наоѓал рудникот и топилницата. Во вториот ферман доставен до главниот дефтердар на Портата, Абдуллах, а потоа и во писмото на Охридскиот и Битолскиот кадија, мевланата

---

992 Охрид и Охридско низ историјата, с. 98 - 101 .

993 Исто . с . 98 .

994 Muhimme Defteri , No . 39/21 ; No. 39/22.

995 Muhimme Defteri , No . 39/21.

Шемсудин, се известува дека во Охридскиот санџак во „пределот Расакче почнал да работи под царска наредба рудник и ковница„ .[996] И во содржината на овој документ, повторно се подвлекува потребата од превземање мерки за работа на рудникот, односно за собирање пари од царските хасови, кои биле одредени за потребите на наведениот рудник, а останатите, несобрани пари во ливата Охрид, му биле доверени на самиот санџакбег на градот Охрид.[997] За работата на наведениот рудник, за кој се спомнува дека почнал да работи во текот на 1580 година, според досегашните истражувања во османлиските архиви и во останатите материјали, кои се однесуваат на крајот од XVI и почетокот на XVII век, не сретнавме податоци. Меѓутоа, според податоците на познатиот турски патописец од средината на XVII век, Хаџи Калфа, за градот Охрид се наведува дека „тука има златни и сребрени рудници„ .[998] На слична состојба укажуваат и други податоци од 1789 - 1800 година, регистрирани од страна на еден патописец, кој наведува дека во градот Охрид се „наоѓале седум џамии, а во неговата околина има рудници на злато и сулфур.[999] На наведените податоци се надоврзува и една дописка за Охрид при самиот крај на турското владеење. Во неа се наведуваат оценки, дека градот Охрид имал услови да стане „индустриски град„ , бидејќи во неговата „блиска околина има оловно-сребрени рудници запоставени само поради тоа што експлоатацијата е невозможна. Наводно имало антимон и камен јаглен„ .[1000] Во врска со рударството во Охрид и Охридско, ќе го наведеме и с. Рудник - Преспанско, кој влегувал во составот на Охридскиот санџак, а своето име го добило уште во „старо време„ кога се обработувала рудата и во неговата поблиска околина се наоѓала руда на антимон.[1001]

---

996 Muhimme Defteri , No 39/22 .
997 Исто .
998 Документи и материяли за историята на българския народ , София , 1969, с. 68 .
999 А . Матковски , Македонија во делата, кн. втора, с. 277.
1000 Е . Спостранов , в. Вести бр . 91 . од 8. 4. 1910 год.
1001 Г . Трайчевъ , Преъспа , София , 1920 . с . 42.

Во Охрид работела ковница за пари уште во античкиот период, каде свои монети ,,сечеле,, последните македонски цареви Филип V ( 220 - 179 г. пр. Хр. ) и Персеј ( 178 - 168 г. пр. Хр. ). Ковницата работела, и во текот на третата четвртина од XIV век, кога самостојниот владетел на Охридската област, албанецот Андреја Гропа, ковал свои монети во 1371 година, слични на оние од неговиот претходник крал Волкашин ( 1366 - 1371 ) и неговиот современик Крали Марко ( 1371 - 1394 ). [1002]

Градот Охрид бил еден од ретките рударски места во Македонија и воопшто на Балканскиот Полуостров, каде работела ковницата за пари во текот на првите векови од турското владеење во Македонија. Според досегашните сознанија, со право се претпоставува дека ковачницата за пари била ,,истата онаа во која и пред тоа се ,сечеле, пари ,, . [1003] Меѓу најстарите турски монети во Охрид се наведуваат оние од времето на султанот Селим II ( 1568 - 1576 ) кој сечел сребрени акчиња со тежина од 3 1/4 карати . [1004] Наредните султани кои ковале свои монети во Охрид биле султанот Мурад III ( 1576 - 1594 ), кој ковал сребрени акчиња, [1005] султанот Мехмед III ( 1594 - 1603 ), кој сечел ,,сосем тенки сребрени акчиња,, со тежина од 1 1/5 карати ; [1006] султанот Ахмед I (1603-1618) кој сечел сребрени монети [1007] и Осман II (1618-1622) кој исто така сечел сребрени акчиња.[1008] Познатиот турски патописец Евлија Челеби, кој имал прилика да ја посети ковницата за пари во 1670 година, во својот

---

1002 Н .А. Мушмовъ , Охридскитъ монетарници , Македонски прегледъ , г II. кн.1 . София, 1926, с . 69 ~ 74 . ; Д . А . Ихчиевъ , Материяли за монетното дъло, с. 95.; В . Лахтов, Охридските ковници на пари , в. Македонија , год. III . бр. 26 , од 26. 6. 1955 год.

1003 Исто . с. 101- 102

1004 Н . А . Мушмовъ , Охридскитъ монетарници , с. 74 ~75; Д. А. Ихчиевъ , Материяли за монетното дъло , с. 131; Г. Беласчевъ Софийскиятъ монетенъ домъ, с.220; А. Стојановски, Занаетчиската, с. 131 ; Охрид и Охридско с . 102 .

1005 Д . А . Ихчиевъ , Материали , с. 134 , 136 ; Н. А. Мушмовъ , Охридскитъ монетарници , с. 75 . ; А . Стојановски , Занаетчиска дејност, с .131 .

1006 Н. А.Мушмовъ,Охридскитъ монетарници,с.75;В.Винавер,Монетарна криза у Турској (1575 -1650), Историјски гласник, бр. 3-4, Београд, 1958, с. 118; Д. А. Ихчиевъ, Материяли с. 140; А. Стојасновски , Занаетчиската дејност , с. 131 ; Охрид и Охридско , с. 102 .

1007 H . Sabanovic , Putopis Evlije Celebije, s. 562; Охрид и Охридско с. 102; А. Стојановски, Занаетчискатsа дејност , с. 131.

1008 Н. А. Мушмовъ, Охридскитъ монетарници, с. 76 ; Д. А. Ихчиевъ, Материяли за манетното дъло, с. 145; А. Стојановски , Занаетчиската дејност , с. 131.

сликовит опис наведува, дека ,,локалната ковачница во долниот град, близу до пашиниот сарај, е голема работилница, чија врата е затворена. Тука се наоѓа целиот алат и прибор, калапи и сковани пари, така што и јас, кутриот, видов акчиња од таа ковачница со точна тежина,, .[1009] Според други сознанија, ковницата за пари се наоѓала во непосредна близина на градот, но не и внатре, доколку би требало во овој случај да се разбере ,,Варошот,, во составот на калето. Поверојатно е дека таа била во предградијата на самиот град Охрид, како што се: ,,Месокастро,, , ,,Кошишта,, , ,,Влашко маало,, или други, но каде точно, не се знае.[1010] Охридската ковачница за пари во време на турското владеење, како што тврди и самиот Евлија Челеби, работела се до времето пред владеењето на султанот Мурад IV (1623 1640) .[1011]

Од друга страна, во текот на 80-90-тите години на XVI век па се до втората половина на XVIII век во Охридско се појавувале лажни пари. Така на пример, во еден ферман од 1582 година доставен до кадијата на Охрид се барало да биде затворен кујумџијата Ѓорги, кој како мајстор за леење на пари од своја страна го злоупотрбил својот позив и почнал да ,,произведува фалични пари,, .[1012] Тој тоа го правел во своја сопствена куќа па од страна на турските власти се барало да му се одземат, покрај лажните пари, исто така и ,,целиот прибор,, кој можел да му служи за обавување на недозволената занаетчиска дејност. Затоа и се случило во средината на 1582 година, во ,,присуство на истакнати и поверливи луѓе од Охрид,, , да се изврши изненаден претрес во неговата куќа и работилница, но не било најдено ништо што би го компромитирало. Но и покрај тоа во градот и понатаму се зборувало, дека тој ,,навистина се занимава со правење на фалсификувануи пари,, .[1013] Слични податоци се однесуваат и на блиските на Охрид градови Корча, Костур и на село Биглиште, од 1587 -1588 година, како и на с. Николица во казата на

---

1009 H. Sabanovic , Putopis Evlije Celebije, s. 562 ; Охрид и Охридско , с. 102.
1010 Н. А . Мушмовъ, Охридскитѣ монетарници , с. 75.
1011 H. Sabanovic , Putopis Evlije Celebije , s. 562; Охрид и Охридско , с. 102.
1012 Muhimme Defteri , No. 39-30
1013 Muhimme Defteri, No. 52 - 15 .

Биглиште. [1014] Праксата на фалсификувањето на парите во Охридскиот санџак продолжила и понатаму, како што се гледа и од една султанска заповед, издадена помеѓу 28.12.1619 и 6.10.1620 година, до кадиите на повеќе кази во Македонија, меѓу кои и Охрид, со напомена, дека некои жители од блиските села се занимавале место со земјоделие, со кујумџиски занает и правење на фалсификувани пари. [1015] Во врска со собирањето на џизие од рајата во Охрид, во документ од февруари 1735 година, исто така се барало да се ,,внимава на фаличните монети, кои се појавени во Охрид и затоа да се поседува список со имиња на фалшивите монети и нивната вредност,, . [1016] При решавањето на споровите произлезени од зачестената појава од фалсификувањето на парите, од страна на турските власти биле превземани енергични мерки, со изречување на најстроги казни. Таков е примерот и со записот во Кодексот на Црквата Св. Климент во Охрид, каде била забележана смртна казна над ,,двајца христијани што правеле лажни пари, извршена на 22. јули 1789 година. [1017]

## З А К Л У Ч О К

[1014] Muhimme Defteri , No. 70 - 14 .; No. 73 - 6 ; No. 98 - 48 .

[1015] Охрид и Охридско , с. 102 .

[1016] Basbakalik Arsivi - Istanbul, F. Cevdet Tasnifi Darbhane , No .29/67.

[1017] Охрид и Охридско , с. 102 .

Рударството во Македонија за време на турското владеење одиграло важна улога во воспоставувањето и одржувањето на општествено-економскиот и воениот систем на Османлиската империја и на Балканот. Турските административни власти посебно внимание му посветувале на рударството, со оглед на постојаните потреби од производство на металите за потребите на војската, градежништвото и на ковањето на парите за регулирање на финансиските проблеми во државата. Рударството, металургијата и ковањето на пари, биле трите значајни стопански гранки во државата. Без експлоатацијата на рудните богатства, ни од далеку не е можно да се замисли брзиот напредок на воената индустрија, занаетчиството, трговијата и воопшто на турската држава во текот на првите векови од завладувањето на Македонија и Балканот.

Рударството во Македонија својот најголем подем го доживеало во текот на XVI век, а потоа започнало нагло да опаѓа и со извесни осцилации се одржало се до крајот на турското владеење во Македонија. Во текот на XVI век, како водечки рударски базени во Румелија, најмногу се истакнале рудниците во Кратово и Сидерокапса, посебно со нивните многу богати златни и сребрени рудници. Тогаш биле регистрирани највисоки приходи од производството. Тоа особено се однесува на средината од наведеното столетие, кога и самата Османлиска империја се наоѓала на врвот од својата воена доминација на Балканот, во Мала Азија и во Средоземноморието.

За време на турското владеење во Македонија рудниците биле експлоатирани на неколку начина. Првиот начин бил со непосредно учество на државата преку назначување на управници, вториот бил вршен од страна на рударите со помош и надзор на државата, третиот со давање под закуп (илтизам, мукатаа), четвртиот - со доживотен закуп (малиќане) и последниот, петтиот со издавањето на концесии. Закупувачи на концесии биле повеќето носители на странски трговски капитал, акционери, комисионери и претставници на крупните финансиски инвестиции.

Еволуцијата на турското рударство во Македонија, доживеало неколку главни етапи тесно врзани со посочените начини на експлоатацијата на рудата. Првата настапува со доаѓањето на Османлиите на Балканот и трае се до средината на втората половина од XVI век, кога рударството, производството на металите и ковањето на парите, по надминувањето на почетната криза, во средината на XVI век ја достигнало својата кулминација. Втората етапа настапува од крајот на XVI век и трае се до укинувањето на начинот на закупување на рудниците преку системот на мукатаа - илтизам во 1694/95. Наведениот период го карактеризира наглото опаѓање на производството во рудниците, како последица на пронаоѓањето и експлоатацијата на богатите златни и сребрени рудници во Перу и Мексико, а со тоа и опаѓањето на вредноста на племенитите метали на пазарите во Европа. Третата етапа започнува со воведувањето на маликането или добивање право на доживотно закупување на рудниците и трае од почетокот на XVIII век се до воведувањето на реформите од страна на султанот Махмуд II кога во 1856 година било формално укинато. Од посебна важност за овој период е да се подвлече дека турското рударство во Македонија ја доживува најтешката криза од почетокот на своето постоење, како последица на нараснатата анархија во државата, зголемената експлоатација врз рударските работници и примитивниот начин на работење во рудниците и топилниците на Османлиската империја. Четвртата и последна етапа од развојот на рударството во *Македонија, започнува од втората половина на* XIX век, со воведувањето на новиот систем при закупувањето на рудниците преку концесиите и трае се до крајот на турското владеење во Македонија. Наведениот период го карактеризира воведувањето на нови реформи во начинот на закупувањето, управувањето и експлоатациајта на рудните богатства, отворањето на нови рудници и модернизацијата во производството на рудите.

Екасплоатацијата на рудните богатства во Македонија се изведувала во рамките на неколку рударски базени, центри и области. Според континуитетот на производството, во главно тие биле следните: Кратовско-Кривопаланечкиот, Халкидичкиот, Мрвешко и некои помали места и области како што биле Скопско, Поречието, Тиквешко - Мариовско и др.

На крај, можно е да се заклучи дека рударството во Македонија во време на турското владеење, и покрај сите напредувања, опаѓања, пропаѓања и обновувања како и техничко - технолошки недостатоци, сепак, одиграло прогресивна улога и значење во целокупниот развиток на стопанството во Македонија. Наведената констатација добива на значење, доколку се прифати оценката дека рударството како специфична гранка на стопанисување, секогаш била меѓу водечките, ако не и една од најважните, во целокупната историја на човештвото.

## ПРЕГЛЕД НА ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

I. ИЗВОРИ
1. НЕОБЈАВЕНИ
Архив на Македонија - Скопје

Фонд: Данабаш Михаил;

- Разни документи и деловни писма, кн. 12, л. 631-632, 654, 663-664.

Фонд: Скопска турска општина; кут. 1. док. бр.14; кут. бр. 2. ар. ед.149 / 174, 150/175; кут. 3. арх. ед. 136/139; к. 6. а.е. 304/349.

Фонд: Штипски сиџил (Ш. С.) л. 13/I - III , 42/ III, 43/ I

АО. Иститут за национална историја (ИНИ) - Скопје

Фонд: Битолски сиџил;
- Кадиски записи за Битола и Битолско, бр. 5. л. 13/II, бр.19, л. 40/I-II. бр. 20. л. 52/I, л. 67/IV. бр.21. л.8/I, л. 51/I, л. 63/II, л.84/III,бр. 22. л. 33/I; бр. 23, л. 55/V, л. 79 /III, бр. 24. л. 24/II., л. 32/I; бр.25., л. 39/IV . бр. 26., л.20/I бр. 26.л. 60/V. бр. 33, л. 14/IV . бр. 34. л. 41/I. бр. 57. л . 29 / 2 бр. 59. л. 25/2. бр. 61. л. 35/6. бр 62. л. 9/2. бр. 63. л.83/2, л. 100/3. бр. 72, л, 16 / 4, 17 / 1, бр. 73, л, 62/2, 63/3. бр. 80, л. 60/2. л. 71/1, л. 71/2. бр. 82, л. 38/1. л. 38/2.

Başbakanlik Arşivi,İstanbul (B.B.A.İ.)

Fond: Askeri kisminda, No.12600;

Fond: Cevdet Tasnifi Darbhane,No.1402, No. 1978, Nö.2840, No. 2877, No.2885, No. 2893, No. 2962, No. 2965, 3-e/1, No. 3096, No. 3104, No. 3151, No. 3201, No. 3215.
Fond: Cevdet Tasnifi İktisat, No. 926, G.N. 2241

Fond: Darbhane Defterleri, G.N.115, G.N.164
Fond: Defter Maden Mukataa Kalemi (D.M.M.K.), Genel Nö .22691,No.22698-7 22711, No. 22712, No. 22736, No. 22815, No.22889.

Fond: Emin Tasnifi Meadin , No 43 .

Fond: Maliye Defteri, No. 141

Fond: Maliyeden Müdevver No. 15726, No, 22148

Fond: Maliye Nezareti ciziye, Nö. 809, Nö. 1133, No. 1476.

Fond: Mukataa Defteri No . 468.

Fond: Muhimme Defteri, No. 6 /6 .No. 6 / 23, No. 22/16, 24/20,No.16, L.30/I. , No.21, 3/2. No. 22/16; No. 23/5 . , No. 23/12; 24/29, No. 24/20, No.33 -1 No. 35/15. No. 48/7-8. No . 48/14 . No. 48 / 15 ; No. 48 / 17, No. 60/1No. 62/3

Fond: Nafiye, Orman ve maaden nazaretine aid defterler katalogu, No. 1078, (Kratova lignit maaden amele defteri).

Fond: Ticaret Nafia Orman Maaden Nazareti , No . 2146

Народна библотека ,,Кирил и Методий,, , ~ Български исторически архив ~ София,

Орриентален оддел: Ф.1.А., Ф. 44 А, а.е. 9, Ф. -44, а.е. 2., Ф.49. а.е.4, Ф.122 А, а.е. 430, Ф.123 А, а.е.119, Ф.126. а.е. 88 , Ф. 129, а.е. 478;Ф.146 а.е. 518.

2. Објавени

Akgündüs, A. Osmanlı Kanunnameleri ve Hukuki Tahlileri, Kit. I, İstanbul, 1990,

Anheger R., İnalcik H. , Kanunname- i sultani ber muceb-i örfi osmani İİ. Mehmed ve İİ. Bayezid devirlerine ait yasakname ve kanunnameler, Turk Tarih Kurumu yayinlarından XI. Seri - No. 5. Ankara, 1956

Арнаудовъ Х.С., Пълно собрание на Държавныте Законы, Уставы, Наставления и Високи Заповеди на Османската империя, т. четврти, София, 1886,

Baldiceanu, N. Les actes des premiers sultans conzerves dans les monuscritis turcs de la Bibliotheque Nationale de Paris , T . II , Reglements Miniers ( 1390 - 1512 ) Paris - La Haye , 1964

Гандев, Х. Галябов , Г. Турски извори за българската история , т . I ., София , 1959

Грозданова, Е. Извори за имуществената диференциация сред градското и селското население на Балканите в края на XVII и през XVIII в . , Известия на държавните архиви , кн . 25 , София , 1973 .

Димитров С., Евлия Челеби, Пътепис, София, 1972,

Документи за българската истотрия, т.III, София, 1940.

Документи за Българското възрчадение от архива на Стефан Веркович, София, 1969

Документи и материали за историята на българскиат народ, София, 1969

Ивановъ, Й. Българите въ Македония, София, 1917.

Ивановъ, Й. Български старини въ Македония, София, 1931

Извори за българската етнография,т.1. Из българския възрожденски печат, Софиа,1992.

Историски архив на Македонија, Солунски архив (1695-1912), Уредува Ј.К. Ваздравели, Т. I., Солун, 1952. (превод)

Яков де Проментарио де Кампис, Управлението и приходитеъ на Султана, Државата на Султана, Превелъ, П. П. Ивановски, Известия на историческото дружество во София, кн. IX, София, 1929,

Лапе, Љ. Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ, Скопје, 1959

Матковић П., Путовања по балканском полуотоку XVI века, Рад, ЈАЗУ, LXII,Загреб, 1882.

Матковски А., Ангелакова П., Неколку кратки патеписи за Македонија, ГИНИ, г.XIV, бр.1. Скопје, 1972,

Матковски, А. и Ангелакова, П., Француски патописи од XIX век, Гласник на ИНИ, г. XVI, бр, 3. Скопје, 1972,

Матковски, А. Турски извори за јуруците во Македонија, ГИНИ, г. XXIX, бр. 3., Скопје, 1985,

Матковски, А.Македонија во делата на странските патеписи (1826-1849), кн.трета, Скопје, 1991.

Матковски, А. Македонија во делата на странските патеписи ( 1778-1826), кн.втора, Скопје, 1991.

Немски извори за българската история, т.I, ( 1875 до 1877 ), Съставили : В. Паскалева, К. Косев, М. Донева, София, 1973,.

Николаев, В. Наблюдения на множество редки и забележителни неща, видени в Гърция, Азия, Юдея, Египет, Арабия и други чужди страни от Пиер Белон Дю Ман, София, 1953

Новаковић, С. Законик Стефана Душана цара српског 1349- 1354, Београд, 1898.

Новаковић, С. Хаџи-Калфа или Ћатиб-Челебија, Турски географ XVII века о Балканском Полуострову, Споменик српске кралевске академије, XVIII, Београд, 1892.

3 Numarali Mühumme Defteri (966-968 / 1558-1560) < Özet ve Transkripsiyon >, Ankara, 1993.
6 Numarali Mühimme Defteri ( Özet ve Transkripsiyon ) Ankara , 1995

Опис на османо-турски документи за занаяти и търговия ( XVI до XIX) запазен в Ориенталния отел на Народната библиотека ,, Св Кирил и Методий,, , София, 1993.

Reglament des mines, Istanbul 1286 hicri (1869), B.B.A.I Kutuphanesi, Mad. No. 3245.

Refik Ahmed, Osmanlı Devrinde Türkiye Madenleri (967-1200) , İkinci Baskı , İstanbul , 1989

Rizaj, S., Tri fermana iz 1573 i 1574 godine o rudarstvu j. Srbije, Kosova i Makedonije, Vranjski Glasnik, knj. V, Vranje, 1969.

Salname i Vilayeti Kosova, İstanbul, 1300 (1883).
Salname i Vilayeti Kosova, İstanbul, 1314 (1896).

Salname i Vilayeti Selanik, Selanik Vilayet Matbaasi, 1307 (1890).
Salname i Vilayeti Selanik, Selanik Vilayeti Matbaasi, 1314 (1896).
Salname i Vilayeti Selanik, Selanik Vilyeti Matbaasi, 1320 (1902/3).
Salneme i Vilacti Sclanik, Scalanik Vilayeti Matbaasi, 1325 (1907).

Spaho F., Turski rudarski zakoni, GZM u BİH, XXV, knj. 2, Sarajevo, 1913.

Sureti Hattihumayun, İstanbul, 1278(1861), Başbakanlik arşivi-İstanbul, F.Mad. No.4990.

Турски документи за историјата на македонскиот народ, т.II, ред. П.Џамбазовски, Скопје, 1953,

Турски документи за историјата на македонскиот народ, Т. V, ред.
П. Џамбазовски, Скопје, 1958,

Турски документи за историјата на македонскиот народ, Серија прва (1607-1699), т. III, под редакција на М. Соколовски, Скопје,1969,

Турски документи за историјата на македонскиот народ , Опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак , т. V ., кн II ., Превод , редакција и коментар М . Соколоски , Скопје , 1980

Турски документи за историјата на македонскиот народ , Опширен пописен дефтер за Ќустендилскиот санџак од 1570 година , т . V . , кн . V . (превод, редакција и коментар Д-р. А. Стојановски), Скопје, 1995.

Турски документи за историјата на Македонија , пописи од XIX век, кн. I, Превод , редакција и коментар Д. Ѓоргиев , А. Шериф и Л. Благадуша, Скопје , 1996,

Цветкова Б, Френски пътеписи за Балканите XIX в . , София , 1982

Cağatay N. Osmanli İmperatorluğunda maden hukuku ve iktisadiyati hakkinda vesikalar, ..Türk Vesikalari,, , Sayi : 10, Cilt: İİ (1942), Sayi : 12 , Cilt : İİ (1943) ,Ankara.

Шоповъ, А. Евлия Челеби, Периодическо списание, год. XIII (лXII), св.3. София, 1901.

Шопова, Д. Македонија во XVI и XVII век , Документи од Цариградските архиви, Скопје, 1955.

## II. Литература

Алаѓозовски, Ј. Лексичкото наследство од Саските во Осоговијата , Germano Macedonica , год . I . , бр . 1 . , Скоје , 1998 ,

Андреев С., Грозданова Е., Из историята на рударството и металургията в българските земи през XV до XIX век, София, 1993.

Anheger R. Beitrage zur Geschichte Bergbaus im Osmanischen Reich, Bd. II, Zurich-New York, 1944.,

Апостолов, А. Злетовската област од доселувањето на Словените до крајот на XIV век век , ГИНИ , г . XVII , бр . 3 , Скопје , 1973
Artik, İ. Kanuni Sultan Sulejman adina basilan sikkeler, Ankara, 1972.

Атанасовь, Д. Градовитъ Пиринска Македония, Македонски преглед, XI. кн . 1~2, София, 1938 ,

Babingeer F. , Sultanische Urkunden zur Geschichte der osmanischen Wirtschaft und Staatssverwaltung am Ausgang der Herrschaft Mehmetds II., des Eroberers, Munchen, No. I, 1956.

Babinger F. , Religienschacher um Osmanemhat im XV jahrhundert, zugleich ein beitrag zur Geschichte der osmanischen Goldpragung unter Mehmed II, dem Erober, Munchen, No. II,1956.
Баждаровъ, Г. Из Македонската земя, София.

Баласчевя, Г. Софиският монетенъ домиъ (зарбхана) и два фермана отъ 1616 ~ 17 год. , Минало, Българско ~ Македонско научно списание, г. I. , кн. 7, София,1913.
Barkan Lütfi Ömer, XV ve XVI ıncі asirlarda Osmanli İmperatorlugunda Zirai Ekonominin Hukuki Ve Mali Esaslari , Biricni Cilt , Kanunlar , İstanbul , 1945.
Barkan Lüttfi Ömer, Osmanli İmperatorlugu Bütcelerine Dair Notlar, İktisat Fakültesi Mecmuası , XVII, 1-4 (1955-1956), İstanbul, 1960.

Begovic, M. O rudarskim dazbinama u Srbiji, u XV i XVI veku, Anali pravnog fakulteta u Beogradu, br. 1. Beograd, 1968.
Беговиђ, М. Наши називи у турским рударским законима из XV и XVI века, Анали правног факултета у Београду, бр.1-2, Београд, 1971.
Бендеревя К, Военая география и статистика Македонйи и сосъднихъ съ нею областей Балканского полуострова , С . Петербург, 1890.

Беров, Л. Движенйето на цените на Балканите през XVIдо XIX век, и европейската ревоюция на цените, София, 1976,

Бобчевъ, С.С.Българско обичайно сьдебно право, Сборникъ за народни умотворения и народописъ, кн. XXXIII, София, 1917

Божиќ, И. Дубровник и Турска у XIV и XV веку , Београд , 1952

Bojanic, D. Podaci o Skoplju iz 951 ( 1544 ) godine, Prilozi za orjentalnu filologiju , No . III - IV , Sarajevo , 1952 - 53.

Бончевъ, Г. Старото рударство въ България и Македония, Списание на БАН , кн. XIX , София , 1920.

Бончевъ, Г. Петрографско - минерални изучвани на Македония, Сборникъ на Българската академия на науките. София,1920, кн. XIII.

Bue, A. Le Turquie d Europe , II , Paris , 1840 ,

Vakalopolus , Histori of Macedoniya ( 1354 - 1883 ) , II , Selanik , 1973 ,

Веркович С.И, Типографическо - зтнографичесйи очеркъ Македоний , С . Петербург , 1889 .

Винавер, В. , Монетарна криза у Турској ( 1575 - 1650 ), Историски гласник, бр. 3-4, Београд. 1958.

Витол, А. В. Османскаяа империя ( начело XVIII в . ) , Москва , 1987

Геровъ, Т. При Шаръ, Исторически белешки за Тетовско одъ преди 1000 години до краяа на миналия вък и спомени од гр. Тетово- Македония, София, 1934

Горгиев Д, Скопје од турското освојување до крајот на XVII , Скопје, 1997.

Георгиев, Г.К. Железодобивната индустрия в Мьрвашко (планината Али ботуш и сьседните й планини) , София , 1953

Георгиев, Г.К., Старата железодобивна индустрия в България, София, 1978.

Глигорович, В. Отеркъ путешествйя от Европейиской Турций, Москва , 1877, .

Грђић, Г. Привредна историја Европе, Позна Антика - Средни век, Београд, 1952.

Грујиќ, Р. Скопска митрополија , Историјско - статистички преглед , Споменица српског - православног саборног храма Свете Богородице у Скопљу 1835 - 1935 , Скпоље , 1935

Gökbilgin T, Rumeli de Yürukler , Tatarlar ve Evladi Fatihan , İstanbul , 1957 M.

Gökbilgin T, XV - XVI . asırlarda Edirne ve Paşa livasi , Vakıflar - Mülkler - Mukataalar , İstanbul , 1952

Гопчевиќ, С. Стара Србија и Македонија , Београд , 1890Димчевъ Н., Значението на градъ Солунъ въ търговско отношение, Списание на българското икономическо дружество, г.II,кн. 6,7, ,София, 1897.

Evliya Celebi, Seyahatname, Tom 1 -6, Istanbul, 1314/5 (1896/7) - 1318 (1900)

Ђорђевић, Т. Кратово , Прилози за познавање градова у нашој земљи , Посебна издања Географског друштва , св. 11, Београд , 1931.

Етнография на Македония , т. I , София , 1990
Етнография на Македония , т.2. София ,1992

Здравева, М. Експлоатацијата на сулфур и шалитра во Македонија во време на османлиското владеење и нивната преработка во црн барут, ГИНИ, XXIII/2-3, Скопје, 1979,.

Здравева, М. Осврт кон производството на барут во Македонија во времето на османлиското владеење, сп.Безбедност, г. XX,бр 3,Скопје,1980

Зиројевиќ, О. Јуруци у рудницима, Етногенезата на Јуруците и нивното населување на Балканот, Скопје, 1986.

Златарски, Г.Н. Бълъшки върху живота , пятуванията и трудовитъ на Ами буе , Периодическо списание , кн . XII , София , 1902

Злетовската област, Географско - историски осврт, Скопје, 1974

Зографски, Д. Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија, Скопје, 1980.

Й. Ивановъ, Съверна Македония, Исторически издирвания, София, 1906,

Ивановъ, Й. Населението въ югоисточна Македония ( Сърско , Драмско, и Кавалско), София, 1917.

İnalcik, H. Hicri 835 tarihli Süret-i defter-i Sancak-i Arvanid, Türk Tarih yayinlarindan III. Seri, Nö 5, Ankara, 1957.

Историја на македонскиот народ, кн. 1 , Скопје, 1969.

Историја на македонскиот народ, Том втори, Македонија под турска власт ,од XIV до крајот на XVIII век), редактор: Александар Стојановски, Скопје, 1998

Източнитѣ пазари Турция, Гърция, Египет, Анкетни цвъедения и бълъжки, събрани отъ секретаритѣ на Софийската, Пловдивската и Варненската търговско-индустриялни камари: Д-ръ Ив. Златаровъ, Ив. П. Маноловъ и Жеко Димовъ, София, 1911.

Ихчиевъ, Д. Приносъ къмъ въпроса на спахиитѣ въ османската държава и турски документи върху тѣхъ, Сборникъ за народни умотворения, наука и книжнина, кн. XXV, София, 1909

Ихчиевъ, Д. А. Материяли за монетното дъло въ Турция , Известия на Историческото дружество въ София , кн . III , София , 1911

Иширковъ , А. Градъ Солунъ , Политикогеографски и наростопански обелещки , София , 1911

Ярановъ, Д. Минералнитѣ богатства вь Македония , Македонски прегледъ , г . XIII , кн . 1 . , София , 1942

Jiricek, K. Die Handelsstrasse und Bergwerke von Srbujen und Bosnien wahrend des Mittelalters, Prague , 1879

Иричекъ, К. Княжество Българрия, Пловдив, 1899.

Јиречек, К. Историја Срба, т.IV, Београд, 1923,

Јиричек, К. Рударство и рудници Србије и Босне у Средњем веку, - Металургија, књ. 9-10, Београд, 1940.

Јовановиќ, Ј. Порече , Српски етнографски зборник , књ. 5I , Населја , књ . 28 , Београд , 1935.

Yüksel H., Osmanli döneeninde Keban - Ergeni Madenleri 1776 - 1794 Tarihli Maden Emini Defteri , Sivas , 1997.

Karal E. Z. Osmanlı Tarihi, c. V. Ankara, 1954.

Катарџиев И, Серската област ( 1780-1879), Економски, културен и политички преглед, Скопје, 1961

Кераммидчиев, А. Римското рударство во источна Македонија, ГИНИ. г. XVIII. бр. 1. Скопје, 1974.

Керамитчиев, А. Рударството во Порече, ГИНИ, г. XXVII, бр. 1-2, Скоје, 1983.

Кънчов В. , Избрани произведени, т. I, София, 1970.

Кондев, Т. Осоговијата како сточарско-шумска и рударска област, Годишен зборник на Природно - математичкиот факултет,кн.15,но.3, Скопје, 1966

Коняров, Г.З. Принос към историята на рударството и металургията в Българиа, София , 1953

Костић, К.Н., Стара српска трговина и индустрија, Београд, 1904.

Костић, К., Наши нови градови на југу, Београд, 1922.

К. С., Бележки за търговията и индустрията на Македония, Български Прегледъ, Списание за наука, литература и опществен животъ, г. II, кн. IV,V, София, 1895, .

Лахтов, В. Охридските ковници на пари , в. Македонија , год. III . бр. 26 , од 26. 6. 1955 год.

Лапе, Љ. Прилог кон изучувањето на друштвено - економските и политичките прилики на Македонија во XVIII век, ГИНИ, г. II, бр. 1, Скопје, 1958

Laskaris M., Salonique a la fin du XVIII siecle d'apres les rapports consulares français, Athenes, 1939, .

Lebel, Z. Plima i oseka, Iz istorije Jevreja Vardarske Makedonije, Gornji Milanovac,1990

Majer, H.G. Нешто за јава - џизието и маден мукатаа незаретот на Скопје и Вучитрн во 1663 година, ГИНИ, год. XVIII, бр. 3. Скопје, 1974.

Македонија како природна и економска целина , Скопје 1978 .

Митевски, И. Кратово од најстарите времиња до денес, Кратово, 1997.

Мишаиковъ, Д. Новитъ земи въ стопанското отношение и стопанското бидеще на обединиена България , София , 1918 ,

Мутафчиева, В. Османска социално - економическа история, София, 1993

Мушмовъ, А. Н. Охридскитъ монетарници, Македонски преглед, г. II, кн. 1, София, 1926

Нешева, В. Археологически данни за металодобив и металообработуваье в Мелник , Етнография на Блгария , IX , кн . 2 , София , 1984 ,

Николаев В., Рударството в Югозападна България и Югозападна Македония , Големи минни предприятия с български работници в Европейска Турция през XVI век, София,1953

Николаев, В. Характерот на минните предприятите и режимот на рударския труд в нашите земи през XVI, XVII и XVIII в. , София, 1954

Ökcün, A.G. İktisat Tarihi Yazilari, Ankara, 1997

Önsoy R. Tanzimat Dönemi Osmanli sanayii ve Sanayileşme politikasi, Ankara, 1988 .

Orhanoğlu, C. Osmani İmperatorluğunda Aşiretler i İskan teşebbüsü , İstanbul , 1963

Осоговијата како сточарско-шумска и рударска област, Годишен зборник на Природно-математичкиот факултет, кн. 15, но. 3, Скопје, 1966.

Остроговски, Ј. Серска област после Душанове смрти , Београд , 1965 .

Охрид и Охридско низ историјата, Кн. втора, Скопје, 1978.

Пановъ Н., Стокознание на търговски и промишлени училища, Свищовъ, 1899

Пантиђ, Д. Бгатсво јужног дела Македоније,I,Руд,в.Економист, бр.2. Београд , 1914 ,

Петровъ, Г. Материали по изучванието на Македония, София, 1896.

Пляаков З.С, За регламентацията на градското занаятчиско производство в българските земи през XV, средата на XVII век , Известия на институтот за история, Т. 21, София, 1970.

Пляков, З.С. , Градското занаятчийско производство в българските земи през XV до XVIII век, Исторически преглед, т.XXIX, кн.6, София, 1973.

Поповъ, Н. Стокознание на Търговски и промишлени училища, Свищовъ , 1899.

Поплазаров, Р. Некои интересни податоци за Тетовско , Тетовско - Бигорски научно - културни собири , Тетово 1978

Райчевски, Въглищарството в Странджа од древността до наши дни , Блгарска Етнография , г. XIV , кн. 3 , 4, София , 1979

Refik,A. İstanbul Hayati ( 1000 - 1200 ) hicrinde , 1333, İstanbul.

Rizaj, S. Rudari ( madencije ) u sistemu privilegija i duznosti ( „ Muaf ve musellem reaya „ ), Glasnik muzeja Kosova i Metohie , kn . IX , Pristina , 1965

Rizaj, S. Turske kovnice novca ( Darbhane ) u Novom Brdu , Skoplju i Kratovu , Albanalosko istrazivawe , Knj. III ( 1965 - 1966 ), Pristina , 1966.

Rizaj, S. Rudarstvo Kosova i susednih krajeva od XV do XVII veka, Priština, 1968.

Ризај, С. Рударството во Македонија од XV до XVIII век , ГИНИ, XIV/2-3, Скопје, 1970,

Sami, Ş., Kamus-ul-alam, V, İstanbul - 1314 (1896 ).

Svoronos N. Le commerce de Salonique au XVIII siecle, Paris, 1956,.

Селищев, А.М. Македонските кодики XVI - XVIII веков , Очерки по исторической етнографии и диалектологии Македонии , София , 1933

Sertoğlu Midhat , Resimli Osmanlı Tatihi Ansiklopedisi , İstanbul , 1958

Симић, С. Историја кратовске области, Годишница Николе Чупића, кн. XXXIII, Београд, 1914.

Скарић, В. Стари турски ракопис о рударским пословима и терминологији, СКА, Споменик, LXXIX,62/1, Сарајево, 1935,

Скарић, В. Старо рударско право и техника у Србији и Босни, Београд, 1939.

Снъгаров, И. Истрия на Охридската архиепископия, патрияршия отъ падането под турцитъ до неиното унищожение, II,1394-1767, София, 1932.

Соколоски, М. За Јуруците и јуручката организација во Македонија од XV до XVIII век, Историја, г.IX. бр.1, Скопје, 1973.

Соколоски, М. Струмичко и Радовишко во XVI век, Прилози -МАНУ, г. IX бр. 1, Скопје, 1978.

Соколоски, М. Серскиот вилает во XV век, ГИНИ, г. XVIII, бр. 3 Скопје.

Соколов Л., Предусловите за развитокот на индустријата во Македонија од втората половина XIX век до 1912 година, ГИНИ, I/2, Скопје, 1957.

Списание на Българската академия на наукитъ , кн. XIX , София, 1920

Списание на българското икономическо дружество, г II, кн. 6, 7, София , 1897

Стојановски А. , Ерен И., Кратовската нахија во XVI век, ГИНИ, XV/ 1, Скопје, 1971,

Стојановски, А., Градовите во Македонија од крајот на XIV до XVII век.Демографски проучувања, Скопје, 1981.

Stojanovski, A., Vranjski kadiluk u XV veku, Vranje, !985,

Стојановски, А. Неколку прашања за Јуруците во Ќустендилскиот санџак , Етногенезата на Јуруците и нивното населување на Балканот, Скопје,1986

Стојановски, А. Штип од паѓањето под османлиска власт до крајот на XVII век, Штип и Штипско низ вековите, кн. прва, Штип, 1986.

Стојановски, А. , Рождехскиот рудник за арсеник ( zernih ) во XV и XVI век, ГИНИ , XXXI/ 1 , Скопје , 1987.

Стојановски, А. Занаетчиската дејност на македонските градови под турската власт (XV- XVIII), ГИНИ, г. XXXIX, бр. 2-3, Скопје, 1995.

Стојановски, А. Нови моменти во расветлувањето на Карпошовото востание и на австриското навлегување во Македонија во 1689 година, Зб.: Австро-турската војна во 1683-1689 година со посебен осврт на Карпошовото востание во Македонија, Скопје, 1997

Стопанска история на България, София, 1969,

Suceska, A. Malikana (dozivotni zakup drzavnih dobara u Osmanskoj drzavi), Prilozi za orijentalnu filologiju (POF), g. VIII- IX/1958/59, Sarajevo, 1960.

Suceska, A. Pravni polozaj rudara i metalurga i oblici upravlanja rudnicima u Bosni u osmanskom periodu, Anali pravnog fakulteta u Beogradu, br. 5-6, Beograd, 1974.

Т. М. Рударство у Европској Турској, Економист, бр. 16. Београд, 1913.

Тодоров, Н. Балканския град XV - XIX век, София, 1972.
Трайчевъ, Г.Преъспа , София , 1920 .

Трифуновски, Ј.Х. Сеоска насеља Скопског поља , Антропогеографски испитивања , Насеља и порекло становништва, књ. 35 , Српски етнографски зборник , књ. LXIX , Београд , 1955

Туђан, Ф. Минерално богатство Југославије, Књига о Балкану, II, Београд, 1937

Филиповић,Н. Из историје Новог Брда у другој половини XV и првој половини XVI вјека, Годишњак историског друштва Босне и Херцеговине, год. VI, Сарајево, 1954,

Urguhort, D. The Spirit of the Eost, Ilustrated in a Yournal of Traveel Therogh Rumeliya during em eventful period, vol.I, London,1838.

Hammer J. Rumeli und Bosna geographisch beschreijben von Mustafa ben Abdalla Hadschi Chalfa, Wien, 1812,.

Hammer, J. Histoire de L ' empire ottoman , depuis son oregine jusqua nos jours , II , Paris , 1841

Historija naroda Jugoslavije, t. II, Zagreb , 1960

в . Цариградски вестник , бр.208. од 1855 год.; бр. 211. од 1855 год. ; бр. 225 од 1855 год.

Цветкова Б., Извънредни данъци и държавни повиности в българските земи под турска власт, София, 1958.

Цветкова Б. Откупната система (iltizam) вОсманлиската империя през XVI-XVIII в. соглед на блгарските земи, Известияна института за правни норми, т. XI, кн.2. София, 1960.

Цветкова Б. Промени в положението на населението в българските земи, Исторически преглед, г. XXVIII, кн.4, София, 1972

Цветковски, Б. Штип низ вековите , кн . прва , Скопје , 1986

Цвијиќ Ј. Основе за географију и етнологију Македоније и старе Србије , т .I., Београд , 1906

Cagatay, N. Tarih Araştirmalar 1940 - 1941 , Dil ve Tarih - Cografija Fakultesi yilik calişmalar dergisi 1 sayisindan ayri numara. İstanbul. 1941.

Cağatay, N. Osmanlı Devletinde Maden işletme Hukuku, Ankara, 1942

Cağatay, N. , Osmanli İmperatorluğunda maden işletme hukuku, Ankara üniversitesi, Dil ve Tarih-Coğrafya Fakultesi Dergisi, İİ, 1, Türk Tarih Kurumu Basimevi, Ankara, 1943

Čelebi, Evlija, Putopis. Odlomci o jugoslovenskim zemljama. Preveo, uvod i komentar napisao Hazim Šabanović, Sarajevo, 1967.

Чипан, Б. Македонските градови во XIX век и нивната урабана перспектива, Скопје, 1978,

Х. Чочковъ, Градъ Велесъ Историко ~ Географски и народо ~ стопански очеркъ, София , 1929

Шоповь, А. Изъ живота и положението на българитъ въ вилаетитъ, Пловдив, 1893.

Шоповь, А. Евлия Челеби, Периодическо списание на Българското книж овно дружество, год. XIII, св. 3, София, 1901.

Шофман, А.С. Очерки по истории Македонии и македонского народа, т. I. Казан, 1960,

Шофман, А.С. К вопросу економическом положении Македонии в епоху турецкого владычества на Балканах. (АО ИНИ - ракопис)

## РЕЧНИК НА УПОТРЕБЕНИ ТЕРМИНИ

adet-i ab - такса за вода која се собирала за пречистување на среброто

adet-i ağnam - овчарина

akçe - сребрена турска монета

amil - закупец

avariz-i divaniyye- вонредни давачки кон државата

arşin- мерка за должина

bac - такса, трошарина

bac-i haml - такса за транспорт на рудата до топилницата

beylik - државен

beyt-ül mal - државна благајна

çarh - топилница

darbhane - ковница за пари(монетарница)

dirhem - тежина од 3.207 грама; сребрена монета

gümüş - сребро

haml - товар; 1 хамл=102,624 кг

hurd - најситен дел на рудата

hutman - главен рудар

hüccet - документ

kalhane - чистилиште

kalhaneci - работник на чистилиште

kalhane resmi - данок за покривање на трошоците за пречистување на среброто

karhane - работилница

kepçi - бакрена лажица

kile - стара мерка за тежина

kulaç - мера за должина, 1,71 м

kutla - голема дрвена лажица

kuyu sahibi - сопственик на окното

kujucu başı - исто како урбар

küreci - население кое работи во рудниците

lağım - галерија

lemşad - подзакуп

liva - санџак, област

miskal - мерка за тежина, зависно од регионот( 4.618 гр. или 5.12 гр.)

naib - заменик на кадијата

nevruz - финансиска година, почнувала на 21 март

oka - мерка за тежина, 1.283 кг.

öşür - десеток

ranta - пепелл од олово кој лежи на чистилиштето

sarraf - менувач на пари,( банкар, финансиер на рудникот)

şafar - рударски службеник

şaht - рударско окно

şihte - мерка за тежина, еднаква на 20 хамл, или 2.052, 48 кг.

tekalif- i örfiye - обичајни давачки

tekalif-i şakka - тешки давачки

urbar - геометар, рударски судија

varak - совласник во рудникот

vatruk - акционер во рудник или топилница

yük - товар, 1 товар руда еднакво на 2кибила или 49.612 кг.

zira - лакт, 1 лакт=67,3 цм ,должина,

žol - дно на окното

С О Д Р Ж И Н А

Осврт на изворите и литературата---1

Вовед---4

I Општ Дел

Глава I

Организација и управување на рударството

1.Формирањето и дејноста на откупниот систем---11

А. Мукатаа---15

Б.Маликане---27

В.Концесии---33

2.Улогата и дејноста на државните институции во управувањето со рударската дејност---40

А.Надзорно судски органи---41

Б.Управно административни служби---52

Глава II

Стручни и мануелни рударски работници

1.Стручни лица

А.Урбари---57

Б.Хутмани---61

В.Шафари---64

Г.Калханџии---67

Д.Вараци---68

Ѓ.Ватруци---70

Е.Лемшадници---72

2.Работна рака

А,Работници рудари---74

Б.Куреџии---76

В.Маденџии---77

Г.Ќумурџии------78
Д.Надничари------80
Ѓ.Јуруци------81
Е.Останати категории на рударски работници------82
Глава III
Технологија на производство и видови на рудни богатства
1.Технологија на производство------84
2.Руди
А.Олово------88
Б.Сребро------92
В.Железо------96
Г.Злато------100
Д.Бакар------103
Ѓ.Сулфур------105
Е.Шалитра------108
Ж.Стипса------111
II Посебен дел
Рударски центри во Македонија------114
Глава I
Кратовско-Кривопаланечки центар
1.Кратово------115
2.Кривапаланка------135
3.Останати рударски центри во Осоговијата------144
Глава II
Халкидички центар
1.Сидерокапса------152
2.Правиште------181
3.Мрвашко------188
Глава III
Други рударски центри во Македонија
1. Скопје и Скопско------212

2.Порече------223
3.Тиквешко-Мариовско------229
4.Охрид------232
Заклучок------241
Преглед на извори и литература
I Извори
1.Необјавени------244
2.Објавени------245
II Литература------249
Речник на употребени термини------259
Содржина------261